НИКОЛА БОШАЛЕ

# ГИМНАЗИЈАТА И УЧЕНИКОТ ВО УСЛОВИТЕ НА РЕФОРМИРАНИОТ ШКОЛСКИ СИСТЕМ

С к о п ј е,

јуни 1965 година

# Н А П О М Е Н А

Положбата на гимназијата во училишниот систем и во демократизираното социјалистичко општество претставува прашање од огромна теориска и практична важност. Некогаш на гимназијата и била обезбедена привилегована положба во општеството и во системот на школување. Према неа се ориентирале сите други процеси со неа се срамнуваа и вреднуваа другите образовни институции, преку неа се регрутираа кандидати за високите школи и факултети, овој вид на школи во најчест случај создавал општествени, политички и други кадри, во неа се вклучуваа децата на поимуќните родители, односно тие што беа најнепосредно "предодредени" за политичка и стручна елита, општествен положај и углед.

Поради тоа, гимназијата беше извонредно многу критикувана за своите недостатоци односно застарени форми и методи на работа. Критикувана беше содржината на наставните планови и програми, организацијата на наставата, начинот на обезбедување на кадри, методите, средствата и формите на работата во школата како и целокупната атмосфера што владееше во овој тип на училишта. Гледано од тој агол битните општествени измени во Југославија и одделно реформата на школскиот систем во својата основа ги укинаа привилегиите на старата класична гимназија поставувајќи ја како рамноправна и самостојна институција во рамките на комуната и училишниот систем.

Демократското социјалистичко општество треба валидноста на концепцијата /општествена и педагошка/ што е наречена реформа на школството системно да ја следи и проучува не само низ логичноста на системот и функционалноста на институциите, туку пред се во процесите на реалната практика и конкретниот резултат. Поради тоапроучувањето на реформата и на гимназијата посебно многу е значајно прашање бидејќи на тој начин доаѓаме до сознание за

карактеристиките на младината и за нејзините преокупации. Во овој случај се претпоставува дека таа интегративно ќе се однесува во општеството, институциите и организациите во кои делува како активен чинител. Младата личност треба да биде во центарот на вниманието на општествено-политичката и научната јавност бидејќи само така можеме да сознаеме каде се упатуваат новите генерации, какви делувања на нив се вршат и како реагираат во проширениот распон и збрзнатото темпо на општествениот развиток.

Оваа студија со своите тези и претпоставки поаѓа од основните карактеристики на општествената динамика и од барањата што ги дефинира реформата на училишниот систем. Освен тоа таа создава доволно методолошки и технички можности за аналитичко и компаративно следење и проучување на гимназиите и учениците што се школуваат во нив. На тој начин студијата претставува обид да се со поширoки и продлабочени критериуми тестира субјектот што се наоѓа во процес на развиток и формирање односно учеството на општествените и другите фактори во творечките процеси на образовната динамика.

СТУДИСКИ ЗАФАТ:

## РАБОТНИ ХИПОТЕЗИ, МЕТОДОЛОГИЈА И ТЕХНИКА НА ИСПИТУВАЊЕТО

Кога го упатиме вниманието многу години уназад асоцирајки на генерации, при тоа имајќи ги во предвид сите сегашни достигања во областа на образованието, согледуваме една црвена нишка на сите позитивни стремежи во напорите на класното општество, во годините на НОБ како и низ периодот од ослободувањето до денес. Ако пак се внесени во сегашните и перспективни планови и ги имаме во вид сите масовни желби за образование и објективни потреби за понатамошно школување на сите луѓе, тогаш релефно се согледуваат латентните мотиви на напредната мисла на минатото, силата на општествениот систем и амбициите на едно слободно општество на полето од образованието. Ако сакаме правилно да го оцениме досегашниот развиток низ сите процеси и пори, ако тежиме објективно да ги согледаме нашите понатамошни перспективи, ние сме принудени колку што е можно со поегзактни мерила да го следиме и мериме распонот и темпото на сите движења во областа на образованието.

Прашањето на реформата на школството подолго време се поставувало и решавало низ многу тела на стручната и општествената јавност. Тие решенија сега се применуваат во практика и поради тоа претпоставуваме дека значат процес на доразвивање на општествената и педагошката мисла и практика. Поаѓајќи од тоа се поставува потреба да се што поцелосно согледат новите движења што ја потврдуваат исправноста на концепцијата и укажуваат на некои нови и непредвидени нејзини текови.

Примената на концепцијата од реформираниот школски систем најкарактеристична е за гимназијата, не само заради тоа што гимназијата беше со особен нагласок критикувана како тип на "класична и привилегована школа", туку и заради што новата концепција на поширoки основи ја фундира општообразовната култура на современата личност. Гимназијата многу е интересна за испитување, бидејќи во последните години таа се многу силно развива /се зголемил бројот на гимназиите во СРМ и фантастично пораснал бројот на учениците во нив/. Републичкиот секретаријат за просвета во СРМ го согледува овој проблем и

предлага одделни решенија за понатамошно усмерување на оваа појава /види "Развиток и проблеми на образованието од втора степен" 1964 год./.

| Учеб.година | Број на гимназии | Број на ученици |
|---|---|---|
| 1959/60 | 12 | 5.674 |
| 1960/61 | 23 | 6.967 |
| 1962/63 | 28 | 12.567 |

Се поставува прашање кон каде развитокот на гимназиите води и дали навистина гимназијата е такво училиште од втора степен што обезбедува најрационално школување во услови на неразвиени подрачја /нови гимназии низ последните години особено се отвараат во економски неразвиените подрачја/. Се слушаат мислења дека многу мал процент од учениците од кога ќе свршат гимназија и студии да се вратат назад на работа во својата комуна; гимназијата за разлика од другите стручни школи се јавува како најефтина школа /помалце бара опрема и други предуслови/ поради тоа општествените и училишните фактори во неразвиените средини склони се за отварање на ваков тип на училиште; гимназијата е најприхватлива и за учениците што свршиле осумгодишно училиште во неразвиените подрачја и неизградиле своја поблиска професионална ориентација во текот на основното школување; и на крај школувањето преку гимназијата е прифатливо бидејќи за него се има поголеми традиции, таквото школување е многу попопуларно сред населението и учениците. Другите патишта за развиток и формирање низ стручни училишта сеуште се релативно мали и недоволно познати во овие средини.

Ако се појде од претпоставка дека концепцијата на реформата на гимназијата е особено подесна за развиени подрачја /со оглед да се работи за еден современ и развиан систем на школување/ тогаш позитивните движења на реформата во неразвиените услови се повеќе би требело да се толкуваат и како индикатори за разноврсни форми на преовладување на неразвиеноста. Теоретски речено ова испитување треба да покаже како реформата на школството може да најде примена во услови на неразвиени подрачја и при тоа да донесе помали или поголеми елементи на деформации, да покаже како се тие преовладуваат и како се адаптира концепцијата на најнепосредните услови од општествениот

и училишниот живот. "Ние како општество со многу нерамномерен развиток на поедини региони можеме да западниме во неразрешиви противречности и во големи деформации и опасности ако не би сме воделе сметка за тоа да она што е развиено да го оставиме на основите на својата развиеност и развиената свест самостојно да ги решава своите прашања, а да она што е неразвиено ради тоа што е неразвиено не го влече и развиеното кон стагнирање или назад... а овие неразвиените, за нив можеме да донесеме уште десет декларации да они самостојно ги решаваат прашањата - со самото тоа што се упатени на дотации од страна на повисоките политичко територијални единици ќе бидат упатени и на совети од нив, па и на одделени директиви"[1].

Ако за предмет на испитувањето ја прихватиме генерацијата што за прв пат се школува по новиот наставен план и програма за гимназиите, тогај резултатите од овие процеси најдобро можат да се согледат низ профилот на личностите што низ неја се развивале и формирале "Човекот е најголема вредност". Реформата на школството своите резултати мораат да ги мери не само преку логичноста на системот, функционалноста на институцијата, туку преди се низ непосредните резултати во профилот на учениците. Водени од таа теоретска премиса во покренуваме прашањето каков граѓанин,каква личност развива и формира реформираната гимназија.

Профилот на генерацијата - ученици од гимназијата можиме да го бараме низ хоризонталната и вертикалната структура на личноста, односно низ распонот на живот и дејност, низ генезата на развитокот и формирањето, во врската на личноста со објективните појави и процеси и др. Поради тоа се поставува прашање: каква генерација на ученици дошла да се формира во гимназијата; низ каков систем се таа прифатила и активно вклучила во сопственото развивање и формирање; колку се ускладени мотивите за школување низ гимназијата со општите потреби во комуната и заедницата во целина; која е улогата на концепцијата, силата на институцијата да ја творечки примени идеата за реформа во живот, и колкава е еластичноста на учениците да ги максимално користат можностите за сестрано развивање и формирање."Секоја од овие форми има економско значење зошто има за задаток да делува за репродукција на работната сила, да придонесува за модернизирање на производството и да го подигнува

општото образование. Од друга страна секоја од овие форми има и своа демографско-социјално значење, зошто во прв ред го прифаќа младиот човек и го припрема за општествен живот и работа"[2].

Реформата на школството претставува општествено политичка појава и специфичен педагошки систем што дава максимални можности за слободно развивање на институциите за образование /општествено самоуправување и самоуправни органи во училиштето/. Ваквата демократичност на системот ја покренува иницијативата на училишниот колектив /училишен одбор, преподавателски совет, заедница на учениците и други органи и организации/ во решавањето на многуте проблеми на институцијата и на генерацијата на ученици. Водени од тоа претпоставуваме дека реформата на школството, развојот и формирањето на учениците и афирмацијата на гимназијата во сашност претставуваат заеднички процес во кого се индентификуваат мотивите на учениците за школување со целите и задачите на училиштето. Степенот на индентификацијата поголем е кога се мобилизирале сите сили за да се творечки примени концепцијата и искористи максималната можност на институцијата. Напротив слабото учество на било кој фактор ќе треба да се толкува како латентна можност за деформација или како показател на еднострано усмерувана училишна практика. "Човекот и во социјализмот - се вели во Програмот на СКЈ мора да се чувствува свој, но не како себичен и усамен поединец. Човекот станува свој, и со тоа се повеќе слободен, до колку се повеќе учествува во разноврсните односи на заедничката борба, соработка и помош, што се засновани врз чувството и уверувањето на заедницата дека човекот е најголемата вредност."[3].

Ако се појде од специфичните услови на средината во која што е лоцирана гимназијата и од внатрешните услови на наставна работа и живот во неја, може да се претпостави и различити степен на усклаԁеност на образовно и воспитните движења. Така на пример: Предзнаењата на учениците што ги стекнале во основното училиште, нивното училишно и животно искуство, предиспозициите, дарбите, способностите, во многи ќе делуваат за збогатување или осиромашување на динамиката во училиштето и ќе ја чинат формална или реална. Со оглед на тоа битно е прашањето како да се прилагодат мотивите на учениците за сте-

кнување на поголема општообразовна култура, како да се зголеми еластичноста на современата младина за да се интегративно однесува кон целите и задачите на гимназијата и општеството во целина, односно како гимназијата да се прилагоди на мотивите на учениците за школување и на нивните интереси и склоности. Поради тоа битна улоба е на самоуправниот механизам во училиштето да ги усклади непосредните мотиви на човешкиот фактор со барањата на рационално организираните образовни и воспитни процеси. Со оглед на тоа може да се претпостави дека секоја неусклađеност на овие процеси може да се третира како симптом на нереални барања во една одредена средина или пак како недоволна мобилизираност на субјективните и објективните можности. "Младата генерација треба да се направи способна за активна творечка работа, треба да се воспитува во духот на хуманизмот, а врз основите на социјализмот, треба да се направат достапни сите досегашни достигнувања на светската култура и цивилизација да се овозможи да го усвои научниот поглед на свет и сл... Сите појави и стремежи на младата генерација треба внимателно да се следат, да се сумираат, да се анализираат и да се усогласат со интересите на општеството".[4]

За да гисолгедаме евулуционите процеси од хуманизацијата на институцијата за образование и социјализацијата на младоста, ги земаме за предмет на испитување гимназијата "Климент Охридски" од Охрид и гимназијата "Мирко Милески" од Кичево. Во исто време како контролна институција преку која кеги верифицираме одделни тенденции, ја прифаќаме гимназијата "Јосип Броз Тито"од Скопје /Трите гимназии работаат по новиот наставен план и програма од реформираната гимназија и ако под различити услови општествени и училишни /степенот на развиеност на општествените средини во кои што се лоцирани гимназиите е различит, различити се и училишните услови за наставна работа и живот/. Појдувајки од еден ваках структуриран подбор на институции и средини, предпоставуваме дека ке можеме низ нив да ги согледаме процесите што ја карактеризираат реформата како општествена појава и специфичностите што ја дефинираат примената на концепцијата во живот.

Појавата што ја земаме за предмет на испитување многу сложена и разноврсна било во категориите на нејзината концеп-

ција или пак низ својствените нејзини манифестации во секојдневната практика особено во одразот низ генерациите на младинци и девојки што се развиваат и формираат во така организирани процеси во гимназијата. Појавата што ја испитуваме многи е динамична во својата суштина и манифестација /реформата е долготраен процес/. Поради тоа низ процесите што ги организира гимназијата индивидуите - ученици изградуваат заедничко темпо и многу специфични мотиви со кои се приближуваат и идентификуваат со општите принципи на конструктивното движење или се спротивставуваат и бележат засебни вибрации кон светот на субјектот. Реформата на школството има многу свои учесници што ја креираат низ теоретската и непосредната практична реализација. Поради тоа тешко можат да се согледат сите детерминанти што ја модулираат суштината од различити агли, /секој фактор во реформата се вклучувал со своите специфични барања и одделни задачи, секој на свој начин ја сваќал и различно ја толкувал нејзина бит. Поради тоа концепцијата за реформа на училишниот систем ја сметаме за резултанта на една општествена појава. Реформата и школството како идеја или како творечка практика не е имунна од деформации. Така на пример основна теза на концепцијата за реформа на гимназијата е дека личноста на ученикот е комплексна што бара хармонично развивање на сите нејзини предиспозиции преку најрационални патишта за брз и добар напредок. Но во практиката често пати поедини фактори настојуваат и вршат "насилие" и за сметка на еден дар и активност запоставуваат други некогаш многу повитални, за сметка на една животна страна запоставуваат други, можеби многу поживотни и пресудни за личноста на ученикот. Реформата појдува од теза дека развитокот и формирањето на генерацијата мора да претставува современ и еден целостен систем што се на специфичен начин дефинира и со целите и задачите на наставниот план и програма по сите степени и видови на образование. Меѓутоа богатството на изворните материјали, фондот на знаењата и способностите на наставникот, мотивите и способностите на учениците за учејне и многу други услови на системот, во одделни случаји го губат, некога поради објективни причини она што е битно во системот на организацијата на училишниот живот. Во друг случај практиката ги надминува

барањата на наставниот план и програма- поради творечкиот однос на општествената и училишната средина кон концепцијата за развиток и формирање на новите генерации.

Поради сложеноста и комплексноста на појавата што е испитуваме, бројноста на факторите што нанеја непосредно или посредно делуваат како и поради што концепцијата на реформата и самата се наоѓа во перманентен процес на доразвивање и доформување во ова испитување ке се применуваат повеќе методи и техники што ке ја зголемат веродостојноста на сознанијата за новите општествени и педагошки движења. Ваквиот подход во испитувањето во склад е и со природата на субјектите што ги испитуваме - учениците се наоѓат во процес на развивање и формирање како и во согласност со непредвидливоста на некои нови настани и појави што доагаат до израз во еден повеќегодишен интервал.

Најглобално по својата методологија испитувањето може да се сведе на три основни стадиуми што го градат рбетот на оваа студија:

- Сондажниот стадиум на испитувањето требаше да го одреди распонот на појавата што се проучува и изгради предпоставки за динамиката на развитокот и формирање на новите генерации. Во таа смисла главните индикатори се собрани низ објективната документација /некои моменти од приемните испити на учениците во гимназијата, записниците од класните и наставничките совети на нижите класови, ориентација на учениците по смерови и др./ Меѓутоа, најцелосно движењата се согледуваат со помош на ставовите и мислењата на учениците што се развиваат и формираат во условите на реформираната гимназија /во вторите класови на гимназијата извршена е анкета што има многу обележја од аутобиографската метода/.

- Базичниот стадиум ги имал за појдовна основа резултатите од сондажното испитување и врз него ја доградувал методологијата и техниката на новите испитувања во вишите класови на гимназијата /со учениците во III и IV клас на гимназијата се извела општа анкета, анкета за професионална ориентација, за производна работа на учениците во претпријатијата, интервју со наставните кадри од дотичното училиште, интервју со комунистите што непосредно или посредно имаат увид или се задолжени за

воспитувањето на младината и сл./. Новата објективна документација од училишниот и општествено политичкиот живот за активностите на учениците односно на младинците, непосредниот увид на процесите што се изведуваат во училиштето и вон него, колективните дискусии со истакнати долгогодишни просветни работници, дискусиите со директорите на училиштата од втора степен, со општествено производните и стручните работници, допринесуваат да се што поцелосно изгради преставата за образовно воспитните движења и за специфичностите на новите генерации.

- За целото време на испитувањето биле предвидувани и одделни контролни методи и техники за да се преку нив верифицираат тенденциите и пресмета степенот на субјективност кај учениците,наставниците или општествено политичките фактори. Структуралниот подбор на средини за проучување /Кичево, Охрид, Скопје/ овозможи богати компарации низ кои релефно се дефинираат битните моменти на процесите како и она што е посебна специфика во нив. Така на пример: низ испитувањето можеше да се согледа што мислат учениците за својот развиток и формирање низ гимназијата /перманентна измена на ставовите и мислењата за гимназијата и за процесите што се одвиваат во неја/. Во нив најбитно е да се согледа како се изменуваат сваќањата кај учениците во зависност од нивната возраст и образованост, во зависност од степенот на развиеност на општествената средина во која што живеат и се школуват или пак во зависност од внатрешната структура на личноста на ученикот односно во зависност од структурата на училиштето и училишната работа и др. Во друг случај низ испитувањето се согледаа мислењата на општествено политичките и просветните фактори за профилот на генерациите што се развиваат и формираат во гимназијата,/лични ставови и мислења на општествено политичките и просветните фактори и посредни низ општествено политичката и училишната документација.

/Види прилог техники на испитувањата/

-Б-

ПОЈДОВНИ ОСНОВИ НА ИСПИТУВАЊЕТО

Југословенската јавност и посебно просветната во периодот кога за прв пат се упати јавната критика на школството

и создаваа основните контури на новиот училишен систем ја окупираа многу проблеми. Тие можат да се видат во документот на "II Конгрес на Здружението на професорите и наставниците на средните школи од Југославија"/ конгресот се одржа во Опатија 1955 година/. Проучувајки го тој материјал имаме намера да ги издвоиме ставовиее и мисленьата што се изнеле на конгресот, а што карактеристична е слика старата класична школа - гимназија и оние што ја покажуваат визијата за новата и реформираната.

За да се создаде една целосна престава за проблематиката што се третирала на конгресот, ке наведиме некои битни моменти:"Не е ништо ново - се тврдеше на конгресот, да се критикува школата во целост и да се критикуваат лугето кои во неја работаат... Нормално е да подлегнат на критика луге во чии раце се воспитуват два милиони наши деца... Неоспорно средната школа, а во прв ред гимназијата најмногу е изложена на општествена критика, која е, се разбира, во најголем број случаи сосема оправдана... се поставува како неопходно, особено за гимназијата да се детално изнесат, што поубедливо лошите страни на овај тип на школа, односно да се даде што подлабока критика на гимназијата".[5] Низ дискусијата се тврдеше дека "рефератот умело не доведе до јазелот, али не ни го разреши /се мисли на рефератот на Миливоје Урошевиќ "За некои проблеми во врска со реформата на школството"/. Ослободувајки се од старите предрасуди али чувајки се и од непромислени хиперреволуционерни експерименти, потребно е студиозно да се избере такво општо образование и во бит кондазирано градиво на која младината ке се развива во вистински сесрдно развиени грагани на нашата социјалистичка општествена заедница... Без оглед на тоа која концепција за реформа на нашето школство ке биде прифатена, треба да се има во предвид дека концепцијата ке биде дефинитивно прифатена и ке добие своја релативна постојаност и потврда кога од таквата школа ке излезат првите генерации на нашите ученици и стапат или во живот и на понатамошни студии на високите школи".[6]

Според тоа во рефератот и низ дискусијата се пошло од јавната критика на школскиот систем во Југославија "може да

се рече дека целокупниот школски систем, сите видови на школи со сите свои форми, особено со содржината, дошле пред многу јак удар на јавноста, почнувајки од самите слушачи во школите, па преку ученичките родители до сите оние општествени чинители кои водат сметка за нашата земја за стручниот, и научниот и идеолошкиот подмладок"б. Критикувајки го стариот школски систем главната оштрица била упатена на гимназијата како на главен бедем на старата класична школа. "Таквата критика на оваа школа не е резултат на некоја аверзија према неја нити несваќање, а уште помалце подценување на нејзината огромна улога во далечното или блиското минато". Анилизирајки ја содржината на критиките кои биле упатени на адреса на гимназијата можеме да констатираме две битни различити становишта. Едните поагаат од "онаа друга страна, не баш розова" на гимназијата и доагат до ставовите низ кои се тврди дека гимназијата имала свој резон "во далечното и блиското минато" но денес "дали е нужно целисходно и потребно да имаме во нашата земја таква школа во која се стекнува само таканаречено општо образование, како што е гимназијата, која исклучиво ги ориентира своите ученици према универзитетот и високите школи". За разлика од нив другите дискутанти појдуваат одможностите да се гимназијата како образовна школа прилагоди на новите услови. "Сега се поставува прашање дали треба да постои некоја школа која ке дава едно општо образование и од која ке се оди понатака во овај или онај правец. Јас стојам на становиште - тврди еден од дискутантите на конгресот дека таква школа трбба да постои и да е таа нужна".

Кога глабално /со помош на методот- Contents Analisis - анализа на содржината се регистрира што и во која мера на овај скуп на стручњаци од полето од образованието се констатирале за гимназијата како институција и за процесите што се одвиваат во неја и со нејзините ученици, може да се види дека на конгресот:

| | |
|---|---|
| - Се критикувал стариот школски систем во кого гимназијата има привилегована положба | 20,9 |
| - Се критикувал стариот наставен план и програма за гимназиите | 18,8 |
| - Се критикувал профилот на постоеќиот наставен кадар | 19,6 |

- Се критикуваат методите и формите за наставна и воспитна работа и резултатите што се постигнуваат со нив 25,5
- Се преиспитуват целите и задачите на воспитувањето,образованието и наставата и предлага некои принципи врз кои треба да се фундира гимназијата 15,2

Според тоа Конгресот ја оправдал и стручно верифицирал јавната критика на училишниот систем во Југославија. Во содржината на критиките главното внимание се упатило на гимназијата и на старинот школски систем, на класичните наставни планови и програми и на профилот на наставниот кадар, на методите и формите за работа и на резултатите што се постигнуваат со еден таков систем. Бидејки се претежно на конгресот критикувала старата класична школа само делумно се афирмирале некои принципи на кои треба да се постави новото и реформираното училиште. Тие произлегуваат од новите цели и задачи на воспитувањето, образование и наставата и од барањата што ги поставува општествениот, стопанскиот, културниот и другиот живот во новите услови на социјализмот и индустрискиот напредок.

Критикувајки го стариот школски систем во Југославија во кого гимназијата има "привилегована"положба, на конгресот се констатирало: "Јасно е дека во ерата на атомската енергија ваквата наша школа неможе да биде актуелна, таа мора да добие коренити измени. Не е тоа само прашање на реформата туку и прашање на педагогијата; на јавна општествена критика најподложна е, бар досега, оваа средна школа за така наречено општо образование, односно гимназија. Тие средни школи кај нас се најмногубројни, на нив се децата и родителите најупатени, па веројатно и тоа е еден, макар и небитен разлог за остра јавна критика; во гимназијата останал застарениот начин на формирање на мислење желба и прижелкувања амбиции, што влечат во лесен, угоден и господствен живот, таков живот е далеку од оној животен процес во кого се творат сите творечки блага што го хуманизира човека; се тврди дека гимназијата има касарниски, безличен и нечовечки изглед, да во неја преовладува индивидуалистички, интелектуалистички и формалистички дух, да ги загубила своите воспитни квалитети за формирање на потполн човек, да нејтината

настава не се вклопува во реалноста, да наставата во гимназијата се до денес задржала застарено репродуковање на еден осакатен хуманизам лишен во голема мера од свој внатрешен живот; во гимназијата се гају култ за форма и апстракција, а се гаснат еден низ на други драгоцени интелектуални квалитети кај младичите и девојките како што се радозналост, смисла за експериментирање, склоност на ново, смисла за конкретно и тн.

Критикувајки го стариот наставен план и програма низ дискусијата се укажувале на неоправданоста од изучување на поедини дисциплини во гимназијата: без оглед на целата наша досегашна работа за измена на програмата и наставните содржини гимназијата ги ориентира учениците према минатото, традициите и кон апстракни теоретски поставки; ако се изврши анализа на количината на знаења што учениците ги добиваат во школата и колкав дел од нив одговара на потребите од секојдневниот живот, тогај се добиваат загрижувачки резултати; ако би се на старото градиво секогаш додавало ново, зошто животот тече, науката и понатака се развива, што учениците после пеесет години би морале да учат; то ново што животот го носи и општеството го открило се лепи на старото како додаток, а не како нешто што треба да одигра многу голема улога во формирањето на ликот на современиот човек; да би се сознало колку класичното образование го оптеретува ученикот на сметка на разбирањата на современиот живот, нужна е многу озбилна анализа на постојната содржина на образованието во гимназијата, што би послужила как платформа за концепцијата на новата школа; наставниот план на гимназијата неовозможува сестрано образование и воспитување... како може да обезбеди физичко воспитување со два часа седмично а на политехничкото и естетското ни од далеку не му е дадено доволно место во наставниот план; програмата по правило заостанува зад животот и науката и ученикот учи старо, а животот бара нови и современи знаења; ако би сме направиле некоја анализа или анкета за тоа колку се нашите школски деца ангажирани во работата на школата, би виделе дека се вистински преоптеретени; современиот живот недозволува таков луксуз каков што имаме денес во гимназијата. Свршен ученик на VIII клас на гимназијата не е во состојба да намести електрична сијалица, нее

способен во случај на повреда сам на себе да си даде прва помош; ученикот учи, на пример претежно историја на книжевност и не се воведува темелно и сестрано во книжевното дело, како јазичен и книжевен состав; не е во школата присатно запознавање на ученикот со современите струења и судири во литературата; во физика се учи класична физика, а за нуклеарната само по нешто слуша и тоа надвор од школата и од печатот; во географијата поважни се планините, реките, врвовите и превоите, од современиот човек и од промените на економските прилики и општествени односи.

Критикувајки го наставниот кадар дискутантите укажале на големи слабости и деформитети во профилот на наставниот кадар: наставниците малце работаат на унапредувањето на методиката на својот предмет, според тоа и на наставата воопшто. Уште не е општа појава да наставникот сам по нешто примени или испроба од она што прочитал во педагошкиот печат и во другата литература; важна причина на негативните појави треба да се согледа и во рамнодушието на еден дел на наставниците на кои што не им достига одушевување и љубов према својот позив; има во нашите школи и наставници во чии глави, сакајки или не се окаменале извесни сваќања што многу тешко се разбиваат и кои подоцна се внесуваат во школата; можда некој ке примети дека овие зборови се и премногу остри, али штом такви појави има, тогај лошата работа и лош збор заслужува; ние можеме да зборуваме за лоши наставници, иние зборуваме за нив, али за добрите наставници и за оние што служат како пример на другите, за оние кои во оваа критична ситуација во школата бараат нови патишта и начини за да ги решат постојните противречности, за нив малку зборуваме и сл.

Критикувајки ги методите на наставната и образовната работа во гимназиите низ дискусијата се претпостави дека: можд е поделикатно прашањето на методите на работата, што треба да е оживеат содржината на градивото и да ги активира сите психофизички сили на ученикот - да помогне ученикот со секоја нова количина на знаења, де израснува во нашиот социјализам; и ако реформата на школството не се сведува на измена на методологијата на работата туку во бит на измена на системот на школување

сепак наставникот со своите методи е важен чинител во наставата - неговиот однос према работата е она најбитното; примерите покажуваат дека према младината не се однесуваме така стручно и наставнички, не и даваме доволно помош, немаме доволна еластичност да и пријдеме, да и укажуме на грешки и да исто така од нэја бараме помош во решавањето на проблемите што се заеднички; гледано во целост односите меѓу наставниците и учениците во нашите школи воглавном знатно се подобриле. Но сеуште има извесни негативни појави што фрлат лоша слика на школата и на наставниот кадар, а кои се некако премолчувале; треба да се развијат социјалистички односи меѓу ученикот, наставникот и ученичките родители - да се стварно осетате на заедничка работа, и сл.

Дискусијата покажа дека новиот школски систем треба да поаѓа од современите цели и задачи на наставата,образованието и воспитувањето во образовните институции, што означува отварање на процеси за поопштествување на училиштето како институција. Новиот школски систем треба да биде доволно еластичен за постојани и плански и заснован развиток што би го водел без големи повремени скршнувања и пореметувања кои највисок домет на кого се укажале класиците на научниот социјализам; крајно е време да се со помош на нашата едногласна спремност една концепција за реформа на школството во начело прифати,во општа дискусија разработи и со упорна работа спроведе во живот; и ако времето квантитативно и квалитативно созреале за реформа - кога одиме брзо напред и во период на рапитни буења на нашиот развиток многу е тешко да се одреди како тој развиток понатака ке оди. Нарочно е тешко да се одреди она што теба да биде еден од основните елементи во оцената какви школи им се потребни, бидејки тоа е поврзано со развитакот на нашата економика; реформата на школството било каква да е бара големи материјални сретства. Се поставува прашање дали ние денес можеме да одиме со побрзо темпо во решавањето на овие прашања, се поставува прашање колку ние сме ги искористиле постојните можности да ваквата школа каква што е го измени својот изглед; се поставува прашање дали ке ја реформираме нашата школа по пат на наставни и воспитни обиди, по пат на подобрување на настав-

ни и воспитни методи и постапки или не. Со други зборови се поставува прашање дали реформата на школството се исцрпува со подобрувањето на наставата; во средната школа учениците ке треба да се развиваат во целосни социјалистички личности. Во кои квалитетот и квантитетот на знаењата ке им обезбедува изградување на научен поглед и оражје за измена на светот. Такви знаења ке се уткајуваат во свеста, неминовно ке го созреваат човека. Во таа смисла знаењето ке делува на односот на ученикот, на неговиот општествено политички и интелектуален дух жик на хуманизацијата на неговата личност; треба да се изгради таква атмосвера во школата во која слободно ке можат да се дискутираат и критикуваат слабостите на сите, од директорот и претседателот на училишниот одбор, до служителот; во текот на последните три години увидовме дека е попаметно и поцелисходно за решавањето на училишните проблеми да се ангажира поширок круг од колку што сме ние просветните работници. Привржениците на паролата "училиштето на учителите" увидоја дека проблемите на школата се така широки да неможеме да ги решиме самите ние со своите сопствени сили; од кога што постојат нашите школи ние сме воспитувале кадрови за одредени видови, и ако сакаме да приjдиме на некој друг систем би морале да створиме и кадар. Зошто стариот кадар во вака изменетите услови би преставувал дури и одредена потешкотија. Многу зависи од тоа каков наставник ке изградуваме. Јас овде не му припишувам одлучна преднос на личноста на наставникот, али стојам на становиште да без правилно изграден наставник неможе да станува ни збор, за успехот на реформата на школството и др.

Според дискусијата на конгресот сите средни училишта треба да имаат извесни заеднички предмети од општообразовен значај што ке ја надополнуваат струката и ке дават широко опште образование. Обимот на општото образование на современиот човек има немерлив распон, што во односот на поединецот се ограничува со неговите индивидуални наклоности и способности. Одтука и есенција на она што чини основа на општата образованост на нашиот граѓанин на нашата општествена заедница треба да влезе во минамален програм што би бил еднакво обврзен за сите ученици, а образовното градиво што е развива таа есенција би

требало да влезе во диференцираните максимални програми,за кои учениците ќе се определуваат према своите наклоности; можда сегашната гимназија би требало да се дели на три такви средни школи - хуманистична со класични јазиви, хуманистична без стари јазици и природно-математичках; низ гимназиското школување да се предвиди обврзна мануелна работа за сите ученици и сл.

Основните премисии на реформираната гимназија изложени се во новиот наставен план и програма /види"Гимназија", Сојузен завод за проучување на школски и просветни прашања - 1959/. Од него може да се види дека новиот наставен план и програма претставува општествен и педагошки акт во кого се дефинирани целите и задачите, методите и средствата на една заедница, на една педагошка теорија, на едно општествено движење што ги носи обележјата на прогресивната педагошка мисла и практика во услови на децентрализиран општествен живот во кого се пробудени амбициите на субјектот за образование и творешко развивање и формирање. Според овој документ реформата на училишнио систем означува процес на ускладување на максималните општообра зовни интереси на генерацијата со потребните и можностите на заедницата. Со оглед на тоа новото во овај систем на школување се согледува во профилот на новите генерации, во нивните развиени знаења и способности, во нивните ставови и мислења по битните проблеми од современиот живот. Осем тоа новото се согледува низ внатрешната организација, во регулираните односи на институцијата во конкретизацијата на наставниот,образовниот и воспитниот живот, односно во тековите на реализацијата на новара наставна програма.

Предпоставка на планот и програмата од реформираната гимназија е дека органите на општественото самоуправување во училиштето ќе ги обезбедат основните услови за реализација на новата наставна програма и реформираниот училишен живот. Тие ќе овозможат: осамостојување на училиштето и неговото поврзување со општествената средина на комуната, ќе ги покренат проблемите за проширување и доградување на училишниот простор, ќе се грижат за опрема на училиштето со наставни и нагледни средства ќе придонесат за избор на квалитетни наставни кадри, ќе се грижат да правилно материјално и финансиско работење, ќе учеству-

ваат во изградувањето на критериуми за распределба на сретствата, за позитивно усмерување на работните односи во колективот, ке се борат против одредени ненаучни гледања и толкувања на процесите и појавите од училишниот и општествениот живот, со успех ке ги совладат некои бирократски, технократски и други самоволни појави во колективот, ке обезбедат максимално учество на сите фактори во изградувањето на новите процеси и односи во институцијата и др. Според тоа новото реформираното, ке треба да се регулира со посебен статут на училиштето што ке озакони нови услови за живот и дејност.

Новиот план и програма на гимназијата ги има за појдовна основа барањата што ги поставуваат демографските движења /денес во светот, а и кај нас школувањето на младината низ училиштата од втора степен постануваат се помасовни/ и од непосредните кадрови и потреби на стопанските и другите организаци Според тоа, новото од примената на училишниот систем во живот треба да се огледа воспецифичната ускладеност на барањата на народот и на младината за стекнување на општо образование со најнепосредните потреби од кадри во стопанските и нестопанските дејности. Тоа значи дека физиономијата на школата сообразена е со производните и другите дејности и обратно, стопанските движења претставуваат битни детерминанти во функцијата на образованието /афирмирани се ставови и мислења дека стопанството треба да ги обусловува образовните движења/. Вака регулирани појмови и основи на системот овозможуваат образовните движења да се сообразуваат со реалните потреби- што небеше случај во класичната основа на просветната политика, и обратно, стопанството да овозможи најконструктивен пат за регрутирање на стручни сили преку образовни институции - што исто така небеше случај со стопанството на занатски традиции.

Измените во планот и прграмата на гимназијата во организацијата и текот на образовните процеси, сообразени се со достигањата во науката, цивилизацијата и културата. Поради тоа гимназијата како образовна школа има за задатаок на своите ученици да им овозможи "проширено и продлабочено знаење од природните и општествените науки и општотехничко образование" согласно со желбите на учениците за понатамошно школување на

виши и високи студии, сообразено со професионалната ориентација на младинците и со потребата гимназијата да дава релативно завршен профил што ке може да најде место во производните и другите организации на трудот.

Појдовна основа на програмата за гимназијата е тврдењето дека денес "културата е одраз на општествената, природната и техничката реалност". Поради тоа се поставува барање ученикот во текот на школувањето да се научи да го развива и формира своето научно мислење и да ги применува стекнатите знаења во практиката во училишната работилница, економија и производната практика по претпријатијата. /Теоретски е значајно што овде појмот култура значајно е проширен со елементи од техниката и производна дејност/. Планот и програмата појдува и од тезата дека денес "содржините на општото образование по обем се толку пораснати во современите услови, така да не е возможно да се совладуваат во нормално временско школување" и што е важно од вистината дека "на учениците денес не е веке можно да се даде целата материја во иста количина и на исто ниво". Тоа предизвика и битни измени во организацијата на образовните движења во гимназијата и овозможи посебен третман на општата - обврзната настава, изборната настава и слободните активности. Треба да се укаже дека во новиот наставен план и програма целосно е применет принципот на современост во наставата, а тој сообразен со барањето за поврзување на теоријата со практиката и со методологијата за синхронизирано изучување на наставните предмети и содржини.

Во новиот наставен план и програма образовните процеси носат белези на една специфична училишна организација што се издигнува на ниво наопштествена функција. Таа овозможува гимназијата да се дефинира како четиригодишна школа,што е рамноправна по статус со другите училишта од втора степен, за која се учениците определуваат по свршувањето на основното осумгодишно училиште, односно институција што припрема ученици за виши и високи студии и за непосредна производна дејност. Овие процеси на специфичен начин се организирани согласно искуствата на напредната педагошка наука и практика и со демократскиот живот во земјата каде се зголемени материјалните способности на едно општество на полето од образованието и културата.

# А С П Е К Т И :

Кога се помене зборот генерација имаме во предвид една нова сила што доаѓа да го промени распонот и темпото на животот. Одделни нејзини амбиции усмерени се во правец на измени во областа на идеологијата и политиката, науката и културата, техниката и организацијата на трудот. Таа се некогаш јавува како многу организирана сила на напредокот и прогресот, како неукротена стихија во објективните прилики или пак останува конзервативна, стериотипна без свои вредности. Постои мислење дека скоро секогаш генерациите се непријателски усмерени една према друга низ класните, социјалните технолошките и другите поделби на трудот. "Младите луѓе често му префрлат на родителите - пишува д-р.Руди Супек, дека се старомодни, додека родителите им префрлат на децата раскалашност и непочитување на трудот што го вложиле во нив... Сукобите меѓу генерациите денес постанале редовна појава, и ако некогаш биле многу ретки или воопшто непостоеле. Тие би се јавувале само во револуционерни периоди на општествениот развиток. А денес секоја нова генерација доага со барање да и она придонесе нешто ново, да внесе некоја"револуција" или новина во општествениот живот, да и се направи место за нејзините нови или помодерни сваќања. Како да е објасниме оваа појава, дали е таа составен дел на современата личност... Зошто брзите социјални промени предизвикуваат неслагања и сукоби меѓу генерациите? Вистинската причина лежи во тоа што процесот на социјализацијата на личноста т.е.нејзината подложност на надворешни влијанија и восприемања на тие надворешни делувања не еднакво кај секоја возраст. Способноста за прилагодување на новите услови со годините опаѓа и додека младите ги прифаќат измените, старите нужно заостануваат зад нив."7.

Меѓутоа секоја идеологија политичко движење,институција или работен колектив води сметка за својата традиција, за својата историја и генеза на развиток. Поради тоа чинат обиди да го преовладат појмот генерација со други побогати структури на општествената, класната и групната динамика - човекот пишува Маркс е резултат на целокупните односи. Затоа се смета дека општествените измени независат толку од генерациските припадности колку од другите атрибути на општествената средина. "Да се биде млад незначи да се биде напреден. Можда го навре-

дуваме претседателот на работничкиот совет на "Железара" кога за еден"богомолец" речиме дека е негов врсник. Мислам дека може да се деси луѓе од иста генерација да живеат во различни времиња".[8] Тоа покажува дека при давањето на карактеристики за една генерација мора да се води сметка за општествените околности на средината, за нејзината динамика како и за посебните обележја на луѓето што се на одреден начин припремале со посебни мотиви воделе за да се најдат себе во динамиката на животот и творештвото.

Популацијата што ја испитуваме е прва генерација која се исклучиво развивала во слободно социјалистичко општество прва што активно со сите права се приклучила во процесот на осамостојување на училиштето како институција и прва на која се применува новиот наставен план и програма од реформирана гимназија. Генерациите што се школувале порано исто така имале некои од овие обележја но небиле така нагласени и карактеристични. Поради таквите околности во кои што се најде оваа генерација побудува особен интерес заследење и проучување и ако со неја само почнуваат процесите што го карактеризира слободното општество и реформата на школството. Водени од тие мотиви се поставува прашање каква е новата генерација, што е за неја карактеристично, кои барања ги истакнува, на какви препреки наидува во својот развиток, кои новини и новитети ги предлага, какво место бара во општествената динамика и до која степен процесот на нејзиното развивање и формирање означува "перманентно движење напред".

Одговарајќи на овие прашања појдуваме од конкретните прилики во општеството, комуната и училиштето во кои што живеат, се развиваат и формираат новите генерации. Поточно, појдуваме од ставовите и мислењата на младинците што ги перманентно изнесувале /анонимно/ за ситуациите во кои што биле, во кои што се и во кои што намеруваат и очекуваат да бидат. На тој начин можеме да сознаеме што мислат генерациите за себе, за своето развивање и формирање низ општообразовното училиште и низ условите на својата комуна и широка заедница во целина. Во таа насока е битно што младинците мислат за светот и животот и за луѓето што ги интимно или подалечноопкружуваат со кого често комуницираат,сочувствуваат , сознаваат и активно

учествуваат во неговата измена.

Меѓутоа генерацијата има многу свои преставници, а личноста безбројно многу манифестации што од еден период до друг многу се менуваат и некогаш ја замаглуваат основната нишка на развитакот. Појдувајки од таквата сложеност во оваа студија се ограничуваме на генерацијата на ученици да ја анализираме само од неколку основни аспекти што секако не ја исцрпуват личноста наш младинецот во развиток и формирање. Нивниот избор претежно е обусловен од претпоставките за објективната динамика, од битноста на пребирањата што ги сметаме за карактеристични за детството и младоста, како и од критериумите на концепцијата за реформа на училиштето што ги одредуваат местото и улогата на младинецот како личност во училишната работа и живот. Според тоа за секој аспект се има во предвид што бараат условите на средината во која што се развива и формира ученикот, што бара реформата и новите наставни планови и програми на гимназиите, а што младоста во чије име се изградувала, пропагирала и применувала концепцијата во живот.

## 1. ПРОТИВРЕЧНОСТИ ВО СЕМЕЈСТВОТО КАКО ФАКТОР ВО РАЗВИТОКОТ НА СОВРЕМЕНАТА ЛИЧНОСТ

Денес во науката постојат повеќе мислења за процесите што се одвиваат во рамките на современиот живот и особено за можностите негови да се тој интегрира во современата динамика. Меѓу нив најинтересно е она претпоставка што тврди дека семејството како заедница се наоѓа во криза односно во одумирање. Аргументите за оваа претпоставка зборуваат дека семејството е само "симболична" ако не и"фиктивна" заедница, бидејќи ни еден процес исцело едино не се обавува во него. Дека семејството ги нема или ги губи своите квалитети на специфично здружување. На пример, некогаш домот бил институција за исхрана, здравна заштита, институција за негување и воспитување, производна единица и сл. А денес улогата на домот на нов начин е организирана низ широката општествена поделба на трудот. Постојат други мислења кои делумно или воопшто не се слагаат со ваквата претпоставка и носат сосема други аргументи што укажуваат дека

семејството како основна заедница изминело многу општествени формации, низ нив се изменувало и дека тоа на еден посебен начин со оглед на општествените и другите измени пак ке го најде своето место и улога.

Во практиката на животот семејството преставува/или го смета/да преставува/ посебна заедница што има своја структура и одделно место и улога. Процесите што се во него одигруваат и низ неговите членови, низ родбинските пријателските,комшиските и другите односи го дефинираат како заедница со специфични карактеристики кои битно делуваат во развитокот и формирањето на новите генерации. Ако се појде од тезата дека семејството претставува основна општествена група, во која е одредено местото и улогата на секој член, тогај може да се претпостави дека согласно на системот ке треба да се толкува и местото, улогата на детето и младинецот. "Улогите се секогаш реципрочни. Тие се секогаш во однос на некоја друга особа која исто така има своја улога со оглед на првото лице: улогата на маж и жена и сл. 8. Затоа патриархалниот, современиот и демократски или модерниот систем на семеен живот на друг начин го прилагодува детето и младинецот за личен, фамилиарен или општествен живот. Ако се појде од фактот дека детето и младинецот се наоѓаат во процес на развивање и формирање, а и самиот систем на семеен живот, исто така ~~е-ри~~ еволуира, тоа може да се претпостави дека со развитокот на членот на семејството ке мора да се менува и неговото место и улога или со измените на системот ке треба да се очекува и променат однос на членовите према него. "Во селското семејство поделбата на работата се врши внатре во самото семејство и поглаварот на семејството уживал најголем авторитет; а во градското семејство поделбата на работата се врши на работното место вон од семејството,и заради тоа и поглаварот на семејството изгубил многу од својот авторитет, зошто и тој постанал еден од запослените и производи луге во семејството покрај другите".[9]

a/Латентни спротивности во системот на семејниот живот.

Кога глобално се анализира системот на семејниот живот што се одвива под покривот на домот, се добива впечаток

дека семејството е многу битен фактор, а во одделни случаји и пресуден во развитакот и формирањето на детето и младинецот. "детето е татко на човекот" тврдел Фројд, зашто раното детство одредува каква ке биде личноста како одраснат човек. Надворешната фасада на домот често е израз на она спокојство и тиха интима, што не е во состојба да ја обезбеди ни една институција на цивилизацијата и културата. Техничките пронајдоци го олеснаа животот во домот и направија оаза од каде може да се со сигурноста да се пратат сите настани во светот и животот. Радиото, телефонот, телевизорот и многуте други нешта создадоа можности да се прошири распонот на содржината од семејниот живот и да се донесат нови преокупации во секојдневните грижи.

Предпоставка на испитувањето е дека детето и младинецот во почетакот од својот развиток потполно се идентификува со семејството и со процесите во него. Меѓутоа таа наивна иден тификација со групата подоцна се диференцира нагласувајки е спецификата на секој одделен член. Во тој процес се открива својата сопствена личност што настојува да се интегрира во сложените процеси вон од семејството. Според тоа развитакот и формирањето на личноста најнапред се изведува низ можностите на семејното огниште што е услов за побрза и побогата интеграција во сложениот живот. Основна техника на родителите и старателите во семејството е"родителите со своите односи према децата да ги подржуваат и развиваат едни особини, а да го задржуваат развитокот на другите".

Друга претпоставка на испитувањето е дека современиот семеен живот не е толку изолиран од настаните во светот и животот. Поради тоа не е можно еволутивниот развиток во семејството да се третира како одделен и условен процес за прилагодба во општествената динамика. Денес нема ни една форма на општествена заедница па дури и одделна индивидуа која може робинзонски да се развива и формира независно од превирањата во реалноста, надвор од домот. "И самите родители се претставници на општеството и тие пренесуваат во третманот на детето доминантни идеи на одделно општество, модификувани со класата или субкултурата на која што припаѓаат. Семејството, според

тоа, не е последна причина за одредени особини на личноста, туку и самото е ефекат и психолошко средство на одредена култура" [9]. Домот е богато опремен со технички собремени средства како што се: електричен шпорет, фрижидер, правосмукалка, машина за перење, мотор, лимузина и сл., што му даваат сосема нова улога во современиот живот. Процесите на раѓање, негување, воспитување и др., се одвиваат надвор од домот - семејство то не е во состојба тоа да го регулира. Содржините на современиот семеен живот не се семејни специфики туку општествени процеси кои се изградуваат во широките можности на животот. Поради тоа развитокот и формирањето на личноста се одвива во самите процеси, а не изолирано од нив. Тоа наговестува дека улогата на семејството доста се формализирала во развитокот на новите генерации - профилот на личноста го формира животот, а не семејството. "Како се детскиот хоризонт проширува, а контактот со другите особи постанува почест, детето открива дека вон од семејството не го смета(ат) за добар или за лош како што мисли неговото семејство. Како резултат на тоа постепено се изградуваат нови морални мерила кои се често во расчекор со родителските погледи" [10]. Анализирајќи ги процесите што се денес одвиваат во семејството, некои теоретичари се склони да тврдат дека "современото семејство се еротизирало, и тоа често во негативен поглед, така денес децата немаат најдобар пример кај своите родители" [11].

Процесите на развивање и формирање во кои што биле активно вклучени учениците од проучуваната генерација, укажуваат дека младинците своите ставови и мислења ги ~~идендиф~~ идентификуваат со принципите од системот на семејниот живот на кого што и самите припаѓаат. Оваа идентификација особено е изразена за изминатите процеси, а слабо е нагласена за сегашноста и особено за престојниот иден развиток. На пример:

- Порано нашето семејство живееше во село. Животот беше тежок - работевме само за да се прехраниме, се облекувавме со мизерни алишта од домашно производство. Ќе купевме понекогаш и понешто ново кога ќе дојдеше некој празник, кога ќе пуштеше таткоми од печалба пари; многу бев радосна кога целото наше семејство, па и јас се навогавме во нашето родно место и живеевме убаво; во семејството сум живеел многу убаво и

можам да речам дека не би сакал да се оделам од моите најблиски; семејството ни беше сиромашно, но што се однесува за облекло и храна бев убаво облечен и нахранет дури подобро од сите другари мои; мојот живот во семејството бил многу тежок зошто моите родители се занимаваа со земјоделие... со пуштањето од школо сета р аб ота се стоваруваше на мојот грб; мајка ми и сестра ми живејат на село, брат ми е на студија, а јас, татко ми и постариот брат сме во град и евентуално во недела одиме село како на екскурзија и на сменување веш; имаше и критични денови, моето детство помина без радости, бидејќи мојата мајка секоја трета година имаше малечко, а јас уште малак морав да работам многу дома;

Сега животот стана поарен, татко ми повеќе заработува и може да не издржува сите членови во семејството /6 члена/. Сега сме задоволни сите што имаме своја куќа... се трудиме сите заедно животот да ни стане подобар и да бидеме сите здрави и живи; нивје немаме, само една и тоа само брегови. Стока немаме, само едно куче... бидејќи немаме свое жито ние купуваме леб, а народот од пооколу вика "Богати се бел леб јадат"; од куќата работи брат ми. Тоа значи дека тој мене ме издржува, нему јас му откинувам од рамениците. Тој има си има свои деца па гледа и повеќе за нив... така ти е брат; во последно време татко ми почна да пие и економски опаѓа нашата фамилија. Немам доволно книги, немам облекло; уште како мал сум останал без татко, а подоцна умре и мајка ми. Затоа мислам дека животот не ми бил така добар како на другите деца.

Во иднина би сакала да изучиме сите за да им олесниме на родителите; како без татко, без старател во семејството чекаме еден од нас /3 деца/ да заврши школа и да влезе во работа. Затоа главна цел ни е школа и борба за поарен живот; од ден на ден нашето семејство се истакнува во нашето село. Сакам да биде најбогато во селото; нашите родители и роднини се неписмени. Сакам семејството да ни биде покултурно и образовано и да се наоѓа поблизу до градот; за понатака јас не би сакала ништо повеќе ... само да ми се исполнат некои желби... ако може, бидејќи се уште не сум дорасната за она што го барам од своите родители; во иднина мислам дека животот знатно ќе се поправи и сите мои празнини и недостатоци ќе се надополнат.

./.

Ако за појдовна основа ја земеме поделбата на генерациите според степенот на развиеност на општествената и семејната средина можеме да констатираме дека ваквите одговори во најчести случаи ги среќаваме кај оние ученици што живејат и се развиваат во понеразвиените средини односно во семејства што имат понизок животен стандард. Оваа категорија на ученици ни со своите одговори укажува на одделни противречности во системот на семејниот живот кои однатре ги стимулираат измените во семејството. Имено, на една страна се повеќе се идеализира семејниот живот додека на друга системот на образованието , реалните движења во градската средина и големите мотиви за еден современ и модерен живот се судруваат со идеализациите од детството и младоста изградени во домот. Излезот на овие судири во најчест случај се слонува на мотивите од својот сопствен развиток и формирање. "Тоа е секако во согласност со тврдењето дека - во примитивното семејство човекот се бори за самоодржување воглавном множејќи се , зголемувајќи го бројот на породот, додека во културните и поиздигнатите семејства се бори за поголема хигиена, за подобро чување на здравјето, за поголема контрола на полниот живот и контрола на раѓањето, така да створил извесна равнотежа во помалото семејство.

Многу популарно е сваќањето меѓу учениците дека материјалните услови на живот во семејството се главниот фактор за развиток и формирање на членовите од семејството. Низ одговорите може да се види дека не сите ученици живеат во еднакви материјални , културни , социјални и психолошки услови во семејството. Затоа се претпоставува дека оваа нерамномерна развиеност на семејните услови ќе обусловува и големи разлики во профилите на учениците, во нивните способности и навики, во изградените мислења и ставови за епохалните и секојдневните проблеми и настани.

За да ги согледаме разликите во системот и семејниот живот на учениците од оваа генерација ќе појдиме од една операциона дефиниција за семеен стандард. Основни обележја на оваа дефиниција би требало да бидат: возраст на родителите, степен на образование, запосленост, место на раѓање на учениците, постојано место на живеење, број на членови во семејството , степен на решавање на станбеното прашање, можности за зголемување на семејниот стандард, разбирање за улогата на жената во семејството и општеството, ...

судири во семејството, судири помеѓу главните членови во семејството и децата и оцена на психичката состојба на ученикот во рамките на семејниот живот.

| Битни обележја за индексот на семеен стандард | Кичево % | Охрид % | Скопје % |
|---|---|---|---|
| | 112 | 74 | 105 |
| 1. Татковците се околу 45 години | 58 | 70 | |
| 2. Тие се со средно и високо образ. | 20 | 40 | |
| 3. Мајките се со средно и високо обр. | 3 | 20 | |
| 4. Во работен однос мајките се | 7 | 15 | 38 |
| 5. Учениците се родени во град | 20 | 60 | 86 |
| 6. Постојано живеат во град | 57 | 74 | 96 |
| 7. Во семејството има преку 6 члена | 62 | 24 | 19 |
| 8. Станот во кого што станува е стар | 66 | 42 | 28 |
| 9. Станот во кого што станува е конфор. | 15 | 28 | 57 |
| 10. Се сомневат во плановите за зголемување на семејниот стандард | 23 | 17 | 24 |
| ~~11. Сметат дека жената треба да се запос.~~ | ~~30~~ | ~~12~~ | |
| 12. Постојат сукоби во семејството | 50 | 39 | 27 |
| 12. Сукобите се меѓу главните членови и децата | 28 | 34 | 50 |
| 13. Учениците дома се осеќаат осамени | 32 | 37 | 38 |

Анализирајќи ги податоците за семејниот стандард на учениците можеме да согледаме битни разлики што се секако обусловени од степенот на развиеноста на општествената средина и на семејството посебно. Така на пример:

Кичевските семејства што ги третираме како заедници во незарвиени услови ни се репрезентираат претежно со повеќе но и со помлади членови, од кои во најчест случај само едниот родител /таткото/ се наоѓа во работен однос. Становите на овие семејства претежно се стари и добар дел од нив се наоѓаат или се наоѓале надвор од градот во блиските и подалечните села. Во куќата нема доволно простории за сите членови, а опремата е често минимална и елементарна. На прашањето "Кои најважни нешта можете да ги наведете од оние што ги имате дома" често наведуваат храна, облекло, кревети и слично. Општата атмосвера во домот има многу обележја на еден релативно примитивен и патријархален систем на живот. Често можат да се во семејството доживејат некои и судири меѓу главните членови во семејството што ги повлејуваат и децата или ги оставаат потиштени и осамени на семејното огниште.

Охридските семејства значајно се подобри во животниот стандард. Тие често ни се преставуваат само со потесните членови од семејството од кои доста често и двата родители се запослени. Образовната структура е доста добра на членовите од семејството, што веројатно се одразува и на висината на заработувачката на членовите. Семејствата се сметат себе си за доволно ситуирани со основни услови за живот /се сметат за стари градски семејства/ и заради тоа често покажуваат амбиции за осетно подобрување на животните прилики. Доста често учениците тврдат дека дома планираат да купат телевизор, мотор, моторен чамец, лимузина што е индикатор за современи критериуми на стандард. Станот во кого што станува многу често е нов и доволно конфорен, а по опремата ги задоволува битните потреби на членовите. Односите во семејството доста се хармонични, меѓутоа понекогаш хармонијата ја нарушуваат децата и младинците судрувајќи се меѓу себе.

Скопските семејства носат многу обележја за системот на семеен живот што го карактеризираат како современ и модерен. Тоа се поситуирани и типично градски семејства кои имаат повеќе извори на примања /често и двата родители се запослени/. Семејствата живеат претежно во нови станови , а добар дел и во свои. Во најчест случај тие се репрезентираат како потесни семејства /родителите со своите деца/ кои во домот имат доволно простории , опрема и други нешта за помош во домаќинството. Учениците тврдат дека дома има/ат/ телевизор, фрижидер, електричен шпорет, машина за перење и други нешта, во таквите околности вниманието на семејството свртено е кон процесите што се одвиваат надвор од домот во непосредната општествена динамика. Судирите во семејството се ретки, а и тогаш кога се среќаваат се многу афективни на релациите на родителите и децата.

Поаѓајќи од зголемените услови во семејството за живот и развиток на неговите членови се претпоставува дека ставовите и мислењата на учениците ќе бидат обусловени од тие подобрени услови. Со оглед на тоа се издвојуваат некои одговори од учениците во поразвиените општествени и семејни услови бидејќи носат некои нови системи за регулирање на внатрешните односи на семејството. Така на пример:

Родителите ништо не ми бранат, тие ми ги исполнуваат сите желби без оглед на тоа од кое поле се - само се разбира кога не се протерани. Дома не се прави никаква разлика меѓу еден и друг. Така на пример: јас и брат ми имаме исти услови и можности. Меѓутоа родителите секога ми ја контролираат секоја постапка - јас се старам да правам онака како што мислам дека е најдобро. Со родителите ретко разговарам, освен за некои прашања што се поважни и што нив ги засегаат, и ако имам поголема сестра јас неможам да и кажам се она што ме мачи и она што ме рацува. Таа е готова да рече "За тоа си мала", а друг пат и при мала грешка ми префрла "за тоа си голема"; родителите мои многу добро се однесуваат према мене и секогаш ги исполнуваат моите желби. Никогаш не ми пречат но и јас ги исполнувам низните барања; како да речам - дома е нешто чудно... не ми се лутат за тоа што имам слаба оценка туку се лутат заради тоа што професорот или професорката ги дочекала со карање; оваа наша станбена криза ми пречи и во учењето. Често пати сум принудена да одам кај некој наш близок роднина за да учам... би било добро да барем за една или две години се запре ова доаѓање од други места за да едноп и важните семејства ги решат своите станбени проблеми; не ги прифаќам застаралите обичаи дека жената треба да работи, да готви со еден збор да биде роб во куќата. Затоа и помагам на мајка ми и ако сум машко во систематското чистење и уредување на станот, а дури и во миењето на чинии; изгледа дека сум изгубила доверба кај мајка ми. Од каде и да дојдам ми поставува недоверливи прашања, а уите сум меѓу најчесните девојчиња во класот. Таа не ме упатува во некои работи што мене ме интересираат, а исто така и јас не сум можела за нешто да и се доверам; дома немам никакви обврски или задолженија но сепак неможам да речам дека сум задоволен со моето семејство - родителите ми се со конзервативни сваќања и со нив често доаѓам до недоразбирања; живеам како секое современо дете во едно исто така современо семејство. Широкубивите односи малку се затегнуваат после еден класификационен период но тогај јас правам се за да ги задоволам и пак воспоставуваме подносливи односи; едина моја грижа е учењето, така велат моите родители. Но младоста е младост и тука ништо не се може; дома сите поважни работи јас ги свршувам, јас сум

овај главниот. Али не секогаш родителите ги сваќаат своите деца; татко ми е прилично строг и несмојам да му се противам - барем до сега. Сестра ми која е помала од мене не ја трпам, со мајка ми често се карам но ја почитувам, татко ми ги исполнува сите мои желби и барања али само тогај кога е расположен; пред неколку години дојде до разидување меѓу моите родители. Тие се состанаа пак но не е како што беше порано. Јас бев доволно голема - бар така мислам за да сватам што се случува и да не дозволам тоа да повлијае на мене.

Измени во структурата
на семејниот живот

Семејството преставува една општествена заедница која на свој специфичен начин ги регулира своите внатрешни односи. Како на пример односите помеѓу мажот и жената, брачната двојка и старите членови, односите меѓу децата и према децата и слично. Во тој склоп посебно место завземаат односите према синовите и ќерките што го дефинират семејството и како воспитна институција што се грижи за развитокот и формирањето на младите и недораснатите членови. Целта на секое семејство е да изгради од детето и младинецот што поцелосна личност која ќе умее да го најде своето место во системот на семејниот и другиот општествен живот. Затоа педагозите ја истакнувале големата улога , а некогаш и пресудната на семејството во формирањето на личноста на човека . "Детето во својот дом се научува да дава и прима љубов. Успехот во раното социјално искуство во голема мера го одредува и успехот во подоцнешните контакти со луѓето што се вон од семејниот круг ... На надворешна средина подобро се прилагодуваат оние деца што се слободно одгаени од колку оние од аутоаритативен семеен круг".13.

Класичните системи на воспитување многу малце водиле сметка за активната улога на детето и младинецот во семејството и поради тоа одделни настани од детството и младоста останувале повеќе или помалку несватливи. Во таквиот третман субјектот на младиот и недораснатиот член немал никакви права во семејството, а сообразно со тоа ни некои почврсти обврски. Затоа пак родителите и старателите се јавувале како фактори што одговорноста ја примале на себе. За разлика од овај класичен систем на воспитување денес се забележуваат значајни тенденции

кои укажуваат дека е неопходно да се повеќе води сметка за субјектот што се наоѓа во процес на развивање и формирање. Појдувајќи од барањето за демократизација на механизмот на семејниот живот и воспитување неминовно се поставува прашањето за процесот на активизацијата на детето и младинецот низ формите на домот и семејството.

Примерите што понапред ги цитиравме недвосмислено укажуваат дека постои голема неудначеност во правата и должностите на младите членови во системот на семејниот живот. Во одделни случаеви тие покажуваат како родителите или некои други членови од семејството прибегнуваат кон различити техники за да ја"одложат" зрелоста на новите членови во решавањето на проблемите. "Родителите често не сакаат да ја менуваат престава за особините на своето дете кое расти, што доведува до тоа да према негом постапуваат на исти начин како и порано".[14] Во таа смисла карактеристичен е одговорот "за тоа си уште мала". Ваквата обесправена положба на младите членови во семејството се уште ја храни родителската и старателската суета, а при тоа не се ни мисли на новото место и улога што треба да го добие синот или керка та во решавањето на некој ако и на повеќе проблеми. Меѓутоа доста од примерите покажуваат дека и новите членови на семејството прибегнуваат кон одделни техники за да го "надитрат" системот на семејниот живот или одделни членови во него. Во такви околности односите и обврските се формализираат, а правите текови одат во сосема подруги смерови. Поради тоа не ретко може да се чуе дека формалните односи во семејството не се одраз на реалните збивања во него. Подвоениот живот доста е присатен и во најсуктилните односи што ги сметаме за интима и венец на групната структура. Во прилог на тоа можат да се наведат многу примери на реална отуѓеност на членовите од системот на живот во семејната заедница."Тие цврсто стојат на позиции дека во општеството " големите риби ги голтат малите рипчиња" и да човек може донекаде да се спаси од таа "ракова кошница" на човековата бутаница и амбиција со повлекување во полжавата куќичка /моја куќичка моја слободичка"/. Тој фамилијарен егоизам на буржуаското семејство создал односи меѓу брачните другари, како и меѓу родителите и децата кои одат од изразите сентименталност до чиста рачуница".[15]

Сепак постојат значајни разлики во процесите на развиток и формирање на оваа генерација. Тие можат да се согледаат како со обусловени од традиционалните односи во семејството, од материјалните негови можности, и од процесите на демократизација на непосредниот општествен живот. Така на пример: ако одделно се анализираат сфаќањата на младинците од неразвиените подрачја може да се констатира дека тие имаат изградено една идеална структура на семеен живот и сметат дека семејството е должно да им обезбеди максимално развивање и формирање. По нивно мислење родителите се должни да им обезбедат целосен развиток на своите деца. Ако за тоа семејството или родителот не е способен тогај општествената заедница треба обврската на семејството према детето да ја превземе на себе. Во овај систем секој младинец го изградува својот профил на личност усклaдувајќи го повеќе или помалце со можностите и потребите на системот во семејството односно во општеството. Меѓутоа учениците од релативно поразвиените средини децата на поразвиените семејства појдуваат од една друга животна филозофија "секој сам е ковач на својата среќа и одговорен за себе" и заради тоа треба да се вложат усилби за да се системот , а сокака и семејниот прилагоди за брз и богат личен развиток. Во согласност со тоа младинците користат одделни сентименти, дефинирани обврски на родителите и старателите, како и многу други околиди техники за да ги задоволат потребите на својот развој и формирање. По мислењето на овие младинци секој човек има одредени обврски према секого но не под било какви услови. Според тоа треба да се адаптираат условите или треба младинците да се прилагодат кон нив за да се овозможи рационален развиток на сите и на секој посебно. Одделно е прашање што "на многу деца им се чини дека се способни да учинат повеќе од колку што им родителите дозволуваат, и заради тоа се одупираат на ограничувањата, што им се наметнуваат. Освен тоа тие се лутат , кога видат дека се неспособни лесно и успешно да го свршат она , што мислеле дека можат".[16]

Овие два релативно посебни движења во развитокот и формирањето на профилот на современата личност формално носат исти мотиви за перманентен развиток на младите генерации , али имат различити појдовни основи, други системи за задоволување на овие потреби и посебни врвежи во процесите на дететвото и

младоста. /Групни услови за личен развиток и индивидуални можности за идентификација со групата/. Спротивностите во кои се наоѓаат новите генерации се ублажуваат, решаваат или заоштруваат - ја гушат личноста во своите сопствени спротивности, сообразно на структурата на општествениот , семејниот и личниот живот. Некогаш судирите добиваат форма на безболни процеси, а друг пат ги пореметуваат односите, го разоруваат од внатре семејството или младешкиот живот.

Земено во целина ставовите и мислењата на младинците од оваа генерација покажуваат на еден оптимизам и на една голема доверба во развитокот на општеството и во можностите на хармоничниот развиток на семејството. Овај оптимизам во одделни околности , низ поедини стадиуми наидува на сериозни тешкотии и препреки. Најдобро тие се согледуваат низ моментите на судрувања на младинците со своите родители и други членови од семејството. Проучувајќи ја содржината на судирите и особено нивната причина се доаѓа до констатација дека најмногу сукоби настануваат поради економски причини /повеќе се сака од колку што се може/. На второ место доаѓаат одделни судири што се обусловени од неразвиеноста на системот, од неизградените односи за семеен живот /старите членови неможат да ги сватат помладите, старите се конзервативни, старите се доста недоверчиви/. На крајот доаѓаат судирите што се обусловени од менталитетот на некоја личност во семејството и од психолошката клима што ја наметнуваат во системот на семејниот живот.

Семејството како општествена заедница

Системот на семејниот живот не е сам на себе цел, туку механизам со помош на кого поцелосно се развива светот на субјектот и упатува кон битни страни на активност. Поради тоа се смета дека потребата за ваков облик на здружување е обусловен од процесите на развиток на детето и младинецот како личност. Во споредба со сите други битиа детството и младоста на човекот е најголемо. Друга претпоставка на испитувањето е дека семејството претставува одделна општествена заедница на членови кои не само непосредно туку и посредно /преку групата/ ~~[illegible]~~ интегрираат во сложените движења на општествениот живот.

Најдобар пример за тоа колку семејството е свртено надвор кон животот покажуваат некои емпириски испитувања на станбените населби. Тие покажуваат дека таму каде што се вратите и прозорците на станот таму се и пријателите, односно оние луѓе со кои почесто се комуницира. Тоа покажува дека физичките можности во многу ги детерминираат и другите односи меѓу луѓето.

Ако појдеме од системот на семејниот живот , од материјалните, социјалните, психолошките и другите можности во кои што се раѓале, развивале и формирале членовите на оваа генерацијата можеме со сигурност да констатираме дека во тие процеси семејството играло многу голема улога. Таа била разновидна и посебно се одразувала /во согласност со личноста/ во профилот на поедини членови. Така на пример: опремата на домот со средства за живот,информација и комуникација се материјална основа за развитокот и формирањето на социјалната физиономија на личноста. Поради тоа едни профили од генерацијата ни се јавуваат како целосни и потполни личности додека кај други се осеќава недоследност, последици од едностран развиток што се манифестираат како сиромаштво, и половичност вои профилот на личноста. "Па ништо посебно не се сеќавам од колку на детството... не разбирам зошто луѓето велат дека имале сиромашно детство. Дали немале црвени или шарени балони, или немале основни услови за живот... детството може да биде богато и тогаш кога во материјален поглед обезбедува само минимум".17.

Вниманието на младинците од оваа генерација во условите на семејниот живот претежно е свртено кон внатрешни или кон надворешни проблеми. Карактеристично е што учениците од понеразвиените средини често се наоѓаат во една дилема: дали да обезбедат основни средства за семејството и за богат содржаен живот во него,или пак требада се зафатат за да донесат средства за информација и комуникација што ќе ги направат поелеатични и ослободат од стегите на домот и семејството. Оваа борба на мотиви присатна е и кај младинците од поразвиените средини, меѓутоа кај нив она не е така силно нагласено во форма на дилема. Дури и тогаш кога ја среќаваме скоро секогаш брзо се решава во прилог на општествената динамика што се одвива надвор од семејството. Развијено речено значи: економски послабите младинци настојуваат да имаат дом и семејство со сите услови за сестран личен

напредок и за благосостојба на ситечленови од семејството. Напротиви, младинците од поразвиените средини бараат можности , стварат услови за излез од домот за да овозможат личен и општествен развиток низ слободната динамика на општествениот живот. Поради тоа афективните доживувања кај овие младинци често се карактеризираат низ длабоко осамување или низ безрезервен бег од една средина која не ги оправдала, не ги одминала надежите, или ги обезбедила само основните и елементарни услови за задоволување на општествената природа на човека - со елементарните здружувања во семејството не се исцрпува општествената природа на човека и одделно на младоста.

Кога се прецизно анализираат измените во ставовите и мислењата на младинците можат да се согледаат разлики во односот према семејството и општествената средина. Имено, некои судири на личноста со своето семејство или со поедини негови членови се разрешуваат во рамките на пошироката средина и обратно сукобите со општеството или со училиштето наоѓаат на привидни решенија во семејството. Поради тоа семејството може да игра прогресивна улога со тоа што ја личноста стимулира кон нови модуси за прогресивен излез од своите судири со реалноста. Но, тоа може да стимулира и одделно повлекување од судирите препорачувајќи му одложување на одлуките и решенијата, и перманентно отуѓување на личноста од образовните движења односно од општеството. Најдобар пример за тоа е успехот на учениците во училиштето кого семејството го стимулира или пак кога малограѓански ја упатува личноста /синот или ќерката/во еснафско решавање на одделни проблеми. Сличен е случајот со третманот на "улицата" во старата класична педагогија. Отуѓеноста од неа, неусклаценоста со неа,~~идеализацијата~~ на ~~односите~~ ~~од~~ ~~реалниот~~ ~~живот~~ не му дозволуваше ~~на~~ детето и младинецот да се "предвреме" ~~детето~~ ~~и~~ ~~младинецот~~ сретне со реалниот живот.

Ако одделно ги анализираме случаевите кога во семејниот живот се забележуваат некои крупни настани што длабоко ја потресуваат групата, системот на семеен живот или одделен поединец како што се: смрт на некој член од семејството, развод, преторани судири, љубомора и слично тогај исто така можат да се наслутат некои односи кои укажуваат на групно или индивидуално обусловено неконструктивно во односите. Во ваквите случаи

заедницата на семејството делува на личноста, а таа го прифаќа делувањето или се брани во име на својот развиток и формирањех /јас бев доволно голем за да сватам што се случувах и да не дозволам тоа да се одрази на мене/. Социјалните работници тврдат дека девијантни постапки најчесто се среќаваат кај младичи и девојки што немаат во семејството хармонична социјална клима.

Земено во целина најреѓефна е констатација дека системот на семејниот живот денес трпи определени измени што го упатуваат кон демократизација. Затоа и младите членови добиваат свое ново и поактивно место и улога во системот на семејниот живот. Некои родители ги стимулираат овие процеси и го помагаат процесот на осамостојувањето на личноста, додека други го сопираат развитокот, пропагига техники за одлагање на самостојноста или пак песимистички и грубо ја обтужуват младината и своите деца за непослушност и самоволие. По се изгледа дека најдобар тест за степенот на развиеност на системот во семејството односно фамилијата е односот на родителите према децата.

Друга констатација е дека семејството ја изменува својата содржина и форми на внатрешни односи. Тие измени обусловени се од непосредното и посредното делување на општествената динамика /особено преку активното учество на членовите во општествениот живот како и преку зголемените форми за информација и комуникација со општествените појави и процеси/. Најкарактеристичен пример за делувањето на општествената средина го среќаваме во еден одговор низ една аналогија што ја дава еден младинец заживотот во неговото семејство споредувајќи го со напнатата ситуација во Конго: татко ми е Чомбе, мајка ми .... брат ми..... и т.н.

Степенот на економската развиеност на семејството вонредно решфно делува на распонот на темпото на групниот живот во семејството или на одделен негов член. Тоа обусловува вниманието на членовите од семејството да биде свртено претежно во збогатување на содржината на семејниот живот, а што често кај своите членови развива една похлепна жед за излез во процесите на животот наместо што остануваат секундарни карактеристики на семејната припадност. Ова е извонредно битно да се има во предвид при процесите на образование и воспитување на младината за да го свати своето место и улога, и улогата на семејството во современиот свет и живот.

## 2. СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЛИЧНОСТА НИЗ ОБРАЗОВНИТЕ ПРОЦЕСИ И ХУМАНИЗАЦИЈА НА УЧИЛИШНИОТ ЖИВОТ

Училиштето преставува образовна и воспитна институција со своја специфична организација /има свој правилник за внатрешна организација, основно свој Статут/ поради што нејзините членови стапуваат во однапред одредени односи од наставен, образовен , воспитен, производен и друг карактер. Во ој систем дефинирано е местото и улогата на наставникот, ученикот, регулирани се одделни норми за односи меѓу учениците и наставниците и предвиден посебен наставен план и програма за секој нејзин степен и вид на активност. Според тоа училиштето плански и системно ги регулира сите свои внатрешни процеси, ги усклдува со степеноѓ на развиеност на науката, техниката, културата, политиката и со сите битни потреби на комуната, на стопанството и општествениот живот. Меѓутоа, училиштето преставува и една специфична заедница на ученици, наставници и други членови што стапуваат во живи односи и изградуваат една социјална динамика, еден групен однос во кого појдовна основа е човекот - ученик, наставник и други. Во оваа заедница ученикот се третира како субјект што се наоѓа во процес на развивање или формирање, наставникот како креативна личност што бара методи и форми за унапредување на наставата. Освен тоа на овај колектив непосредно или посредно делуваат родителите како и многу други фактори од процесите на стопанскиот и општествениот живот. Поради тоа тековите во училиштето се издигнуваат на ниво на општествениојави што имаат свои законитости, свој распон и темпо, свои специфични карактеристики за разлика од другите заедници и колективи.

Организацијата на училишниот живот /формална и реална/ се изградува на различити појдовни основи. Во едната - формалната организација се појдува од целите и задачите на институцијата, а во крајна консеќенција од современата поделба на трудот, додека другата се фундира - реалната, на природата на субјектор што стапува во одредени живи и статутарни односи. Старата класична школа, а нарочно гимназијата ни остави во наследство многу институционален подход во организацијата на училишниот живот. Поради тоа поимите институционализација, технократизација, бирократизација, дехуманизација и други во најчест случај се сврзани со оваа орга-

низација на училишниот живот што го подигнала до апсурд училиштето и целите и задачите на институција не водејќи сметка за субјектот како движечка сила на образовно - воспитните и другите текови.

Степенот на развиеност на општествената средина и на училишната посебно, нивото на изграденост на субјективните сили на колективот пресудноj делуваат во усклaдувањето на двете организации на училишниот живот. Според тоа може да се предпостави дека до колку општествената средина изградила традиција за конструктивно решавање на проблемите, до толку училишните колективи ги реализираат своите права и обврски. Согласно со тоа може да се очекува дека процесите што се одвиваат во училиштето ќе ги одразуваат не само принципите на системот - општествени и училишни, туку и реалните атрибути на секој член како субјект в о колективот.

Учениците од неразвиените подрачја наводум тотално ја прифаќаат формалната организација на училишната работа и живот. Ова може да се види низ првите мотиви за школување, низ првите часови на целосна идентификација со училиштето и сл. Меѓутоа, со перманентниот развиток , процесот на отуѓеноста се повеќе се наголемува и изразува низ многу форми "на неконструктивни"односи. Според тоа учениците од гимназијата или целосно ја прифаќаат формалната организација /она што е регулирана со правила, со статут и други норми/ или целосно ја отфрлаат. Во едниот случај се формира една "ропска" психологија на послушност, додека во другиот се појавуваат обележја на еден негативистички , критизерски однос кон училиштето /да се скрши организацијата на училишниот живот, да се таа компромитира/. Ваквиот однос секако е во склад со неизградениот менталитет за поделбата на трудот меѓу институции , органи, организации и работни места, односно со извесна склоност за неконструктивно решавање на поедини проблеми и тешкотии пред кои што е исправен ученикот.

Најповесни можности за усклaдување на формалната и реалната организација на училишниот живот би требало да се очекуваат во просечно развиените средини каде што се предпоставува дека до одредениот ниво се изградила бар основна претстава за улогата на едната или на другата организација. Меѓутоа, во таквите услови се појавуваат и многу компромиси што ја

компромитуваат и едната и другатаорганизацијана училишниот живот. Тоа доаѓа во прв ред од тука што во нашите услови се нема изграден поим за организација и особено поради тоа што се нема доволно услови за нивната целосна функција. Посебно делување во таквите односи има неиздеферецирана свест кај учениците за специфичностите на едната или на другата организација.

Изразито развиените средини и тие не се иммуни од едностраии организации на училишниот живот, и тие се оптеретени со судирите на двете организации само со тоа разлика што се изведуваат на далеку повисоко ниво. И кај нив во одделни периоди при одделни проблеми особено функционира едната организација за сметка на другата. На пример: како се осеќа субјектот на ученикот или наставникот кога се дава знаење , кога се изградуваат способности за разлика од тогај кога се тестираат или како се осекаат учениците на училиште и наставниците на работното место , а како кога се слободни граѓани, кои обележја ги даваат за процесите во училишниот живот низ формите на јавноста, а кои потајно во шепот .

Основна премиса на реформираниот училиштен систем е тезата дека училиштето како институција и заедница интегрира во нозуната и во поширокните движења и настани; друга премиса е дека секој субјект /ученик, наставник и слично/ се идентификува со целите и задачите на институцијата, односно со одлуките на својот колектив. Трета претпоставка е дека процесите на развивање и формирање на секој субјект се усклодени со процесите што се одвива во училиштото и широката заедница. Според тоа суштествени се процесите на хуманизацијата на училиштето и процесите на социјализацијата на личноста. Со оглед на тоа се поставува едно принципиелно прашање: до која мера гимназијата се хуманизирала како институција, колку се она денес прилагодила на општествените движења и настани, колку она води сметка за субјектот на ученикот што се развива и формира во новите процеси, односно прашањето колку се секој субјект од училиштето прилагоди на задачите на училиштето на целите на концепцијата на реформа на школството и на принципите врз кои се развива творечкиот и другиот општествен живот во нашата заедница.

Индикатори за процесите за хуманизацијата на гимназијата

Анализирајќи го распонот на мислењата и ставовите

на учениците за животот и функцијата на гимназијата како институција можеме да констатираме дека тие во начело се слагат со концепцијата на реформа на гимназијата. Се добива впечаток како да реформата со сите свои принципи постанала основа за нивните сваќања. Меѓутоа кога се доследно оди по динамиката на ставовите и на мислењата од учениците се доаѓа до констатација дека оваа индентификација со концепцијата често е формална и особено наивна. Поради тоа учениците формално ги застапуваат едни ставови, а реално низ конкретните услови повеќе или помалце остапуваат од нив во прилог на еден или друг фактор . Така на пример:

- учениците за својот поранешен училишен живот во основното осумгодишно училиште често изнесуваат и некои деформации, посебни пропусти или слабости што се таложеле како лично и горчливо искуство од своето школување, а што сега означуваат процес на една реална отуѓеност на децата и младинците од образовно воспитните институции што не ги оправдале нивните надежи и барања, што ги поставува гимназијата како институција или општествениот живот за кои се припрамале низ основните училишта.

- Новото,реформираното во училиштето учениците претежно го гледаат во развиениот механизам на самоуправата и во слободните ученички активности, додека во другите процеси не се чини ни обид да се тоа бара. Поради тоа постојат тенденции да се сукобот меѓу старото и новото согледува механички /барање да се училишната организација, редовната настава и другите училишни обврски сообразат со слободните активности и со самоуправните процеси/. Во таа насока се истакнуваат барања да се наставниците задолжуваат за нови процеси на слободните активности, се забележува тенденција за помало вреднување на редовната програма и барање да слободните активности делуваат во формалното вреднување на успехот по поедини предмети и слично. Во друг случај се апсолутизира ученичката самоуправа и се бара класниот и наставничкиот совет во одделни случаи и училишниот одбор да се исклучиво сообразуваат со одлуките на класната заедница. На тој начин се спротиставуваат самоуправувањето и слободните активности на сите други институционални процеси што е еден индикатор на механичко, половично или суштински погрешно сватена реформа на гимназијата.

Постојат доста критики што ги упатиле учениците на сметка на профилот на наставниот кадар на неговата педагошка, психолошка и стручна култура, на неговиот метод и стил во работата, на адреса на личниот живот и друго. Низ тие критики се тврди дека наставниците претежно работаат со слаби ученици и грото останува на просечно ниво што е секако во спротивност со духот на реформираното училиште /тоа немаза задаток да ги сите ученици сведе на исто интелектуално ниво, наставата не смее да ги нивелира ученичките знаења и способности/. Другите критики укажуваат дека наставниците недоволно се информирани за настаните во светот и животот, за резултатите до кои што дошла педагошката мисла и практика, за новините што ги донела науката или одделни подрачја на стручната дејност. За личниот живот на наставниците се зборува дека е доста осиромашен и наивно интегриран во општествените настани. Согласно на тоа и одделни примери од личниот живот на некои наставници значат недоволна воспитност.

Учениците тврдат дека гимназијата се уште ги оспособува учениците за студии, а не за производна дејност, и ако гимназијата требаше да има и карактер на завршна школа. Ориентацијата по смерови тврдат учениците дека е недоволно разработена, дека е неусогласена со професионалните перспективи на учениците, со системот на производната работа по претпријатијата, со слободните и изборните активности, со изборот на семинарски работи и домашни теми за матурски испит и т.н.

- Најмногу се критикува гимназијата за нејзината неопременост со основни услови за работа и живот. Примерите за состојбата со училишниот простор,со другата опрема, обезбеденоста со наставни и нагледни средства, со наставни кадри, големиот број на паралелки и ученици , особено во првите класови, недостигот на учебници и друга помошна литература се главните аргументи за критика на гимназијата како институција.

Ако одиме доследно по сите процеси што не се во склад со концепцијатана реформата би можело да наведуваме уште многу од оние примедби што така изобилно ги носат непосредните учесници учениците. Тоа покажува дека реформата на школството и на гимназијата е прилично долготраен и сложен процес и би било наивно да се очекува дека уште првата генерација на ученици ќе ги почуствува сите благодети од хуманизираната институција.

Поради тоа секако е порационално да се открива она што е ново во училишниот и наставниот живот, да се сознае до која мера се афирмирало новото и колку тоа дава индикатори дека процесите на хуманизацијата појле по правите концепциски предвидени тонови, односно се одвиваат во склад со интересите - склоностите на учениците. Од посебен интерес е степенот на ангажирабост на учениците во согледувањето, одлучувањето и решавањето на проблемите што се јавиле во училиштето, односно степенот на максималното користење на постојните можности во училиштето и општествениот живот за конструктивно развивање и формирање на новите генерации. Со еден збор најпаметно е да се проучат искуствата на новите генерации што се покажале во практиката како позитивно и корисни. Така на пример: основните разлики помеѓу реформираната и нерофрмираната гимназија учениците ги гледат :

- во односите меѓу ученик и наставник;
- во можностите за поблиска професионална ориентација низ гимназиското школување;
- во методологијата на наставната работа;
- во улогата на општествената средина;
- во начинот на полагањето на завршен испит;
- во системот на јавното оценување;
- во разновремениот училишен живот;
- во усогласеноста на процесите со ученичките интереси;
- во новиот наставен план и програма;
- во системот на демократијата во училиштето;
- во новите форми на наставен и училишен живот;
- во можностите да се изгради поглед на свет;
- во можностите да дојдат до израз индивидуалните способности на учениците во наставата и вон од нea;
- во можноста да се изнесат свои мислења и ставови по многу училишни и општествени проблеми;
- во можноста за разновросна активност на учениците во училиштето и вон од него и друго.

Има мислења што укажуваат на тоа дека процесот на реформа сеуште е нов и поради тоа тешко доаѓа до израз сите позитивни обележја и многу тешко се согледуваат разликите помеѓу еден и друг систем на школување. Некои ученици сметаат дека помеѓу овие два система на школување нема некои битни разлики, а други тврдат дека новиот, реформираниот школски систем во доста случаи е потежок за учениците и за наставниците ~~во одделни случаи~~. Така на пример: еден ученик тврди дека "новата гимназија во доста работи е доста покомплицирана од старата и класичната бидејќи за едната имало учебници и изградени какви такви искуства, додека за другата нема"

Во овие процеси битно е да се укажи дека не сите ученици подеднакво гледат на хуманизацијата на училиштето. Разликите се обусловени од степенот на развиеност на општествената средина во која што е лоцирано училиштето, како и од внатрешните можности на училиштето да ги реализира концепциските барања во живот. Така на пример, не сите ученици одго별араат на поставеното прашање во врска со овој проблем - "по ваше мислење во што ја гледате основната разлика меѓу реформираната и нереворфмираната гимназија", односно на прашањето "според Ваше мислење за подобра реализација на реформата во Вашата школа кои се основните пречки". Изразита е тенеденцијата учениците од поразвиените комуни со задоволство да се задржуваат на споредбите и на причините за поарна реалиазација на реформата, додека другите не ретко одговарат, немат критериуми за споредба /не одговориле од Кичевската гимназија околу 40%, од Охридската 30%, а од Скопската 10%/ Одговорите по својот содржај се разликуваат по тоа штоедните се многу разноовразни /секој сакала да донесе некоја новина/, додека другите често даваат стеритипни и еднолични одговори. Во најчест случај од учениците се фрла вината на недостиг на учебници или на профилот на наставните кадри, додека ретко кога се бара подлабоки корени или тешкотии што ја ометат или успоруват реформата /ова е карактеристично за учениците од Кичевската, а делум и за Охридската гимназија/.

По прецизната анализа укажува дека во Кичевската гимназија како да е"се проблем" - се треба да се преиспита што е логично за една млада институција која има многу организациони проблеми почнувајки од простор, финансиски средства, соодветни кадрови, профил на кандидати за школување и сл. Според тоа може да се претпостави дека учениците во неразвиените подрачја новото и реформираното во училиштето го барат низ решавањето на проблемите што ги притегаат во секојдневната работа.

Учениците од развиените подрачја, како што е Скопската гимназија не му придават голема важност на организационо - техничките проблеми /за тоа има платени луѓе/, а главното внимание го свртуваат на основните процеси и низ нив го барат своето место и улога, го изградуваат критиериумот запрофил на личност и граѓанин што се развива и формира низ така организи

рани процеси. Нив ги интересира колку повеќе се нашле себе во процесите, до која мера институцијата се прилагодила на нив. Ваков критериум изградиле не само во школата туку и вон од неа во широката средина што дава можности да се свати поделбата на образовните и другите процеси меѓу институциите во градот. Најбитно во одговорите на учениците од оваа гимназија е што тие својата "судбина" не ја врзуваат само за својата школа, и за образовните процеси во неа, туку за сите можности што ги нуди современата градска средина и цивилизованиот живот.

Учениците од просечно развиените средини и институции како што е Охридската гимназија претставуваат типичен пример за развиток и формирање на нееднинствени личности. Тие во школата се активни и носители на нови тенденции, кога за тоа има релативно доволни услови, додека вон од часот надвор од рамките на училиштето низ дневните и полугодишните, годишните одмори, развиват една друга личност, што била потиснувана и поради ред причини запоставувана. Ваквата подвоеност обусловена е од релативнава неразвиеност на средината, општествена и училишна која поради својата немоќ стимулира на компромиси во детството имладоста во образовно воспитните и другите животни активности. /Охрид во летните дни е весел и жив, но зиме е мртов! Би сакала да живеам во некој друг град, а овде во Охрид да имам некого и само преку лето да доаѓам/. Делум причините лежат и до самата институција што е поносна на своите класични традиции /постои локално мислење што е доста популарно и што се аргументира со изјави на познати аутоританти дека Охридската гимназија давла едни од најсолидните студенти/.

Со оглед на тоа може да се претпостави дека процесите на хуманизацијата на гимназијата како образовна институција во различити услови има и различити распон и сообразно темпо, се борат со свои специфични проблеми и бележат една нишка на брзо и споро менување на институцијата прилагодувајки ја на новите движења и настани и на барањата од своите членови што во неа се развиваат и формираат.

## Процеси на социјализација на детството и младоста

Појдовна основа на испитувањето е дека процесите

на социјализацијата што се одвиваат во гимназијата немат свој почеток во неа, туку водат своја генеза низ поранешниот развиток на учениците во осумгодишните училишта, односно во предучилишните установи и родителскиот дом. Подлабоките корени на оваа појава би не одвеле "во вродената природа" на детето што е повеќе или помалце подесно за социјализација, односно во предиспозициите за социјален и образовен развиток на индивидуата. Другите корени на социјализацијата лежат во социјалната опстановка, во општествената и училишната средина и ги предочуваат детерминантите на објективната динамика. Појдувајќи од целите и задачите наиспитувањето повеке сме заинтересирани за оваа општествена страна на социјализацијата што се манифестира низ групната динамика на генерацијата. Поради тоа во операционата дефиниција на процесите на социјализацијата како битни моменти ги сметаме: местото на раѓање, постојано место на живеење, социјално потекло, занимање на мајката, возраст при уписот на училиштето, пол на ученикот, систем на живот во семејството и др. Овие белези треба да го дадат индексот за условите на социјализацијата на децата и младинците од оваа генерација.

| | К. 112 % | О. 74 % | С. 1о5 % | Се: 291 % |
|---|---|---|---|---|
| – Родени се претежно во град | 14,1 | 66,3 | 85,8 | 154 |
| – Постојано се настанати во гр. | 50,9 | 82,4 | 95,0 | 218 |
| – Произлегуваат од служб.семејст. | 41,0 | 50,0 | 85,8 | 158 |
| – Мајките им се вон раб.однос | 91,9 | 82,3 | 66,7 | 234 |
| – Учениците од гим. често се машки | 68,2 | 43,2 | 52,3 | 116 |
| – При уписот на гимназ.имале до 15 г. | 38,3 | 77,0 | 9о,4 | 23о |
| – Постојано живеат со родителите | 49,1 | 78,2 | 95,о | 3о4 |

Ако бар летимично прејдиме по податоците од индексот за социјализацијата на учениците ќе видиме дека овде се работи за релативно различни појдовни основи на генерацијата. Имено Скопските а делум и Охридските ученици ни се презентираат како младинци од градски средини што се поразвиени. Овие услови секако овозможуваат нормално одвивање на образовните движења во училиштата и надвор во општествената средина. За разлика од нив генерацијата од Кичевската гимназија позитивните обележја ги има во многу мала и скоро незначителна мера. Оваа тенденција се потврдува и со индикаторите од успехот на учениците низ осумгодишните училишта.

| | К. 112 % | О. 74 % | Ск. 105 % | Се: 291 |
|---|---|---|---|---|
| Одлични ученици | 24,1 | 43, 2 | 47,6 | 1о9 |
| многу добри уч. | 35,7 | 47, 2 | 42,7 | 12о |
| добри ученици | 33,0 | 6, 7 | 4,2 | 47 |
| непознати | 7,2 | 2,9 | 5,5 | 15 |

Податоците покажуваат дека успехот на учениците се подобрува до колку условите на училишната и општествената средина се поразвиени.

Ставовите и мислењата на учениците од оваа генерација што се изградувале во текот на школувањето секако претставуваат и логична последица на овие општествени и образовни услови за социјализација на одредени средини. Поради тоа може да се претпостави дека до колку средината е поразвиена до толку ќе наидуваме на се повеке позитивни ставови и мислења за образовните и воспитнеете процеси во училиштето.

| | К. 112 % | О. 74 % | Ск. 1о5 % | Се: 291 |
|---|---|---|---|---|
| Основното училиште им дало предепрема за гимназијата | 66,9 | 82,4 | 52,3 | 191 |
| -Оценувањето во гим.е строго | 63,3 | 77,о | 62,о | 193 |
| -има неправди во оценувањето | 76,о | 73,о | 28,5 | 169 |
| -гим.добрр ги приш.за студии | 68,7 | 83,7 | 9о,4 | 234 |
| -гим.добро ги прип.за пракса | 3,6 | о,о | 5,о | 9 |
| -повторно би се запис.во гимн. | 47,2 | 58,1 | 66,6 | 166 |
| -важно е од каде е ученикот | 32,1 | 52,7 | 28,5 | 1о5 |
| -важно е чии е ученикот | 42,8 | 51,3 | 38,1 | 126 |

Податоците покажуваат емпириска тенденција да се неправдите во оценувањето /степен на субјективност при оценувањето/ намалува до колку се оди од понеразвиените кон поразвиените услови и средини/. Слична е ситуацијата и со припремите на учениците низ гимназијата за студии, со желбата за повторен избор на гимназијата /на учениците им беше поставено прашање - кога би се ноаѓале во период кога се запишувавте во гимнанзијата дали повторно би се запишале во неа. Интересно е што учениците од Охридската гимназијата низ податоците се покажуваат како карактеристични бидејки тврдат дека во нивната институција постојат одредени предрасуди за успехот на учениците во гимназијата. Имено учениците сметат дека во Охридската гимназија е важно од каде е ученикот и

и чии е што не е случај со другите гимназии.

Се поставува принципиелно прашање, до која мера учениците учествуваат како субјекти во изградувањето на својот општо образовен профил во гимназијата и како прилагодувањето на институцијата што се засновува на наставно педагошки принципи го стимулира образовното осамостојување на ученикот за да може да настапува свои ставови и мислења по училишните, научните и другите стручни и останали проблеми.

Скоро сите одговори на учениците е имаат за појдовна основа егзистенцијата на својата личност во рамките на образовните движења во училиштето. Поради тоа низ своите ставови и мислења постојано гинаглaсуваат сопствените тежни и надежи, своите тешкотии и препреки, мотивации и очајувања. Сепак низ одговорите е присутна една принципиелна разлика во распонот на ставовите и мисленьата на учениците за училишниот живот и дејност.

- Учениците од неразвиените подрачја - Кичевксиа гимназија во најчест случај жиката на своите ставови и мислења ја упатуваат кон можностите на побрз развиток на институцијата. По нивното мислење само развиена гимназија и добро опремена со сите услови може да обезбеди целосно развивање и формирање на учениците. Овие ученици имаат изградена претстава за најнепосредните процеси во паралелката и многу спомени од изминатиот училишен живот.
- Учениците од Охридската гимназија најмногу се окупирани со организационо техничките проблеми на училиштето. Нивните критики и предлози за решавање на оделни проблеми во најчест случај треба да ја подобруваат организационата и техничката состојба на гимназијата. Треба да се напомене дека учениците од оваа гимназија имат изградено чувство за нивоите на образовните движења и за систематизацијата на работните места во училиштето. Тоа секако им помага за да ја добро сватат структурата на институцијата и поделбата на задолженијата и компетенциите во неа.
- Скопските ученици во анализата на училишниот живот имат општествени критериуми од современата динамика, како што се социјални, културни, технички, политички и сл. Поради тоа никогаш не ја апсолутизираат

институцијата во која што се школуваат, нити пак својот субјект во процесот на образованието и школувањето. За нив образовните движења во школата се само еден начин во доста случаи со оглед на можностите на училиштето не и најрационалниот за развиток и формирање на современата личност.

Праксата од развитокот наовая генерација покажува дека степенот на развиеност на општествената средина и на училишната посебно го обусловир распонот итемпото на образовниот живот на секоја личност. Средината е главен агенс за образовните конструктивни движења или за склоности кон специфичните формации каде за сметка на образованоста се жртвуваат многу други страни и обележја од развитокот на одредена личност.

Интересно е дека мотивите на учениците за запишување во гимназијата исто така се детерминирани од степенот на развиеност на општествената средина. Така на пример учениците се записале во гимназијата:

| | К. 142 % | О. 74 % | Ск. 1о5 % | Се: 291 |
|---|---|---|---|---|
| - заради стекнување на општа наобразба како услов за соодветен факултет | 33,9 | 73,о | 59,1 | 152 |
| - одбиени од други стручни училишта се запис. во гим. | - | 5,о | 3о,5 | 33 |
| - професионално неориентир. отишле во гимназијата | 8,9 | 5,о | 1о,4 | 3о |
| - поради немав[illegible] по успеха за други стручни училишта се ориентирале на гим. | 33,9 | 1о,о | - | 46 |
| - поради неразвиена мрежа на други стручни училишта во градот | 13,3 | 2,о | - | 20 |
| - Останати | 10,0 | 5,о | - | 10 |

Според тоа доколку е средината повеќе развиена толку повеќе учениците се мотивирани за стекнување на општо образование во гимназијата како основ за избор на соодветни факултети, високи школи и академии. Освен тоа учениците од развиените средини имаат можност да бираат училишта од II степен и голем број од одбиените да се ориентираат кон гимназијата. За разлика од нив учениците од неразвиените подрачја се ори-

аспираат кон гимназијата бидејќи во градот нема други училишта а од II степен а и самото немаат доволно економски можности да бидат во други средини за да се школуваат. Тоа покажува дека образовните институции не се рационално распоредени соодветно на потребите и шансите за развиток и формирање на индивидуите, што пак во согласност со потребите на стопанството и целосното дејности. Поради тоа ориентацијата на учениците кон гимназијата во услови на неразвиени средини повеќе прилега на "слободно" да не би се останало на улица /било каде само да се биде во некоја образовна институција/.

Професионална ориентација
за време на школувањето

Професионалната ориентација на учениците од гимназијата Битно е пречена не само со оглед на тоа што старата практика на оваа институција беше многу критикувана /гимназијата како практикована школа од која се регрутираат кандидати за сите видови факултети/ туку со оглед и на новите задачи на реформата, гимназијата да ги прифати учениците од осумгодишното училиште да за во текот на четиригодишното училиште поблиско професионално ги ориентира кон вишите и високите студии односно во непосредниот производен живот.

Најбитни моменти на професионалната усмереност во гимназијата се: подолбата кај учениците по споровни, разврстувањето на учениците во слободни изборни додатни и други активности, низ тоа за завршен испит и сл. Професионалната ориентација на учениците кон гимназијата и во гимназијата, односно во најважното сврзување претставува еден комплексен процес на кого што делува општествената средина со сите свои можности и потреби /уште Маркс тврдел дека луѓето не ја избираат слободно својата професија/. Делувањето може да се мери низ степенот на поусогласеност меѓу можностите и потребите во пошироката заедница, што пак на еден специфичен начин се манифестира неразвиеното подрачје или респ. Неразвиените средини спонтано делуваат и затоа може во тие услови да се предвиди растурањето на кадарот кон образовните дипломи и после нив. Значајно делување имаат состојбите на самоорганизацијата кај учениците што се согласуваат на дарбите и способностите, на предиспозициите за

младинецот. Ублажувањето на овие противречности претставува услов за професионално развивање и формирање на личноста.

Во една анкета извршена во Охридско-то општина на 300 ученици што завршиле осумгодишно училиште имало да се види дека децата ке ги бираат како свои професионални ориентации занимањата на родителите на жителите и на опкружувањето со кое често доаѓа во контакт. Тие се често мотивирани, и сакаат да остварат покрај свои оригинални проекти тоа значат нешто ново-но во општеството. Во ова испитување се покажа дека селските деца покажуваат една незаинтересираност за занимањата што во последните години се афирмирале во нашите населби. Многу децата посакаа да бидат учители, да работат како работници во погони на производство и сл. Тоа покажува дека новите генерации без оглед на степенот на развиеност на средината имаат обиди да се ориентираат кон оние струки што ќе значат КВАЛИТАТИВНО нова положба на трудот и нова афирмација на струката. Тоа значи дека новите генерации поставуваат не само нови барања према општеството туку и поголеми обврски према себе.

Анализирајќи ги генерациите што завршиле осумгодишно училиште дојдовме до сознание дека школувањето на учениците во втора степен поставува многу високо /само 3% од учениците на оваа општина не продолжуваат да го продолжат образованието/. Во оваа ориентација преовладува ориентацијата кон гимназијата. /Бројот на гимназиите се поголемува на паралелките и на учениците во нив/. Во рамките на гимназијата се повеќе популарен поставува природно - математичкиот смер, особено во услови на развиени општествени и училишни средини.

| | Г. | О. | Ст. | Со: |
|---|---|---|---|---|
| | 112 | 74 | 105 | 291 |
| | % | % | % | |
| - Хуманистички смер | 51,7 | 40,5 | 23,8 | 116 |
| - Природно-математички смер | 48,3 | 59,5 | 76,2 | 175 |

а/ <u>Пројавата во хуманистичкиот смер:</u> Анкетното испитување на генерацијата покажува дека мотивите за избор на смерот во најголем случај кај учениците биле образовни, така на пример:

./.

| | К. 60 % | С. 30 % | Сп. 25 % | Со: 116 |
|---|---|---|---|---|
| - по привлечност предметите од хуманитарната група | 61,6 | 50,0 | 60,0 | 67 |
| - помал досег во поедноставни предмети за друг смер | 30,0 | 26,7 | 20,0 | 31 |
| - лични | 5,0 | 13,3 | 20,0 | 10 |
| - без одговор | 3,4 | 10,0 | 0,0 | 7 |

Најчесто се покажува дека учениците се ориентирале на хуманитарниот смер бидејќи одредени предмети од оваа група особено ги привлекувале, односно поради тоа што во нивните предвидувања се особено способни од наставничката култура. Впрочем е доста мал број од учениците од хуманитарната група сметале со најјасните дека полесно положливи предметите ако појдат во друг смер на гимназијата. Анализирајќи ги слободните активности на учениците од гимназијата во врска со поделбата по смерови дојдовме до сознание дека во поединечните подрачја учениците првенствено партиципираат со учениците ориентација во хуманитарниот смер, или нив слободните активности ги развиваат по покоп пошироки критериуми за смер.

Поделбата на учениците по смерови и со сите други моменти на ориентацијата во гимназијата не се целосно изведува професионалната ориентација на учениците. Важно дел од учениците на хуманитарниот смер се преориентирува кон општеството или кон ги нивни отсечни струки /медицина, техника и сл./, а многу мал е познат процент со примена за работни организации како производители.

| | К. 60 % | С. 30 % | Сп. 25 % | Со: 116 |
|---|---|---|---|---|
| - ориентирани кон хуманитарна група на факултети | 63,3 | 56,6 | 50,0 | 72 |
| - ориентирани кон факултети со сродни струки | 20,0 | 30,0 | 50,0 | 36 |
| - ориентирани кон вработување во работни организации | 13,4 | 3,4 | 0,0 | 3 |
| - [illegible] | 3,3 | 10,0 | 0,0 | 4 |

Недоволната професионална ориентација во рамките на хуманитарниот смер односно кај учениците кон студии покажува дека учениците се обично детерминирани за својот развиток и форми-

рано пре гимназија. Имено некој предмет посебно ги привлекува и што тој интерес потврдило прашањето за професијата. /сакам да бидам психолог, да ја запознам личноста, да влијам на подемното тојни, сакам да бидам пилотажник, сообраќаен работник, да го изучам францускиот јазик, да бидам сценограф, психијатар, во иднина има многу работа со кое можам да ги утврдам, сакам да бидам образован со еден поглед во светот и животот и сл./. Другата група на ученици имале подруг критериум што е поинакво од барањата на одредени институции, а во најчест случај образованието /те сакам посебнечноосе иско, сакам да учествувам во образованието на младите, сакам да учествувам во формирање на нови генерации, имам свои посебни разлози за мојата ориентација и др. /.

Психолошки е многу интересно да се види големината и причинат на отбивањето на учениците од одделни струки /бего поставено прашање што никако не би сакал да бидам/. Учениците во најчест случај одговараат: немам волја, немам интерес, досадно е, немам да полосувам. носам да се распредам, не би сакал по природа да има потреби, не би сакал да си стварам непотребни тешкотии, тешко е, немам способности, немам дарованичани, не би имал личен живот, нозном и сл. Карактеристично е што хуманистичко не би сакало да бидат лекари, во доста случаи и професори.

б/ ПРОЦЕСИ ВО ПРИРОДО-МАТЕМАТИЧКИОТ СМЕР

~~[illegible]~~ Овие процеси покажуваат многу карактеристики со расположени средини и со гимназијата. Учениците долгу порано се ориентираат кон свој смер и многу ретко евентуираат од професионалните мотиви со слободните и другите активности надвор од свој смер. Овие ученици скоро сите го изразуваат својот желба да се запишат на соодветен факултет со тоа што се противставуваат потполно поинакво од предметите на природно математичката област. Учениците од свој смер се запишале во гимназијата поради тоа што

| | П. | С. | Ох. | Вог |
|---|---|---|---|---|
| | 52 | 44 | 80 | 176 |
| | % | % | % | |
| - ги привлекуваат предметите од природно-математичкиот смер | 96,4 | 93,2 | 87,5 | 159 |
| - немало доволно предмети за хуманитарен смер | 1,8 | 4,5 | 6,3 | 10 |
| - поради | 1,8 | 2,3 | 6,2 | 7 |
| - неопределени | 0 | 0 | 0 | 0 |

Во предходната анализа укажува на извесни разлики во ориентацијата што се обусловени од различноста на средината и од специфичностите на гимназијата како институција. Така на пример учениците имаат голем интерес за физика и математика,хемија или биологија. Овој интерес обусловен е од содржините на слободните активности на учениците како и од амбициите за продолжување на образованието. Учениците од оваа група во најчест случај изјавуваат да го продолжат образованието на технички или медицински факултет. Кон нив се ориентираат почесто децата на службениците и занаетчиите. Тие велат дека сакаат да постанат архитекти, машински инжинери,електро техничари, статичари, да работат во познати институции - на пример како што е"Винча", кое има на прогресот човештвото напредокот на техниката и т.н. Многу карактеристични се ориентациите на учениците кон медицинските струки, особено од Струшката гимназија. Овие ученици изјавуваат да се потоа студиите упатат на разновидни специјализации како што се: биолошки, бактериолошки, гинеколошки, фармацевтски, педијатриски, психијатриски и сл. Мотивите за избор на факултетот и специјализациите често се хуманистички дефинирани. Така на пример учениците одговараат дека: сакам да им помогнам на луѓето, медицината е хумана работа, сакам да ги спасам луѓето од прерана смрт, сакам да помагам на душевно болните и сл. Друга група на ученици претежно ги нагласува личните настојувања за своето развивање и формирање како стручњаци. Тие тврдат дека имало желба, имало љубов, ги привлекувало струката, сакале да откријат некоја тајна за определена неизлечива болест и т.н. Карактеристична е изјавата на една ученичка од гимназијата која пишува "кој сега може не ми помогне за да го спасам својот живот...... ако останам жива се заложувам да постанам лекар.....". Родителите скоро секогаш се слагаат со професионалната ориентација на своите деца и не само тоа и секоја друга ориентација склони се да ја заменат со медицина, а понекогаш и со техника. Интересно е дека ни еден струшки родител, од оние што изразиле несогласување со струката на своето дете не предложиле ништо друго во ориентацијата освен медицина. Ова е доста симптоматично во ориентацијата на учениците од Струшката гимназија што е секако и во склад со една традиција за медицински струки. Во една анкета споменатата во осумгодишните училишта околу 1/4 од учениците после осумгодишното училиште сакале да се запишат во некоја средна медицинска школа иако такво училиште нема во градот.

Ако одделно ги анализираме слободните активности

на учениците од природно-математичкиот смер и при тоа ги имаме во предвид ориентациите на оние кои студии на технички и медицински факултет тогаш можеме да констатираме една склоност да се прошири распонот на образовниот живот, да се вдлабочи доживувањето во сите активности, и да се изнајдат најрационалните форми и процеси за реализација на професионалните мотиви. Во друг случај учениците одат во сосема дијаметрално спротивни активности на својата професионална ориентација. Поради тоа во најчест случај учениците од Струмичката гимназија што нормално желба да најдат на подиума со членови на хемиските или биолошките слободни-активности во гимназијата. За разлика од нив учениците од Кочанската гимназија често бираат слободни активности или сакаат да се отворат клубови за фото, кино или радио, односно се вклучуваат во разновидни спортски активности. Карактеристично е разнобразната активност на учениците од Скопската гимназија, бидејќи нив развитокот и особено нивниот професионален се изградуваат мотиви што се во согласност со последните достигнувања на науката, техниката, културата, на општествено политичкиот и другиот живот.

в/ <u>Колку помогнал нив целокупниот образовен систем</u> - Ако се земат карактеристиките на образовните движења на професионалните ориентации на учениците на гимназијата тогај се поставува едно логично прашање. Имено, колку ставовите и мислењата на учениците за своето општо образовно и професионално формирање се обусловени од процесите што се одвивале во осумгодишното училиште со оглед на тоа да една од задачите на основното училиште е да ги развива професионалните интереси кај учениците и да ги правилно ориентира во избор на училиште и занимање. Извесни одговори на учениците од оваа генерација упатуваат во овој правец и во извесна мера ја докажуваат оваа претпоставка. Извесни слабости во општо образовниот и професионалниот профил на учениците од оваа генерација може да се објаснува со фактот што оваа генерација ја доживува реформата на школството низ училиштето од II степен, а не и низ процесите на основното осумгодишно училиште. Со оглед на тоа би можело да се претпостави дека генерациите што сега се школуваат во реформираниот училишен систем од првите одделенија на основното училиште далеку повеќе ќе бидат израз на концепцијата за реформа и свесно ќе покажуваат поцелосен профил на ученичка личност и стремежи. Поаѓајќи од овие претпоставки се покажува за потребно да се бар во основни контури, анализираат

процесите што се одвиваат во основното училиште и низ кое се при-
премаат учениците за да стапат во гимназијата. Ваквата потреба
ја поддржува појавата на наставниците од гимназијата и особено од
првите класови, кои укажуваат дека главната причина за успехот
и поведението на учениците во гимназијата треба да се бара во
прв ред низ осумгодишното училиште.

За илустрација на овие движења во основното у осум-
годишно училиште ќе се послужиме со испитувањето што е поведено
во Скопска околија на 51 осумгодишно училиште односно на 18.600
ученици од кого што се направен избор на 10% ученици како пред-
мет на анализа. /Испитувањето е извршено во 1960/61 учебна година
во изборот сразмерно учествуваат ученици од сите одделенија со
исклучок на осмите што не работеа по реформираната програма/.
Земајќи ја предмет на испитување оваа популација се поставува
проблем низ која форма тоа да се анализира за да се согледа про-
филот на учениците од основните осумгодишни училишта. Ако се има
во предвид дека се работи за услови на пореформено подрачје и за
училишта што се нееднакво опремени со наставен кадар и други
услови заучилиштата работата тогаш може да се претпостави дека го-
ворната активност на учениците би можела да послужи како форма
преку која може да се согледат основните елементи на профилот на
учениците од осумгодишното училиште, односно да се видат најго-
лемите движења што се карактеристични за овие училишта во пе-
риодот на нивното реформирање. Поставувајќи си ја таа цел може
така се претпостави дека писмените работи на учениците што ги об-
работувале во првото полугодие од учебната 1960/61 година ќе до-
несат најдобри индикатори за тоа /анализирани се писмени работи на
900 ученици или вкупно 2900 теми за писмена работа, бидејќи во
текот на полугодието некои училишта обработиле по три или по
четири писмени работи/. Со оглед да се работи за ученици од мла-
да училишна возраст извршениот интервју со наставните кадри во зна-
чајна мера требаше да се јави како коректор за верификација на
најфреквентните тенденции кај повеќе генерации /направен е интервју
со 450 наставници што предаваат во нижите одделенија односно нај-
чии јазик во вишите одделенија на основното училиште/.

Во испитувањето се појде од тоа дека говорот на де-
цата има многу форми на израз. Така на пример, тој може да биде:
писмен или усмен, јасен или неразбирлив, мајчин или странски,
културен или вулгарен, службен или присен, логичен или дескрип-

значно различен, спонтано обоен или расположено, фокусиран или модерен интелектуализиран или локален, – што зависи од приоритетите на поговорот подрачје. Исто така се пишува во прилог дека говорот фасцинира, тој има своја магична моќ, со него општуваме меѓу другите, поттикнуваме на акција, чувствуваме и мислиме, докажуваме и остваруваме "со помош на јазикот индивидуата ја изразува својата мисла и го разбира другиот". Поради тоа основни претпоставки на пишувањето се смета дека се:

1. Изразувањето на учениците претставува единствен процес на развитокот на нагоните, емотивните, сознајните, творечките и другите социјални потреби на детето што се усогласуваат со можностите и барањата на училиштето и општествената средина;

2. Социјализацијата на говорот претставува сложен и долготраен процес на кого делуваат многу фактори, чија сила на дејство и одраз ја следи, усмерува и усогласува наставникот. Поради тоа се претпоставува дека под дејство на новиот наставен план и програма ќе мора да се појави и нова методологија за работа во наставата што говорниот дар на учениците ќе го развива и формира на целиот негов природен раст.

3. Педагошко и методско барање е да се изборот на темите за писмена работа сообразени со можностите кога една наставна област добие своја примена ил или одреден стил на работа своја целосност. При изборот на темите делуваат и други фактори на општествената средина, како што е традицијата и актуелните настани, делува училиштето со своите цели и задачи, наставникот родител и особено наставната содржина од која се исполнува мотив за писмена работа. Поради тоа се претпоставува дека преку изборната тема наставникот ќе ја одрази општествената и училишната средина, а низ темата на писмената работа дека ќе се проширува ученикот со своите преокупации.

Резултатите на испитувањето укажуваат дека изра-

ост на учениците /според мислењата на наставниците/ зависи од предзнаењата на учениците во домот и забавиштето. Мнозину од нив повозрасните тврдат дека родителскиот дом е оној пресуден фактор за развитокот на говорната развиток кај децата. Меѓутоа во подоцнежниот период со повеќе наставниците поставуваат оној пресуден фактор за развитокот на говорниот дар на учениците, така да низ целокупното школување во основното училиште ученикот како субјект што внесува свои творечки способности низ својата школска работа не се доволно нагласувани, како фактор или доколку се тие ненамерно апстрахирано се вклучени или треба само да се подразбираат. Како по некоја законитост училиштето односно наставникот се повеќе се јавува како главен носител на барањето во низ развитокот и формирањето на ученикот или на неговата говорна активност, а при тоа сосема малку се води сметка за оној фактор во чие име тоа се чини.

Ако се оди по говорот ~~[illegible]~~ на учениците ~~на учениците~~ од одно до друго одделение може да се добие една своевидна крива за развитокот на говорната активност. ~~на учениците~~. Во тоа најпроблематични се второто и петтото одделение. Видејќи тие покажуваат тенденции на слаба говорна активност во училиштето, но не и во другите простори надвор од него. На пример низ разговорите што се водат во малите детски групи или тинејџ и низ другите позначајни контакти со врсниците или претпоставените. Посебно треба да се нагласат учениците што покажуваат најпросечни говорни активности во училиштето /тоа се ученици што минуваат долги школски состојби, што често поставуваат или одговараат на прашања преку помошта на гласот/. Тие често [illegible] неградуираат оној типичен "школски говор" што се создава низ долгиот процес на школувањето а во доста случаи и подолго во животот, пренесувајќи го низ бојата и темпото на гласот во родот поборот, и честата употреба на некои обрти.

Кога глобално се анализираат сите теми што биле дадени во основното осумгодишно училиште може да се заклучи дека се:

| Теми | 2900 |
|---|---|
| - со социјална содржина | 50% |
| - одраз на непосред. природа | 34% |
| - останати | 16% |

Темите со содржана содржина често се општо формулирани и упатуваат на далечното бајковито минато или носат спорнотичен дидактички карактер /особено во селските осумгодишни училишта/, додека во градските и приградските училишта се сврзува кон современиот живот, кон значењето што тој ѓие оддава и на непосредниот животни во околината, додека формулацијата на темата е сосема богата со специфика. Природата исто така е доста богат извор за писмена работа на учениците. Таа почесто се обработува во селата, во нижите одделенија на основното училиште и почесто во првите теми за писмена работа. "Логиката на природата пишува Јанкови е најдостапна за децата". Карактеристично е содржината на обработените теми кај селските деца за разлика од градските: додека селското дете настојува се персонифицува со непосредните производители во имотот на природата борејќи се со пропратните што ги носи нерасположеноста, природната стихија и слично, децата градските деца се огледуваат во природниот расцут и бараат простор за рекреација, забава, разонода и уживање. Карактеристично е исто така што учениците ја сликаат природата многу симболично и со многу општи поими. Проблем е дали тоа да го објаснуваме со детството во кое недоволно многу поими за правилно и целосно толкување на природата, дали ќе го објаснуваме со нерасположеноста на средината што е многу сурова за да го понуди детето во своите богатства и тајни, дали ќе го толкуваме со романтичниот профил на наставникот и особено на наставничкиот по мајчин јазик во село или кон со ставот на описната што бара лаконски да се мисли, телеграфски да се пренесува и да се природата подреди на емоцијата на сосемното и на поетското што ја опишува водата.

Писмените работи поминуваат дома од една до друга година од една до друга тема се повеќе се зголемуваат по својот квалитетот. Тоа значи дека говорниот дар на учениците се повеќе се развива, дека техниката за пишување перманентно се подобрува и дека природата на писмената работа се повеќе зрее. Меѓутоа формалниот успех по писмените работи перманентно се влошува /учениците добиваат се пониски оценки/. Слична тенденција може да се пронајде и во преминот од една или друга тема во текот на просто полугодие. Проблем е дали новите генерации се попригодни во практиката /се разликуваат со способности и се утврдуваат во групата од поими и професии/, или наместо се усложуваат на основната база на појавата што ја избраа за нејзи

на писмената работа. Понекогаш причината лежи во насочениот профил на наставникот. Што ја бифа темата ги упатува учениците на содржината и соогледно на тоа ги бара стереотипните листи, а не и новите суштини што се уште ги погледнат полни и побитни. Дали клучот за разрешување на овој проблем се наоѓа во системот на оценувањето, бидејќи во нижите одделенија на основното училиште на првите писмени работи често се давале високи или така нарочни „педагошки оценки" за да се подобро мотивират за работа учениците, а подоцна се наградуваат почесто приторицни и на тој начин максимално се настојува да дојдат до израз и „последните можности" на ученикот за говорна активност. Некои индикатори покажуваат дека важна техника често се практикува во образовните движења и затоа наставниците го сметат за непробано средство за да се створи авторитет кај децата. Понекогаш причините лежат до самите наставници кои водејќи сметки како се говори, како се формулира мислата, го запоставува индивидуалниот дар и непосредното искуство што кое се формира личи от етос на учениците или пак тешкоти со способностите на наставните кадри, да само до одреден лимит ја водат говорната активност на учениците.

Од испитувањето може да се заклучи дека и основното осумгодишно училиште се наоѓа во процес на реформирање во кого се уште новото и прогресивното поради ред објективни причини наоѓа на многу тешкотии и пречки. Тоа сепак допринесува да се и говорната активност вреднува според степенот на свесност /некои сеуште тврдат дека во училиштето се оценува меморијата, а не знаењата и мислењата на личноста/ а многу помалку другите нагонски и творечки потреби на индивидуата во оваа активност. Ова е потребно да се нагласи бидејќи индивидуата низ овие активности се ослободува се определува и ја изразува својата сопствена мотивираност за решавање на одделни проблеми.

Процесот за социјализацијата на личноста на детето низ одделни активности во дадениот случај низ говорот, сеуште во голема мера се одвиваат на стариот класичен начин. Во процесот на говорната активност на учениците се уште се смета дека некој друг родителот или наставникот е продуктивен фактор во развитокот, а многу ретко оној што е носител на активноста - авторот на пишаната или усната реч.

Во изборот на темите за писмена работа доста често

се одразува целата стварност. Одразот е повеќе интелектуалисти-чки, а помалку емотивен, рационален или активистички обоен. Таквиот однос е од услов од стереотипноста на избраната тема за писмена работа од барањата штосе пред неа поставуваат /школото е главен носител, а читанката главно средство за израз на учениците/. Ефектот на писмената работа се помалку е продукција на ученикот, а повеќе одраз на школско знаење. Тоа допринесува дел од говорниот дар на ученикот да остане надвор од образовниот процес - образованието поставува тесно грло за развој на говорната активност. Затворениот школски говор, говорот на малите детски групи и низ приватни контакти, нормативното отслушување на квалитетот на писмената работа, со посебниот успех на писмените состави со индикатори дека аторот на активноста не се изразува целосно низ својот состав.

Ако процесите што се одигруваат во гимназијата и одделно во културноисториските и природно математичките смерови се споредат со говорниците што се развивало и формирало во класичниот организирачки процес на гимназијата можат да се согледат некои битни разлики што се детерминирани од системот на школување. Анализирајќи ги резултатите што ги покажала анкетата "Студенти на Југославија" што е изврши Институтот за општествени науки од Белград /испитувањето е изведено 1959/60 учебна година на 5.000 по територијални избрани студенти/ и при тоа имајќи во предвид дека тоа се во општо генерации штосе школувале во класичниот систем и преди се во гимназијата, можеме да дојдеме до некои битни констатации што се воопшто важни за да може подобро да се сфатат процесите што денес се одигруваат во гимназијата:

- Тогашните студенти не при тоа се изјасниле за своето идно занимање во времето кога се школувале во гимназијата, а редок е случај да се за тоа заинтересирале порано односно после завршувањето на училиштето од II степен.

| | 5000 |
|---|---|
| - во завршувањето на гимназијата или училиштето од II степен | 33,3 |
| - за време на гимназиското школување | 55,3 |
| - во основното училиште | 11,1 |
| - непознати | 0,3 |

да се ученикот определи во правата професионална сутина, а при тоа да нема преглед на можните занимања и особено на професионалните пропорции,било невозможно во таквите услови /гимназијата била недоволно заинтересирана за стручен профил на учениците,

не биле развиени другите институции за професионална ориентација пред сè општеството доволно заинтересирано за некоја политика во стручната ориентација на средношколците/. Интересно е што учениците побргу професионално се осознаат /56,4%/ за разлика од неколку пати или многу порано или многу касно професионално се определуваат. Оваа емпириска тенденција покажува дека класичната школа, а во прв ред гимназијата професионалното будење на ученикот го одлагала за да на сестрано развиената личност ја наведе професионалната [illegible]. Меѓутоа ова може да се оправдува и да се критикува како застарената професионална ориентација бидејќи развојот на науката и техниката, со поголемата поделба на трудот ги зголемува барањата за стручност и специјализација. Но во исто време сврнуваат внимание некои социолози дека се јавува ред опасности од професионализам и прерана специјализација за кои педагозите и младинците треба добро да се припремат за да можат да ги преодолеат.

- Податоците од анкетата покажуваат дека професионалното будење /тогаш кога за прв пат се замислиле за своето идно занимање/ многу е поврзано со возраста на учениците. Така на пример оние што се осознале во 14 годишна возраст за своите професионални перспективи имале многу специфични мотиви за својот развиток што во подробната анализа се покажуваат како дифузни. Кај оние ученици кои подоцна ја откриле својата професионална ориентираност низ училиштата од II степен своето сознание имале изградени мислења за тоа дека избраната струка е многу интересна, уносна и угледна во општеството. Останатите ученици професионално се ориентираат после завршувањето на средното школо. Тие скоро сосема наведуваат дека го избрале факултетот зошто тоа полесно можеле да се запишат или добиле најдобри материјални услови за студии. Карактеристично е да се напомене дека студентите од одделни струки /техничари, медицинари, стоматолози, фармацевти и сл./ многу порано почнале да мислат за својата струка од колку студентите на другите факултети. Проблем е дали класичната гимназија била насочена за овие факултети или пак учениците се развивале како поединци, надвор од наставата, во непосредниот живот и со тоа ги преодолеале слабостите на класичната настава што подоцна професионално ги ориентирала.

- Средношколците се одлучиле да се запишат на

својот факултет, на високата школа и академија, поради некои одредени причини. Така на пример од искуство е познато дека помалку девојките се ориентираат кон студии бидејќи по свршувањето на средната школа се мажат, интересот за продолжувањето на образованието на женските деца од страна на родителите е помал и сл. Поради тоа оние девојки што се запишале на факултетот или високошколе се повикува дека повеќе биле заинтересирани за струката што ја избрале за студии /6% повеќе од момчињата наведуваат дека основен мотив при изборот на факултетот им бил интересот за струката/. За разлика од нив момчињата повеќе тврдат дека се запишале на својот факултет заради тоа што професијата што ја избрале ќе им донесе углед, та е уносна или дека тоа подобро обезбедувало материјални услови за студии.

- Студентите го бирале својот факултет под дејството на семејната традиција, согласно на можностите за учење на одредени факултети или високи школи, според личната професионална ориентираност, како и во сообразност со традициите на универзитетските центри во Југославија. Така на пример синовите и керките на службениците, на оние со самостојни професии или земјоделци многу повеќе наведуваат дека го избрале факултетот поради голем интерес кон избраната струка за разлика од нив децата на земјоделците и земјоделско-работниците го бирале факултетот повеќе на кое полесно можеле да се запишат или случајно се одлучиле на тој избор. Така на пример го избрале својот факултет поради големиот интерес према струката, децата на:

| | % |
|---|---|
| - децата на службениците | 66,4 |
| - децата на самостојните занимања | 63,4 |
| - децата на земјоделците и земјоработ. | 52,6 |

Претходните покажуваат дека во најчест случај основен мотив за изборот на факултетот е интересот за струката. Ова е особено карактеристично за студентите на техничкиот факултет /70,5%/, за студентите на филозофскиот и природно-математичкиот факултет /66,9%/, а најмалку на студентите на економскиот и правниот факултет. Со интерес кон струката, што ќе рече најмногу професионално ориентирани се запишуваат на Љубљанскиот факултет /73,4%/ и на Загребскиот универзитет /68,7%/. Интересно е што студентите на Белградскиот универзитетски пример при уписот повеќе водат сметка за уносноста и угледноста на избраната професија во општеството, а студентите на Скопскиот и Сараевскиот

универзитетски центар за материјалните услови за време на студиите.

Од праксата знаеме дека најмногу студентите во првите години на студиите ги менуваат факултетите и групите. Меѓутоа оние студенти што останале на својот факултет тврдат дека до колку е понапред студентот до толку и повеќе е склон да остане на својот факултет. Со годините на студии расте едно чувство да се побегне од својата струка. / Оваа тенденција не е карактеристично за студентите на техничкиот, медицинскиот, стоматолошкиот и фармацеутскиот факултет/. Се поставува како проблем дали оваа тенденција не ја објаснуваме со класичниот систем на школување низ гимназијата, дали не ја сметаме за последица од занемарената професионална ориентација, како елемент на неостварени можности за личен развиток на студиите, непредвидени тешкотии во текот на студиите, со пробудени нови мотиви за школување или пак не ја објаснуваме со условите на поминатиот општествен живот кадо што се фаворизира или ограничува оваа или онаја професија.

И ако сите фактори на некој начин делуваат во овој процес сепак стариот систем на школување кој формирал општо- образовен профил во значајна мера делувал во перманентниот развиток на студентот низ студиите.

Општо е убедување кај студентите дека факултетот не им дава добро стручно образование, само 19,8% од студентите одговараат дека факултетот им дава потполно стручно образование. Најмногу недостатоци во своето лично образование осеќаат:

- Од хуманистичка култура 22,6
- Од општествено-екон. обра. 21,7
- Од општествено-политичко обра. 15,8
- И од стручно образование 15,7

Интересни се некои антиномии во одговорите на студентите: на оние студенти на којшто не им достига стручно и техничко образование, тие се најмногу задоволни со животот што сега го живеат/ не е ли тоа ивото задоволство наивно и фолклорно /. Недостатоци од хуманистичко образование најмногу ги осеќаат оние што не се задоволни со животот што сега го живеат, додека недостатоци од економско образование осеќаат оние студенти што незнаат дали се задоволни од животот што сега го живеат. Од повеќе области на образованието осеќаат недоста-

тоци оние студенти што живеат во најразвиените републики.

Ако се анализира сваќањата на студентите за можностите што им се отвораат по завршување на студиите можеме да констатираме дека скоро сите студенти се оптимисти и веруваат сигурно ќе најдат место за запослување. Ова е особено карактеристично за студентите од последните години пред студиите. Меѓутоа ако се дода убедување споредено со оценките на студентите према струката се добива почеток како да е присатна една противречност меѓу мотивите за својата струка и можностите за запослување. Стручните мотиви од година во година опаѓаат а во исто време можностите за запослување перманентно растат.

Имајќи ги во предвид сите овие карактеристики на поранешните генерации во текот на школувањето на гимназијата, пио високите школи, факултети и академии можеме да претпоставиме дека новите генерации од гимназиите делеќу повеќенко се ориентираат по факултетите и групите и доколку многу по природно ќе го изградуваат својот стручен профил што ќе биде гаранција за вклучување при креативни личности во работниот и другиот општествен живот.

Производна работа на учениците

Ако се појде од тоа гимназијата како училиште да добие завршен карактер и ги ориентира своите ученици не само кон студии и специјализации туку и кон процесите на производниот и другиот општествен живот во поширока тогаш производната работа добива своја многу битна важност во функцијата на институцијата и во профилот на новите генерации.

Старата класична гимназија се критикуваше како паразит пример на отуѓена институција од реалните движења а нејзините ученици од непосредниот производен живот. Новата, реформираната постави принцип за поврзување на теоријата со практиката, науката и животот, наставата и производните текови и донесе теоретски појдовни основи за оживени методи на наставно воспитни процеси што ќе обезбедат нов распоред на наставниот и училишниот живот / работа вон кабинети, лаборатории, во училишните работилници за политехничка настава, во градината и сл/ Се поставува прашање до која степен се реализирале тие напори и какви искуства донесе тие.

Класичната гимназија се критикуваше како интелектуалистичка, се тврдеше дека таа предимно е свртена сосвојата содржина на наставниот план и програма кон минатото и дека е обременета со многу класични методи на образованието. Напротив, новата имаше за задаток да ги преовла

тие слабости и да направи обид да ја осовремени гимназијата до нејзина-та содржина и методологија на работа. Во таа смисла она се ослони и во сов решените движења и настојки одл-ено на последните достигања во науката, педагошката школска практика, на потребите и можностите на [illegible] и на секој ученик во училиштето како творечки субјект.
Сега кога ги резимираме првите четири заинтересирани сме да дознаеме до која мерка се реализирале тие нови можности што ги донесе концепцијата на гимназија.

Производната работа на учениците како битна страна на образовните движења се потпира на принципите на трудовото воспитување што го нагласувале големите педагози и демократи/ Песталоци, Русо и многу други социјалутописти/ и особено на марксовата теза за „Никое воспитување" во кое учењето не биде поврзано со производниот труд како еден од битните услови за формирање на сестрано образована личност.
Појдувајќи од оваа теза се очекува производната работа во гимназиите, како наставно-воспитен процес да донесе една нова функција на гимназијата што ќе биде не ја измени нејзината класична општо образовна физиономија прилагодувајќи ја на тековите од реалниот живот. Погледнато од тој агол битно е колку гимназијата се хуманизирала како институција прилагодувајќи се на објективните услови и на потребите на секој нејзин субјект и до која мерка тогашните процеси ја легитимисуваат со поголем распон нејзината функција а нејзините ученици се изразуваат како посестрани личности што умеат да се вклопат во процесите на производниот живот. Со оглед на тоа основни претпоставки на испитувањето се:

- Производната работа што ја воведува гимназијата претставува процес што се вграден во институцијата низ наставните предмети и содржини, низ новата методологија на образовна работа и самоуправен живот. Производната работа се планира и програмира од наставникот и класниот совет и усогласува со можностите на претпријатието и потребите на учениците. Ако навистина припремите се правилно изведени, ако максимално се искористени сите можности би се очекувало резултатите на производната работа да бидат израз на активното учество од сите фактори. Напротив до колку припремата на производната работа се одвива низ „тесни рамки" или се минимизираат некои фактори до толку повеќе би требало да се таа манифестира како релативно скромен процес со мали работни и образовно воспитни ефекти.

- Производната работа на учениците го проширува распонот на образовниот училишен живот. Ова проширување е резултат на новите

основи врз кои се ослонуваат образовните и воспитни движења а не е прост додаток на класичната организација од училишната работа. До колку производната работа е битна компонента на образовните движења, до толку би се очекувало органско поврзување на производниот со образовниот труд. Напротив ако тоа не е случај тогаш би полесно да се предвидат некои неконструктивни односи на сите нивои во училишната производна работа. / Примена на производната работа организација за реализација на програмата и низ обележување на резултатите од трудовото воспитување/.

Производната работа на гимназиите претставува типична новација на старата класична и интелектуалистичка гимназија. Тоа се согледува низ активниот /производен/ однос на учениците, во производната адаптираност на работните места во претпријатијата како и во мотивираното ангажирање на своите способности за совладување на проблемите во производните процеси бидејќи тоа е да еден начин да се одберат своите вредности низ производните текови и да се тестира мотивацијата за нивното идно занимање. Според тоа рационалната организација на производната работа значи процес на поопштествување на образованието, неговото осовременување и модернизирање. Низ производната работа гимназијата добива нова функција и на завршна школа а нејзините ученици профил на способни личности што можат активно да се вклучат во производните дејности.

## Организациони пропусти:

Резултатите укажуваат дека во условите на неразвиените средини организацијата на производната работа на учениците ја изведуваат наставничките совети со мали а некаде и без некои значајни сообразувања со наставните процеси во училиштето, производните текови во претпријатијата, ни со предиспозициите, способностите и интересите на учениците. Најдобар аргумент за тоа е фактот што тоа се планира и изведува во почетокот на учебната година кога нема доволно наставни кадри, тоа се планира масовно за сите ученици од школата а стопанските организации ги прифаќаат учениците за некои елементарни и мануелни процеси. Напротив до колку средината е поразвиена до толку и степенот на организацијата на производната работа повеќе студиозно е поставен а сообразно со тоа и резултатите се многу подобри.

Резултатите од испитувањето покажуваат некои битни разлики во организацијата или на производната работа на учениците во гимназиите. Имено тоа најјасно се гледа низ карактерот на работата што ја обезбедуваат претпријатијата. Така на пример :

- Работниот задаток за учениците од штипската гимназија се состоел : 12 км надвор од градот на површината на стопанството „Кучино" тр бало да се корнат листа, и товари на трактори сточна репа. Треба да се напомене дека учениците до работните места отишле пеш додека за наставниците бил обезбеден џип за пренос.
- Работниот задаток за учениците од охридската гимназија бил да појдат на работа во дрводелското претпријатие „7 ноември" во индустриското претпријатие „Братство", „Херој Тоша Драговић", и „Слобода", во печатницата „Коста Абрашевић", во претпријатието за преработена индустрија „Билјана", и во фабриката за пластични материјали „Лихнида". Карактеристично е што овие претпријатија има значителна поделба на работите со цели или поголеми елементи од индустриска организација. Требада се напомене дека придојдената работна сила од гимназијата неповлекла и потреба за битни измени во организацијат на производството / да се прошири организацијата, да се отворат нови работни места, да се земат за обработка некои нови производи и сл./.
- Работниот задаток на учениците од скопската гимназија бил доделен во Металниот завод - Тито, во железничката работилница - Локомотива, во авто - Каросеријата, во работилницата за оправка на машини ПТТ, во фабриката за трикотажа „Црвена ѕвезда", во фабриката за тестени производи „Билјана", во радио бран - Работилница за оправка на машини и во фабриката за намештај „Треска". / Поради недостиг на податоци се користиме со податоците од скопската гимназија „Орце Николов", претпоставувајќи дека меѓу скопските гимназии во ова д смисла нема битна разлика; „Производна работа во гимназија" - Белград 1961 година /.

Сосема јасно примерите покажуваат дека производната работа детерминирана е од степенот на развиеност на индустриската средина. Според тоа до колку средината се јавува како поразвиена до толку и производната работа на учениците се одвива и повеќе во склад со наставната програма

и со желбите и интересите на учениците.

Први впечатоци од производната работа

Низ првите впечатоци за производната работа на учениците можат да се согледат некои битни разлики на кои посочија се наведуваат и многу други ставови на учениците за работното место и претпријатието во целина, за производните текови, машини и работната сила, како и за погрдувањето на процесите од оваа специфична форма на образовна и воспитна дејност низ претпријатијата. Низ резултатите се согледува тенденцијат учениците од поповолните услови да се жалат на елементарноста на производните текови и на примитивната организација на производната работа/ Кичево/, на спорото темпо на производните текови / Охрид/. односно на тоа дека „Образовниот ефект заостанува зад воспитниот – тесното грло на индустријата во нашиот град Скопје недава доволно можности и учениците да учествуваат во оваа индустриска гранка за која има желби и склоности, на која во иднина можат да се ориентираат". Производната работа на учениците вонредно позитивно делува низ нивниот развиток и формирање. Меѓу тоа, ова влијание е специфично и зависно од социјалната структура на семејството на кое што припаѓаат учениците. Интересно е дека занимањето на родителите многу е битна детерминанти за односот на ученикот низ производниот труд, работната организација и работното место. Така на пример изјавите на учениците чии татковци се земјоделци или работници имаат сосема друга содржина отколку на оние ученици што произлегуваат од службеничките семејства. Подлабоката анализа покажува на некои разлики со оглед на видот на работата што ја обавува родителите како земјоделци, работници или службеници.

– Децата на службениците за своето ширени од претпријатието изјавуваат: „Најдовме побрзо да ни ја завршиме работата, наместо во затворен простор во училиште, часовите ги проведовме вопририда – убава замена, сепак производната работа за мене значи нешто ново – се заменува со физичката работа и дојдов до убедување дека производната работа е нешто како „Удари акција" или како „Кукучево", никое во претпријатието работни дисци нема во во прво време немаме што да правам, просто се мотка низ работилниците; долго време чекавме да не распределат на работните места; самиот се во на да го примам работниот задаток, големите машини работно темпо и најсторите ни останаа во сеќавање; првиот обид,

се замислував како нив убеден дека сум дел на една работна средина; се осеќав како нив со нивната заработувачка, мислев дека работниците се наградени за она што го вложуваат но се убедив дека во животот е најважна професијата; за време на работата се запознав со работниците, тешка е нивната работа /осум саати стоење на нозе/ и во таквите околности се зацврсти мојата желба што повеќе да учам, за да не се трудам како работниците што работат физичка работа и сл.

Децата на работниците а делум и на земјоделците тврдат дека ~~во првите~~ впечатоци од претпријатието им останале во сеќавање: големиот шум на машините недочека во претпријатието, мајсторите веднаш ме запознаа со работата; се осеќаат непроветрени простории - мирисот прилично е намалува продуктивноста; монотонијата на работата доста пречи - таа може да се совлада со пријатна музика; работниците ме примија како свој и уште на почетокот се виде дека работата ќе биде многу интересна; во сите дни од производната работа се чувствував како работник, и гледав работните раце што остваруваат производи и големината на работниот ефект; видов дека работата не е толку тешка како што претпоставував, а животот на работниците е така лош како што мислев; во работата некогаш е монотоно, досадно поради тоа потреби се нови машини за да се олесни работата на работниците; некои работници се незадоволни од висината на материјалните примања,што повлијае на уверувањето дека треба да се работи во животот она што на човека му причинува задоволство и интерес; во процесот на работата дојдов до сознание дека многу повеќе можам да дадам од себе; во своите производи и низ споредбите со производите од другите работници, дојдов до заклучок дека треба уште многу да учам; чивен обид да го споредам учинокот на машината со производот работен исклучиво со работна рака - колку многу се разликуваат производите, работното темпо = ефекат и др.

ри вакви работни услови учениците непосредно се мотивираат за продолжувањето на образованието во други виши и високи школи и факултети. Ретко кога изнаоѓат процеси во производните текови што ги заинтересирува и изразат желба да да се на нив запослат. оа покажува дека производната работа на учениците од гимназијата се уште не е игра онаа улога што се претпоставуваше дека ќе ја одигрува со реформата на школството и со новата организација на самоуправниот живот во претпријатието.

## НЕКОИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА МЛАДИНЦИТЕ ВО ДИНАМИКАТА НА ПОШИРОКАТА ЗАЕДНИЦА

Измените во структурата на општествениот живот ги збогатија содржините на комуналните процеси и озаконија нова и попрецизна поделба на трудот низ производните и другите текови, како и овозможија позитивни движења во самоуправниот, културниот, политичкиот и другиот живот. Тие донесоа ново темпо во развитокот насредината што се изградува на зголемените материјални можности и на збогатените права на граѓаните слободно да партиципираат во сите движења и настани.

Појдувајќи од овие измени во општествената средина концепцијата на реформата на школството претпостави дека се створени сообразни услови за интеграција на школството во општествениот живот односно дека се створени услови за адаптација на образовните движења на непосредните потреби од кадрови во стопанските и другите дејности. Реформата на школството исто така претпостави дека новите генерации на ученици ќе се идентификуваат со целиот распон на комуналниот живот и со темпотона непосредниот општествен напредок. Прилагодувањето на учениците во општествената целина преку образовните и воспитните процеси во комуната преставува битна страна на процесот на поопштествувањето. Меѓутоа адаптацијата на новата средина не се исцрпува со активизацијата на личноста на младинецот преку овие процеси, бидејќи современиот и модерниот живот афирмирал многу понепосредни форми за вклучување на младиците во општествениот живот. Комуналниот систем на самоуправност овозможува непосредно учество на секој граѓанин, а и на младинецот да може непосредно да учествува во процесите што се одвиваат во комуната и при тоа да има право на управување во нив.

Појдувајќи до сите овие измени се претпостави дека новите генерации на многу поширока платформа ќе ја развиват својата личност и низ друго темпо ќе се активизират како граѓани. Така на пример во современите услови се повеќе постанува старомодно учениците да го одлагат својот општествен живот за подоцна, бидејќи се ангажирани со процесите на учење и школување. Наспроти на тоа се повеќе доаѓа до израз тенденцијата децата и младиците да се вклучуват вон непосреден живот, во реалната динамика и таму да го доживуваат на свој специфичен начин општествениот живот во комуната, населбата или станбената заедница. Овие проширени рамки на младешкиот живот се обусловени од

измените во структурата на општеството, како и од зголемените можности на индивидуата, слободно и брзо да го развиват својот општествен профил.

Ако се има во предвид искуствата од класичното школување и воспитување тогаш се поставува во предвид неколку битни проблеми што се многу важни за разбирање на современиот развиток. Имено, се поставува прашање до која мера се проширил животот на учениците, а при тоа проширеноста да се не одрази штетно во развитокот и формирањето на младината. До која мера се забрзало темпото на поопштествување на детето и младинецот, а со тоа да не се овозможува предвремено да се изживее детството и младоста. До која степен се личноста адаптирала на комуналните процеси за да ја развива својата личност и при тоа посмалувајќи ги обврските према училиштето, образованието и учењето. Одделно се поставува прашање колку животот во поширокта заедница дава можност да се преовлада старата класична настава, ид да низ животот се стекнат нови, корисни и применливи знаења и искуства што небила во состојба да ги даде старата класична школа. Покренувајќи ги сите овие прашања треба да се направи обид за да се на нив одговори со помош на непосредните искуства на младите генерации што се развивале и формирале низ оние процеси што на нов начин го формират општествениот живот на учениците.

<u>Во широката заедница побогато се живее и поинтензивно доживува</u>

Противставка на испитувањето е дека општествената заедница извонредно силно делува во процесот на развиток на новите генерации. Развиените комуникативни средства носат информации за настаните во светот и животот према кои што денешната младина не е рамнодушна. Напротив современата младина многу повеќе е информирана од било која поранешна генерација. Ова го потврдуват старателите на младината, нејзините воспитачи и учители. По нивно мислење младината не само што е многу информирана туку и изразуваат став дека големата информираност понекогаш крие и некои свои опасности што влечат во правец да се предвремено децата и младинците информираат за се што се збиднува околу нив и со нив. Новите генерации уфрлени се во животните процеси на комуналниот живот каде што најрелефно доаѓат до израз спротивностите меѓу минатото и сегашноста, меѓу сегашноста и перспективите. Тие се манифестираат низ условите на природната убавина и економската неразвиеност, во полетниот оптимизам на луѓето и во

спојдновиите нивни тешкотии. Спротивностите доаѓат до израз низ оболожјата на работниот менталитет на производителот и во onaa новата модерна трка за разонода и уживање. Младинците се свесни за економската моќ на фамилијата, на училиштето, на комуната на заедницата во целост, исто така како што ја осеќаат својата младост низ перманентното зголемување на своите потреби од образовен, творечки, производен и рекреативен живот. Карактеристично е што низ овие спротивности современатам младина крчи пат за да го развие својот профил на личност и граѓанин што слободно се адаптира на движењата на современиот свет и живот.

Хипотиза на испитувањето е дека младината во својот општествен живот не секогаш се служи со конструктивни можности за излез од своите судири со реалноста. Има мнозина што тврдат дека современата младина ги злоупотребува своите права или дека недоволно ги реализира своите обврски према заедницата. Во таквите случаи се извлекува заклучок дека младината се уште не е способна за самостоен живот. Со оглед на тоа се предлага враќање на младината, односно на учениците во старите колосеци. За да се на детството и младоста уштеди многу лутање едностраност и погрешки. По ова сваќање детето и младинецот треба да се развиваат изолирани од општествената динамика се до тогаш додека не се предупреди и целосно осознае за сите можности што можат да настанат во животот. Наспроти на оваа претпоставка можат да се покрене една друга со која би се тврдело дека старите генерации не се доволно способни да ги сватат превирањата што се донесени карактеристични за современата младина. /Младинците често тврдат дека постарите недоволно и погрешно ги разбираат, а сообразно со тоа и не се во состојба правилно да ги ориентираат/. Може да се претпостави дека постарите генерации вршат селекција на информациите што треба да ги примат младинците, тие вршат редуцирање на своите активности во општествениот и личниот живот. Како луѓе постарите се повеќе оптеретени со своите амбиции и особено со нерализирање и во трката за сопствена афирмација не се обѕрнуваат на оние што нив ги следат. Старите генерации се развивале во други периоди што имале свои патишта за афирмација на општествената и личната свест. Додека новите генерации живеејќи во мирнодопски услови имат сосема други можности и нови перспективи за кои само мечтаеле старите генерации. Со оглед на тоа современиот развиток на младината е многу поцелосен и побезбојен, а патиштата за развојот на личноста овозможуваат и многу специфики што се индикатори за материјалната и социјални

цијални слободи на општеството и личноста. Со оглед на тоа може да се претпостави дека старите генерации недоволно ја познават денешната младина /своите внучиња, синови и ќерки/ и поради тоа не се во состојба перманентно да одат со темпото на развитокот и во сите промени за да бидат постојано млади и да можат да се откажуваат од своите идеали, ако пред нив се појавуват нови и попрогресивни.

Пратејќи го развитокот на новите генерации што се развивале и формирале во слободното социјалистичко општество низ процесите на реформираната гимназија, доаѓаме до констатација дека скоро секогаш младината ја идеализирала својата општествена средина. Оваа идеализација на населбата и околината /родниот крај/ подоцна се проширува на блиските градови на републиката, федрацијата на одделни земји или на светот во целина. Често младинците дискутират /најомилена тема за разговор/ сред младината се споредбите меѓу една и друга средина, односно компарациите на личностите што дошле од различни општествени системи или средини, од различни градови, населби или реони. Низ овие споредби често се користи традиционалното искуство што е кондензирано во локалните стереотипи за селанецот и граѓанинот, за македонецот и словенецот, за југословенот и италијанинот и тн. Карактеристично е што овие споредби почнуваат од најнепосредните услови на физички блиски средини/на пример Охрид и Струга/ и завршуваат со споредбите на градови во Светот за кои што младинците имат бар некои информации. Во нив на почетокот е присутна една суета /својството да се покаже како најдобро/ додека подоцна доаѓа до израз поголема систематичност на своето искуство и што е особено битно поголема објективност. Низ овие споредби личноста се развива и формира проширувајќи го својот хоризонт изградувајќи ставови по многу проблеми низ светот односно формирајќи свој поглед на свет и живот.

За развитокот на општествената свест на младинците во современиот живот не се најбитни само физичките комуникации, односно физичките непосредни контакти со другите средини. Развиените средства за информација и комуникација овозможија да се има преглед на сите настани во светот /радио, телевизија, печат и сл./ го смалија растојанието меѓу населбите и ги урнија тврдините на затворениот градски живот. Со оглед на тие измени на општествениот живот се збогатил и личниот живот на секој граѓанин и особено на младинецот. Активностите на младинците во комуналните процеси не се исклучив израз на "неистрошената енергија"

туку резултат и од сите информации што ги примиле за светот и животот. Поради тоа најмногу и малограѓански остануваат критериумите да се граѓанствувањето мери со рамките на градските ѕидини. Критериумите на "мештанство и дошљаци" остануваат релативни и секундарни штом се имат предвид можностите на современиот и модерниот живот. Меѓутоа не сите ученици имат еднакви можности да примат информации за настаните во светот и животот, не сите младинци имаат подеднакви реални шанси за да се вклучат во оние процеси на општественост за кој што имат и најголеми интереси и склоности, односно не сите подеднакво се мотивирани и способни да го прошират распонот и зголемат темпото на својот личен и општествен живот. Така на пример дел младинци што доаѓаат од село често се окупирани со својата стара средина, за неа изградиле свои идеализации од кои што тешко се ослободуваат. Поради тоа во секојдневниот живот на овие младинци се прибегнува кон техники за одбрана од делувањето на новата средина. /Новодојдените се недоверчиви према новата средина што покажува дека недоволно ја познаваат односно дека неприпремени дошле во неа/. Слични тенденции покажува и новата средина према придојдените и таа се брани од нив со различни техники и на многу начини. Такви појави можат да се сретнат во оние населби што се сметаат за изградени и со цврсти структури за социјален, културен и друг живот. Со оглед на сите тие пречки пред кои што се наоѓаат новите граѓани можеме да зборуваме за помало или поголемо темпо на адаптација на новите средини, односно за измени во структурите на градскиот живот.

Ако внимателно се пратат ставовите и мислењата на младинците за својата средина за селото, односно за градот во кого што се школуват и развиват како општественици може да се согледа една еволуција на перманентно поопштествување. Така на пример многу често во почетокот на школувањето, во почетокот на учебната година учениците се групираат според местото на живот. Поради тоа може да се смета дека и нивните ставови им мислења сеуште ја идеализираат старата средина во која што порано живееле.

- "Мојот град – Охрид – може да се рече дека го обожавам. Тој ми е пријатен и мил, ме привлекува и сум сигурна дека ќе израснам во еден модерен туристички град;
- Иднината на градот – Кичево – верувам дека ќе му биде меѓу најарните градови на Републиката.

последните години тој нагло се развива, а напоредо со тоа се развива и младината;

- Животот во градот - Скопје - секогаш е весел, бучен и радостен. Го сакам својот град, ме радува што живеам во средина што нагло се развива и го менува својот лик. Кога сум далеку, тагувам по него и гледам што побргу да се вратам. Го сакам својот град и животот во него. "

Овие идеализации на средината во која што се живее и развива подоцна се рушат /постепено или нагло/ бидејќи младината се повеќе е информирана за животот и во другите градови. Со помош на новите информации младината почнува критички да суди за градот свој и за животот во него. Тоа значи дека таа постанува свесна како за позитивните страни, така и за слабостите што го карактеризираат.

- "Градот - Охрид" - многу ми се бендисува, но сепак би сакала да живеам во некој друг град, на пример како што е Загреб, а овде да си имам некого и само во летно време да доаѓам. Градот за време на летните дни е многу весел и жив, позиме е мртов;
- Градот - Кичево - во кого што живеам многу е неуреден и сакам бргу да го напуштам. Калош, калош, калош да се удавиш во нив. Пијаници, пијаници, пијаници има толку кафеани почести, а нема бар еден младински дом;
- Во градот - Скопје - сум само еден обичен жител, еден обичен минувач. Не го сакам корзото, ни јавните собири, ги сакам интимните друштва и седенките и затоа сум многу повлечена и тивка.

-Одговорите на учениците покажуваат дека тие повеќе се заинтересирани за сегашниот живот на градот и особено за идните перспективи, додека многу малку се анализираат старите претстави за градот. Карактеристично е дека минатиот живот на градот многу се критикува, се критикува и сегашната состојба во која што се наоѓа градот, али идната скоро секогаш е идеализирана слика што е со розови бои сликана во која престануваат сите поранешни проблеми. Така на пример на еден негативен суд за перспективниот развиток на Скопје имаме 20 позитивни, во Охрид 34,5, а во Кичево 77. Според тоа

...жно да се заклучи дека степенот на развиеност на општествените услови многу силно делуваат во изградувањето на ставовите и мислењата, на сегашниот, особено за перспективниот развиток на градот. Имено доколку средината е помалку развиена, дотолку повеќе се таа критикува и за неа се помислува поделени перспективи. Анализирајќи ги одделно ставовите и мислењата на некои младинци што живеат во неразвиените средини и покажуваат процеси на десидеализација на својот град можеме да констатираме и некои специфични потреси во личниот живот. Така на пример некои младинци тоа го доживуваат како катастрофа, се разочаруваат од својата средина кога ги согледаат нејзините слабости. Во таквите околности некоја нова средина постанува предмет на интерес. Додека својата се критикува или се психолошки припрема бег од неа.

Општа е тенденцијата младинците постепено да го прошируваат своето сознание и свеста за општествената заедница. Овај процес ...особено е видлив во преминот од неразвиени кон поразвиени средини, што го отслеџуваат градскиот живот и овозможуваат сестрана афирмација на личноста. Така на пример во првите години од школувањето младинците што дошле од село тврдат би сакале да се вратат назад и повторно таму да живеат и да работат. /На учениците им беше поставено прашање: при претпоставка дека потоа школувањето ќе треба да се вратат назад во село за таму да се настанат и живеат се поставува прашање дали би биле задоволни и среќни/.

Одговорите на учениците укажуваат: "Ние сме таму родени и одраснати, таму повторно би се средиле со родителите, јас сум навикнал на селскиот живот, ако се вратам на село ќе почнам да им помогнам на родителите, нашето село е многу убаво и би можел да живеам добро, воздухот во село е чист, што дома имаме доста имот, јас го ценам селанецот и неговиот труд и сл.". Али подоцна од кога ќе се доживее поширокиот средина и младинецот адаптира на неа тој во никој случај не сака да се врати на село /враќањето го доживува како ...трофа/. Евентуалното враќање во помалата заедница се доживува како тегоба. Најкарактеристичен е одговорот на една ученичка "Јас сум го искусила тој живот и сега сакам да работам во град за да бидам среќна. За мене селото е последна душка и не сакам да живеам таму". Градските ученици исто така не би сакале во никој случај да појдат во село. Тие тврдат дека таму би се чувствувале несреќни, не би можеле да живеат во такви услови, не би можеле да привикнат на селскиот живот, тврдат дека е таму неудобно, мислат дека село нема ништо, дека не е убаво ...помогнат да навикнат на селскиот живот, таму нема никаква разонода, здодевно е и еднолично.

## Во широката средина се формира комплексна личност

Старата класична школа се осудуваше дека давала еднолични, половични личности, што биле неспособни да се адаптираат на општествениот и производниот живот. Се осудуваше старата школогогија дека останува неспособна да се активно вклучи во општествените збиднувања, а за тоа најголемата вина се стоваруваше на образовната динамика, односно на гимназијата како типичен пример на школско-интелектуалистичка институција, што формира ученици од-туѓени од реалноста. Во таквите процеси најголема улога секако играа старите цели и задачи на институцијата, старите наставни планови и програми, како и организацијата на тогашниот живот во училиштето. Во такви услови не беше можно да се формира целосна личност. Противставка на старите дилеми беше дека во училиштето треба да се формира личноста, а подоцна таа да се вклучи како формирана во реалните движења на светот и животот. Меѓутоа практиката покажа дека оваа противставка на старата класична школа не се остваруваше. Младинците од кога ќе ја завршеа гимназијата тешко се снаоѓаа во животот и особено во производната дејност. Па и тогаш веќе поминуваа белези на целосен профил причините ги имаа надвор од училиштето во процесите на реалниот живот.

Анализирајќи ги ставовите и мислењата на младинците од оваа популација доаѓаме до сознание дека се тие далеку побогати со емоции што се развиваат низ споредби и [illegible] во толкувањето на општествената средина низ која што растат се развиваат и формираат. Тоа иде од тука што младинците изградиле свој афективен однос према пошироката средина /таа ги привлекува односно ги одбива/ и низ којашните спротивности ја развивале и формирале својата личност. Проучувајќи ги сфаќањата на младинците за својата градска средина доаѓаме до заклучок дека младинците сакат да го согледаат својот град како развиена урбана целина што ќе остават силен впечаток уште во првата средба со него. Затоа изградбата на основни и други објекти, отварањето на некои нови улици, среќно решените сообраќајници претставуваат одделни нешта што се нагласуваат и констатираат во панорамата на својот град. Втор битен проблем за него што се заинтересирани младинците во градскиот живот е културно забавниот и рекреативниот живот во градот. Скоро секој младинец зборувајќи за градот во кого што живее обврзано ги нагласува и пореднува институциите за разонода во градот. Се доаѓа

до заклучок дека градскиот живот се мери по својот стил на живот и активност во слободното време. Трет битен проблем во градскиот живот се односите меѓу луѓето. Анализирајќи ги нив може да се констатира дека младинците се задржуваат на одредени личности во градскиот живот и ги третираат како претставници на својот град. На пример, често постапува предмет на внимание одделни личности што се приврзаници на конзервативното или патријархалното, во друг случај вниманието се сврзува за оние што се приврзани на новото и прогресивното или на други што инспирират помодарски односи во градскиот живот. Низ овие односи во поширокава ѕаедница често се испуштат од вид објективните околности во кои што се погрдувале овие луѓе. Се добива впечаток како да младинците појдуваат априори од некој критериум за идеален човек и граѓанин во одредениот град. Затоа секое отстапување од тој модел го третираат како деформација или како исклучок.

Ако за појдовна основа се земе степенот на развиеност на градската средина тогаш исто така се пофакуваат разлики што се обусловени од реалноста. Така на пример во неразвиените средини младинците многу почесто и безмилосно ги критикуваат нерешените или погрешно решените проблеми, од урбанизмот, разводата на граѓаните или вообичаените односи низ секојдневниот живот. Карактеристично е што во овие средини често изостанува личен активен однос према својата средина. Се добива впечаток како да се критикува нешто што е туѓо а при тоа ни малку не се осеќа одговорни и самите или повикани да се на некој начин борат за да се решат тие проблеми. Таквото нешто не е карактеристично за младинците од развиените средини, бидејќи во нивните ставови и мислења се осеќа лична ангажираност и реален критериум во критиката /секој 16-ти младинец од Кичево дава конкретен предлог за решавање на некои проблеми од градот, додека во неразвиените услови младинците многу често даваат разновидни предлози и мислења/. Меѓутоа ако внимателно се следат нијансите во ставовите и мислењата може да се констатира како постојано расте критичниот жар кај младинците према својата градска средина. /Младинците се адаптирани веќе на реалните прилики/. Поради тоа повторно се јавуваат некои нови идеализации на средината и се истакнуваат за пример такви нешта од кои би требало да се срамат. /Премногу адаптирани на својата средина не се во состојба да ги приметат својните слабости/.

Интересно е што младинците од Охрид кога зборуваат за својот град своите интереси ги изнесуваат низ еден типичен емотивен исказ, така на пример за својот однос према градот пишуваат: "Ми се допаѓа, ме привлекува, ме занесува, ми се бендисува, сум го засакал, ме воодушевува и тн." Младинците од Кичевската гимназија односот

према својот град го одредуваат низ некои други поими што го дефинираат како општествена заедница. Тие тврдат: тука мие фамилијата, роднината, тука сум родена, тука ми се интимните другари и пријатели и сл. Најкарактеристичен е одговорот на еден ученик од оваа гимназија "многу ми се бендисуваат односите меѓу луѓето во овој град. Поради тоа тој е замене пријатен и мил. Скопските младинци зборувајќи за својот град скоро секогаш гиистакнуваат развиените институции и организации за забава и разонода. Се добива впечаток како да овој град постанува модерен во организацијата на слободното време на граѓаните.

Земено во целина ставовите и мислењата на младинците укажуваат извесни промени што се одраз на степенот на развиеност на општествената средина односно израз на специфичниот развиток на одделни субјекти. Поради тоа може да се смета дека секоја општествена средина согласно на своите можности развива и формира одделни специфичности во профилот на генерациите. Тие ги стимулираат кон поширокитe процеси на заедницата или ги упатуваат во локални форми на изживување на својата посебност.

## Погледот на свет и живот се формира во широката заедница

Современиот свет и живот се карактеризира со големи општествени движења што отвараат нечуени перспективи во просторот на вселената и меѓу човечките односи. Ако сметаме дека денес социјализмот и прогресот е светски процес,а автоматизацијата технолошка основа за квалитативен напредок на човечството, тогај погледот на свет и живот треба да се мери преку ставовите и мислењата на младинците за перспективите на човечството и мирот во светот, односно низ сваќањата на младинците за перспективниот технолошки напредок на човечството и за последиците што тој ги носи по класичната поделба на трудот и работната етика.

Генерацијата што ја проучуваме мисли дека мирот ќе биде сочуван и со тоа човечството ќе може несметано да оди напред кон поголем прогрес. /така тврдат 94,6% од Охридските ученици, 80,3% од Кичевските и 85,7% од Скопските ученици/. Сочувувањето на мирот во светот по нивно мислење ќе значи победа на разумот и полна афирмација на активната и мирољубивата коегзистенција меѓу народите и државите. Во таа насока голема улога треба да одигра прогресивните движења во светот и особено оние од редот на неангажираните земји/ вон блоковските/ како и одделни големи сили од чии одлуки зависи

./.

исходот на човештвото и судбината на светот и животот. Интересно е што за судбината на човештвото повеќе се заинтересирани генерациите од развиените подрачја и од претежно неразвиените средини. За разлика од нив просечно развиените целини покажуваат елементи на алергичност за овие проблеми. Ако одделно ги анализираме мислењата на младиците што сметаат дека мирот ќе биде нарушен /иако се во мал процент/ можеме да констатираме дека младината од неразвиените подрачја склонна е да мисли дека мирот ќе го наруши Западниот блок и со тоа ќе се обистинат класичните докази за немиролубивата политика на капитализмот и империјализмот. За разлика од нив генерациите од развиените подрачја длабоко се убедени дека војната зависи од сите, а преди се од големите сили во светот.

Автоматизацијата, тоа е пофално технолошко достигање на векот исто така различито се сваќа и толкува од генерациите./На младинците им беше поставено прашање "некои мислители тврдат дека роботот, автоматот ќе го замени физичкиот аделум и интелектуалниот труд на човекот. Се поставува прашање каде се перспективите на општеството и човека вон од производството?/. Анализирајќи ги одговорите на учениците од развиените средини можиме да согледаме една длабока верба во силата на ова технолошко достигање на кибернетиката. Најчести одговири во тој вид се: "човекот тогаш ќе се упати кон другите планети ќе премине општеството во комунизам, дури тогаш човекот ќе постане свесен з а величината и силата на своите производи, едино тогаш можат да се задоволат потребите на општеството и на секој човек, тоа ќе повлече намалување на работното време, човекот ќе може исцело да се посвети на творештвото, во тој процес човечкиот ум и разум ќе се развие во големи размери и сл.". Карактеристично е што овие младинци сметаат дека овие перспективи се реални и во доста случаи современи.

Втората група на одговори ја претпоставува автоматизацијата како можност за да се решат најнепосредните проблеми на сегашниот живот. Така на пример тие тврдат дека со автоматизацијата "човекот ќе работи толку колку што му е потребно, ќе се упати кон уживање за сметка на машините, ќе почнат да го интересираат некои недозволени работи, ќе биде многу посиромав зошто нема да има што да работи, луѓето ослободени од трудот физички меѓу себе ќе се пресметуваат, човекот ќе седи а ќе му носат машините, ќе изгуби рефлекс и мотиви за развиток и прогрес, ќе пропадне човекот, ќе се дегенерира, човештвото ќе биде само еден скуп на безработници што ќе се подлаваат на ниски страсти, за човекот нема повеќе живот, нема никакви перспективи, од

секогаш човекот работел и себеси се уништувал и сл.".

Трета група на мислења укажуваат дека и автоматизацијата треба да се свати како и секое други епохално откритие. Така на пример учениците тврдат: жал мие човечштвото никогаш нема да дојде до тој степен за да биде ослободено од трудот, човекот неможе да биде истиснат од производните процеси, јас мислам дека такво нешто неможе да се развие до толкава степен, машината ма колку совршена дае мора некој да е управува, нея некој мора да е конструира и сл."

Општа е констатација дека новите генерации ги следат технолошките достигања и негуваат посебен интерес према нив. Нејзините мислења и ставови претежно се свртени за користење на атомската енергија во мирнодопски цели, за решавање на најнепосредните проблеми на современото човечштво и при тоа се особено води сметка за субјектот на човека и за неговото место во измена на светот и животот. Меѓугенерациите се среќаваат и личности што во технолошките достигања гледат можности за квалитативна измена на светот и животот и за остварувања на нови епохални достигања на нашето време. Во друг случај имаме примери каде што младинците се плашат од автоматизација и од сите последици што ги таа носи по судбината на човечштвото и работниот човек.

Општо е мислење дека перспективите на автоматизацијата се уште се далечни, така тврдат особено младинците од неразвиените подрачја, додека другите склонни се да мислат дека автоматизацијата преставува непосредна реалност.

| | К. 112 % | О. 74 % | СК. 105 % |
|---|---|---|---|
| -многу далечна | 44,6 | 37,6 | 43,0 |
| -малце далечни | 16,9 | 26,0 | 19,0 |
| -блиски се | 7,1 | 10,8 | 14,2 |
| -стварно се | 1,6 | 2,6 | 4,3 |
| -незнам | 25,0 | 16,2 | 19,0 |
| -непознати | 3,5 | 5,8 | 0,0 |

Податоците покажуваат дека делувањата на средината е големо во формирањето на ставовите и мисленјата за процесите на автоматизација. Така на пример учениците од развиените средини /Скопје/ склонни се да веруваат дека перспективите се блиски односно дека се стварни. За разлика од нив младинците од неразвиените средини /Кичево, а делум и во Охрид/ почесто сметаат дека перспективите на автоматизацијата се многу далечни односно тврдат дека нема свој ставови и мисленја за ова современа и модерна појава.

**Мессото на новите генерации во**
**системот на современиот свет и живот**

Ако претпоставиме дека динамиката е битна карактеристика на современиот свет и живот штом можеме да ја мериме низ обележјата за покретливост на младинците и при тоа особено да водиме сметка за мотивите на младинците. тогаЈ Ако појдовме од ставот дека за човекот е битен критериум степенот на задоволство и лична среќа. Тогај можеме да очекуваме дека новите генерации што се повеќе сообразени со динамиката на епохата дека далеку попозитивно се усмерени за да го откријат своето место во системот на светот и животот и тамо да се осеќаат среќни и задоволни.

Појдувајќи од овие претпоставки во анализата на ставовите и мислењата од оваа генерација можеме да констатираме дека младинците го изградиле својот е профил што се адаптира во Статусот за граѓанин во својот град. Така на пример младинците од оваа генерација сакаат постојано да се настанат, да работаат и живеат во:

| | К 112 | О 74 | СК 105 |
|---|---|---|---|
| - во село | 20,5 | 8,1 | 0,0 |
| - во град | 52,6 | 74,3 | 33,3 |
| - во велеград | 25,0 | 14,9 | 66,6 |
| - непознато | 1,7 | 0,0 | 0,0 |

Општа е желба младинците да се настанат да живеат и работаат колку што се може во поразвиени средини. Така на пример ако го исклучат својот град како место за постојани боравок тие често би сакале да останат жители во Скопје, во Белград или во други републички центри. Во овој избор карактеристична е ориентацијата на младинците од развиените средини кон големите градски центри. Во одделни случаи се наведуваат имиња на градови на Европа и Америка каде што се мисли дека далеку е побогат општествениот живот. Изборот на другата средина, поразвиената често е попратена со мотив или обусловена од потребите за образование и афирмација, од желбаааза поголема забава, разонода и култура. Видливо е дека младинците од понеразвиените средини дека има и помали мотиви за покретливост. /на младинците им беше поставено прашање: за време на студиите или потем низ кој земји во светот би ете сакале да ги посетите/. Така на пример многу често младинците сакаат да појдат во Италија,Франција СССР и САД. Мотивите за оваа покретливост вог главном се туристички, образовни, нешто да набават-трговски, или да се настанат и да живеат. Интересно е што образовните мотиви често ги наведуваат младинците од неразвиените земји односно од оние семејства што имаат мала економска моќ за школување на своите деца. За разлика од нив другите, од развиените

средини повеќе се загледани во животниот стандар и во достигањата што ги одделна земја бележи во уметноста, културата, архитектурата, науката и сл.

Според овие податоци би требало да се заклучи дека генерацијата што ја проучуваме во најчест случај е интегрирана во својата градска средина и во неа наоѓа можности за развој и формирање. Мал дел од младинците се свртени кон повекување од сложениот градски живот и тежат да се настанат и живеат во помали општествени заедници /село/ тоа покажува дека на учениците се уште значајно делуваат традициите и мотивите за школување што се изградиле во неразвиените средини./ да завршам школо и да се вратам во село за да им помогнам на родителите/. Други дел од младинците ги согледува достигањата во технички развиените средини и поради тоа изразува желба за поголема покретливост надвор од рамките на својот град. Ова е особено карактеристично за младинците од поразвиените средини, односно за оние кои перманенто го прошируваат распонот на својот профил.

За да се согледа степенот на индектификација со развитокот на својата земја на младинците им беше поставено прашање: во кои општествени подрачја и односи има повеќе, а во кои помалце социјалистички елементи. Одговорите на ова прашање укажуваат на едно уверување дека социјалистички елементи се среќаваат во сите области на производниот и општествениот живот. Карактеристично е што младинците од неразвиените средини често тврдат дека социјализмот како систем најмногу се разви низ општествените односи. За разлика од нив младинците од развиените средини категорично тврдат дека тој повеќе се осеќа низ материјалната изградба и да односите меѓу лугето во значајна мера заостануваат. Ваквите сваќања можат да најдат свое толкување согласно на непосредната реалност односно со погледот на свет и живот што го формирале во таквите услови. Така на пример може да се тврди дека општествените односи заостануваат зад материјалните движења или пак да се докажува ставот дека развиените односи постануваат материјална сила за развитокот и прогресот /пресудна улога на субјективниот развој/.

За да се одмери степенот на адаптираност на својата средина на младинците им беше поставено прашање: дали сте задоволни со животот што сега го живеете. Одговорите на младинците укажуваат дека современите генерации не се подеднакво задоволни со животот што сега го живеат:

| | К. 112 | О. 74 | СК. 105 |
|---|---|---|---|
| - сосема задоволни | 13,6 | 15,1 | 14,2 |
| - воглавном задоволни | 19,6 | 32,0 | 28,4 |
| - малце задоволни | 34,8 | 21,6 | 19,0 |
| - не се задоволни | 20,5 | 24,3 | 19,0 |
| - не знаат | 9,8 | 7,0 | 19,2 |
| - не познати | 1,7 | 0,0 | 0,2 |

Резултатите покажуваат тенденција младинците од неразвиените подрачја да се сметат за недоволно задоволни со животот што сега го живеат. За разлика од нив младинците од развиените средини често се уврстуваат во луге што се воглавном задоволни со животот. Низ овие мислења за својот сопствен живот во одделна средина како карактеристични се издвојуваат некои младинци од просечно развиените земји односно оние што обезбедиле основни услови за живот. Тие се уврстуваат во две основни групи: едните сметаат дека се задоволни со животот, а другите категорично тврдат дека не се. Од таквите тенденции може да се заклучи дека просечно развиените средини не обезбедиле еднакви општествени критериуми за задоволство и среќа.

Општо може да се заклучи дека во системот на современиот општествен живот младинците го формираат својот поглед на свет и живот. Тие ги согледуваат достигањата на социјализмот во материјалната изградба или во развиените општествени односи. Карактеристично е дека оние младинци што ги гледаат достигањата на социјализмот низ процесите на материјалниот развиток тие се и повеќе задоволни и среќни со животот што сега го живеат, додека другите што се загледани во односите меѓу лугето често тврдат дека не се задоволни со животот што сега го живеат.

СПОНТАНО ОРГАНИЗИРАНИ МАЛИ МЛАДЕШКИ ГРУПИ
/другарство и пријателство/

Една од најнепосредните форми за манифестација на индивидуалната, училишната и општествената свест на младите генерации е младешката група. Поради тоа некои психолози и педагози склони се да ја сметат за многу важна а во одделни околности и за пресуден фактор на развитокот и формирањето на личноста. За разлика од нив други и даваат секундарна улога и сметаат дека малите групи се последица на општествената средина што ги обезбедила основните услови за другарски , пријателски и друг интимен живот.

Малите групи некаде ги срекаваме како одделни дружини или парови во кои ~~се~~ членовите се чврсто поврзани меѓу себе. Во нив секој има свое посебно место и улога а групата свој систем на активности што ја карактеризира. "Во социјалната група на своите врсници детето добива - стекнува социјален статут према своите достигања: успех во училиштето, на фудбалското поле, во играта и тн.. Таков статус детето само го стекнува, тој не е доделен од страна на членовите на семејството, го проширува социјалниот видик и го припрема детето за да ги усвои одредени социјални улоги. Зошто децата сами ги одредуваат нормите на својата група, сами си поставуваат стандарди и настојуваат да ги постигнат... сами изградуваат систем на сваќања и тоа претставува една од основните предности на животот во групата со своите врсници!" 18.-

Се поставува прашање колку се големи малите младешки групи, што ги членовите поврзува меѓу себе, какви форми на групна припадност манифестираат, колку меѓу себе се познаваат и како групата служи за да се добијат одговори на многу загонетни прашања од младешкиот и современиот живот. "Младината секогаш, повеќе или помалку се воспитувала мимо во школата, а често и против неа. Овие моменти не се одстранети ни во нашата денешна така наречена социјалистичка школа. Младината се сепак воспитувала сама црпејќи ги своите цели од општествената средина и од општествените процеси во широката смисла на зборот. Секаде каде што се некој јавува во улога на воспитач од горе, по пат на наметнување на одредени норми за однос и др., настануваат на дури и

се заоштруваат општествените судири".[19]

Појдувајќи од местото и улогата на малата група на младинци во развитокот и формирањето на личноста се поставуваат неколку хипотези:

- малата група претставува форма на младешки живот со одделен степен на илегалност за да може неспотано од факторите групата да ја обавува својата функција. Со оглед на тоа малата група овозможува богат процес на индивидуализација низ групните односи и неспотано од ослободување на личноста пред своите другари, пријатели или симпатии. Во тие групи членовите се ослободуваат од сите стеги на средината /дом, училиште и сл./ како и од својата сопствена потиштеност. Затоа малата група претставува форма за афирмација и верификација на својата индивидуалност. Др. Руди Супек во делото "Уметност и психологија" укажува на противречностите во кои што се наоѓа современата и модерната личност. По неговото сфаќање да се биде современ и модерен значи: да се живее со своето време, да се тежи кон нешто трајно и безконечно, да се почита разумот и интелектот, да се уважува техниката и искуството, да не се биде сентиментален, да се има награден поим за својата личност, да се биде оригинален, и хуман, да се биде реален, друштвен, да се тежи кон ослободување од старото, да се биде егзактен и сл.. Но во исто време да се биде современ и модерен значи да се живее и против своето време, да се избега од мората на историјата, да се тежи кон ненадејно, да се мрзи логиката и силното, да се обожава природната неспособност на примитивецот, детето или лудиот, да се тежи кон јаки возбуди и страсти, да се биде промашен /наградата се состои управо во тоа, што сум промашен човек на еден повисок план/, да се тежи кон луксус и боемштина /човекот е само еден луксузен цицач/ и тн.. "Овај низ на противречности во кои што се движи поимот модерни, далеку е од тоа да биде исцрпен, зашто да се биде модерен значи можда во прв ред да се противречи, да се биде противречен; да се противречи онака, како што никој до тогаш не противречел, зборувал и сам во себе противречен филозоф на модерната филозофија - Ниче".[20]

Малата група е одговорна за процесите на социјализацијата, бидејќи треба да ја припреми личноста за интеграција во сложените процеси на општествениот живот. Поради тоа се смета дека

постојат затворени или отворени групи, социјализирани или асоцијални што го вдлабочува сукобот и ја водат личноста до беспаќе. "Нашиот човек по својот менталитет уште како е многу друштвен па дури и алергичен на осаменост....Ние лесно стапуваме во контакт, презираме конвенција, се разбираме без мака, се уплетуваме во безначајни улични сцени и сукоби, и склони сме да ја правдата истераме на чистина и тн... Одиме во крајност и незнаеме за мера и средина, за објективност и стиполубивост и дисциплина".[21]

Малата група претставува една елементарна заедница, кон неа се прибегнува тогаш кога се нема побогати форми односно тогаш кога личноста се заслонува од реперкусиите на распонот и темпото на сложениот живот. Затоа нејзините карактеристики варираат со оглед на мотивите и критериумите за групна припадност. Одделни групи младешки се издигнуваат на ниво на научност и друго творечко чувство, додека други се увалуваат во понорот на самозадоволство и прагма. "Прва мисла кај човекот макар да е тој губавец или робјан, пропалица или болен е да побара другар за себе. За да го задоволи тоа чувство што е суштина на животот, тој ги употребува сите свои способности, сета своја моќ, целиот жар на својот живот. Да не би била таа семоќна желба, зар би сатаната можела да најде другар? За тоа може да се испее цела песна што би била предигра на изгубениот рај, зошто тој не е ништо друго туку само оправдание на побуната!"[22]

Малата група претставува одделна заедница во која се регулираат одделни емотивни потреби на индивидуите. Таа некогаш се појавува како реакција на премногу формализираните процеси во наставниот и другиот општествен живот. Со оглед на тоа разврстувањето на младинците во мали младешки групи некогаш е симптоматична и често индикатор на алиенирани личности. Зголемувајќи ги обврските на сите страни на животот личноста на младинецот како да се раслојува и поради тоа прибегнува кон членство на мала група да би обезбедила за себе бар елементарен тоталитет. "Човекот бега да би се спасил од онаа сложеност или изгубеност во гомилата која е својствена на современиот градски и велеградски живот. Современата производна машина и големата администрација го претвори во дел на една многу милионска маса во која ~~се~~ поединецот се осеќа изгубен или осамен и поради тоа настојува барем

во приватниот живот да бидe со некого кој ќе го потполно разбере".

Концепцијата за реформа на школството го претпостави постоењето на малите младешки групи и поради тоа направи обид да ги исполни со една нова содржина односно да ги рационализира. Тезата на реформата на школството претпостави дека во рамките на малите групи се изведуваат значајни процеси на индивидуализација односно процеси на социјализација на личноста. Согласно со тоа таа направи обид да ја прилагоди организацијата на училишниот, наставниот и другиот општествен живот во процесите што се одвиваат во малите младешки групи. Така на пример, таа пренесе одредени права но и нови обврски на малите младешки групи, што се на самоуправен принцип организирани. Типичен пример за тоа, претставуваат "класните заедници" и другите групи на слободни активности на учениците. Во согласно со тоа претпостави дека во новиот училишен систем ќе се преовладат некои наследени спротивности од класичната школа и дека на тој начин малата младешка група ќе се социјализира низ позитивните движења што ги носи реформата на школството.

<u>Индивидуализација на личноста низ малите групи.</u>

Ако во почетокот на учебната година баз малце се загледаме низ уличните врвици, по тротоарите наш станиците или на влезната врата од гимназијата ќе догледаме многу младешки групи. Во нив се водат разновидни разговори почнувајќи од достигањата во спортот и вселенските летови до најнепосредните лични проблеми што дневно ги или длабоко ја возбудуваат детската личност. Податоците од испитувањето зборуваат дека во овие групи во почетокот на школувањето и особено во почетокот на годината има поголем број на членови, додека подоцна тие се повеќе се намалуваат и многу често сведуват на парови. Податоците исто така укажуваат дека и покрај тоа што во одделни групи постојат повеќе блиски другари, пријатели или симпатии младинците повеќе се склони претежно кон еден другар или другарка.

Личното искуство на младинците од својот другарски и пријателски живот укажува дека малата група многу силно делува во формирањето на личноста, контактот со другиот човек, многу позитивно се одразува во развитокот на личноста и особено тогаш ко-

ка и другата особа е окупирана со слични проблеми или блиски намери. Поради тоа, кај младинците се забележува една трка да се открие сличен и близок човек на себе, да се открие симпатија или сопатник во развојот низ детството и младоста:

"Јас ги сакам оние другари на кои ќе можам да му ја искажам вистинската тешкотија што ја осеќам. Не сакам да ми помогне но да ме сфати во положбата во која се наоѓам; секогаш моите тајни се и нивни. Не се стеснувам пред другарите да се прикажувам каков сум; меѓусебните односи не ги криеме еден од друг. Нарочито ги мразам лицемерите; ни еден не пушиме, не пиеме, сите заедно играме фудбал, водиме љубов, одиме на игранки и сл.; другарството нуди најдобра забава. Го знам и тоа да без друштво - човек како самец не може да се одржи; имам другарка - пишува една ученичка - се разбира интимна и не се надевам дека некогаш ќе ме изневери... но се се бидува; ќе се приближи до мене но наеднаш нозна и самата како ги одбива.... затоа често најдувам другар во некое животно, во книга или во желба што ја негувам; имам неколку најинтимни другарки со кои често долго разговараме. Таквите разговори некој ги нарекува тајни, а всушност тоа се мали лудости на младиот човек. Се обидуваме да дејствуваме на менувањето на некои стари или нови модерни сваќања. Некогаш успеваме да најдеме одговор, а друг пат на разговоро т се сведува се; другарките одат на извесна оддалеченост, нема блискос. Често се прават журеви, но ретко сум поканета на нив, па и тогаш кога сум не сум најпожелната изгледа дека сметам на паровите и другарките се однесуваат потценувачки према мене; имам повеќе другари и пријатели, но сметам дека денес тешко е да најде човека. Немојте да мислите дека сум краен песимист, но ќе морате да признаете дека е така; јас подеднакво ги ценам сите без разлика дали е другар или другарка. Не се женираме еден од друг, и малку работи криеме меѓу себе. Одамна се познаваме и секој од нив го познавам добро. Си помагаме едни со други, во се и се грижиме на сите да ни биде убаво. Со своите најинтимни пријатели се чувствувам најпријатно и моја единствена желба е да станеме уште поблиски; своите другари и пријатели најповеќе ги сакам кога сме на излет. Таму можеме да се негуваме и да се видиме еден со друг какви сме; имав една многу добра другарка со која се дружев подолго време. Но забележив дека е многу себична и повеќе гледа за себе да си угоди. Јас не сум таква и затоа сега многу поретко се дружам со неа; и сл.

Примерите покажуваат дека младешката група претставува битен фактор во развитокот и формирањето на личноста. Одделни противречности во процесот на индивидуалниот развиток на личноста во малата група наоѓаат извесно решение. Поради тоа може да се примети еден процес како членот на групата, се повеќе се ослободува пред своите другари и пријатели и на тој начин ја зголемува својата групна припадност идентификувајќи се со целата група. Меѓутоа, во исто време латентно се развива и едно чувство за негација на својата група, што некогаш свршува со творечко издигнување врз неа, или пак покажува некоја друга форма на отуѓеност од сопствената група. На распонот од овој екстрем се изградуваат критериумите за групна припадност и степенот на толерантност во групните односи. Кога таа мера се наруши групата се распаѓа на нов начин организира или пак го изолира одделниот поединец што не ги почител принципите /непишаните закони/ на групата.

Примерите покажуваат дека младинците слободно ги воспоставуваат другарските, пријателските и интимните односи во своите мали групи. Во одделни процеси задлабуваат контактите што се ослободени од церемонијал и други вообичаени норми за однесување на едни спрам други. Али индивидуализацијата на личноста не ретко упатува кон интровертност и осаменост особено кога индивидуата ја надрасне групата со своите квалитети или пак кога на еден или друг начин се оттуѓи од неа. Ваквите другари и пријатели како основен услов за членство во малите групи ја наведуваат искреноста, потребата од слични или заеднички особини со другите членови, заеднички амбиции и исти мотиви. Тоа би значело дека младинците во своите групи се повеќе поставуваат лични критериуми за дружење, и поставуваат барања да се групата прилагоди на нив. Така на пример, тие сакаат често другарите:

- Секогаш да бидат со нив
- Кога им е тешко;
- Родителите им го одобруваат дружењето со избраните другари;
- Наставниците ретко кога изразуваат неслагање за таквото другарство;
- Учениците тврдат дека често имаат своја девојка или момче со кого се дружат;
- Бараат другарот да им го познава личниот живот а и тие на него;
- Се повеќе мислат "со кого си и таков си" и сл.;

Ваквите тенденции покажуваат дека профилот на младинецот се повеќе се изградува и добива своја заршна форма. Низ таквиот профил можат да се согледат и некои противречности на сво-

јата личност или на групата на која што им припаѓаат. Во одделни случаи личноста на младинецот прибегнува во членство на повеќе младешки групи, и изградува техника да ги групите прилагодува на својот развиток и формирање. На тој начин личноста во исто време членува во повеќе групи, ги поврзува групите меѓу себе а и сам поприма повеќе обврски .

Социјализација на личноста
низ малите групи.

Процесот на индивидуализацијата на личноста во малата група на другари, пријатели и симпатии многу е детерминиран не само од природата на членовите со кој што заедно членуваат туку и со условите на училиштата и поширокaта социјална средина. Оваа детерминираност се огледа низ фактот што средината ги обезбедува основните услови за здружување и стимулира одделни форми за здружување. Така на пример развиената средина делува позитивно со многуте форми и начини за дружување додека неразвиената средина овозможува само најелементарни услови за функција на малите групи.

Искуството од развитокот и формирањето на оваа генерација покажува два специфични патишта за социјализација на личноста низ малите младешки групи: едниот е претежно еволутивен и болен процес на постепено адаптирање на личноста во својата мала група, односно групата во рамките на пошироките општествени заедници. Ваквите процеси се покарактеристични за релативно развиените средини и субјекти. Во овој процес на социјализација постепено се диференцираат личните мотиви и желби во распонот и темпото на групната динамика. Другиот смер на социјализацијата почнува од изградување "на идеални структури" за групна поврзаност и динамика. При изградувањето на овие мали групи учествуваат сите членови користејќи свои и особено најнепосредни искуства од другите дружби. Чест е случај да се една нова мала група формира по углед или наспроти на некоја друга. Ваквите групи прифаќат готови и испробани критериуми за групен живот и работа, а во одделни околности и многу прецизни ставови и мислења за внатрешни групни односи. Разликувајќи ги овие две структури на групна динамика можеме да скренеме внимание на многу специфичности што се јавуваат во малите младешки групи, а се обусловени од начинот и методологијата како се формирала групата. Имено,

едната е противно априорно дадена и е израз на традиционалната другољубивост додека другата е обусловена во прв ред од реалната опстановка во која што се наоѓаат личностите односно од субјективната природа на членовите од групата што не претпоставува постоење на модели за групен живот. Ова разликување во својата консеквентност би требало да се сведе на становиштето: да постојат традиционални форми за здружување и да постојат нови и современи односно модерни начини за здружување на младинците.

Резултатите од испитувањето укажуваат дека членовите на младите групи често имаат свои внатрешни превирања, се дотогаш додека не се адаптираат на новата групна структура, односно се дотогаш додека не е изградат низ своето сопствено искуство. Слични манифестации имаат и групите во целина, кога се адаптира на можностите на институцијата, или на пошироката средина или пак кога поставуваат барање за сообразено делување према нив.

Многу важен фактор за разбирање на процесите на социјализацијата низ малите групи е детството и особено членувањето во поранешни детски групи. Искуството зборува дека младинските групи често имаат своја генеза низ раната детска возраст. Така на пример младинците од оваа генерација некогаш се друже(ле) со своите другари и пријатели во осумгодишното училиште, додека сега настанале извесни промени:

| | К. | О. | СК |
|---|---|---|---|
| – Тие се отргнуваат од нас, | 4,4 | 13,5 | 14,3 |
| – Ние се отргнуваме | 0,8 | 0, 0 | 0,0 |
| – И тие и ние се отргнуваме | 15,0 | 30,0 | 42,8 |
| – Не не се отргнуваме | 75,8 | 54,5 | 36,6 |
| – Непознати | 4,0 | 2,0 | 0,0 |

Развитокот на другарството и пријателството најдобро се согледува низ односот према оние што завршиле осумгодишно училиште и што не ги придружиле во гимназијата. Податоците покажуваат дека некога се друже(ле) со нив, а сега доста често се отуѓиле. Отуѓувањето од старите другари што не се придружиле во школувањето нарочито е карактеристично за групите во развиените средини. Споредбите покажуват дека доколку средината е поразвиена дотолку и побезболно се раскинуваат одредени стари другарски односи штом се помат основните услови за живот и заедничка дејност. Напротив, доколку средината е понеразвиена дотолку другарските односи со повеќе се подигнуваат на ниво на култ према

групата или другарот. Во неразвиените средини поради недостиг на нови форми за здружување другарите останувааат како стоици што остануваат верни на групните односи. По се изгледа дека одделни односи често се повторуваат во секојдневниот живот, а одделни спомени култивираат и изградуваат една посебна групна култура во релативно непроменетите услови. Поради тоа кај старите /детски и младешки групи/ често се среќаваат многу живи спомени од село или град што на одреден начин се кристализирале како животно искуство. Најкарактеристично е другарството на младинците на Кичевската гимназија, нивните автобиографии преполни се со стари спомени, испробани другари, и изградени чврсти критериуми за дружење. Тоа допринесува да старите младешки групи ни се јавуваат со релативно чврсти структури за внатрешни односи кои многу делуваат во развитокот и формирањето на личноста. Искуството зборува дека ставот на групата е многу важен фактор за активноста на младинецот: многу е битно што мисли групата, што неговите другари и пријатели за активностите и успехот што го постигнале или за било кој настан или појава. Ова се манифестира во животот на училиштето,во семејството низ одделните слободни активности на индивидуата и ти.. Изјавите на учениците за животот на интернатот или кај приватниот станодавец се така слични да може со сигурност да се тврди дека се групно изградувани. За разлика од нив младите групи кои недосегат во детството и условите на роден крај претежно се во сегашниот непосреден живот формирани. Имено, во нив најрелефно се согледува детскат а психа која во другарот, низ другарите бара ослонец со кого заедно ќе сочувствува, мисли и изградува ставови по многу лични и училишни жиzни проблеми. Најкарактеристични групи од тој вид реперезентираат скопските младинци, а делумно и охридските. Тие зборувајќи за своето другарство односно пријателство ја нагласуваат големата потреба на човекот од другар и соработник по нивно мислење човек сам на себе не е доволен и поради тоа има и потреба од контакт. При анализата на другарството на оваа категорија на младинци кристално се согледуваат понорите на личноста што е длабоко свесна за важноста на меѓу човешките односи. Поради тоа одделни биографии на овие младинци значат аларм за другарство пријателство и интима, рељефно изразена жед за тотален контакт со друга личност и близок свет.

Се поставува прашање како да се усмеруваат пона-

тамошните процеси на социјализацијата на личноста и групите, како да се предухитрат едностраните или половичните усмерувања на групата и на одделни членови во неа, како личноста да не се загуби во меѓучовешките односи или низ сјајот на личната афирмација не се отуѓи од своите другари и пријатели. Искуствата од функционирањето на малите младешки групи укажуваат дека секое развивање низ групната динамика претставува одделен творечки акт на групата и на секој нејзин поединец. Реалните процеси на социјализација во малите групи укажуваат дека профилот на новите генерации се оптеретува и со нови спротивности во кои што зафаќа групата или членот низ својот сопствен врвеж. Така на пример, после свршувањето на гимназијата постои една реална можност за големо распаѓање на малите групи што водат традиција од детството или раната младост /нешто слично настанало и после свршувањето на осумгодишното училиште/ Дали таа можност ќе се оствари, и до која мера зависи од цврстината на групата како и од ред други можности на средина во која наново ќе се интегрираат. Искуството зборува дека членовите од цврстите групи бидат исто место на студии, исти факултет или група, тие претежно се ореинтираат кон определени универзитетски центри, бидат исто место за постојан боравак или пак носталгично се сеќаваат за изминатото детство и младост кого тешко можат да го свретат во генезата во својот животен развиток. Погледнато од таа призма процесите на социјализацијата носат предности или створуваат одделни тешкотии што го чинат понатамошниот тек на групата и индивидот загонетен и неизвесен. На пример, дали групата најрационално ќе ја стимулира индивидуата за потполн и брз развој или пак баш таа ќе се јави како фактор на развиток што нема да биде сообразен со предиспозициите и најдобрите способности на субјектот. Искуството зборува дека во голем процент студентите го менуваат местото на студиите, факултетите или групите, дека првите години се карактеризираат со честа промена на работните места и тн., што треба да се толкува и со оглед на специфичната социјализација на личноста на групите во процесот на развитокот и формирањето на личноста. Исто така, во една специфична положба се наоѓаат членовите на релативно краткотрајните детски и младешки групи што се повеќе отворени и што сеослонуваат на општествената динамика во личниот развиток. Кај овие членови присатна е и една опасност да појдат неориентирани, да налетат на првата можност, без оглед дали е онаа правата и да понатака се бара себе во сложените процеси на животот, да бара ис-

ти или слични како себе за да се здружат или пак да останат со едно уверување дека се толку посебни за да не можат да се вклопат во одредени групи или во современиот свет или живот.

Малата група во системот на општествениот живот.

Малите младешки групи често ги среќаваме во неразвиените средини, додека во поразвиените општествени средини личноста не бара посредни патишта за развој на своите активности низ општествената динамика. Поради тоа се мисли дека малите групи претставуваат индикатор за заостанати средини и затоа ги третираат како елементарни општествени заедници. Одделни групи имаат цел да осигураат физички опстанок или биолошки престиж поради тоа се користат во групната динамика со сообразни средства. За разлика од другите групи поставуваат далеку посуптилни мотиви и бараат одредени напори за совладување на препреки што ги донела науката, уметноста, политиката или организацијата на трудот. Со оглед на тоа многу е битно врз основа на кои критериуми се формирала и функционира групата, што мотиви неја ја водат и кои активности се карактеристични за неа.

Постојат мислења дека причините за формирањето на малите групи треба да се бараат во членовите на групата. Некои мислат дека тие лежат во предиспозициите од биолошки и психолошки социјален или друг карактер. Така на пример, се тврди дека одделна група се поврзала поради епикурејска наклоност, порочност или пак низ желбите за доразвивање на своите креативни способности и сл.. За разлика од овие мислења други тврдат дека малата група е обусловена од системот на работа и живот во училиштето, семејството и градот со еден збор од општествената средина во која младината се развива и формира.

Податоците од испитувањето покажуваат дека младинците од оваа генерација своите другарски и пријателски врски ги склопиле во училиштето, а ретко во процесите на разонодата и другите форми на живот и дејност. Иако учениците мислат дека не е толку важно каде се створиле другарските, пријателските односи, односно каде се формирале младешките групи сепак условите за групирање во голема мера делуваат и ги дефинираат односите што се развиваат во групата. Поради тоа младешките групи во најчест случај се резултат на објективната заедничка ситуација во која се раѓала потребата и изградувале можностите за групирање. Така

на пример учениците од Кичевската гимназија во најчест случај тврдат дека низ групната динамика имаат мотиви на образование и цел што подобро да се интегрираат во училиштето и во образовните негови движења. За разлика од нив учениците од Охридската гимназија и особено од Скопската покажуваат една нова тенденција во мотивите на групната динамика. Имено, тие тежат со малите младешки групи да излезат од стериотипните обврски што ги поставило училиштето и другите организирани процеси. Поради тоа, младите групи се створуваат на заеднички излети, во процесите на разонодата, низ слободните активности и низ многу други форми на современен и модерен живот. Поради тоа може да се заклучи дека групите се формираат за да се подобро совладат училишните обврски или пак за да се младинецот растерети од стериотипноста на училишниот живот за да се доживеат и други страни на младоста. Изгледа дека е тука посреде едно сваќање што се фундира на ставот "да се одложи животот на младинецот за да се постигнат образовни резултати, што се услов за подоцнешен содржаен и среќен живот" или пак се смета дека "младоста не се идцрпува со училишни или институционални обврски заради тоа треба да се бараат и нови форми за младешки живот". Појдувајќи од овие два критериуми во праксата на развитокот и формирањето на оваа генерација често се среќаваат две категории на младинци што се разврстуваат во релативно различити младешки групи. Податоците зборуваат дека го одлагаат животот оние младинци на кој што се врши економски образовен психолошки или друг натисок, односно оние што се силно мотивирани за постигнување на поголем успех во училиштето. Интересно е што скоро сите ученици на почетокот од школувањето или учебната година имаат вакви мотиви за да би обезбедиле максимален развиток на својата индивидуа, да би постигнале подобар успех во училиштето. Подоцна во текот на развитокот се јавуваат и нови мотиви за дружење во рамките на дадената или некоја друга напоредна група. Јавната критика на младината во рамките на училиштето и широката средина на комуната често е упатена кон овие младешки групи што покажуваат белези спотед мнението на институцијата на специфична неконструктивност. Така на пример, се критикува младината дека е повеќе склона кон разонода и уживање, а помалку кон учење и работа, но во исто време младината се критикува и поради тоа што се уште аскетски се развива и формално го обавува училишните обврски. Во едните околности се критикува реформата која го оставила младиот човек загубен во шумата на

интереси и склоности, права и обврски. Да би се тоа преовладало се предлагаат форми на притисок да се младината во име на општеството, комуната или училишната организација. Се предлага дијаметрално спротивни мерки за хуманизација на училиштето во име на субјектот и сл.. Во други случаи се бара реформата да се сообрази со условите на комуната, традицијата, младоста и менталитетот на луѓето. Мерките кои се предлагаат типично ја одразува средината на комуната и на училиштето. Треба да се напомене дека овие критики ги прифаќаат факторите на училишниот живот бидејќи јавното мислење делува на внатрешните процеси во образовните институции, а таа ги стимулира или ограничува во одделни околности или жигосува некои форми што ги смета за неконструктивни неводејќи сметка за некои непредвидени реагирања што се одлагаат за подоцна. Кон целиов овој систем на мерки реагира младината, таа се целосно или делумно идентификува со нив или пак изградува еден систем на реагирање слободно упатувајќи се во новите форми на здружувања што овозможуваат потполн младешки живот.

Малата група обезбедува елементарен тоталитет на личноста

Постојат мислења дека сите односи во општеството требада се уредат врз принципот на симпатија и антипатија. Тоа значи дека треба а се појде во измени на светот и животот не со револуции и други општествени превирања, туку да се појде од формирање на хомогени мали групи во кои ќе се изградуваат онакви односи за какви што се достојни нејзините членови, односно дадените непосредни услови. Претпоставка на оваа теорија е дека тешко се средува светот во целина, затоа треба да се појде од средувањето од неговите основни клетки - малите групи за да се достигне до една харрмонија во која ќе се сведат на една природна мера сукобите меѓу луѓето. Наспроти на ова постои и друго мислење, што укажува дека малата група е елементарна заедница, слична на примитивните здружувања на немоќните. Според ова сваќање индивидата доволно е способна за да може слободно и непосредно да се интегрира во големите заедници и сложените процеси и поради тоа не е потребна елементарна форма на здружување за интеграција во светот и животот. Тоа значи дека сукобите меѓу луѓето не се детерминирани од човешката природа, туку од принципиелните постапки на кој е поставен светот и животот во одделен систем или одделна заедница. Овие две движења се издигнуваат на ниво на филозовски системи и значат две посебни мотивации на лу-

ѓето за големите светски проблеми или пак за секојдневните преокупации на субјектот.

Генерацијата што ја проучуваме свесно или латентно ги прифатила и двете појдовни основи и поради тоа релефно се упатила во два смера. Едните ни се јавуваат во групи и низ групни активности, а другите се развиваат и формираат како индивиди не врзувајќи се за одделни мали младешки групи. Меѓутоа, кога се внимателно анализираат групите тогаш може да се согледа различит смер на мотивацијата кај младинците за групна припадност. Едни младинци постанале членови на група за да подобро ги решат некои заеднички проблеми, додека други да си обезбедат сигурност комодитет и развој на својата индивидуалност. Младинците кои не членуваат во групи /или бар мислат дека не се обврзани/исто така имаат подвоени цели за својата апстиненција од мали групи. Тие или не сакаат или неможат да се интегрираат во групната динамика. Поради тоа развиваат кај себе атрибути заради кои ќе ги прифати групата или пак остануваат осамени и оттуѓени на врвицата од меѓучовешките односи пркосејќи на секое групирање.

Општествените привики и особено училиштите и домашните услови стимулираат или ги ограничуваат некои форми на здружување. Тоа овозможува да настанат и одделни сукоби кога не се усогласиле факторите на домашниот,училишниот или општествениот живот. Овие спротивности се јавуваат меѓу наставниците и учениците,меѓу родителите и младинците и сл.. Низ нив често се расправа за сообразност или несообразност на одделна групна активност или индивидуален постапак на некој младинец. Сепак најчеста појава е малите групи да се формираат баш тогаш кога многу се изразени спротивностите во рамките на еден или повеќе фактори. Тоа значи дека ситното групирање не е услов но е реакција на несогласијата во рамките на одделни образовни воспитни и други процеси. Во таквите околности младата личност се групира за да ги доизгради своите критериуми што ги смета за најадекватни, односно да изгради свои систем на реагирања кон одделни барања што ги поставуваат институциите и организациите. Поради тоа се смета дека малата група претставува емотивна организација на младешкиот живот во која се изградуваат и зацврстуваат ставовите и мислењата по многу општествени проблеми.

Малата група претставува форма
за решавање на некои спротивности

Класичниот систем на школување и работна организација индивидата ја третираше како изолирана единка а групата на субјектите како објетк во одделните процеси. Поради тоа овој систем беше критикуван што не води сметка за субјектот во процесот на наставниот, производниот и другиот општествен живот. Тој систем беше критикуван дека вовозможува структура што е апстрактна и несообразена со реалните процеси во кој што субјектот има големо место и улога. Реформата на школството, модернизацијата на современите технолошки процеси ја прифатија формата мала група преку која учениците односно производителите треба да решат некои специфични проблеми што овозможуваат побрзо и побогато интегрирање односно афирмирање на индивидуата во организираните процеси.

Резултатите на испитувањето покажуваат дека младешките групи развиваат богати содржини и конструктивни меѓучовешки односи. Често тврдат младинците дека низ секојденвните контакти со другарите и пријателите соработуваат по многу проблеми од заеднички интерес. По нивното мислење тоа е една од главните причини за честох состанување со своите другари и пријатели. Во меѓусобните другарски или пријателски контакти тврдат учениците дека е необично важна безрезервната помош на другарот кога за тоа има потреба. Низ содржината на групната динамика може да се констатира еден процес во кој што се доминантни училишните проблеми кои подоцна се повеќе се прошируваат на останалите младешки доживувања. Личните контакти почнуваат со меѓусобни идентификации и често свршуваат со изградени категории за етички односи. Така на пример, контактите почнуваат од размена на искуства по некој дневни задолженија, тие подоцна добиваат сосема друга боја и ја прошируваат рамката на образовниот интерес, така да подоцна низ контактот се разменуваат искуства што непосредно ги карактеризираат општествените движења или суптилните лични мотиви. Разговорите меѓу младинците а и останалите активности често личат на монолози а друг пат се одвиваат во заострена форма каде што се страсно нешто докажува или побива. Често младинците се издвојуваат на подвоени две страни кои застапуваат потполно опречни становишта.

Најомилена тема за разговори меѓу членовите во малите групи се личните доживувања во кои што имале главна улога, многу згоди и незгоди од секојдневниот живот често се предмет на

дискусија некои односи во семејството, односи во некои други групи или држење на некои поединици. Дискусиите се однесуваат за гледан филм, за читење книга, за спортот и успех во школата и за се друго што на еден или друг начин го повлекува нивното внимание. Во малата група се разменуваат информации и изградуваат ставови и мислења во многу проблеми а особено по оние врз кои се осланува групата. Некои американски социолози имајќи ги во предвид овие процеси внатре во групата сметаат дека постои некоја посебна"култура на врсниците" и при тоа подразбираат некои стандарди што ги поставува одделната детска или младешка група.

Поврзаноста со другарот и пријателот во одделни моменти доведува до потполна идентификација. По мислењето на младинците може да се види колку е другарот другар: во тешки моменти во животот, во типично заеднички моменти, во вонредно нови ситуации и специфични, во процесите на заедничкиот живот /за време на работна акција, на излет, на екскурзија и сл./, за време кога се решаваат некои лични проблеми, кога во незгода притекне другарот во помош при некои доверливи работи, во моменти кога се побара од него помош, во моменти кога сум критикуван или пофалуван, во прилики кога сум разочаран, кога и доброто и лошото го делиме, во решавањето на интимните прашања, кога ја зборува вистината без оглед колку е тешка, кога се однесува према мене како и јас спрема него и сл..

Критериумите за групна поврзаност покажуваат дека денешната младина изградила чврсти односи во малите детски групи низ кои ги одмеруваат и најсуктивните односи од другарски, пријателски карактер. Начинот како се воспоставил другарскиот и пријателскиот однос, формите низ кои се верифицира и особено содржините на меѓусебните врски и односи во групата најдобро зборуваат дека младата генерација има з големо искуство за воспоставување на меѓучовечки односи.

Процесот на изградување на младите младешки групи процесот на прилагодувањето на индивидуата на нормите од својата група, и на групата во широката општествена заедница зависни се од степенот на развиеност на средината која овозможува поголеми или помали активности низ кои се зацврстува групата и прилагодува секој член. Поради тоа на поедини членови им било потребно

релативно повеќе време а на други помалку за да наградат чврст и другарски однос:

| | К | О | Ск. |
|---|---|---|---|
| | 112 | 74 | 105 |
| Многу време | 20,5 | 10,8 | - |
| просечно вр. | 22,3 | 21,6 | 27,6 |
| малцо време | 54,4 | 62,2 | 66,6 |
| непознати | 2,8 | 5,4 | 5,8 |

Од податоците може да се заклучи дека денешните младинци многу бргу стапуваат во контакт со луѓето и бргу се спријателуваат и постанува другари со нив. Подлабоката анализа покажува дека доколку средината е повеќе развиена , а можностите во неа за здружување поголеми то и за стекнување на другари и пријатели треба многу малку врем

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ НА МЛАДИНЦИТЕ

/Слободно време и слободни активности/

За разбирање на процесите во секојдневниот живот на младинците во современата литература често се употребуваат два основни поима и тоа: "Слободно време" и "Слободни активности". Тие ја одразуваат специфичната организација во секојдневниот живот на личноста и укажуваат на некои нови обележја што ги манифестира современата личност.

Слободното време - како што популарно се вика за разлика од работното преставува релативно посебен комплекс, што е обусловен од новата технолошка подела на трудот која ги рационализирала активностите на производителот. Тоа преставува резултанта од зголемените материјални и социјални слободи во општеството и одделно индикатот за степенот на самостојност на личноста во организацијата на својот секојдневен живот. Низ него непосредно се изразува човешката природа релативно не зависна од класичните категории на трудот и институционалната поделба на задолженија. Поради тоа теоретичарите со помош на обележјата на слободното време чинат обид да ја преовладат класичната поделба на трудот и организацијата на современата цивилизација. Некои од нив многу гласно тврдат дека човештвото со автоматизацијата влегува во ерата на слободното време. Големите француски теоретичари на полето од општествените науки како што се Жорж Фридман, Димаздие и други му посветија сериозно внимание на овај нов комплекс на современиот живот. Тие во своите емпириски студии ги покажаа процесите што се карактеристични за современата поделба на трудот што со индустријализација и автоматизација добиваат нови можности и перспективи. Во овие процеси по нивно мислење на посебен начин се манифестира субјектот низ работното место и другиот секојдневен живот на човекот. "Хоби далеку подобро ја изразува људската личност од колку работата".

Слободните активности во литературата се третираа како суштина на слободното време, поради тоа и реформата на школството низ наставните планови и програми му одделни посебно место и улога. Според концепцијата на реформата слободните активности треба да ги регулираат самостојните училишни организации за да дојде до полн израз личноста на младинецот и ученикот. Слободната активност има резон во училиштето само тогај кога овозможува самостојна организација на субјектот во решавање на некои специфични проблеми што низ обврзната и изборната настава неможеле да бидат земени во предвид или неможеле да бидат предвидени , изведувани или регулирани. Слободните активности битно ја изразуваат физиономијата на денешниот младинец и ученик, многу поцелосно и посуштествено од изразот низ обврзната и изборната настава каде што се предвидени и однапред регулирани формите и содржините на овие процеси.

Ако слободните активности добиле свое релативно самостојно место и улога во системот на училишниот и образовниот живот тогај може да се претпостави дека процесите на обврзната и изборната настава ќе мора да се сообразат со нив. Во противен случај би требало да се смета дека училиштето и образовните процеси останале на класична основа или само делум се видоизменале на својот класичен распон.

Претпоставка на испитувањето е дека слободните активности ќе треба да го изразуваат непосредниот живот во комуната и заедницата во целина. Ова делување на непосредните услови во развитокот на слободните активности се претпоставува дека е повеќе карактеристично за развиените општествените средини. Тие ги издигнуваат слободните активности на учениците што се одвиваат во училиштето на ниво на комунална и општествена функција. Таквиот третман на слободните активности повлекува и потреба за нова распределба на условите за активност во училиштето и во општествената средина.

Средините општествени и училишни што не се доволно развиени се претпоставува дека слободните активности ќе ги повлекуваат во дифузни процеси низ кои тешко ќе се разграничува слободната од обврзната активност, работното од слободното време и образованието од другите процеси за развиток и формирање на личноста. Поради тоа во таквата практика формите за слободна активност елементарно ќе ги реализираат барањата на реформата и на наставните програми не водејќи доволно сметка за субјектот на

ученикот. На пример: сите ученици се запишуваат во една активност или слободните активности се усогласуваат со наставните процеси односно учениците се ориентираат кон оние активности низ кои што сакаат да оставаат посебен впечаток спрам одделен наставник.

Слободните активности произлегуваат од внатрешната содржина на индивидуалниот,училишниот и општествениот живот. По својата историја, по својата генеза тие преставуваат понатамошно и доследно организирање на детските и младешките игри. Постои една логична врвица од играта на детето, преку слободните активности на младинецот до целосната изражајност на возрасниот низ формите на слободата и личниот и хоби. Така на пример: играта го карактеризира детството, со неа се осмислува светот што опкружува. Во светот на игрите "Волшебно се во се се претвара", а детската фантазија постапно упатува во конструктивност и творештво. Водени од тие сображенија се потегнаа така тешки зборови во одбраната на детството и младоста од канонитe на старата класична школа. Реформата на школството, новите наставни планови и програми, новата организација на училишниот живот и многуте форми на општествена , професионална и друга активност се обидоа да ги преовладат ставовите на старата класична школа по прашањето на детскиот и младешкиот живот. Претпоставка на овие нови процеси е дека слободните активности ќе овозможат таква организација што ќе овозможи полна афирмација на субјектот низ процесите на детството и младоста.

Слободните активности битно ја
изразуваат физиономијата на
денешниот ученик

Во периодот на првата , втората , а делумно и во третата година од школувањето на учениците од оваа генерација беше популарно едно мислење дека гимназијата треба да скрене големо внимание на слободните активности на учениците /се мислеше дека слободните активности ја карактеризираат исцело реформата на школството/. Во таквите околности се добиваше впечаток како да училиштето се претворило во некој "клуб" на фото, мото секции , радио секции и сл. Меѓутоа во исто време се тврдеше дека не треба развојот на слободните активности да се одрази штетно на обврзната и изборната настава во училиштето. Најдобар пример за тоа е Кичевската гимназија за која се мислеше дека многу му посветила внимание на слободните активности, а дека за

сметка нав тоа по секоја веројатност ја запоставила обврската према редовната и изборната настава. Критичарите на овие процеси пронаоѓаа различити причини за таков врвеж на школата и се обидуваа да го обвинуваат директорот на училиштето, дел од наставните кадри или учениците. Во други услови оштрицата ја свртуваа на општествената средина, на одделни органи и организации или на самата институција Гимназија, што се заинтересирани за брза афирмација на училиштето не водејќи сметка да се при тоа бираат и најконструктивните патишта. /Се мислеше дека со слободните активности треба Гимназијата да стекне углед и да се афирмира како институција/. Слична состојба можеше да се наслути и во Скопската гимназија "Јосиф Броз Тито" и кај нив директорот на школата и дел од наставниот колектив при анкетирањето на учениците зборуваа дека и учениците се и премногу зафатени со слободни активности. За разлика од нив состојбата во Охридската гимназија даваше една сосема друга слика. Во оваа школа главното внимание беше свртено кон редовната настава, а слободните активности беа исцело сообразени со тие процеси. Само во одделни случаи се јавуваа некои активности низ кои што беа пресматани амбициите за афирмацијата на училиштето преку приредби и други свечаности. Се разбира во овие услови многу малку се водеше сметка за субјектот на ученикот и за формите на неговото доразвивање.

Се поставува прашање како тоа да се најдат две гимназии од сосема различити услови на исти колосек. Зошто типично неразвиената средина /Кичево/ и типично развиената /Скопје/ вршат пресудно делување и перманентно настојуваат за развиток на слободните активности на младинците односно учениците. Во едната средина нема институции за слободно време и за богата организација на секојдневниот живот на младинците - "Освен едно кино" како што вели еден од учениците. За разлика од неа во другата постојат шума на институции за дополнително образование, за рекреирање , за одделно творештво со еден збор постојат можности за да на сите страни никнат разноврсни активности за забава, разонода, уживање и слично. По се изгледа дека постојат доста специфичности во слободните активности што се обусловени од општествената средина и субјектот на индивидот. Појдувајќи од тоа може да се претпостави дека младинците од неразвиените средини поставуваат барање од училиштето и од општествената средина да обезбедат форми за слободен израз на личноста. За разлика од нив младинците од развиените средини што се упатиле во одделни процеси на активност поставуваат барање да училиштето или општествената заедница изгради

критериуми за активност. Значи слободните активности постанале проблем за младинците од развиените и од карактеристично неразвиените средини. Нивната проблематичност , содржините и формите одразуваат барање за организација на овај вид на активност или пак барање за верификација на одделни достигања на тие процеси.

Просечно развиените средини /како што е Охрид/ навикнале на едно свое темпо "на периодични квалитативни скокови" /преку летната сезона има вонредно развиен културен уметнички и друг живот додека во останалиот период луѓето се повлекуваат во своите сопствени обврски и затворени доживувања/. Чест е случај разонодата во овие средини да се бара од некој друг , а не од своите сопствени вложени усилби. Личностите често се јавуваат како консуматори, а ретко каго како креатори низ одделни активности. Поради тоа се повеќе кај учениците се изградува сваќање дека училиштето е должно да обезбеди општа и обврзна настава /за тоа е способна/, додека слободните активности се нешто на пошироката средина или личната преокупација на секој поединец. Прашање е колку училиштето може да ги раководи, усмерува и стимулира слободните активности дали е тоа за такви процеси квалификуван. Па и ако може тоа да го чини се поставува прашање колку е тоа рационално и дали таквите процеси не водат на старите колосеци од училишниот живот каде што училиштето има монопол на сите активности што ги развива одделен субјект.

Реформата на школството творечката педагошка теорија и практика недоволно го прецизирале местото и улогата на слободните активности од агол на развиените или неразвиените средини институции и организации во комуната. Ова е битно да се теоретски разработи и низ праксата провери да не би се слободните активности еднострано усмерувале и сообразувале. На пример: само со наставниот план и програм , само со целите и задачите на училиштето, со манифестициите на општествената средина или исклучиво со субјектот на ученикот. Секое еднострано усмерување на слободните активности би требело да се смета за индикатор на насилие врз личноста, училишната организација или општествена средина, односно да се пресметува резултатот од нив како еднострана прагма.

Слободните активности го прошируваат распонот на специфичниот живот

Кога ја критикуваме старата класична школа дека дава "укалупени и еднакво потшишани луѓе" ги имавме во предвид можностите на личноста што не дошле до израз и одделно барањата на широката средина за формирање на нови профили на производители, креатори и граѓани што далеку подобро ќе се интегрираат во современите движења и настани. Во тие критики ги имавме во предвид научните достигања , силата на општествениот систем да излезе во пресрет на човешките дарби и способности како и разбудените мотиви на луѓето за творечко вклучување во општествената динамика.

Ако одделно се анализира специфичниот живот на учениците низ слободните активности тогаj можат да се изградат некои основни претпоставки што го карактеризираат. Така на пример: организираните форми на активност имат лични преокупации што се релативно независни од условите на семејството, училиштето, комуната и пошироката заедница. Слободната активност во прв ред ја детерминира непосредната потреба на субјектот. Со оглед на тоа младинците се склони кон едни форми на активност повеќе, а кон други помалце и ретко кога ги користат рационално сите можности што ги дава непосредната средина. Поаѓувајќи од критериумот на еден ваков агенс може да се објаснуваат одделни противречности во ставовите и мислењата на младинците односно во ставовите на институциите во општествената средина. Имено, едните тврдат дека во дадената средина нема доволно услови за развој на слободни активности, додека другите тврдат сосема друго и докажуваат дека нерационално се користат постојните можности, односно ја обвинуваат младината за неконструктивност и раскалашност во слободните активности.

Вообичаена практика е да се богатството на содржината и формите на слободна активност пресметуваат низ одделни организации и институции. Со оглед на тоа се претпоставува дека денес за развој на било која активност потребни се и некои услови. Како на пример: време, материјални средства /со оглед на институционализацијата на некои слободни активности/ и одделна активност низ процесите. Во таквите околности може да се мисли дека активистите ќе развиваат посебни физички , културни и други атрибути низ организирани процеси. Меѓутоа, ако се претпостави

дека не сите младинци се во состојба да ги обезбедат основните услови за некоја активност тогај може да се претпостави некои половични и делумни развивања и формирања низ слободните активности.

Темпото наки слободните активности се изразува низ квалитетот на знаењата и творечките способности, во степенот на умеењето и рекреираноста, во апстиненцијата и апатичноста за одделни активности,што се зависи од критериумите на активност и од видот на дејност. Претпоставка е дека темпото на развитокот на слободните активности ќе варира со оглед на можностите на субјектот, со оглед на можностите на средината да ги обезбеди условите, односно сообразно на искуствата стекнати и творечки за развиток и афирмација на одделни активности. /Ако слободната активност не ја третираме како елементарна разонода, како ефтина забава и ситно уживање, ако не сметаме дека за слободна активност е нужно само време/.

За илустрација на сложените процеси и богатите содржини на слободните активности ќе наведиме некои примери од организацијата на секојдневниот живот на младинците во развиените средини:

"Обично излегувам да се прошетам во слободно време. Но одам и во "Аероклуб" тамо сум член. Се занимавам со радиотехника; во слободно време одам на разни игранки, на спортски приредби - бидејќи мислам дека физичката култура е дел од самиот живот и едно неопходност; слободното време го користам за културно и телесно воздигнуваве: посетувам читалница, одам на кино, член сум на "Партизан" во Ѓорче Петров, бел член во шах клубот и слично. Во недела бидејќи сум фото аматер одам со апаратот во Сарај, Матка. Кога е врнежливо седам дома и се занимавам во својата техничка работилница правејќи разни апарати , детектори, ракети и друго, а во вечерните часови во полната тишина пишувам стихови и раскази; одам во музичко школо и свирам виолина, но повеќе ме влече глумата и како таков учествувам во "Детската радио драма". Одделно многу сакам да играм фудбал; кога сум слободна времето ми минува во забава, понекогаш читам она што треба да ми послужи во мојот иден живот.... сакам да го збогатам речникот. Друг пат и помагам на мајка ми додека таа ги врши домашните работи; во слободно време одам било на игранки - каде е се весело и во ритмот на младоста , на кино - низ секој игран филм ја преживувам историјата на главната личност која има макар една слична особина со мене, одам и во театар - но се ми изгледа

озбилно, а животот многу сериозен, читам книги и тоа најповеќе оти од секоја прочитана книга согледувам многу животи; во слободното време се бавам со спорт, а особено со фудбал, столни тенис и кошарка. Покрај спортот љубител сум на фотографиите и затоа понекогаш регистрирам со објективот многу интересни работи. Во слободно време слушам забавна музика /и тоа вистински цев/. Во вечерните часови гледам телевизија, а се разбира и читам книги /особено од Ремарк, Хемингвеј и други/. Во иднина моја жеиба е да се активирам како младинец или како младински раководител, сепак ми останува доволно време. Шетањето ми е потреба која ретко кога си ја ускратувам. Скоро секој ден навечер излегувам да се прошетам, тоа ме освежува и орасположува. Инаку играм кошарка и најголем дел од времето го поминувам на игралиште и на утакмици. Одам на кино од прилике четири пати месечно, према репертоарот, а одам и наж театар али само со училиштето. На јавни игранки одам ретко, а на журеви со поблиски пријатели доста често. Таа ми е пријатна забава. Према возможностите одам на екскурзија која исто така многу ме привлекува; сега повеќе обрнувам внимание на моето слободно време. Почнав активно да се занимавам со спорт, активен сум во младинската организација. Слободното време го користам за да појдам и некаде надвор од Скопје... Активно се занимавам со планинарење; пред неколку години имав повеќе слободно време, а сега повеќе останувам дома и учам. Сепак одам на кино, недела пред пладне во парк за да се освежам. Мислам од кога ќе ја свршам гимназијата и кога ќе бидам студентката повеќе ќе имам слободно време; слободното време треба да се распредели така да има време за се: да се помага во домаќинството, да се прошета, да се оди на кино, на игранки, концерти и слично".

Примерите покажуваат дека развитокот и формирањето на младинците од оваа генерација слободното време и слободната активност ја исполнуваат со една специфична содржина што го доразвива субјектот на личноста. Слободните активности преди се се непосредни израз на предиспозициите,способностите и мотивите за развиток на професионалната општествено политиката и другата културна личност. /Учениците при изборот на својата слободна активност се легитимисуваат и на соодветен начин тестираа колку активноста ги привлекува/. Ако внимателно се анализираат изјавите на учениците за животот и дејноста во слободното време и низ слободните активности може да се констатира дека не сите

форми за активност имаат подеднакви услови за постоење и развиток во училиштето , домот или градот. Поради тоа учениците се усмеруваат на оние активности , во онај смер за кој што имаат релативно подобри услови, а не таму за кои што се осеќат најголемата потреба. Така на пример: карактеристично е што учениците од неразвиените средини често се ослонуваат на можностите на училиштето или пак на можностите што ги дава домашните услови за живот. Меѓутоа учениците од развиените градски средини исцело се окупирани со можностите што ги нуди развиената техничка средина и мрежата на институции и организации во градот.

Слободните активности на учениците во неразвиените подрачја ги ометаат недоволните услови за активност. Се добива впечаток како да младинците на одделно средство за слободна активност му припишуваат необична моќ - "средствата се пресудни" тврди еден ученик за развиток на слободните активности. Интересно е што во овие средини некои форми за активност го привлекуваат вниманието на сите ученици. Во нив се бараат материјални можности за решавање на тие проблеми, по нив најмногу се дискутира. Сразмерно со решавањето на овие материјални проблеми се повеќе личните мотиви во активноста добиват поголемо местои во дискусијата. Така на пример: учениците од Кичевската гимназија често тврдат немање средства, простории и слично, додека учениците од Охридската гимназија често се правдат дека се преоптеретени со училишна работа и немаат доволно време за да се активно бават со некоја активност. Најкарактеристично во таа насока се Скопските ученици, за нив се обезбедиле основните услови за слободните активности. Поради тоа за нив се поставуват еден нов проблем, а имено како да се организира животот , а при тоа максимално да се доживее, да се сознае, да се доразвие својата личност. Односно како да се изгради систем на личниот живот во една сложена и брза динамика .

Учениците од неразвиените средини често критикуваат општествени услови, училишни организации и други институции што не обезбедиле здрава и содржајна разонода за младинците и граѓаните. Во овие критики особено предњачат учениците од неразвиените средини. Општа е тенденција негативните судови за слободното време и слободните активности се повеќе да се намалуваат. Во темпото на подобрувањето се осеќа една тенденција во неразвиените средини да се многу критикува сегашноста што не се споредува со минатото, а се појдува само од нивото на идеа-

лизираната иднина /на пример: на еден позитивен суд за сегашната организација на слободното време и активности во Кичевската гимназија доаѓаат по два, четири позитивни. Тоа значи дека секој втори односно трети ученик низ текстот на слободното време критикува. Меѓутоа, кога станува збор за иднината само два - три од сите ученици предвиделе некои слабости во слободното време што ќе бидат детерминирани од сегашната положба/. По се изгледа дека критиката за младинците е една добро испробана техника за да се привлече вниманието на општествените и другите фактори и со тоа се обезбедат услови за работа на слободните активности. Карактеристично е да се напомене дека оштрицата на критиката претежно е свртена кон училишната и градската средина, а не кон својот субјект што е носител на слободната активност.

Слободните активности во развиените услови се покажуваат низ многу форми и со разновресни содржини. Тоа обусловува поголем распон и модерно темпо во личниот живот на младинецот каде што се води сметка за сите можности на индивидуата. Ова треба да се нагласи бидејќи во условите на неразвиеноста младинецот претежно е заинтересиран само за една своја особина, односно за една одредена активност, свесно запоставувајќи ги другите диспозиции за кои што нема доволно услови. Слободните активности во развиените услови даваат многу големи можности за развиток на телото и умот и за хармоничен развиток на личноста. Ова треба да се нагласи бидејќи во условите на неразвиеноста слободното време и слободната активност се користи како превентива за рамнотежа на личноста, односно како опоравување од некои деформации што настанале или ќе настанат низ секојдневниот живот на личноста.

Темпото на слободните активности зависно е од објективните услови на средината и од можностите на индивидата што се развива и формира. Според сваќањата на учениците во неразвиените средини главната вина за успореното темпо на некоја активност треба да се бара во објективните услови. За разлика од нив младинците од развиените средини постојано ги преиспитуваат своите способности и наклоности во процесите на слободните активности и при тоа водат сметка особено за развитокот на својата личност. Значи критериум за слободната активност е личноста на ученикот.

Кога глобално се анализираат одговорите на учениците и при тоа се води сметка за степенот на развиеност на

средината можат да се согледаат некои карактеристики што укажуваат на усогласеноста на потребите за развој на одделна активност со можностите на средината. Така на пример: учениците често пати се правдат дека нема доволно слободно време:

| | К 112 | О 74 | Ск 105 | Се 291 |
|---|---|---|---|---|
| -Има многу слободно време | 22,3 | 6,7 | 4,7 | 35 |
| -Има малце слободно време | 35,7 | 32,4 | 76,1 | 144 |
| -Има многу малце сл.време | 22,3 | 30,2 | 19,2 | 67 |
| -Нема слободно време | 18,8 | 28,5 | 0,0 | 42 |
| -Непознати | 0,9 | 2,2 | 0,0 | 3 |

Учениците често одат на кино, читаат книги, одат на театар, пишуваат песни, а ретко се бават со некои активности што ја развиваат физичката снага и здравјето , односно што ја развиваат техничката култура. Се добива впечаток дека учениците на застарен начин се разонодуваат. Една наивна тенденција кон сестраност скоро секогаш е присутна во слободното време и слободните активности на учениците /треба да се учествува во сите активности за да се створи впечаток на широка и модерна индивидуалност/. Изјавите на учениците зборуваат дека родителите се помалце ги оптеретуваат своите деца со домашни проблеми и дека скоро секогаш ги ослободуваат за несметан развиток. /Само еден незнатен процент на родители ги оптеретува децата со домашни проблеми сообразно на материјалната моќ на семејството и поделбата на трудот и задолженијата во него/.

Постои голема разлика во стилот и јазикот кај учениците низ текстот што зборува за слободните активности. Имено, Кичевските ученици кога пишуваат за слободното време и за активностите тежат да се изразат со општи категории /како да читаат од некој реферат/. За разлика од нив Охридските ученици низ текстот повеќе се исповедаат за проблемите што ги оптеретуваат и за тешкотиите на кои што наидуваат во процесот на слободните активности. Меѓутоа, карактеристични се Скопските ученици бидејќи настојуваат да прикажат еден систем за современа организација на секојдневниот живот на младиците во кого максимално се вклучени сите можности на индивидуата и на општествената средина.

Темпото на слободните активности многу е осетно на сите други обврски. Така на пример: учениците во почетокот се многу мотивирани за некоја активност но подоцна се побеќе опстинираат од нив. Причините можат да се бараат во неправилниот подбор на активности, во непредвидените барања на семејството и

другите фактори што го симива слободното време и активност од систем на секојдневен живот на случај и на ефтина забава и разонода. /Извесни противречности доаѓаат и од неусогласеноста на некои фактори што се задолжени за слободните активности и што произволно го оптеретуваат ученикот не водејќи сметка за другите негови обврски/.

Слободните активнсости се услов за позитивно вклучуво општествениот живот

Старата класична школа , а во прв ред гимназијата беше критикувана како затворена институција што не ги развила односите со пошироката средина. Беше осудувана како типизирана и еднострана во своите настојувања низ наставните планови и програми, односно се сметаше дека е многу архаична низ фондот и квалитетот на знаењата што ги даваше на учениците. Новата концепција направи обид да ја развие соработката на гимназијата со пошироката средина на комуната, да ја измени организацијата на внатрешниот училишен живот и да озакони слободна интеграција на учениците во процесите што се одвиваат во пошироката заедница. Поради тоа може да се претпостави дека низ новата практика слободните активности на учениците ќе се развиваат низ пошироки рамки и ќе донесат непосредни искуства за зголемениот профил и збогатената личност на младинецот.

Кога глобално се анализираат тенденциите во слободните активности на учениците што живејат и се школуваат во неразвиените средини се доаѓа до сознание дека учениците немаат изградена престава за слободно време и слободна активност. Тие немаат поим за слободна активност и е машаат со барањата што ги поставува општата и обврзната настава. Тоа доведува до одделни несогласија и до некои нереални барања од наставниците , од наставничкиот или училишниот одбор /учениците бараат да ги слободните активности раководат наставниците и да тие изготват организација на активности. Наставниците склони се да ја прифатат таквата задача али поставуваат барања таквата живна улога и посебно да се наградува/. Така на пример: учениците мислат дека слободното време треба да го организира:

| | К. | О. | СМ. | СЕ: |
|---|---|---|---|---|
| | 112 | 74 | 105 | 291 |
| -Го организира секој сам | 38,5 | 39,1 | 28,5 | 102 |
| -Заедно со другарите | 9,0 | 2,7 | 19,0 | 32 |
| -Го организира семејството | 9,0 | 5,4 | 4,7 | 19 |
| -Го организира школата | 15,1 | 27,0 | 0,0 | 37 |
| -Го организираат организ. | 3,5 | 6,7 | 0,0 | 9 |
| -Го организираат институц. | 23,2 | 19,1 | 47,8 | 90 |
| -Непознати | 1,7 | 0,0 | 0,0 | 2 |

На прашањето "кој треба да го организира слободното време и слободните активности" младинците одговараат во најчест случај дека секој сам е должен да го организира својот секојдневен живот. Тенденција е на учениците од неразвиените средини и на оние од поразвиените услови да бараат некоја институција тоа да го чини и да ја прими таа улога на себе. За разлика од нив во просечно развиените средини се јавува тенденција училиштето со сите свои форми даи обезбеди целостен живот и активност на учениците односно на младинците и да не го препушти ученикот сам во своите слободни активности, односно да не го остави осамен на репертоарните политики во градските институции за разонода, забава и уживање.

Видлива тенденција е слободните активности да се постепено инстутиционализираат и да се младинците јавуваат претежно како консуматори. Во активностите влегуваат само со желби, а делумно и со време /правдајќи се дека се презафатени со учење/. Но постојано настојуваат во име на колективот и правата на член во училиштето или општеството да некој други им обезбеди услови за активност. Таквата клима сосема природно раѓа и масовни облици на слободни активности во кои често младинците групно и симболично се откриваат себе. На прашањето со кого често го проведува слободното време учениците одговараат:

| | К. | О. | СМ. | СЕ: |
|---|---|---|---|---|
| | 112 | 74 | 105 | 291 |
| -Сам | 8,0 | 14,9 | 19,0 | 40 |
| -Со другари од класот | 34,9 | 36,8 | 43,0 | 111 |
| -Со другари од школата | 30,4 | 21,4 | 9,5 | 60 |
| -Со својата девојка-младич | 9,8 | 12,1 | 19,0 | 40 |
| -Со другари надвор од школ. | 9,8 | 6,7 | 9,5 | 26 |
| -Непознати | 7,1 | 8,1 | 0,0 | 14 |

Тенденција е слободното време да се проведува со другарите од класот, односно од училиштето во целина. Интересно

е да се уочи тенденцијата како во неразвиените услови слободната активност од училиштето се повеќе се проширува во рамките на поширокота средина и тамо ќе се бараат нови услови за проширената дејност. Во исто време видлива е и тенденцијата во поразвиените услови слободните активности да се повеќе сообразува со својата личност што перманентно се осамува низ слободното време или пак проведува со својата девојка-односно младич.

Во слободното време учениците се бават со разновидни активности што имаат различити степен на активизација, односно што носат специфични содржини во системот на секојдневиниот живот на младинците . Така на пример: учениците во слободното време во најчест случај се бават со проблеми од училиштето, ја развиваат својата физичка снага или пак непосредно без некоја организираност се разонодуваат и одмараат /за време на слободната активност и особено во слободното време не треба да се планира и програмира бидејќи слободата би ја изгубила од елементите на изненадност и слободен тек на настаните/.

| | К. 112 | О. 74 | СК. 105 | СЕ: 291 |
|---|---|---|---|---|
| -Во слободното време се одмар. | 13,4 | 12,1 | 19,0 | 44 |
| -Во сл. време се разонодуваат | 6,2 | 9,4 | 33,4 | 49 |
| -Во сл. време се бават со спорт | 18,7 | 14,8 | 9,5 | 42 |
| -Во сл. време учат | 31,2 | 43,6 | 33,4 | 102 |
| -Во сл. време се бават со творешт. | 6,2 | 1,3 | 0,0 | 8 |
| -Во сл. време некого помагаат | 9,8 | 6,7 | 4,7 | 21 |
| -Во сл. време заработуваат | 4,5 | 4,0 | 0,0 | 8 |
| -Непознато | 10,0 | 8,1 | 0,0 | 17 |

Податоците покажуваат дека главната активност на учениците во слободното време и учењето тоа е главна преокупација нивна. На прашањето кое е нивна најомилена разонода често наведуваат учениците од неразвиените подрачја некои форми на масовна просвета /кино, фудбал, народни ора и слично/. Анализирајќи ги филмовите што повеќе пати ги гледале и оние што одделно ги заинтересирале можеме да заклучиме дека главни мотиви низ филмовите биле оние обележја што се на еден или друг начин поврзани со личноста на младинецот во процес на развиток и формирање. Со оглед на тоа наведуваат и некои омилени херои со кои се идентификуваат и ги сметаат за идоли .

Младинците од развиените средини и од оние семејства што имаат подобри услови за развиток на своето дете покажуваат други тенденции. Тие појдуваат во слободната активност со

свои критериуми. Према едни се однесуваат со особена наклонетост, додека други ги сметаат за споредни и отворено за нив изјавуваат дека не се интересни, односно алергичност се осеќат, апатични се , осамени или запоставени. Се добива впечаток како да со слободните активности во овие услови треба да се постане особен, по друг од другите што го опкружуваат во семејството училиштето, а некогаш и во градот. Слободната активност според овај систем треба да го открие она што е посебно кај младинецот, она што е ново во неговиот живот и атрактивно за околијата. Можда тоа е една од причините за трката кон овие активности што се популарни, низ кои побрзо се афирмира личноста на младинецот и ако некогаш тоа се толкува како површност на современите генерации.

## САМОУПРАВНИ ДВИЖЕЊА ВО УЧИЛИШТЕТО И ПРОФИЛИ НА НОВИТЕ ГЕНЕРАЦИИ

Класичниот образовен систем на школување го третирал ученикот како објект во наставата што допринесувало едно значајно отуѓување на детето и младинецот од реалните животни процеси. Тоа допринесувало личноста перманентно да ја губи својата посебност спротивувајќи се низ едностраните и едноличните процеси на образованост и ученост. Во таквите околности ученикот бил незадоволен од себе од своето детство и младост и од средината што го опкружува.

Дискусиите за реформа на училишниот систем го разоткрија тој апстрактен хуманизам на старриот училишен систем и покажаа дека тој доведува кај младинците да се развие еден карактеристичен страв од објективните движења, да се појави едно чувство на потиштеност, осаменост и несигурност, една неодлучност во акцијата, во професионалниот и другиот општествен живот. Од своја страна дискусиите покажаа а непосредната творечка примена на реформирање на училишен систем го озакони постоењето на еден процес за ослободување на институцијата /училиштето/ од бирократската контрола, овозможија процес на професионална дезалиенација на наставните кадри и озаконија не само формални туку и реални можности за целосно ангажирање на сите фактори во процесите на образованието и воспитувањето. При таквите околности ученикот како фактор доби нова улога на заинтересирана личност што се активно вклучува во сите пори на училишниот и општествениот живот.

Ако се прати и проучува непосредната практика од работата на самоуправните, стручните и другите органи и организации што се предвидени со Статутот на гимназијата може да се согледаат некои карактеристики на системот што заслужуваат одделно внимание и анализа. Тие се осмислуваат во склопот на целиот механизам или пак добива свое специфично толкување кога се поврзуваат со некој одделен фактор од училишната работа и живот. Во овие процеси на самоуправување непосредно се регулираат односите во колективот и низ сите заедници во него, таму се изнаоѓаат норми за подобро усмерување на образовните и другите процеси и во исто време се разоткрива спони што го поврзуваат училиштето

како институција во процесите што се одвиваат во комуната и пошироката општествена заедница. Посебно треба да се нагласи дека самоуправните движења имаат за цел да го ученикот внесат во процесите на образование и општественост уште за време на школување за да го оспособат за општествен живот. Со оглед на тоа самоуправниот механизам во училиштето претставува процес на поопштествување на детето и младинецоти и негово постапно творечко вклучување во живот.

Проучувајќи ги образовните процеси и односите што се развиваат низ нив, меѓу учениците и наставниците и одделно меѓу училиштото, комуната и пошироката заедница можеме да претпоставиме дека старата практика од класичното школување во значајна мера ќе делува, толкувајќи ги и новите движења на свој начин. Така на пример, може да се претпостави дека во практиката сеуште ќе се среќава една тенденција за интелектуалистичко решавање на училишните и ученичките проблеми во која ќе треба да се жртвува богатството на интереси, емоции и творечки наклоности за да се реализира /во одделни случаеви и буквално/ барањата што ги поставува наставниот план и програма или конкретната наставна единица. Наспроти на овој процес што го карактеризираме како осиромашување на образовниот живот /заради него беше критикувана старата класична школа а особено гимназијата/ во праксата се развиваат нови процеси што ја нагласуваат улогата на субјектот /наставникот, ученикот и др./. Во овие процеси на поопштествување на училиштето и училишниот живот се применуваат различити демократски методи што треба да допринесат стимулативно во збогатувањето на образовниот живот. Така на пример, низ механизмот на ученичката самоуправа се претресуваат проблеми и предлагаат мерки за подобрување на наставата и успехот на учениците; учениците се повеќе земат на себе или заедно со своите наставници да ги регулираат некои проблеми што биле исклучива надлежност на предметниот наставник, класниот раководител или класниот и наставничкиот совет; наставникот во вака организираните процеси се јавува како креативна личност што се ослободува од многух небитни проблеми во образовните движења што врши поделба на улогите низ образовните процеси ангажирајќи ги сите ученици за овие процеси за кои што се со особено чисто мотивирани а и сам на тој начин добива повеќе време со оглед да ја рационализирал својата работа за да се посвети на

своето стручно изградување и творечка афирмација во непосредните образовни дејности на училиштето. /Се претпоставува дека со новиот систем на наградување во образовните институции многу повеќе стимулативно ќе се делува за да се пробудат творечките способности на наставниците/.

Методите за развивање на меѓучовечките односи на училиштето појдуваат од желбите на личноста за голема афирмација низ процесите на образованието и учењето, од мотивите за проширување на правата во образовните дејности /учениците активно учествуваат во процесот на планирањето на училишните и наставните процеси, во нивната реализација, како и во формите за вреднување на успехот на училиштето и на секој одделен член/. За односите во колективот /главна тема на дискусија на советите/ се бараат форми за подобрување и усогласување со целите и задачите на училиштето и со образовната политика во целина. Низ демократскиот механизам во училиштето можат да се преовладаат некои конфликти меѓу самите ученици, меѓу учениците наставниците и др.. Претпоставка на испитувањето е дека процесите на самоуправност зависат од степенот на развиеност на општествената и училишната средина и особено од нивото на самоуправната свест на членовите во одделни колективи, или заедници.

<u>Ставови и мислења на учениците за својата гимназија.</u>

Кога учениците го споредат своето училиште со други институции од ист вид во комуната, Околијата, и Републиката или Федерацијата можат да се откријат проблемите со кои што е окупирана гимназијата во која што се школуваат и да се согледа проблемите од внатрешната организација односно глобалното место на гимназијата во системот на училиштата од II степен и посебно во комуната и поширокиот општествен живот. Претпоставка е на испитувањето дека учениците се информирани не само за процесите во својата, туку и за другите гимназии /преку учениците што преоѓаат од една во друга гимназија, низ дневниот и другиот печат, како и низ меѓусебните средби и натпревари/ и сл.. Друга претпоставка на испитување е дека учениците можат да вршат споредба, дека често тоа го вршат кога сакаат да нагласат одделен настан, кога сакаат да ја вреднуваат својата за разлика од другите школи.

Резултатите од испитувањето покажуваат дека секоја школа кога се споредува во исто време го дефинира и своето место и улога. Така на пример;

Учениците од гимназијата "Јосип Броз Тито" од Скопје својата институција ја споредуваат со другите гимназии во градот /со гимназијата "Цветан Димов" и гимназијата "Орце Николов"/ но доста често и со гимназиите на Белград, Загреб, односно на гимназиите од другите републички центри. Споредбата укажува на два критериуми што ги имаат во предвид учениците. Имено едниот е градски и посебен за град Скопје, а другиот е изграден само врз основа на гимназиите од републичките центри. Карактеристично е што ни еден ученик од оваа гимназија не се обидел да ја спореди својата институција со гимназиите од внатрешноста на Македонија. Тоа покажува дека учениците ги вршат споредбите сообразно со нивото и статусот што го зафаќа гимназијата. Според мислењето на учениците на сите гимназии им недостига по нешто, но во нивната се осеќа потреба од поголеми услови за училишна работа и живот. Низ процесите што се организираат во нивното училиште учениците тврдат дека во нивната гимназија недостига смисла за практичност, чувство за поврзување со другите институции и поголема трпеливост на членовите во колективот. Во одделни случаи недостига објективност и реалност во оценувањето на учениците.

- Учениците од Охридската гимназија "Климент Охридски" ја споредува својата гимназија со гимназиите што се наоѓаат во непосредната близина /Ресен Битола, Струга и др./ и многу често со гимназиите во Скопје. Тогаш кога сакаат да нагласат некои успеси на својата школа вршат споредба со оние што имаат сличен или близок статут, но тогаш кога има за цел да нагласат некои слабости, пропусти или деформации, кога сакаат да ја разголитат школата ја споредуваат со гимназиите од понеразвиените подрачја. Со таа техника на споредување релефно

се согледува успехот, исто така како што и очита постанува одредената слабост на гимназијата. Учениците од оваа гимназија тврдат дека на нивното училиште им недостигаат објективни услови за реализација на целите и задачите на реформата. Просторот, опремата на кабинетите и многу други нешта за слободните активности многу се неопходни во гимназијата. Недостигот се осеќа во форми за организиран културен и забавен спортски живот. Во нивно школење гимназијата не е развила соработката со другите институции во градот и не обезбедила доволно кадри за слободните активности на учениците.

- Учениците од Кичевската гимназија вршат споредби со многу гимназии во Македонија и со некои осумгодишни селски училишта. Кога сакат да покажат дека нивната гимназија треба да го најде своето место во системот на училиштата од II степен и низ гимназиите посебно тогаш чинат меѓуградски споредби. Али ако сакаат саркастично да се изразат за својата школа тогаш споредбата ја вршат со осумгодишните училишта и со институциите во село. Учениците тврдат дека на нивната гимназија за разлика од другите институции и гимназии не и достигаат многу нешта, а други додаваат дека во нивната школа "нема ништо". Тие отворено зборуваат дека нивната е онаа "најслабата", "најпоследната" нејзе и недостигат материјални и финансиски средства, не и достигаат кадрови за училишна и наставна работа, не и достигаат клубови за слободни активности, како и многу позитивни примери што се нудат во еден училишен колектив.

Општ е впечатокот дека учениците се свесни за степенот на развиеност на институцијата во која што се школуваат. Тоа најдобро се гледа низ фактот со кого се споредува, што се споредува и низ споредбите што нивната гимназија значи. Имајќи ги во предвид споредбите што ги вршеле учениците можеме со си-

турност да мислиме дека развиената средина дава поголеми можности за развиток на училишниот живот, а пак тој за организирани образовни процеси. Низ споредбите согледлива е мотивацијата за подобрување на условите во гимназијата, согледливи се реалните оцени на образовните движења што се одвиваат во гимназиите, но сеуште темпото на подобрувањето на условите и процесите во гимназијата не ги исцело задоволува учениците.

Битни проблеми од осамостојувањето на класните заедници

Процесите на демократизација и децентрализација што се одвиваат во целокупниот општествен и стопански живот го афирмираат системот на самоуправувањето односно принципот на самостојност на секоја работна организација. Тоа на специфичен начин се манифестира и низ училишната работа и живот. Овие процеси помогнаа да се училиштето како институција профаjде не само правно, туку и стварно низ интеграционите движења во пошупната. Процесите што сега се одвиваат во овие заедници се повеќе го спроведуваат во живот принципот на самоуправност и отвараат нови пори на понепосредни демократски односи во рамките на поширокатa заедница или понепосредните клетки на институцијата. Таков нов чекор во развитокот на непосредната демократија се процесите на развиток на самоуправните односи во рамките на класот, паралелката или низ одделни групи, за слободни и други активности.

Ако се појде од претпоставка дека претседателите на класните заедници најдобро го познаваат местото и улогата на својата паралелка во системот на училишниот живот, ако се прифати становиштето дека се тие најинформирани членови за процесите во училиштето, дека се тие најдоговорни за процесите во паралелката и ако навистина тие се онај најсвесниот фактор во самоуправната организација тогаш нивните сваќања би требало посебно да се анализираат особено кога сакаме да ги изучиме позитивните искуства од досегашната практика на самоуправност во образовните институции.

Анкетните одговори на претседателите од гимназиите на Охридска околија /Охрид, Кичево, Струга, Дебар и Ресен/ укажуваат дека претседателите се навистина и најинформираните членови за процесите што се одвиваат во училиштето и класната

заедница. Меѓутоа, нивната информираност е поголема за непосредните дејности во паралелката и низ понепосредните органи и организации.

| | | % |
|---|---|---|
| - Обавестени се за состаноците на Училишниот одбор | - | 27% |
| - Обавестени се за состаноците на Наставничкиот совет | - | 46% |
| - Обавестени се за состаноците на Класниот совет | - | 69% |
| - Констатираат судири помеѓу наставници и ученици | - | 46% |
| - Сметаат дека нивната класна заедница е особено добра | - | 44% |

Податоците покажуваат дека претседателите на класните заедници во прв ред со проблемите и со многуте процеси на непосредниот училишен живот во паралелката. Судирите меѓу наставниците и учениците во непосредните процеси често се однесуваат за прашањето на оценувањето на учениците и за некои проблеми што се поврзани со него. Според мислењето на претседателите може да се заклучи дека процесите што се одвиваат низ непосредните заедници се далеку побогати по својата содржина. Така на пример за секој проблем во заедницата се наоѓаат повеќе критериуми од кале што се согледува, а сообразно тоа и многу процеси за да се подобро согледа проблемот и донесат подобри одлуки и решенија, што непосредно ќе се спроведат во живот.

Анализирајќи ги искуствата на класните заедници што ги претседателите сметат за "особено добри" доаѓаме до сознание дека кај нив вонредно силно се развиени меѓуученичките односи, низ нив има поголем почит и смисла за соработка и заемна помош, кај нив развиено е чувството за дружење и другољубие и тн. Со оглед на сложеноста на проблемите и деликатноста на поедини одлуки што треба да ги донесат за непосредните проблеми на Класната заедница, овие самоуправни тела се наоѓаат во една специфична ситуација. Од една страна некои проблеми се покажуваат како многу сложени, а нивното решение треба да се бара низ другите дела на самоуправниот механизам во училиштето /54% од класните заедници доставувале предлози до другите дела на самоуправниот механизам во училиштето/. Проблемите што ги предлагале воглавно се однесуваат за процесите на наставно-образовниот живот, потоа доаѓаат проблеми од непосредните односи во училиштето и на-

раселната и оние од материјална природа, /недостиг на простор, опрема, услови за работа во кабинети, фискултурни сали и др./. Од овие податоци може да се заклучи дека класните заедници со повеќе израснуваат во мали општествени групи низ кои што се регулираат специфичните образовни и воспитни проблеми, односно проблеми од непосредната младост и општествената динамика.

Процесите за проширување за правата на учениците не само во рамките на класната заедница, туку и низ другите механизми за самоуправни дејности и живот во училиштето, често пати се предмет на внимание на претседателите на Класната заедница. Така на пример, 52% од претседателите на класните заедници доставувале барања за зголемување на бројот на членовите што се претставници на класната односно училишната заедница во Училишниот одбор, наставничкиот и класниот совет. Карактеристично е да се напомене дека предлагачите биле свесни за отпорот што ќе го најдат при реализацијата на овие нови права. Така на пример

| | | % |
|---|---|---|
| - Сметале дека ќе најдат на сериозни тешкотии | - | 31% |
| - Сметале дека ќе најдат на просечни тешкотии | - | 27% |
| - Сметале дека нема да најдат на тешкотии | - | 10% |
| - Не дале одговор | - | 32% |

Најголемите тешкотии претседателите на класните заедници ги гледаат во субјективот на ученикот и при тоа добро размислува да не го оптоварат со нови обврски за да не може да ги реализира образовните цели и задачи што ги поставил пред себе. Дел од претседателите размислуваат дека постои можност со зголемувањето на правата на учениците да дојдат до израз некои судири што низ досегашниот систем биле потиснувани или латентно постоеле. Одредени причини треба да се бараат и во конзервативноста на дел од наставниците. Проблем е, дали нема тоа да го злоупотребат наставните кадри и притоа да добијат можност да го посредно контролираат училишниот живот во паралелката.

Класните заедници се повеќе претставуваат форма за регулирање на внатрешните односи во колективот. Низ нив, како и низ сите живи процеси има нешто што е позитивно кое претседателите го истакнуваат како пример, има процеси и случаи што го намалуваат угледот на заедницата, а согласно со тоа и претседателите на класните заедници даваат предлози за да се подобри

состојбата во паралелката и училиштето. Така на пример, претседателите на Класните заедници: констатираат дека: во работата на Класната заедница им се:

Д о п а ѓ а:

Самата идеја за организација на внатрешниот непосреден живот, нејзината функција, специфично организираниот живот во паралелката, разноврсните дискусии што се одвиваат во неа , можноста за решавање на своите проблеми и конструктивно решавање на проблемите на паралелката, активностите што таа ги регулира, ангажираноста на сите членови во паралелката, барање на начини да се подобри успехот на класот и на одделен поединец, да се со успех решат некои специфични проблеми на одделни ученици, можноста да се навлезе и оспособи, секој ученик за самоуправник, заедничкиот живот и заедничкото решавање на проблемите, низ неа се развива другарствотс смисла за организиран живот, чувство за објективност што се изградува во колективот, грижата за другиот послабиот и немоќниот, искреноста пред другарите, заемната соработка со наставниците, работата со класниот раководител, можноста да се решат на најдобар начин некои слабости и пропусти и тн..

Н е  и м  с е  д о п а ѓ а

Кога за некои суштествени работи не сака да те разберат своите другари, кога одлуките на Класната заедница не ги прифаќа Наставничкиот совет, несериозноста на некои членови, непостојаност во работата, неискреност на поединци во Класната заедница, недоволниот интерес на некои членови за заедничко решавање на проблемите, недораснатост на поединци членови да се бават со општи задачи, склоност да се преку Класната заедница решаваат сите проблеми. Во одделни случаи караниците и празните ветувања,плашливоста на учениците пред наставникот и сл Во одделни случаи во интерес на подоброто решавање на заеднички проблеми како член на Класната заедни-

ца станувам непријател на својот другар. Постојат некои тенденции за внатрешно подвојување на Класната заедница, меѓусобната завист, некои недоразбирања, односите на некои наставници према неа, некои членови на Класната заедница не се објективни себини се, има случаи на недоверба, пасивност и потценување на членовите и др..

П р е д л а г а а т:

За да подобро работи Класната заедница според мислењата на претседателите членовите на заедницата треба поозбилно да ги гледа работите, нивните одлуки треба да ги почитуваат класните и наставничките совети; класните заедници да организираат повеќе групни посети во стопанските претпријатија да организираат приредби, класни вечери, излети и сл., заедницата почесто да ги менува своите претставници во другите тела на механизмот во самоуправата, да се повеќе почитуваат одлуките на мнозинството, да се изгради чувството за колективен живот, за соработка и другарство, да се зголеми интересот за колективните проблеми, почесто да се одржуваат состаноци, подобро тие да се организираат и сл..

Од примерите може да се заклучи дека класните заедници како клетки во училишниот живот имаат свој специфичен развиток и одделни проблеми. Така на пример во едни класни заедници претежно се нагласува улогата на субјектот - ученик, во други улогата на објективните услови во образовно-воспитните процеси додека трети ја нагласуваат општествената содржина и процесите на поопштестнување на учениците. Според тоа може да се заклучи дека Класната заедница во неразвиените услови се третираат како "Младешка група", во други услови како специфична училишна организација што е најнепосредна поврзана со институцијата додека во развиените средини Класната заедница се издигнува на ниво на минијатурен општествен систем во кого се регулираат сите односи што се преокупација на членовите и прифаќаат обврските што ги поставува општеството и училишната организација посебно.

Членовите на класните заедници од гимназиите ги потврдуваат мислењата и ставовите на своите претседатели за работата на класната заедница и за местото на заедницата во училишниот живот. Поради тоа тие предлагаат правата на учениците во Класната заедница треба перманентно да се зголемуваат за да учениците поактивно се вклучат како целосни субјекти во училишниот и општествениот живот.

| | К. | О. | Ск. | СЕ: |
|---|---|---|---|---|
| - | 112 | 74 | 105 | 291 |
| - Правата на учениците треба да се зголемат | - 70,6 | 56,7 | 57,1 | 181 |
| - Правата на учениците треба да останат исти | - 17,8 | 31,0 | 38,1 | 82 |
| - Правата на учениците да се намалуваат | - 8,0 | 10,7 | 4,8 | 22 |
| - Непознати | - 3,6 | 1,6 | 0,0 | 6 |

Карактеристично е да се напомене што најголем број од учениците поставуваат барем за зголемување на правата во системот на училиштниот живот. Ова е особено карактеристично за учениците што се школуваат во неразвиените подрачја односно во училиштата каде што не се обезбедени сите услови за училишен живот. Од податоците може да се извлече тенденција дека правата на учениците не секаде подеднакво се реализираат /во развиените повеќе се реализираат а во неразвиените помалку/. Со оглед на тоа учениците од неразвиените услови се погласно поставуваат барања за зголемување на реалните права.

Ако одделно се реализираат ставовите и мислењата на учениците односно членовите на класните заедници од гимназиите во развиените подрачја може да се констатира еден карактеристичен напор за да се доизгради системот на самоуправата во класната заедница што ќе ги регулира битните проблеми од класот и паралелката, ќе ги усогласува со индивидуалностите на секој член од колективот и сообразува со општите критериуми за колективен живот и работа. За разлика од учениците од релативно неразвиените услови механизмот на класната заедница го адаптира на образовните обврски во училиштето и на тој начин ги решава проблемите од наставата и од другиот образовен и воспитен живот. Најкарактеристични се ставовите и мислењата на учениците од неразвиените подрачја бидејќи низ нив самоуправниот систем се согледува низ личноста на младинецот како ученик и како другар. Во одделни случаи кај овие ученици се јавува извесен отпор према класната заедница кога таа се ориентира на решавање на глобални проблеми

што ги поставува училиштето или општествената динамика а што на еден или друг начин се многу малку поврзани со субјектот на учењето. /Карактеристичен е еден одговор од Кичевската гимназија "званични работи не би требало да доаѓаат во предвид во работата на Класната заедница"/.

Земено во целина ставовите и мислењата на претседателите на класните заедници, како и на членовите на заедниците покажуваат дека процесите на непосредното самоуправување во училиштата има свои специфични тешкотии и изнаоѓаат разновидни патишта за решавање. Темпото на зацврснувањето на самоуправниот механизам во училиштето, распонот на проблематиката што ја сметаат класните заедници како своја се обусловува од степенот на развиеност на општествената средина, на училишната организација и од нивото на секој субјект.

<u>Општествено-политички проблеми на младината</u>
/Сваќање на раководителите на СММ/.

Основна претпоставка на испитувањето дека современата младина има свои специфични критериуми за вреднување на младоста п младината што се во извесна смисла разликуваат од сваќањата на луѓето што заминале во годините на зрелост или старост. Годините на возраста, животното и политичкото искуство делува при изградувањето на критериумите за оцена на младината и младешката активност. Со стареењето помирно се суди за младината, искуството помага подобро да се разбере, али некогаш се заборава на тежината што младоста ја носи, немоќни се осеќаат возрасните пред новите проблеми и тешкотии што се битни за младешката преокупација. Поради тоа зрелите генерации често се склони да ја издигнат на ниво на култ современата младина и младост, а друг пак да ја негираат во нејзините вредности повикувајќи се на својата младост од некој изминат период - "ние бевме подруги од вас".

Кога младината суди за себе, за својата сопствена младост оптеретена с обуците на својот немир, нејзините ставови и мислења, често се наивни и емотивно засновани, али тие секогаш изразуваат ангажираност без големо животно искуство и идили на горчливата историска практика. Кога младината сама суди за својата младост, таа се дефинира со категориите на својот немир

и општествена актуелност. За разлика од нив генерациите со поголема возраст често ги нагласуваат само изразито позитивните или маркантните слабости од нејзиниот профил.

Извесни разлики во гледањата обусловени се од социјалната средина во која што младината зазема одредено место и улога. Така на пример, поинако се суди за младината и за нејзините активности и постапки во развиените отколку во неразвиените средини. Силата на традицијата во село, степенот на самостојност на личноста во домашниот, училишниот и другиот општествен живот го објаснува распонот их и темпото на детството и младоста. Условите за живот и активност во селото или градот односно во велеград често вршат пресудна улога во процесот на растење, развивање и формирање на новите генерации. Поради тоа во праксата срекаваме ставови и мислења за младината што пројдуваат од еден патриархален систем, од едно еснавско и чаршиско /малограѓанско/ однесување кон новите генерации или пак монденско толкување на некои активности. Мрежата на институции за младешки живот и дејност во развиените градски средини го формира профилот на новите генерации нагласувајќи ги му производните, творечките и другите рекреативни можности во профилот на генерациите. Во други случаи младата личност се увлекува во понорите на потрошувачката и низ неа изградува една похлепна личност која се системно припрема само да ги користи човешките блага и да ги присвои људските производи. Во таквите противречности се формира профилот на новиот граѓанин како општествена и политичка личност. Одговорите на раководителите на Сојузот на младината на Македонија за Охридска околија ги има во предвид и околностите во кои што се развива новата генерација на ученици од гимназијата. По нивно мислење се согледуваат некои битни разлики во профилот на младината од развиените за разлика од неразвиените подрачја. Со оглед на тоа да и самите раководители на младината живеат во условите на својата општествена средина и што во нив ги формира своите мислења и ставови тоа може да се претпостави дека и нивните сваќања се обусловени од степенот на развиеност на општествената средина. Така на пример:

СВАЌАЊА ВО НЕРАЗВИЕНИТЕ ПОДРАЧЈА

Раководителите на младината од неразвиените подрачја констатираат дека:денешната младина е напредна и прогресивна, мисли за изградбата на социјализмот, за согласието на меѓународите и државите,

таа е општествено-политички активна, има изграден поглед на свет, таа е свесна за улогата што ја има во општествено-политичкиот живот, спремна е да одговори на поставените задачи, покажува голема активност, политичка зрелост и одговорност, со успех ги реализира поставените задачи, заинтересирана е за општествено-политичкиот живот и сл.. Општа е констатација дека раководителите на младината од неразвиените подрачја често размислуваат ја вреднуваат младината со класичните категории на трудот, воспитноста и општествено-политичност. Според нивно мислење во формирањето на општествено-политичкиот профил на младината делувале напредните идеи на социјализмот подобрените услови за материјален развиток, големата грижа на заедницата за брз развиток и просперитет, довербата на општеството према младината, развитокот на социјализмот во земјата и сите други прогресивни движења во земјати светот.

СВАЌАЊА ВО РАЗВИЕНИТЕ ПОДРАЧЈА

Раководителите на младината во развиените подрачја своите ставови и мислења за младината ги изнсуваат низ некои посовремени и модерни комплекси, намерно избегнувајќи ги критериумите низ кои се афирмирале старите и другите генерации. По нивно мислење: современата младина е слободна и се разликува во многу нешта од поранешните генерации, нејзината улога најдобро се согледува низ новите образовни политички и други животни процеси на епохата и секидневието, таа е животно заинтересирана за се она што се збива околу неа, што се вика живот и егзистенција, таа е носител на напредокот и прогресот, многу е радознала и често не сватена, се јавува како борец за убаво друштво, снага во која полагаме доверба за побрз развиток на земјата и прогресивните односи меѓу луѓето, политички е свесна и го пронашла своето место и улога во демократскиот механизам на земјата и сл.. Во формирањето на овој позитивен профил на современата мла-

жени

дина, голема улога одиграле: рационално користените искуства на старите генерации, епохата во која што живеат младинците, нејзината заинтересираност за општествените и политичките проблеми, формите на активност низ културнозабавниот и спортскиот живот. Профилот на младината го формирале традициите на револуцијата и се она што го донела таа, силата на општествената средина и слободната активност на личноста. Одделно делување извршила епохата во која што сега живее младината, социјалистичкиот систем во земјата, самоуправниот механизам во работните организации, заедничките акции и др..

Размислувајќи за нормативниот и стварниот аспект на правата на младинците раководителите на младината укажуваат на делувањето на непосредните услови во реализација на веќе стекнатите права на младинците. Во практиката на работата и живот во неразвиените подрачја често се осеќа неусклаДеност меѓу нормативните и стварните права на младинците. Тоа покажува дека практиката не се доволно усогласила со правата и должностите на младинците што се предвидени со Уставот и со статутите на работните и училишните организации. Скоро секогаш тврдат раководителите на младината се наоѓа некоја покомпетентна организација, некој попаметен поединец што се наметнува во процесите што се исцело или факторски преодредени на младината. Тоа допринесува да се отворат некои нови спротивности низ активниот живот на младинците, да се намали мотивацијата за општествена активност, и да се усклади темпото на организациониот и другиот младешки живот. Често пати во име на рационален развиток се попречува одредена иницијатива на младинците. Нешто слично настанува и во развиените подрачја и ако кај нив се има изградено една подруга техника со која се скратуваат правата на младинците. Имено, одделни фактори сметаат дека современата младина е многу површна, таа не е доволно заинтересирана за општествените проблеми, односно дека денешната младина бара лесни патишта за афирмација во општеството или работната заедница.

Овие тенденции во неразвиените односно во развиените средини на еден или друг начин делуваат во динамиката каде што се формира детството и младоста. Младинците често ги прифа-

ќаат тие делувања, и постануваат поборници за напредок и прогрес зголемувајќи го распонот и темпото на својата младост, додека во други случаеви и самите се уврстуваат и гизаштитуваат определени патријархални малограѓански и еснавски усмерувања на младината.

Општо е убедување кај раководителите на младината дека правата на младината треба перманентно да се зголемуваат: "тоа е нужно за да се младината вовлече во сите нови проблеми што ги поставил општествениот стопанскиот развиток на земјата; во тој процес многу е важно како по возрасните и по опитните ќе се приближат до младината за да можат на неа да делуваат; најдобар механизам за делување на младината се општествените и самоуправните органи и организации; низ овие процеси на самоуправа младинците стекнуваат искуство; на тој начин повеќе ќе бидат информирани и заинтересирани за општествените и другите проблеми на нашиот развиток; подобро ќе се запознаат со работата на колективот и со неговите позитивни стремежи и настојувања; за така зголемени права треба да претходат и побогати услови за организационен и политички живот /на пример да се изгради младински дом/ како и да се обезбедат поконструктивни патишта за развиток на работните културните и другите способности кај младинците"

Раководителите на младината сметаат дека младината со големо задоволство ќе ја прифати зголемената општествена доверба и длабоко се убедени дека тие ќе ја оправдат. По нивното мислење зголемените права: "ќе ги смалат судирите меѓу помладите и постарите на работното место во организационо-политичкиот и во другиот секојдневен живот во колективот и комуната; тоа ќе допринесе да се намалат судирите меѓу младинците во градот и да се избегнат некои прекршоци на работното место, да се избегнат имитации на некои идоли од улицата, филмот, литературата и сл; тоа е пак помладите и постарите повеќе да се запознаат, да се изгради систем за соработка и меѓусебна помош, да се преовладат формите за групно самозадоволство /коцкање, пијанчење, невнимание, недисциплина, ривалство и сл./; на тој начин ќе можат да се преовладат многу негативни појави меѓу односите на помладите со постарите; ќе нестанат злоупотребите на здобиените права; ќе се намалат склоностите на младите кон ситни уживања и сл.";

Младинците од гимназиите се слагаат со овие мислења на своите младински раководители. Меѓутоа, кога попрецизно се анализира одговорите на учениците и сообразат со степенот на

развиеност на општествената средина се доаѓа до констатација дека младинците не се подеднакво информирани и активирани во општествено-политичкиот живот во училиштето, населбата или комуната. Така на пример, по нивно мислење организационо-политичкиот живот во гимназијата и надвор од неа не им одзема некое значајно време:

| | | К. | О. | Ск. | СЕ: |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 112 | 74 | 105 | 291 |
| - Одзема многу време | - | 15,0 | 11,0 | 23,8 | 50 |
| - Одзема малку време | - | 33,4 | 51,3 | 29,4 | 106 |
| - Одзема многу малку време | - | 14,8 | 12,2 | 17,0 | 45 |
| - Не им одзема време | - | 26,8 | 12,1 | 23,8 | 64 |
| - Непознати | - | 10,0 | 13,5 | 6,0 | 26 |

Интересно е дека учениците од скопската гимназија често се членови на две и повеќе организации во училиштето или надвор од неа. За разлика од нив учениците од охридската и особено од кичевската гимназија многу ретко учествуваат во организационо-политичкиот и другиот стручен и општествен живот во училиштето и вон од него. Според мислењето на учениците ангажираноста на младинците во општествено-политичкиот живот е многу мала и поради тоа треба да се изнајдат различити начини за да се таа зголеми:

| | К. | О. | Ск. |
|---|---|---|---|
| | 112 | 74 | 105 |
| - Да се зголеми во гимназијата. | 83,9 | 73,0 | 95,2 |
| - Да се зголеми вон од гимназијата | 82,1 | 73,0 | 85,7 |
| - Учениците од IV година на гимназијата треба да се ослободат | 39,9 | 31,0 | 9,5 |

Општо е убедување на сите ученици без разлика на степенот на развиеност на општествената средина дека учеството на младинците во организационо-политичкиот живот во гимназијата и вон од неа треба да се зголеми. Сепак ова е повеќе карактеристично за изразито развиените односно за неразвиените средини. Во овие процеси интересно е дека младинците имаат обзири према генерацијата на матурантите. Меѓутоа тоа е особено карактеристично за неразвиените средини. Тоа покажува дека завршниот испит значи се поголемо оптеретување на учениците со оглед на степенот на развиеност на општествената средина.

# К Р И Т Е Р И У М И:

Изјавите на учениците низ степените на својот младешки развиток и формирање, разновидните одговори по многу прашања од семејниот, училишниот, интимниот и другиот општествен живот и активност носат многу обележја што треба на некој начин да се верифицираат. Тоа е неопходно ако сакаме да не "мислиме за генерацијата по она што таа мисли за себе" туку по "она што таа фактички е и особено по тоа како каква се покажала во реалните процеси" на школувањето и пошириот општествен живот. Според тоа се поставува прашање да се оценат новите генерации од агол на непосредните раководители и воспитачи на младината. Проблем е како тие ја согледале низ искуството на институциите за образование и низ другите процеси на организиран живот, односно какви искуства имаат просветните работници, општествено-политичките фактори, од работата и непосредниот контакт со новите генерации.

Реформата на школството како општествено-педагошко движење го покрена и го усмеруваше општествената јавност. Низ процесите на реформирањето учествуваа не само одделни стручњаци туку и многу други фактори што непосредно или посредно се заинтересирани за профилите на новите генерации. Со оглед на тоа многу е важно да се анализира што мислат факторите што ја припремаа, популаризираа и спроведуваа реформата во живот. Какви имаат тие искуства од развитокот и формирањето на новите генерации, од примената на реформата во живот, односно од процесот на поопштествувањето на институциите и организациите. Тоа е потребно за да се потврдат претпоставките на досегашната практика, да се верифицираат надежите што ги полагаме во реформата и откријат нови тенденции што понатака ќе ги стимулираат образовните движења во новите услови.

Реформата на школството е долготраен процес што би требало да се мери низ профилот на генерациите што низ таках организираните процеси се школувале, односно во првите чекори на новите гимназисти што ќе ги сторат на високите студии и низ другиот непосреден и производен живот. Ако не судиме за генера-

цијата по тоа што таа мисли за себе тогаш исто така не можеме да судиме за едно општествено-педагошко движење по она што реформаторите пропагандаторите и реализаторите мислат за него, туку по тоа што низ непосредната практика нивните предлози и пракса значат и играат одредена улога во динамиката на општеството и во образовните движења посебно. Според тоа животот и непосредната активност треба да е верифицира реформата и позитивниот профил што го наградува таа.

Меѓутоа, ако се покаже дека ставовите и мислењата на младинците, нивните процеси на развиток и формирање се усогласени со мислењата и ставовите на наставниците на најсвесните членови од општеството што се непосредно задолжени да го развиваат механизмот на самоуправувањето и да го формираат профилот на новите генерации; ако ставовите и мислењата на учениците се во согласност со факторите на образовните институции; нако се покаже дека реалните движења и настани од општествено-образовниот и производниот живот позитивно ги прифатиле младинците од оваа генерација тогаш може да се мисли дека критериумите за верификација на реформата треба да се бараат во образовните институции во процесите на општествениот живот и активност како и низ процесите што треба да се одвиваат во понатамошното школување и производниот живот на младинците. Впрочем, "секоја општествена барем малку сложена појава се движи редовно во противречности" па може да се мисли дека и развитокот на новите генерации ќе покажуваат процес што нема секогаш да се одвива во полна согласност со програмите на еден или друг фактор на комуната или училишната средина.

# ГЕНЕРАЦИЈАТА МЕРЕНА НИЗ ОБЕЛЕЖЈАТА НА УЧИЛИШНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Појдовна теза на испитувањето е дека училишната документација ги одразува новите процеси што се одвиваат во училиштето и бележи измените во профилот на новите генерации од една до друга година на школувањето. Ако е тоа така, тогај низ документацијата треба да се препознаје новото и реформираното во организацијата на училишниот живот, во конкретизацијата на наставничкиот план и програма, во современувањето и модернизирањето на методологијата за работа со ученици и особено во новите резултати што ги регистрира училиштето како институција за секој нејзин поединец. Според тоа најцелосен одраз на овие процеси би требало да се бара во"главната книга " , во записниците на класните совети, во записниците од родителско-учителските средби и низ другата документација на училиштето што ги непосредно или посредно регистрира процесите на училишната работа и живот.

Методолошка појдовна основа за експлоатација на овој материјал повеќе е сообразено со традиционална институционална анализа низ која се мери местото и функцијата на гимназијата во системот на училишните и општествениот живот. Податоците собрани на ваков начин и обработени со ваква методологија се смета за веродостојни со оглед на тоа што се регистрирани во име на институцијата и нејзината функција низ органите и организациите на училишната работа и живот.

## Непосредни информации за училишните процеси.

Ако се бегло прелистат записниците на еден класен совет за период од една година, за неколку години во ред, паѓа вочи една недозволена сличност по бројот на состаноците, по бројот на точките за дневен ред, пое содржината и начинот на одржувањет во времето кога се одржувани и по техниката како се водени. Затоа може да се претпостави дека класните совети немаат доволно изградено своја специфична методологија за работа, дека советите меѓу себе и премногу се имитираат или дека ја дедуцираат својата методологија од наставничкиот совет. Причините за тоа можат да се бараат во концепцијата за реформата на гимназијата која не-

предвидела , непрепорачала и нова методологија за водење на училишната документација што ке биде сообразена со новите прописи. Дел од причините лежат и до самата институција која неизнашла форми да ја перманентно развива, стимулира и контролира регистрацијата на битните процеси од својата функција. На крај причините можат да се бараат и кај самите стручни кадри што не ја систетемно бележеле својата работа, односно за процесите за кои што биле задолжени. Поради тоа низ училишната документација тешко може да се изгради целосна престава за оние процеси кои што туку изминале.

Факторската анализа на непосредните информации за училишната работа и живот покажува дека во записниците многу се водело сметка за формалните барања на одреденото тело како и за некои мислења на управни и стручни авторитети, а многу помалце за објективните процеси и за другите фактори на непосредната работа и живот.Така на пример учениците како фактор низ записниците ретко се регистрираат. Па и тогаш кога си срекаваме повеке ги изразуват мислењата и ставовите на преставниците на класната заедница и особено се однесуват за проблеми од воннаставен и вонучилишен живот. Се добива впечаток дека субјектот на ученикот е активен особено тогаш кога треба да се излезе од строгите рамки на образовните области. Уште поненагласен е третманот на родителите како фактор низ непосредната училишна документација. Родителите и старателите се регистрираат како"класични старатели" на своите деца што треба да ги ислушат резултатите или пак остануваат на мегата од процесите што се одигруват со нивните деца. ххнн

И покрај сите слабости на непосредните информации за училишната работа и живот можат да се согледат некои карактеристики од развитокот и формирањето на генерацијата низ современите и модерните процеси што ги озакони реформата на школството и непосредно ги стимулира новиот наставен план и програма:

Новиот наставен план и програма недоволно го познаваат наставните кадри што се задолжени да го применуваат во живот. Ова може да се аргументира со изјавите што ги дале предметните наставници на почетакот, во текот или при крајот на учебната година на седниците на класниот совет. Така на пример, карактери-

стичен е одговорот на еден наставник "новиот наставен план и програма е идеален за работа" но истиот тој наставник на крајот од првото полугодие констатира "оптетеноста на програмата по предметот... недава можности за продлабочување". Или еден друг таков одговор "програмата е нова, предметот е нов за учениците и поради тоа тешкотиите ќе се согледаат покасно". На крајот од полугодието истиот тој наставник додава:"програмата не е ускладена со предзнаењата на учениците". Од овие изјави може да се заклучи дека наставните кадри во процесот на својата работа перманентно ја проучувале наставната програма и изградувале ставови и мислења по неја.

Предзнаењата на учениците во првите класови се главна тема за дискусија во класните совети, почнувајќи од почетакот па се до крајот на учебната година. Низ документацијата се зборува дека "најтежок е проблемот со учениците од село...тие се дел од најслабо подготвените ученици што е причина и за многу други неактивности на оваа категорија на ученици во училишната работа". Записниците во најчест случај констатират дека математичките предзнаења во најчест случај недостигат кај учениците. Поради тоа се предвидуват и различити форми да се тие донакнадат /системно повторување и проширување на знаењата, одржување на часови за дополнителна настава, формирање на кружоци, групи и сл./. Низ записниците регистрирани се успесите во подобрување на знаењата кај учениците, а во исто време предлагани се мерки за превземање на слични потези и по останалите предмети, а особено по страните јазици.

Предлозите на родителите низ родителско-учителските средби воглавном укажуваат на тоа дека овај фактор во значајна мера заостанал зад процесите кои се одигруваат во училиштето. Имено, постои склоност наставниците да ги регистрираат оние класични и неизменети улоги на родителот како фактор во училишниот живот. Од записниците може да се заклучи дека родителите и старателите ги префрлат сите свои права на наставникот и бараат да тој постане одговорен за целокупниат процес за развиток и формирање на нивното дете. На тој начин според мислењето на родителите ќе можат максимално да се рационализираат процесите и да се

најконструктивно упати младинецот во процесите на образование и учење. "Учениците треба да се откажат од некои активности за да постигнат подобар успех во училиштето... на тој начин помалце ќе има жигранки, помалце слободни други активности и сл."

Поделбата на учениците по смерови исто така е главна тема за дискусија на класните совети во првите и особено во вторите класови. За изборот на смерот /хуманитарен или природноматематички/ се е произнел секој ученик, родителите на родителско-учителските средби, а и самите наставници низ дискусиите на класниот совет. Резултатите од ова усмерување покажуваат дека не секогаш се поклопиле мислењата односно желбите на учениците со ставовите и мислењата на наставниците односно со можностите на училиштето. Карактеристично е да се напомене дека низ дискусиите наставниците му придаваат голема важност на смерот со оглед на тоа што предлагаат идеални решенија. Така на пример тие тврдат дека "би било најидеално кога би имало посебни наставници што ќе бидат задолжениза секој смер. На тој начин доследно би се спровело барањето предметите и содржините методите и формите за работата да се сообразат со смерот". Некои предлози водат во правец на измени што треба да се извршат во внатрешната организација на училишниот живот, односно во правец на подобрување на условите за работа. Така на пример "треба да се има посебен распоред, некои одделни методски единици што ќе произлегуваат од бифуркацијата на учениците, односно потребно е да се разработи еден систем на пренесување на искуства меѓу наставниците и др."

Слободните активности често пати се предмет на дискусија на класните совети. Меѓутоа тие повеќе се анализираат, а во некои класни совети исклучиво само од аголот на наставниот план и програма, од призна ма обврзната настава, дури само од барањата што ги поставува одделен наставен предмет. Во овие дискусии малце се води сметка за субјектот на ученикот, за другите можности што ги дава школата, комуната и заедницата во целина. Постои тенденција слободните активности да се "рационализираат" со оглед на избраниот смер и наспроти на тоа постои друга тенденција кај учениците да се бара воведување на некои многу слободни активности во школата како што се дактилографија, стенографија, некои технички активности и др. Меѓутоа класните совети оппере-

тени со грижата околу редовната настава, алергично се однесуваат према предлозите што ги доставиле учениците до класниот совет.

Низ записниците може да се согледа една динамика во училишниот живот во која што факторите се повеќе го изнаогаат свето место и улога "ова е особено карактеристично за процесите во цална трета и четврта година/. Податоците покажуваат дека низ оваа динамика се изнашло усклaдување на факторите во интерес на образовните движења /така може да се заклучи од топлата лексика во записниците на класните совети/. Меѓутоа останува како пробле дали низ другите процеси се изнашло усогласување на факторите. Некои податоци од подлабоката анализа покажуваат дека се присатн некои спротивности што се потиснуваат во интерес на желбите за меѓусобни разбирања, односно сообразно со мотивите на образовната динамика. Тоа покажува дека одделни реагирања на учениците и ученичките родители системно се одлагаат за покасно. Анализирај-ки ги записниците на класните совети, доваѓаме до сознание дека факторите повеќе се заинтересирани за процесите што се одвиваат во училиштето. На дневен ред на седниците на класните совети се повеќе се изнаогаат разновидни проблеми и предлагат мерки за подобрување на успехот на учениците. Низ записниците се наведуваат или приклучуваат поспостојни анализи и дефинирани мислења на одел ни фактори за процесите што се одбиваат или за мерките што треба да се превземат во непосредните училишни процеси. Карактеристичн е дека процесот на самоуправата се повеќе добива свое место и улога низ непосредната организација во училишниот живот. Наставните кадри често пати вршат осврт на својата стручна работа и на работата во колективот што ја покажува длабоката мотивација за поголем успех на генерацијата. Родителите на родителско-учите ските средби и низ другите сеќавања многу повеќе се интересират за своето дете и низ непосредните контакти со класниот или предметните наставници ги согледуваат или разрешуваат одделни пробле ми што се непосредно поврзани со живото и формирањето на ученикот. Меѓутоа, треба да се има во предвид дека овие процеси повеќ се карактеристични за учениците од вишите класови и особено доаѓа до израз во одредени класификациони периоди од училишната работа и живот.

Најдоминантен проблем низ записниците на класните совети е прашањето на успехот, а поретко и прашањето на поведението на учениците. На одделни совети се анализира глобалниот успех на класот и при тоа индивидуата на ученикот недоаѓа до особен израз, во други случаи одделни проблематични ученици постануваат предмет на внимание и анализа. Меѓутоа, низ записниците можат да се сретнат состаноци на кои што е само нацртана табелата со успехот на учениците и при тоа неприкључен никаков коментар што би ги разоткрил причините за постигнатиот успех, системот на мерки што се превзеле за да се тој постигне или да дојдат до израз предлози за подобрување на успехот. Карактеристичен е случајот на една паралелка во која 66,6% од учениците има слаби оценки, а под табелата стои коментарот "по прашањето на успехот нема проблеми". Во еден друг случај учениците поднеле некоја анализа за"оптеретеноста" на учениците во паралелката". Низ неја се констатираат дека учениците се многу презафатени и оптеретени со многу наставни содржини и училишни задолженија. Класниот совет недоволно е согледал позитивноста на проблемот или пак просто го одложил за да учениците попрецизно се произнесат по кој наставен предмет колку време трошат за учејне, односно кој наставен предмет до која мера ги оптеретува. Со една ваква мотивација анализата се симнува од дискусија и се одлага за покасно. Карактеристично е што овој проблем недошол повторно на дневен ред.

Завршниот испит е главна тема за дискусија на класните совети во IV година. Дискутирајки по овој проблем се покренува прашање за избор на теми за завршни испит /домашна писмена работа/, се изградуваат критериуми за поделба на темите и предлагаат мерки што треба да се превземат за да се подобро водат тие процеси. Во решавањето на овој проблем, може да се види дека наставните кадри повеќе воделе сметка за формалната страна на завршниот испит или на домашната работа, а многу помалце за методологијата на стимулирање водење и раководење на само ова самостојна работа.Се добива впечаток дека гимназијата не изградила уште систем на менторство во самостојната работа на учениците.

Овие глобални впечатоци од записниците на класните совети покажуваат дека процесите во гимназиското школување имаат своја историја, своја генеза низ четиригодишното школување, па се до завршниот испит. Накракктеристично во овие процеси е тоа

што покажуваат некои специфичности од новата динамика на училишниот живот. Така на пример најбогати образовни процеси и воопшто процеси на училишен живот се одвиваат во вторите и четвртите класови /во вторите е поделбата на учениците по смерови, а во четвртите завршниот испит", Ове два моменти некако се најдоминантни во гимназиското школување. За нив се подредува,со нив се осмислуваат процесите што се одвиваат во првите односно вотретите класови. Погледнато од тој агол првата година како да преставува период на адаптација во новата средина и време за припрема на професионалната ориентација на учениците. За разлика од нејa, третата година се јавува како недоволна ангажирана во образовните движења, а повеќе интересна во самоуправниот и другиот училишен живот. Според записниците, односно според мислењата на класните совети може да се заклучи дека учениците целосно се адаптираат на образовните движења дури и после втората година од гимназиското школување. Со оглед на тоа првите две години се карактеризираат низ сукобите меѓу учениците, меѓу учениците и наставниците наставниците и родителите и воопшто низ сукобите на субјективниот фактор со непосредните можности и барања што ги поставува институцијата. За разлика од нив во последните две години се изнаоѓаат сообразни решенија или се одлагат некои нерешени проблеми во процесите на училишниот и личниот живот.

Успехот е битен индикатор
за профилот на генерацијата.

Појдовна претпоставка на испитувањето е дека оценувањето е сложен општествен институционален и психолошки акт, а не исклучив монопол на школата, на некое тело или одделен стручњак. Критериумите за обемот и содржината на наставната материја, целите и задачите на училиштето и самоуправната динамика, се категории што ги одредува општествената заедница низ посебни програми, механизми и процеси. Разликата мегу реформираната и нереформираната школа најмногу се огледат во тој процес на поопштествување на образованието и на сите други наставни движења во училиштето. Од своја страна образованието на младинците во гимназијата е само еден степен во системот на школување, односно само еден момент од развитокот на генерацијата, па со оглед на тоа оценувањето е "интерен механизам" што има во голема мера релати

но значење за процесите штое се одигруваат по свршувањето на гимназијата во производната дејност или на факултетите, високите школи и академии. /Под одредени услови според нашето законодавство можно е запишување на факултети или други/високи школи и без завршена гимназија или друго училиште од втора степен/.

Системот на оценувањето се манифестира не само на општествен план, туку и непосредно во профилот на секој субјект како личност во процесите на образованието. Поради тоа може да се мисли дека оценувањето не е само институционален акт туку и процес со помош на кого некого го напрадуваме за вложениот труд или го осудуваме за покажаните слаби резултати. Со него стимулираме и развиваме дух на надпревар низ кого претпоставуваме дека ке постигнеме и подобри резултати. /Во науката се срекаваат теории што тврдат дека екстремниот индивидуализам и егоизам во многу трева да му заблагодари на перманентните надпревари во развитакот на личноста/. Праксата на работата на наставните кадри покажува дека старата класична школа и особено гимназијата ни оставила во наследство многу административен и институционален однос кон прашањето на оценувањето и ако и тоа означувало во своето време чекор напред за разлика од наивното и сентиметалното однесување кон овој проблем.

Ако се анализира практиката на функционирањето на оценувачкиот систем може да се согледаат две различити тенденции коисе осломуваат на подруги појдовни основи во оценувавето. Едната појдува од целите и задачите на институцијата и од апстракнит критериуми на наставниот план и програма или наставен предмет. За разлика од неја другата појдува од личноста на ученикот од неговите реални знаења и способности, од неговите вложени напори во споредба со глобалниот колектив и заедницата на паралелката. Поради тоа едниот систем го оценуваме како дедуциран од одредени законски и нормативни акти, а другиот како емпиричен. Погледнато од тој агол многу дискусии на класните и наставничките совети во сашност означуваат процес на усклaдување на овие два системи односно две практики во оценувањето на учениците. До слични констатации се доаѓа кога се оценуваат повеќе класови во рамките на наставничкиот совет, повеќе генерации или училишта. Таа разлика може да се види и меѓу наставниците кога сами себе се оценуваат,

во стилот на нивната работа /ако се споредат првите години на службување со подоцнешните/ и сл. Тоа покажува дека појдовната основа на оценувањето на учениците детерминирана е од многу фактори на училишниот, општествениот и субјективниот живот. Со оглед на тоа некои деформации во системот на оценувањето се претежно обусловени од објективните услови на општествениот живот, од развиеноста на институцијата или од степенот на изграденост на субјектот за егзактно мерење на своите и туѓите напори. Караткеристични примери од тие деформации преставуваат малограѓанските настојувања за еснавско сообразување на оценувачкиот систем и многу други односи што се изнадоврзуват на тоа/.

Во непосредните процеси на гимназискиот живот можат да се согледаат тенденции да се голем број од учениците запишува во гимназијата. Меѓутоа, училишните простории и други услови не се сообразени со така изразитите желби за масовно школување. Поради тоа учениците се примаат по пат на приемен испит. Одделно треба да се проучуваат случаите кога бројот на кандидатите за прием во училиштето е поголем од колку можностите во училиштето. Во такви случаји се лекцијата на учениците е изразита, а во други случаји под форма на "социјален проблем" се врши еден стихиен натисок за отварање на нови паралелки, за зголемување на учениците во паралекта над предвидениот максимум и сл. што го отежнува подоцнешниот процес на шиолување. Наставниците констатираат дека предзнаењата на учениците што доваѓаат во првите класови не се еднакви поради тоа и паралелките не се и образовно хомогени. Тоа допринесува да се постигнуваат несообразено темпо во совладувањето на наставната материја /неможе нормалнода се работи со голем број на ученици што имаат така многу различити предзнаења/. Како последица од многу објективни причини тврдат наставниците, голем, број од учениците се осипуваат во првите класови /од 30-60%/ што е секако индикатор за неекономично и нерационално школување.

Согледуваjки ја оваа ситуација дел од наставниците прелагаат да се при приемот на учениците внесат повеќе критериуми за селекција. За разлика од нив други укажуваат дека на еден добар дел од учениците им е нужна една "дополнителна настава" за да можат нормално да ја пратат програмата за првите класови. Поради тоа можда е најрационално, тврдат тие, да се збогатат кому-

никациите меѓу гимназијата и осимгодишното училиште што праќаат такви ученици, односно за таа категорија на ученици да се изнајдат дополнителни процеси пред почетакот или во текот на учебната година за да се подобро прилагодат на барањата што ги поставува гимназијата.

Имајки ги во предвид сите тие предлози класниот односно наставничкиот совет на Охридската гимназија предприел еден "експеримент" во развитокот и формирањето на оваа генерација. Наставниците ги барале причините за слабиот успех на учениците во процесите што се одвивале низ осумгодишното училиште односно во условите на новата средина, бидејки добар дел од повторувачит доаѓаат од село од блиските и подалечните населби за кои што секако е потребен еден период за да се адаптират во новата средина Во овај експеримент се претпоставило дека главните причини за слабиот успех на учениците лежат во организацијата на гимназијата и на животот во неја односно во условите на новата средина на комуната. Појдувајки од овие објективни причини тие ги сообразиле процесите во школувањето на учениците во првите класови, го сообразиле системот на делувањето, а во взначајна мера и системот на оценувањето на учениците во текот и особено при крајот на учебната година. Резултатите што се постигнале во школувањето на учениците во првите класови, биле регистрирани во Републичкиот завод за школство како многу интересни што заслужуваат внимание и анализа. Во новата учебна година во II клас некои од овие ставови и мислења на наставните кадри се измениле и ги напуштиле старите позиции и поради тоа процесите во вториот клас на гимназијата добиле нови карактеристики. На крајот од учебната година голем број од учениците го повториле класот. Овај податок за повторените ученици во вторите класови на гимназијата беше необичен со оглед на тоа што ниж споредбите со поранешните години и во вторите класови на Републиката се покажа како многу симптоматичен. Најкарактеристичен приме во овај процес на "заострување на критериумите од I кон II клас на гимназијата, дава предмет од Француски јазик. Овај предмет во I клас регистрирал само една слаба организација, додека во наредната година 20% од учениците добиле слаби оценки.

За да се подобро согледа како овај експериментат се одразил на учениците и на нивните ставови и мислења во текот

на учебните години ке наведиме некои примери:

| ОХРИДСКА ГИМНАЗИЈА | Полугодие | Учебна год. |
|---|---|---|
| - Постигнале исти успех | 53,2 | 56,6 |
| - Постигнале подобар успех | 20,3 | 40,7 |
| - Постигнале полош успех | 21,2 | 1,0 |
| - Непознати | 5,3 | 1,7 |

| КИЧЕВСКА ГИМНАЗИЈА | Полугодиа | Учеб.година |
|---|---|---|
| -.Постигнале исти успех | 36,1 | 39,0 |
| - Постигнале подобар успех | 30,1 | 48,2 |
| - Постигнале полош успех | 32,3 | 11,2 |
| - Непознати | 1,5 | 1,6 |

Податоците покажуваат дека Охридските ученици неочекувале на полугодие и на крајот на учебната година да го намалат успехот /според оценувачката скала/, туку се надевале дека ке го сочуваат истиот плафон на одлучни, многу добри, добри и сл. Треба да се напомене дека општиот успех на учениците во I клас во оваа гимназија бил 3,16. Меѓутоа резултатите што се регистрирани на крајот од учебната година ги изненадиле учениците во негативна смисла. За разлика од нив учениците на Кичевската гимназија, со оглед да имале слаб успех во првите класови /2,72/ очекувале промени во структурата на успехот во позитивна смисла. Имено учениците за полугодија се колебале но за крајот на учебната година скоро сите биле убедени дека ке го поправат успехот. Реалниот тек на процесите на оценувањето ја потврдил нивната предпоставка.

Овие примери покажуваат дека учениците од Охридската гимназија недоволно учествувале во процесот на оценувањето на своите сопствени напори и успеси. Тие немале единствен критериум со своите наставници што довело да се формираат и различити претпоставки за вреднување на успехот. Критериумите се разидуваат што доеведува до афективно доживување на успехот при крајот на учебната година. Се добило нешто сосема друго, а не она што се очекувало, што е секако причина за многу непредвидени манифестации на изненадените ученици од својот успех во вторите класови.

Некој сличен обид направиле и класните совети во првите класови на Кичевската гимназија. И тие пошле скоро од истите критериуми односно од истите констатации какви што ги сретнавме во Охридската гимназија. Меѓутоа тие уште при уписот на учениците,

ниците, уште на почетакот од учебната година одлучиле да формират паралелки во согласност на успехот на учениците во осумгодишните училишта. На тој начин ги разврстиле по паралелки согласно на покажаниот успех. Ова разврстување продолжило и при ориентацијата на учениците по смерови во вторите класови. Таква политика допринела една паралелка од друга многу да се разликуваат и да се во некои од нив групираат многу слаби ученици, односно ученици од село. Глобалната анализа покажува дека таквите паралелки покажувале многу слаб успех и во најголем случај се осипувале низ гимназиското школување.

Анализирајќи ги податоците за општиот успех на учениците по класови и за секој предмет посебно, во текот на неколку години можно е да се покренат неколку претпоставки за образовните движења во гимназијата:

Бројот на учениците во гимназијата се повеќе се намалува /од I до IV клас/, додека успехот научениците по предметите перманентно расте.

Податоците од испитувањето ја потврдуваат ова претпоставка:

| Класови: | I | II | III | IV |
|---|---|---|---|---|
| - Охридска гимназија | 221 | 115 | 91 | 78 |
| - Кичевска гимназија | 170 | 138 | 127 | 122 |

Ако Охридска гимназија ја третираме како институција во релативно развиени подрачја, како гимназија со традиции во која што се школуваат претежно ученици што завршиле некое осумгодишно училиште во градот, тогај можеме да констатираме дека учениците го стобилизираат својот успех и изградуват една своја традиција во првите два класа. Меѓутоа, новоформираните училишта каква што е Кичевската гимназија /отворена после ослободувањето/ што се лоцирани во неразвиените општествено економски услови и во која што се школуваат претежно ученици што дошле од блиските и подалечните села, покажуваат сосема друга тенденција. Во овие училишта најголем број од учениците се осипуваат во првите класови, додека во наредните се помалце и помалце.

Друга претпоставка на испитувањето е дека успехот на учениците по одделните предмети што се застапени во наставниот план и програм перманентно се подобрува. Во овај процес многу е битно дека бројот на непреодните оценки перманентно намалува, додека пак на останалите наголемува, односно зголемувањето на повисоките оценки пропратено е со опаѓањето на пониските:

УСПЕХОТ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД
КИЧЕВСКА ГИМНАЗИЈА

| Оценки | Недоволни | | | Доволни | | | Добри | | | М. добри | | | Одлични | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Класови: | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | III |
| Мајчин јазик | 10,0 | 17,6 | 6,3 | 29,6 | 28,9 | 48,3 | 36,4 | 28,9 | 22,6 | 18,6 | 15,9 | 18,1 | 5,4 | 9,7 | 4,7 |
| Историја | 10,2 | 5,3 | 0,7 | 24,1 | 34,9 | 55,9 | 37,2 | 38,1 | 20,6 | 21,8 | 17,4 | 17,3 | 5,8 | 4,3 | 5,5 |
| Државно и општествено уредување на СФРЈ | | | | | | | | | | | | | | | |
| Психолог. логика социологија и филоз. | | | 20,3 | | | 8,3 | | | 18,6 | | | 32,5 | | | 20,3 |
| Руски јазик | 10,0 | 6,5 | 1,5 | 17,0 | 43,4 | 60,3 | 27,0 | 26,3 | 20,6 | 43,0 | 22,4 | 16,1 | 3,0 | 1,4 | 1,5 |
| Географија | 12,9 | 8,1 | | 32,9 | 49,2 | | 34,2 | 19,5 | | 8,8 | 11,6 | | 11,2 | 11,6 | |
| Биологија | 24,8 | 13,1 | 14,1 | 41,1 | 62,4 | 54,5 | 17,1 | 10,8 | 18,9 | 13,5 | 7,2 | 9,4 | 3,5 | 6,5 | 3,1 |
| Хемија | | 7,9 | 17,3 | | 65,9 | 48,1 | | 13,7 | 18,9 | | 8,2 | 10,2 | | 4,3 | 5,5 |
| Физика | 26,4 | 13,1 | 1,5 | 25,4 | 40,7 | 56,0 | 29,4 | 23,1 | 25,9 | 13,5 | 13,7 | 11,1 | 5,3 | 9,4 | 5,5 |
| Математика | 38,3 | 25,5 | 15,7 | 24,1 | 44,1 | 51,4 | 24,1 | 21,1 | 22,8 | 9,4 | 7,9 | 7,8 | 4,1 | 1,4 | 2,3 |
| Латински јазик | 2,3 | 0,6 | | 12,3 | 40,8 | | 52,1 | 28,9 | | 26,5 | 15,8 | | 6,8 | 13,9 | |
| Француски јазик | | 27,2 | 4,9 | | 32,3 | 54,8 | | 20,3 | 18,9 | | 12,2 | 9,7 | | 8,0 | 11,7 |

НАПОМЕНА: Внесените податоци во табелава се проценти од добиеното утврдување на успехот на учениците со класовите и предметите што се предаваат во гимназијата.

УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД
ОХРИДСКА ГИМНАЗИЈА

| Оценки | Подоволни | | | Доволни | | | Добри | | | Мн. добри | | | Одлични | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Класови | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | II |
| Мајчин јазик | 7,1 | 9,5 | 4,6 | 24,0 | 36,4 | 34,1 | 25,9 | 22,7 | 16,4 | 22,3 | 17,4 | 24,1 | 20,7 | 14,3 | 20 |
| Историја | 8,3 | 5,3 | 4,4 | 19,8 | 30,4 | 28,7 | 35,6 | 25,3 | 19,6 | 20,6 | 20,0 | 29,7 | 15,7 | 19,0 | 17, |
| Државно и општествено уредување СФРЈ | | | | | | | | | | | | | | | |
| Психологија, логика социологија и филос. | | | 14,8 | | | 29,1 | | | 20,0 | | | 14,7 | | | 21, |
| Француски јазик | 0,0 | 20,0 | 8,0 | 40,4 | 31,2 | 35,6 | 22,4 | 19,7 | 18,6 | 14,8 | 11,3 | 17,3 | 22,4 | 17,8 | 21, |
| Географија | 1,8 | 9,6 | | 16,5 | 34,7 | | 35,5 | 20,8 | | 25,6 | 20,8 | | 20,6 | 14,1 | |
| Биологија | 0,0 | 6,1 | 2,2 | 5,7 | 24,5 | 19,6 | 24,1 | 17,3 | 29,6 | 40,5 | 32,1 | 14,5 | 29,7 | 20,0 | 34, |
| Хемија | | 9,5 | 10,2 | | 27,2 | 25,2 | | 23,4 | 18,6 | | 24,3 | 20,8 | | 15,6 | 25, |
| Физика | 0,0 | 8,0 | 3,3 | 7,5 | 28,7 | 26,6 | 35,5 | 31,3 | 27,4 | 32,2 | 16,5 | 21,9 | 24,8 | 15,5 | 20, |
| Математика | 14,1 | 9,5 | 18,6 | 14,6 | 35,0 | 30,7 | 30,2 | 23,5 | 18,6 | 26,3 | 15,5 | 17,6 | 14,6 | 16,5 | 14, |
| Матински јазик | 0,0 | 0,0 | | 0,0 | 37,4 | | 65,3 | 25,3 | | 26,4 | 20,8 | | 8,3 | 16,5 | |
| Руски јазик | | | | | | | | | | | | | | | |

НАПОМЕНА: Внесените податоци во табелава се проценти од добиеното укрстување на успехот на учениците со класовите и предметите што се предаваат во гимназијата.

Карактеристично е дека бројот на слабите оценки по предметите од година во година се намалува што повлекува зголемување на преодните оценки. Ова подобрување особено е карактеристично за хуманитарната група на предмети. Тоа е карактеристично за нижите класови на Охридската, а за вишите на Кичевската гимназија.

Карактеристично е дека перманентно се подобрува успехот во распонот на позитивниот дел на оценувачката скала. Доволните, добрите или многу добрите бележат тенденција на покачување кон повисоките нивои на оценувачкиот систем. Главното квантитативно кадро од учениците се групира на ниво доволен или добар. Најкарактеристични примери се предметите биологија во Кичевската гимназија и хемија во Охридската што најголем број од учениците ги оценува како доволни или добри. Од оваа маса на просечни ученици се издвојува една група за да регистрира максимални успеси по одделни предмети. Пратејки го тој процес доаѓаме до констатација дека во поразбиените училишни и општествени услови многу почесто среќаваме ученици што бележат одличен успех низ предметите. Овај процес особено е карактеристичен за вишите класови на гимназијата и одделно за природно математичката група на предмети. Меѓутоа во неразвиените средини овие процеси се делумни и се водат до половина пат. Така на пример во преминот од првите кон вторите класови на Кичевската гимназија често забележуваме пораст на одличните оценки по поедини предмети но во вишите класови тие процеси само делумно продолжуваат. Ова подобрување особено е карактеристично за предметите од хуманитарната група.

Некои глобални податоци за успехот на учениците во сите гимназии на Охридска околија /Охридска, Кичевска, Ресенска, Дебарска и Струшка/ за учебната 1962/63 година покажуваат дека половина од учениците го завршуваат направо класот додека другите се упатуваат на поправителен испит или го повторуваат. /Го завршуваат класот 55,1, се упатуваат на поправен 33,2 и го повторуваат 11,7/. Некои битни разлики можат да се согледат и со оглед на поделбата на учениците по смерови. Имено, тенденција е учениците од природоматематичкиот смер почесто направо да го завршуваат класот, а поретко да се упатуваат на поправен испит или да го повторуваат класот./

| | Класови: | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV |
| - Хуманитарни смер | | 42,9 | 62,1 | 75,0 |
| - Природо математички смер | | 51,3 | 58,9 | 68,4 |
| - Без смерови | 41,9 | - | - | - |

Анализирајки ги овие процеси доаѓаме до сознание дека не сите предмети ~~играат~~ имаат подеднакво место и улога. Низ тој систем на оценување едни се издвојуват како многу важни што го чинат рбетот низ гимназиското школување, тие го формираат критериумот, додека другите играт секундарна улога со тоа што учениците и успехот по предметите го разврстуваат на ниво доволен или добар Така на пример предметите физика, биологијата, францускиот и латискиот јазик не регистрира слаби оценки во првите класови на Охридската гимназија, а во Кичевската психологијата и логиката покажуват таква тенденција. Интересни се предметите математика, францусот и мајчиниот јазик во процесот на осипувањето на учениците низ гимназиското школување. Овие предмети го оформија профилот на генрацијата и секако спрема нив се прилагодуват останалите предмети и критериуми.

## ГЕНЕРАЦИЈАТА ТЕСТИРАНА НИЗ СТАВОВИТЕ И МИСЛЕЊАТА НА ПРОСВЕТНИТЕ ФАКТОРИ ВО КОМУНИТЕ

### Дискусија со долгогодишните просветни работници.

Заводот за школство на Охридска околија организирал дискусија со долгогодишните просветни работници на тема "класичните и современите тенденции во наставната работа и училишниот живот". Целта на состанокот беше да се проверат личните и искуствата на своите работни колективи од сукцесивната примена на новите наставни планови и програми во училиштата, односно да се согледаат новите искуства од реформата на школството.

Дискусијата појде од тезата дека реформата на школството е сложен и долготраен процес за кого сеуште се немаат доволно изградена методологија на егзатно пратење и проучување. Недостига системно прибран објективен материјал за старата, за преминот од старата кон новата и реформираната школа и особено не достига индикатори од современите процеси на реформата. Поради тоа во дискусијата се појде од некои претпоставки што веќе се вообичаено во практиката на работата на просветните работници. Имено, во секојдневниот живот, на работното место често се вршат споредби меѓу старата и современата школа. Овие споредби во одделни случаи нагласуваат некои позитивни особини што се развивале во старата школа или пак укажуваат на современи и модерни тенденции што никако не можат да се толкуваат со традиционалниот развиток на школството и класичната физиономија на образовните движења во старата школа. Низ овие дискусии се имало за задаток да се одделни споредби верифицираат, и со помош на нив одгонетнат некои проблеми што ги наметнува современата практика.

Појдувајќи од дефинираните критериуми за дискусија се претпостави дека долгогодишните просветни работници ќе свртат внимание на традиционалните процеси и проблеми од образовните институции и при тоа ќе водат сметка за периодот на општествениот развиток; дека ќе укажат на новите процеси за поопштествување на

155

училиштето и на неговите процеси; односно дека ќе скренат внимание на некои тенденции на современите младинци за поцелосно и побрзо темпо на својот општествен и личен живот. /Според тоа битни критериуми за дискусијата беа: време, распон на современите движења и темпо на остварување на одделни цели и задачи/

Резултатите од дискусијата укажуваа на некои битни проблеми што ги карактеризираат современите и модерните општествени движења, што ја дефинираат реформата како општествена појава и прогресивно педагошко движење во кое развитокот и формирањето на генерацијата носи нови проблеми што бараат и други форми за решавање. Така на пример долгогодишните и искусни просветни работници укажаа дека денес:

- Проширени се изворите за информирање и сознавање, а со тоа поопштествен е животот на учениците.
- Зголемени се комуникациите на училиштето со пошироката средина што претпоставува развиток и формирање на една поцелосна личност.
- Во системот на новиот училишен и општествен живот се појавуваат и некои нови противречности.
- Решавањето на противречностите од училишниот и наставниот живот не е секогаш конструктивно.
- Секој период има свои карактеристични противречности - ние живееме во преминот од еден систем во друг.
- Новите противречности особено доаѓаат до израз во односите меѓу обврзната настава и слободните активности на учениците.
- Образовните движења се повеќе го осамостојува ученикот како личност.
- Новото и реформираното се огледа не само во содржината но и во методологијата на работата на секој член од училиштето.
- Образовните движења во училиштето не се доволно усогласени со културно-забавниот живот на учениците.

- Се појавиле некои опасности за тесен или премногу широк распон и темпо на детството и младоста.
- Некои очигледни предности на новиот училишен систем низ искуствата на современата практика.

Достигањата во индустријата,сообраќајот зголемените комуникации во секојдневниот живот - тврдеа дискутантите, сосема нормално овозможија збогатување на информациите и обезбедување на повеќе нагледни средства во училишните кабинети. Денес не само во училиштето, туку и во целокупниот живот се зголемиле и збогатиле изворите за учење и сознавање. Тоа допринесе да се зголемат можностите за школување и да се стекнат реални и практични знаења што повеќе ќе користат во животот "таквите знаења вредат повеќе од многу прочитани книги". Најдобар пример за тоа е екскурзијата на учениците која многу повеќе дава можности за жив контакт со реалноста. Али и покрај сите тие достигања "неможеме да се откажеме сосема од старото бидејќи се што е позитивно мораме да го задржиме, а новото постојано да го испробуваме за да го провериме и зацврстиме она што се покажало како позитивно и трајно".

Целокупниот општествен живот рапидно напредна, а тоа на некој начин се одразува во училиштето и ги детерминира сите позитивни негови резултати. Поради тоа "новото училиште не се ослонува само на своите внатрешни можности, туку и на можностите и на потребите на комуната и општествената заедница во целина". Новите технички можности непосредно се изразија и во осовременизирањето на наставните и нагледните средства, додека новите институции за доживување и сознавање многу повеќе допринесуваат за доразвивање и пооформување на учениковата личност."Тоа допринесе училиштето да биде еден но не и единин фактор во формирањето на личноста".

Современиот развиток донесе и некои нови противречности што се манифестира низ односите на училишниот и општествениот систем. Така на пример, улогата на семејството сеуште е голема и значајна во формирањето на детето и младинецот:"али учениците доаѓаат на училиште недоволно нахранети, недоволно згрижени, бидејќи родителите се презафатени на работното место и со лични амбиции. Скратеното работно време на учениците во училиштето исто така даде можности децата и младинците да се внесат и во

други процеси на живот и дејност, и да бидат склони кон негативни влијанија на улицата.... тоа доведува до ситуација да неможеме како наставници целосно да го раководиме и усмеруваме развитокот на ученикот". Негативните појави и деформации исто така укажуваат односно можат да се третираат како индикатори за промените што настанале во животот. "И пред војната се крадело, но тогаш се крадело овошје а денес се вршат провали со калаузи, кршат прозорци и сл.". Измените се осеќаат во дневниот распоред на детето и младинецот, така на пример "децата и младинците некогаш легнуваа во 8 сатот на вечер да спијат, а денес многу покасно, често водат разговори, слушат радио, ги гледаат сите филмови, ги следат сите настани во светот, што допринесува и да се орони здравјето односно со смалена способност да ја следи наставата". Во современиот живот на учениците честа практика е да се одржуваат игранки и други класни веселби "тоа го имаше и порано, но сега игранките траат до 12 часот на вечер и учениците на подруг начин се изживуваат, а утредента не се способни да ја следат наставата на часот". Некои слични негативни појави можат да се согледаат и низ екскурзиите што ги преземаат училиштето "тие некогаш немаат ни наставен ни научен карактер, а се само повод за евтина забава". Најдобар пример за тоа покажуваат и екскурзиантите кои доаѓаат од други места во градов "тие повеќе се заинтересирани за разонода отколку за историските вредности на градот".

Секојдневната работа на наставните кадри и некои педагошки разбирања во работата покажуват дека недоволно го познаваме старото класично училиште а според тоа и немаме доволно изградени критериуми за новото и реформирано "се прогласува за новина многу познати нешта на старото училиште". Така на пример "сакаме да излеземе од класичниот час но забораваме на она што беше рационално во него". Во друг случај кога го анализираме развитокот и формирањето на ученикот често се ослонуваме на личните трудови /семинарски и други домашни работи/ и притоа "се задоволуваме со фразеологија а многу малку бараме стручен и научен јазик во трудовите на учениците - учениците не знаат да ги користат фактите". Во условите на новото училиште се забележува една жед за брза афирмација на учениците и институцијата низ

надворешни манифестации што не се вистински одраз на процесите што се одвиваат во училиштето. Добар дел од наставните кадри низ секојдневната работа не изградило осет за разликување на споровите, низ дискусиите постојат доста не расчистени проблеми за профилот на генерацијата и учениците што се развиваат во новите услови. Добар дел од наставните кадри покажуваат "склоност за професионално затворање во лични преокупации и своеволен комодитет". Ва одделни случаи има примери на непедагошки однос на поедини наставници и сл.. Сето тоа покажува дека наставните кадри сеуште не се доволно припремиле за најквалификувано да ги водат процесите во современото училиште.

Процесите што денес се одвиваат укажуваат на карактеристики на премин од еден систем и дејност во друг. "Ние сме воспитаници на старото школо, но во исто време реализатори на новото. Ги користиме позитивните форми и методи на минатото и настојуваме да го сватиме и афирмираме новото и прогресивното. Како наставници од преодното време покажуваме слабост што го намалуваат нашиот афторитет, особено тогаш кога административно или пребрзо ги решаваме некои проблеми". Слични процеси се одигруваат и кај учениците особено тогаш кога "неправилно ја сваќаат демократијата". Во современите процеси присатни се и некои противречности од нов карактер и особено доаѓа до израз низ "оптеретеноста на учениците со многу активности во училишниот и вон училишниот живот" тие доаѓаат до израз и низ формите на соработка меѓу членовите на наставниот или училишниот колектив.

Општа е тенденција слободните активности на учениците да остануваат релативно затворени во рамките на училиштето и сврзани со строго образовните цели и задачи на старото. Меѓутоа, со реформата на школството сеуште очекуваме со појом на нив, да се излезе во широките процеси на комуналниот и општествениот живот и да се учениците оспособат во процесите на општествениот живот. Поради тоа може да се соглед а една карактеристична неконструктивност во образовните движења што се согледува низ поизградените критериуми за активност и афирмација на училиштето.

Реформата на школството не затекна недоволно припремени за многу проблеми. Затоа често сеуште на ученикот гледа

даме само од агол на училишните обврски. Така на пример "зошто забавниот живот не е организиран, зошто на забавните манифестации не присаствуваат и родителите, зошто наставниците не ја анализираат на културно-забавниот живот на младинците, зошто на класните состаноци не се анализираат културните односи меѓу членовите на работниот колектив". Често тврдиме дека учениците погрешно ја сватиле демократијата, а притоа "заборавање да тие тоа не го чинат намерно и свесно". Повеќе сме заинтересирани за реализацијата на наставната програма а не водиме сметка дека "регрутните комисии констатираат искривени рбети и ребра кај кандидатите на ЈНА. Слободните активности што се развиваат во училиштето повеќе се усогласени со потребите на училишните свечености и сеуште не покажуваат нови карактеристики од современиот и училишен живот "тие се со интелектуалистичка содржина, со фолклорни мотиви, а многу помалку го одразуваат нашиот современ технички век".

Во процесот на реформата на школството многу малку скрепание внимание на проблемот "како треба да се учи, самата техника на учењето. Одделен проблем сekako е прашањето за прилагодување на образовните текови со психофизичката и интелектуалната моќ и способност на ученикот "има случаи кога наставникот целата своја факултетска образованост се обидува да ја пренесе на учениците за еден час". Во друг случај се бара од учениците повеќе меморија отколку знаење и способности "со меморирањето го угушуваме креативното чувство кај учениците". Низа секојдневната практика се забележуваат тенденции кои сеуште силно влечат во старите категории на ученост и образованост и притоа многу малку се води сметка за воспитниот момент "повеќе се нагласува она што е слабост и погрешка, а многу ретко се истакнуваат позитивните обележја". Прашање е дали вака разгранет систем на слободни активности даваат добра гаранција за реализација на општествените цели на училиштето. Одделен проблем е колку наставните кадри се способни да ги усмеруваат овие процеси "наставните кадри недоволно живеат со културните настани во градот, и со современите движења во светот". Затоа методот на работата на наставните кадри често е јавно или скришум критикуван од учениците од ученичките родители или од некои институции во градот што ги ангажираат учениците низ своите форми за работа. Во динамиката за брза афирмација на индивидуата или групата постои склоност да се

појде по несообразени форми на активност. Така на пример, "во средните школи немаме физичко воспитување, туку само спорт". Точно е дека децата не поаѓаат целосен развиток низ слободните активности и дека низ нив рационално не ја развиват својата индивидуалност. "Најдобар пример за тоа се антропометриските мерила". Меѓутоа, во секојдневната комуникација често се апелира на свест и своите слабости "ги покриваме со фразеологија и љубов кон заедницата, недоволно манифестирајќи ја љубовта низ својата работа". Во наставните процеси по физичко и здравно воспитување "констатираме дека учениците добро ја знаат вежбата, но здодевно им е да ја повторуваат, иако вежбата нема само интелектуални барања". Практика е да се на ученикот секогаш гледа од агол на определен предмет и притоа не се води сметка за личните преокупации на ученикот за неговите склоности и способности. Сличен е случајот и низ другите активности низ кои тешко можеме да го препознаеме ученикот а повеќе го согледуваме училиштето и неговите цели и задачи, или пак низ приредбите, игранките или другите веселби тешко го препознаваме ученикот со своите карактеристични форми на доживување.

"Старата класична школа беше критикувана заради дидактичен материјализам на процесите што се денес одвиваат покажуваат слична тенденција на оптовареност со слободни активности". Според тоа последиците мора да се согледат во обврзната настава и низ другите форми на личниот живот на учениците "преоптовареноста на учениците е факт како што е факт релативното слабо знаење на учениците". Степенот на развиеност на општествената средина и на училиштата посебно суштински делува во наставата и во развитокот на новите генерации. Така на пример "наставниците од поразвиените средини имаат повеќе можности да се користат со повеќе извори и со специјалисти во припремата на часот додека во неразвиените тие можности се помали". Учебниците претставуваат посебен проблем, се поставува прашање "дали се тие основни извори на учениците или се само прирачници" во нив често се внесуваат "учени фрази што ја заматуваат содржината и целта на текстот".

Процесите што денес се одигруваат во новото училиште покажуваат очигледни предности за разлика од старото, поради тоа логично е да се мисли дека побогат ќе биде развитокот и форми-

рањето на новите генерации. Така на пример ако се споредат "учебниците и другата помошна литература по квантитетот и квалитетот на знаење, ако се споредат задолженијата што некогаш има исклучив образовен карактер а денес целите и задачите на општеството и максималните можности на индивидуата, ако се споредат предзнањата на учениците пред да дојдат во училиштето, ако се анализира речникот, фондот и квалитетот на поимите богатството на претставите ќе согледаме колку многу промени настанале во современото училиште и во општествениот живот што се така силно одразиле во профилот на новите генерации". Само за илустрација да го наведеме случајот со техничките активности, тие "во старата класична школа, бар за нашето време беа апстракција."

Дискусија со директорите на училиштата од II степен

На овој состанок организиран од Заводот за школство на Скопска околија, предмет на дискусија постана "квалитетот на наставата во средните училишта со посебен акцент на методологијата на работа на наставните колективи". Во дискусијата се препостави дека проблематиката е карактеристична за современите движења и дека ќе дојдат до израз некои специфичности во организацијата на наставно-воспитните процеси од обврзната настава, од изборната настава и од слободните активности на учениците. Низ дискусијата се имаше за задаток да се согледа реалното место и улога на наставните кадри во училишните и образовните процеси. Така на пример низ поделбата на задолженијата во школата, низ формите за стручно усовршување на наставните кадри, низ карактеристичните напори за внесување на новини во наставата низ развиената соработка меѓу членовите и со членовите од другите колективи и сл..

Во текот на дискусијата директорите на училиштата од II степен ги покренаа следните проблеми:

- Општествениот и педагошкиот профил на директорот на училиштето од II степен.
- Форми за усовршување на наставните кадри сообразени со процесите на реформата на школството.
- Недостиг на предзнаења на учениците особено по математика и кај учениците што доаѓаат од село.

- Во училиштата се осеќа недостиг од наставни средства - особено во кабинетите за природо-математичка настава.
- Слободните активности се прилагодуваат исклучиво со сообразовните процеси и со барањата на редовната настава.
- Современата школа треба да изградува и нова методологија за работа во училиштетот.
- Новото училиште развива и нови односи во колективот меѓу наставниците и учениците и со сите други фактори во комуната.
- Соработката на училиштето со другите институции во комуната и во поширокта заедница се уште е елементарна и периодична.

"Да се биде директор на средна школа е крајно неблагородна и незгодна работа, проблематиката денес е многу сложена, а директорот е оставен сам на себе без некоја значајна помош од стручните органи и организации". Ова треба да се нагласи бидејќи директорот на училиштето не е секогаш и стручно лице за сите процеси за со кои што раководи. Поради тоа "преоментацијата треба да биде да се изгради директор не како симбол на власт туку како општествен и педагошки фактор" ова е многу битно да се нагласи бидејќи со зголемувањето на бројот со учениците во училиштата со отварањето на смерови, постојат можности за назначување на заменици кои во значајна мера би требало да го надополнат профилот на директорот на училиштето.

Новата наставна програма, демократизацијата на внатрешниот-училишен живот и многу други процеси створија можности наставникот самостојно и творечки да ја планира и изведува наставната програма. Во наставата се практикуваат индивидуални форми за стручно усовршување на наставните кадри, "особено кога е пропратено со мотиви за полагање на стручен испит". Меѓусобните посети на часовите што ги организираат наставниците исто така се "многу згодна форма за верификација на резултатите од вложените лични напори. Тие претставуваат начин да се пренесат корисни искуства или продлабочат некои стручни мислења и педагошки ставови". Меѓутоа, дел од наставните кадри немаат доволно интерес нити

доволна стручна,психолошка и педагошка култура и образованост. "Вината за тоа во голема мера ја сносат факултетите што се задолжени да подготвуваат наставни кадри за средните училишта". Практиката покажува дека новоотворените гимназии не успеале најпозитивно да го решат кадровото прашање. "Во овие училишта некои предмети ги предаваат лица што не се стручњаци".

Честа е појава учениците што се запишуваат во првите класови да нема доволни предзнаења за нормално да ја следат наставата. Поради тоа првите месеци од учебната година предјуваат во повторување и утврдување на старата материја што се изучувала во основното училиште."Најмногу недостатоци и празнини во знаењата на учениците се осеќа по предметот математика и доста често по странските јазици!" Практиката на полагање на приемни испит за училиштата од II степен покажува дека "учениците што биле одбиени на приемните испити во гимназијата често се ориентираат на други средни школи за кои што немаат доволен интерес и особено во училиштата за ученици во стопанството во земјоделското училиште во Ресен што создава и посебни тешкотии во овие училишта во кои што најчесто се среќаваат ученици со доволен или добар успех!"

Недостигаат наставни и нагледни средства во процесите на образованието. Тоа е причина за "елементарно да се реализираат барањата на наставната програма или да се прифаќа класична организација во образовните движења". Постои практика дури и многу егзатните предмети и содржини да се предаваат "на вербален начин без да се употребува обид, лабораторија, кабинет, или работилница". Општа е констатација дека недостига учебници или до колку ги има доста од нив "не се прилагодени за новата програма". Тие се пишувани пред повеќе години, а нашиот динамичен развиток ги надминал нив. Да би се тој недостиг баз во извесна мера ублажил некои училишта почнале да припремаат или да издаваат скрипти по одделни предмети. "Иако тие имаат многу пропусти и слабости што не смеат да се сретнат во едно помошно средство сепак се покажаа како корисни во битката за преовладување на белешкарството".

Објективната анализа покажува дека учениците се многу оптеретени со редовната настава и со многуте форми на слободни активности. "Тоа допринесува да се запоставува улогата на

училиштето односно образованието или да се овие барања само формално реализираат". Во некои училишта слободните активности се прилагодуваат на наставните предмети додека во други со помош на нив се корегираат и некои наставни содржини од обврзната и изборната настава.

Примената на новите наставни планови и програми претпоставуваат и изградена современа методолошка култура и образованост на наставните кадри. Таа би се изразувала низ темпото на изнесување на наставата и наставната содржина како и низ богатството на форми за порационално совладување на традиционалната и современата научна техничка и друга култура. Во овие процеси "многу е битно кога, во која мера и на кој начин ќе се обезбеди процес за утврдување, проширување и продлабочување на проучуваната материја. Итно е да се даде доволно дистанца за развивање на критично мислење и креативно чувство кај учениците". Во овие процеси оценката што ја добиваат учениците за својата специфична активност претставува важно стимулативно средство. "Практиката покажува дека во најчест случај во нашите училишта се уште се оценува меморија а не реални знаења на учениците". Причините секако треба да се бараат во големината на паралелката, во оптовареноста на наставниците со многу училишни задолженија и др. што смета и го одзема времето за да наставникот се запознае со индивидуалните особини на учениците. Добар дел од учениците "неумеат да се служат со учебници, незнаат како да учат и губат многу време, трошат многу сили а постигнува слаби резултати во учењето". Тенденција е се повеќе на учениците да гледаме од агол на својот формиран профил, од своето животно искуство и затоа погрешно претпоставуваме дека многу вистини знаат од современиот и историскиот развиток, а при тоа "забораваме дека се работи за младинци родени по ослободувањето". Самостојните работи на учениците во доста случаи покажуват дека мораме да имаме поголема доверба кај учениците и према нивните интелектуални и творечки сили како понекогаш "никнат сервиси за обавување на домашните задачи и особено за завршните теми".

Соработката меѓу наставниците и учениците не е секогаш во склад со системот на самоуправувањето и со концепцијата за реформа на училиштето. Поради тоа не се чувствува секогаш здружени сили за да се позитивно усмерува творечката практика. "Реформата не е дадена како готов систем што нема повеќе да се развива", а самоуправата не е апсолутно изградена". Во овие про-

цеси "не барале наставникот да биде идеален – и тој е жив човек, али захтевале да не биде вообразен во својата ученост".

Односите меѓу институциитеза образование и другите на културата , производството, разонодата сеуште се многу неразвиени. "Стопанските организации нерадо излегуваат во пресрет иако ние со нашата практична работа им допринесуваме во остварувањето на нивните производни планови". Сеуште вообичаено е учениците да се дочекуваат и прифаќаат во производните текови со извесна недоверба, "не им даваат непосредно да учествуваат во процесот на производната работа, а ги задолжуваат со елементарни и помошни работи. Ги третираат како сезонска неквалификувана работна сила".

<u>Интервју со наставните кадри за процесите на формирање на новите генерации</u>

Зборувајќи за своите ученици, наставниците во доста случаи категорично тврдат дека оваа генерација по многу обележја е различна од претходните. Таа е со поизразити амбиции низ активностите, има поголем квантум на знаења, постигнува подобар успех во учењето, има побогат израз, изграден дух за натпревар и чувство за критичност, има изградени работни навики и е многу пореална во оцена на своите резултати. Учениците се реални во мотивите за својот личен напредок, снаодливи, заинтересирани за културниот,забавниот и за сите настани од секојдневниот живот. Попрецизната анализа би требало да покаже дека новиот профил на генерацијата во одредена мера се среќаваше и кај поранешните али не беше така нагласен и масовен. Дел од обележјата за овој позитивен процес можеа да се наслутат уште во почетокот на школувањето во првите класови. Се очекуваше учениците од оваа генерација да се развиваат солидно низ гимназиското школување. Меѓутоа дел од наставните кадри укажуваат дека младинците од оваа генерација мислат дека "денес човек треба повеќе да е снаодлив отколку вреден, односно мислат дека општата култура што ја стекнуваат во школата е достаточна за еден современ човек". Споредбите меѓу оваа генерација и претходните укажуваат дека сега учениците далеку подобро се ориентираат во животот и во професиите. "Оние ученици што не се правилно ориентирале

во смеровите на гимназијата слични се на претходните генерации али многу понезаинтересирани од нив".

За развитокот на еден ваков профил на новите генерации особено делувал општествениот напредок на земјата и техничкиот прогрес. "Индустрискиот развиток силно ги мотивирал учениците и особено по обдарените од нив за да се пронајдат себе и да изградат идеали сообразени со техниката и индустрискиот напредок". Поради тоа може да се тврди дека овие нови карактеристики особено се својствени за учениците од природо-математичкиот смер. Тие се интелегентни,ии трудолубиви, имаат развиени интереси за додатни и други активности, се иницијативни сталожени умерени во оценката на своите способности и сл.. "Изгледа дека предметите со егзактна содржина во многу делуваат на учениците за да постанат и изградат ваков профил". За разлика од нив учениците од хуманитарната група ни изгледаат посиромашни и опторотени со многу слабости на една недоволно мотивирана личност. Тие се возбудливи, недоволно информирани, склони да појдат кон линија на слаб отпор,лабави во учењето, немаат изградено работни навики, склони се да се потценат себе во споредба со другите и особено со учениците од природо-математичкиот смер. Се добива впечаток како да се поистоветува поделбата на учениците по смерови со поделбата на добри и лоши ученици. Сигурно природоматематичката група а особено поедини нејзини предмети и дисциплини извонредно многу се ценат во гимназијата, а учениците што постигнуваат поголем успех по овие предмети имаат поголем углед и се сметаат за надарени и способни.

"Поделбата на учениците по смерови тврди еден професор има оправдание само тогаш кога учениците правилно се определило според своите диспозиции". Слични се мислењата и на останатите преподаватели без оглед на тоа што употребуваат релативно подруги поими за израз на оваа суштина како што се: наклоности, интереси, мотиви, надареност, желби за специјализација, професионално ориентисаност и тн.. Во гимназиите многу е популарно мислењето дека поделбата по смерови е најрационалниот пат низ кого особено се почитува индивидуалноста на секој ученик. Меѓутоа исто така е и популарно мислењето кај наставните кадри дека во условите на училишната работа и живот во гимназијата недостига многу неопходни нешта /простор,кабинети, работилници, опрема и сл. за правилна бифуркација на процесите во гимназијата. "Гимназијата

не е доволно опремена за поделба на смерови". Анализирајќи ги одговорите на наставниците се добива впечаток како да поделбата се смета за интерна мерка и затоа не се има во предвид другите фактори надвор од гимназијата во стопанската и општествената динамика на која што се осланувааат сите образовни движења а и поделбата на учениците по смерови.

Општо е мислење кај наставните кадри дека слободните активности и особено производната работа на учениците треба на некој начин да се усогласува со избраниот смер, али бифуркацијата не смее да води до апсурд и при тоа да се допушти толку голема диференцијација бидејќи се работи за општо образовно училиште, односно за млади ученици кои подоцна можат да ги пореориентираат своите ориентации низ студиите. Интересно е дека наставниците ја прифаќаат претпоставката дека општествените и особено стопанските движења во комуната делуваат во гимназијата и на ориентацијата на учениците по смерови. Али ова делување се одвива непосредно низ мотивите на учениците а не низ образовните движења на одделен смер наставен предмет или слободна активност.

Кога наставните кадри го анализираат новиот наставен план и програма за гимназиите со оглед на четиригодишното свое лично искуство и работа, како и со оглед на можностите на гимназијата и реалните перспективи на учениците односно потребите на заедницата тие тврдат дека новата практика претставува успешен обид да се задоволат сите барања и максимално ангажираат реалните можности. Меѓутоа, се уште доста се среќаваат едностраности што се обусловени од условите во кои што работат училиштата " недостигаат објективни услови за подобра реализација на реформата и на наставните планови и програми". Освен тоа дел од наставните кадри укажуваат дека новата наставна програма нема и доволно разработена методологија за нејзината примена. "Недостига педагошки и стручни методолошки упатства за конкретизација на наставните содржини, недоволно се разработени смеровите, ниту пак усогласени со критериумите за упис на факултети и високи школи" Карактеристично е да се напомене и тоа дека при конкретизацијата на наставната програма наставниците малку појдуваат од субјектот на ученикот, односно од барањата на непосредната општествена заедница . Поради тоа новата наставна програма сеуште се третира како "државен" документ или како "службена обврска".

При примената на новиот наставен план и програма преподавателите се среќавале со разновидни тешкотии: недостиг на

литература, неопремени кабинети и лаборатории, недостиг на искуства, потреба од чести консултации со колегите и со познати стручњаци, позајмување на литература од Скопје и Белград и тн. Во оваа тешкотија ако не и потешка се најдоа и учениците "старите учебници не даваа толкување на новите проблеми, а нови немаше". Во решавањето на стручните и педагошките проблеми наставниците се служеле претежно со популарниот стручен и педагошки печат, со учебници за факултети додека многу ретко со некои научни дела што ги исцело обработуваат проблемите. Карактеристично е да се напомене дека гимназиите како институции не вршеле некои подлабоки анализи што би биле резултат од некое експериментално или друго егзактно следење и проучување на одделна појава и процес од новиот училишен и образовен живот. Поради тоа искуствата на наставните кадри не се подигнувале на ниво на критериумите на современата наука, теорија или споредбена практика. Затоа може да се смета дека новата наставна програма била прифатена од наставниците какао една неминовност штое со закон регулирана а не и како длабоко свое убедување. Тоа допринело во процесот на примената на наставната програма да се не негува свој творечки немир, кај наставните кадри што треба да е карактеристичен за непосредните реформатори на школскиот систем. Посебно треба да се нагласи дека наставните кадрови многу малку присуствувале на некои советувања,семинари, курсеви низ кои можеле да разменат искуства по прашања што ги покренала реформата. Исклучок чинат еден дел постари наставници кои присуствувале на некои советувања што ги организирал Заводот за школство на СР Македонија.

Анализирајќи го своето искуство од школувањето на учениците во гимназијата наставниците поаѓуваат од популарното мислење дека оваа школа се смета за многу угледна. Кон неа се ориентираат ученици што намеруваат да го продолжат образованието на високите школи, факултети и академии а дел од нив да се одредат за специјализации и да заземат многу угледни и одговорни работни места. Така на пример"во Охрид гимназијата се смета за многу авторитетна школа, кон неа се ориентираат обично оние младинци што сметаат на поголеми перспективи на образованието, традиционално се смета дека гимназијата подготвува кандидати што треба да стекнат високо образование и големи функции, граѓаните и учениците гимназијата ја сметат за школа што дава солидна општа наобразба, основа за секое ново стручно образование и специјализација, затоа кон неа се ориентираат ученици

што се економски повеќе ситуирани и што обезбедиле услови за кредитирање на нивното образование на студиите." Меѓутоа, наставниците од Кичевската гимназија сметаат дека "кога во градот би постоела некоја друга стручна школа или некои други смерови гимназијата би била испразната. Сега таа доминира бидејќи учениците од селските околности немаат друг избор, еден дел од нив се запишуваат во неа поради тоа што намеруваат да го продолжат образованието додека другите поради тоа што немаат можности да се школуваат во друго место и низ некоја друга стручна школа. Во гимназијата се запишуваат децата на помашните родители, тие можат да го кредитираат школувањето на своето дете. Али во неа се запишуваат и многу бедни од блиските села што немаат материјални средства и други услови низ други училишта да се школуваат".

Ако досега, после толкав изминат период размислува за експериментот што го извела Охридската гимназија со своите ученици во првите односно вторите класови наставниците констатираат и ги оправдуваат појдовните основи на експериментот. /Вообичаено е во практиката да се главната селекција на учениците односно најголемото осигурување изведува во првите класови на гимназиското школување. Праксата на Охридската гимназија направила обид да ги тие процеси одложи за наредната учебна година/. Наставниците тврдат дека кон тој експеримент пошле бидејќи повеќе воделе сметка за децата што доаѓаат од село со помали познавања во условите на градската средина, свесно се правеле извесни педагошки отстапки во првите класови на овие ученици. Додека во вторите класови селекцијата се јавувала како поприродно бидејќи учениците имале доволно можности за адаптација во новата средина. По мислењето на наставниците оценувањето на учениците треба да се сообрази со условите во кој што се изведува, со поранешните образовни движења и со можностите и перспективите за развиток на секој одделен ученик. На тој начин природно ќе отпаднат оние што покажуваат тотално незнаење од оние што имаат смисла и способности за понатамошно школување низ гимназијата.

Практиката од Кичевската гимназија покажува дека главната селекција треба да се изведува во првите класови. Причините за тоа тврдат наставниците се: многу родители неводејќи сметка за интелектуалните способности на своето дете по еден непишан закон го запишуваат во гимназијата. Ако заскитаниот биде

очистен во I клас, тој сеуште е млад и има можност да се преориентира за да се најде себе. Големиот број на слаби оценки во првите класови имаат за причина слаби знаења на учениците од осумгодишните училишта, односно во лабавиот однос на учениците кон учењето. Во гимназијата се запишуваат без никакви потешкотии, доста често доаѓаат слаби ученици во I клас што немоќеле да најдат друга ориентација и тн.. Треба да се напомене дека дел од наставните кадри од кичевската гимназија се сложуваат со претпоставките со експериментот од охридската гимназија, додека други бараат некое компромисно решение распределувајќи го осипувањето на учениците по сите класови, наведувајќи критериуми за објективнос и стручност или се воздржуваат и го сметаат проблемот за многу сложен и деликатен.

Според мислењето на наставниците осипувањето на учениците низ гимназиското школување а и според објективните показатели го детерминираат во најчести случај предметот по математика и францускиот јазик. Овие два предмети често ги оценуваат учениците како слаби - недоволни. Важното место и улога на овие предмети низ општото образование според мислењето на наставниците има свои објективни причини. Така на пример; честа промена на наставници по овие предмети, поврзаноста на изминатиот материјал со новите содржини особено е карактеристичен за овие предмети, кај учениците се вгнездил еден неоправдан страв од овие предмети и сметаат дека тие самите сакаат да го формираат како личност, учениците се убедени дека тешко се изучува материјалот по овие предмети и тн.. Општа е констатација дека важната емпириска тенденција не е пожелна. Друг дел од наставниците зборуваат дека не се компетентни да се произнесаат за овие процеси, дека е тоа повеќе карактеристика за математика а помалку за францускиот јазик, дека тоа произлегува од поделбата на а учениците по смерови и тн.. Во овие процеси интересна е една сентиментална традиција што ја формираат предметите биологија во кичевската и хемијата во охридската гимназија. Овие два предмети грото од учениците ги оценуваат традиционално со доволен. Одговорите на наставниците за една ваква практика укажуваат дека главната вина треба да се бара кај предметните наставници. Имено, тие немаат изграден критериум "ако даваат поголема оценка да не погрешат, а ако дадат помала пак да не згрешат". Постои практика да се построго гледа на повисоките оценки од двојка "2", сигурно дел од причините лежат и до младиот наставен кадар кој "неизнашол подо-

бра организација, малку внел актуелно и интересно за учениците во процесот на образование по својот предмет".

Како одговор на учениците што тврдат дека критериумот на оценувањето во гимназијата е "премногу строг" односно на примедбата дека наставниците претежно работат за време на часот повеќе со слабите ученици наставниците одговараат: Охридската гимназија има свои традиции и тие треба да се одржуваат на висина. Ако станува збор лично за мене, ми се чини дека, не би имало место за еден таков приговор. Јас едновремено работам со сите ученици; мислам дека учениците грешат кога зборуваат за строг критериум. Овде не се работи за строгост на критериумот, туку за реални знаења; можда има до некаде свое оправдание тврдењето на учениците. Навистина, при крајот на годината повеќе време се посветува на слабите ученици; критериумот по некои предмети можда е строг но поконкретно е и доста благ и сл..
Наставниците од Кичевската гимназија тешко се сложуваат со овие критики. Тие тврдат дека кон нив прибегнуваат слабите ученици кога не сака доволно да се заангажира и кога бара слаб отпор да би се провлекле; критериумот не е строг што се потврдува и со фактот што оценката на преподавателот се подудара со предлогот со класната заедница - со мали исклучоци; дека учениците повеќе мислат за учење, а не за своите големи приндлежности и за тоа како да е злоупотребат демократијата и сл..

На прашањето за слободните активности упатени се доста критики на адреса на училиштето и наставниот колектив. Имајќи ги во предвид нив скоро сите наставници укажуваат дека слободните активности уште го бараат своето место во училишниот и општествениот живот. Според тоа се сматаат со тврдењето на учениците дека се тие повеќе поврзани со наставните предмети а многу помалку со субјектот на ученикот, со неговите предиспозиции и способности, хоби и потреби за понатамошен развиток. Исто така се сматаат со тврдењето дека тие треба да се упатат во општествените и стопанските движења што се карактеристични за комуната и за современиот општествен и стопански живот. Точно е дека поедини професори ги изведуваат слободните активности поврзано сон предметот што го предаваат подавајќи разлон и стимул "учениците да бидат организатори и реализатори, а наставникот да биде само усмерувач со своето животно искуство и знаење".

Наставниците од Кичевската гимназија се сложуваат со своите ученици за тоа дека производната работа што ја изведува училиштето не била добро организирана. Дека производната работа била еднолична /берење на овошки, прибирање на роколти и сл./ дека заработените средства не се рационално користени и правилно расподелени. Наставниците ја прифаќаат примедбата на учениците но сепак тврдат дека можностите на комуната се тие и може би"од ваква организација на производна организација нема некоја корист". За разлика од нив дел од наставниците остро се нафрлуваат на учениците и ги обвинуваат дека не е разбрано важноста на производната работа, дека немаат стекнато работни навики, дека без желба ја прифатиле поради тоа што била понапорна и тн.. Наставниците од Охридската гимназија потполно се слагаат со своите ученици по однос на критиките што ги упатиле до наставничкиот совет, што доволно не ги консултираат за видот на производната работа, и евентуално за работното место на кое ќе ја изведуваат. Тие се слагаат со фактот дека при организацијата на производната работа, при распределбата на учениците не се водело сметка за смеровите. Меѓутоа, - додаваат наставниците нашите услови сеуште не дозволуваат со оглед на степенот на индустрискиот развиток да се подлабоко навлегува во изведбата на производната работа. Во градот нема силно развиена индустрија и богата мрежа на работни места што ќе ги задоволуваат сите интереси и желби на учениците. Точно е дека треба нешто повеќе да се стори за да и учениците учествуваат во планирањето во производната работа исто така како што е точно дека таа не смее повеќе да се изведува фронтално во тек на една недела, за целото училиште во исто претпријатие и сл..

Искуството покажува дека најдобрите ученици од гимназијата се ориентирале на природоматематичкиот смер. Во текот на школувањето низ вишите класови на гимназијата се забележува една нова тенденција што и порано латентно била присатна за преориентација и на хуманитарците кон природо-мате - матичките предмети,преку слободните и додатните активности,со семинарските и со другите запрени самостојни работи, со ориен тациите кон студии и др.. Овие ориентации и преориентации наставниците ги толкуваат со интересот за индустрискиот и техничкиот напредок во земјата, со угледот и уносност на поедини

струки, со релативно подобрите услови за запослување на оваа категорија на стручњаци /инженери, лекари, архитекти и сл./. Тоа покажува дека причините се наоѓаат во индивидуалноста на ученикот односно во потребите на стопанскиот или индустрискиот напредок, али причините недоволно се согледуваат во специфичностите на гимназиското школување, но во процесите на овој или оној смер, или третиан на наставен предмет и содржина. Тоа покажува дека оваа тенденција повеќе е стихијна и дека не е регулирана со една внатрешна организација на образовниот живот.

Процесите што се одиграле за последните 4 години можеме да ги објаснуваме со противречностите на нашето време, со условите на средината или со мотивите на секој одделен субјект. Во таквите околности може за природни да се сметаат некои преориентации во текот на школувањето бидејќи во неразвиените подрачја, образованието на младинецот е битен ако не и најсуштински фактор за измена на социјалниот, економскиот, мотивациониот или некој друг статус што го остварува единката. Поради тоа тврдат наставниците: учениците одат на оние активности каде што се дефинирани кадровите потреби и најреално општествените перспективи а не таму каде што ги влечат предиспозициите и длабоките творечки интереси. Таквите стручњаци вистина уживаат поголем углед, подобро се платени, полесно доаѓаат до работа, до специјализации, до стан и други услови за работа и живот. Учениците појдуваат од тоа каде ќе им биде покорисно а не од своите сопствени склоности. За ваквите движења допринесуваат и родителите за да нивните деца имаат поголеми перспективи како лекари, инженери и сл.. Сепак наставниците констатираат дека било можно да се предупредат овие последици низ процесот на школувањето на оваа генерација, ако попрецизно се проучуваат желбите на учениците и пореално се согледуваат нивните можности, ако повеќе се разјаснеа обврските што ги добива или ги има одделен стручњак на своето работно место. Потребно беше да се подобрат некои објективни можности во училиштето, позициателно да се разврстуваат учениците по смерови и тн..

Сепак од ваквиот успех како што го постигнала генерацијата на учениците што се школувал во новиот и реформиран наставен план и програма наставниците се задоволни. Тие тврдат дека ако се има во предвид објективните можности на школата, техничките услови за кабинетска настава, ненавремените измени по

наставната програма и многу други тешкотии во образовната институција тогаш навистина резултатите потполно задоволуваат. Меѓутоа, еден дел од наставниците нешо не така значаен реагира према учениците "има ученици што не се зрели за да го завршат класот односно гимназијата. Тие немаат изграден идеал кон наука и струка и просто гледаат некако да ја завршат гимназијата без некакви посебни напори."Еден наставник тврди дека"некои ученици со гласање ја завршиле гимназијата."

# ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ФАКТОРИ ЗА РЕФОРМАТА НА ШКОЛСТВОТО И ЗА ПРОФИЛИТЕ НА НОВИТЕ ГЕНЕРАЦИИ

## Образовните движења низ општествено-политичката документација.

Околискиот и општинските комитети на СКЈ и СКМ, нивните идеолошко-политички комисии често пати поставувале ред проблеми што непосредно или посредно ги одразувале образовните движења и укажувале на карактеристиките од профилот на новите генерации.

Појдувајќи од резолуцијата на Сојузната народна скупштина со која што се даде можност комуните, стручните здруженија и стопанските организации сами да отвараат училишта според своите потреби и можности - материјалите на Околискиот комитет на СКЈ констатира дека во практиката на 1960 година преовладала тенденција за отварање на гимназии. Причините за тоа се откриват во фактот што "резолуцијата во Околијата беше разработана со извесно закаснување, а коморите, здруженијата и стопанските организации не и посветија доволно внимание - само интерно ги запознале членовите на синдикалните организации".[24] Советувањето што се организира во Околијата по тие проблеми дојде "со извесно закаснување". Тоа допринесе да се во општините отварат повеќе училишта стихијно отколку плански и организирано. Недостигаат извесни поопстојни анализи на кадровските потреби од одделни профили за стопанските и општествените дејности. При отварањето на училиштата не се обезбедија сите услови за нормално работење кон новоотворените институции.

Тактиката покажува дека преовладала тенденцијата за масовно отварање на гимназии. Во овие процеси како иницијатори се јавувале некои општински фактори изјавувајќи дека отварањето на гимназиите е "интерес на масите". Поради тоа може да се смета дека иницијаторите се сродија со веќе познатите традиции за улогата на старата гимназија. "Гимназијата во сегашните услови не ни дава потребна гаранција дека кадровите што ги формира ќе бидат во состојба брзо да се вклучат во нашиот општествен и стопански систем". Меѓутоа, отварањето на гимназиите, порастувањето

на бројот на учениците во нив "може да се правда со тоа бидејќи за таков вид на училишта полесно се решава прашањето за наставен кадар, полесно се обезбедуваат другите услови за училишна работа и живот и далеку поекономично функционираат овие институции".

Ако за појдовна основа се земат непосредните кадрови потреби во комуната и образовните движења што се во тек низ училиштата од II степен односно низ вишите и високите школи и факултети се доаѓа до констатација дека со сегашните образовни процеси не се решаваат проблемите на Охолијата, на нејзините комуни и работни организации. Имено "само 10-15% од свршените ученици на гимназијата после свршувањето на студиите се враќат во Охолијата и заземаат одредени работни места". Тоа значи дека Охолијата иако има големи кадрови потреби "таа создава кадрови за други околии", а многу споро ги решава своите непосредни потреби. За отварањето на гимназиите во многу допринесе и "ривалството меѓу одделни градски центри што дојде до израз во периодот на отварањето на гимназиите". Во тој период малку се имале во предвид можноста за меѓусебна соработка, и за отварање на нови заеднички училишта што ќе служат за повеќе комуни и ги задоволуваат потребите на локалното стопанство.

Наставниот кадар се констатира во анализата дека еден од битните услови за квалитетни-наставно-образовни процеси во училиштата. Се констатира во материјалот дека наставниот кадар не е правилно распределен низ училиштата на I степен. "Во просек кмек 1,5 наставници доаѓаат на едно осумгодишно училиште..... 412 учители предаваат предмети од предметна настава за кои што не се стручњаци". За решавањето на овој проблем Охолијата покрена барање за отварање на **Педагошка академија во Охрид** /барањето се делумно анализира со отварањето на Педагошката академија во Битола/. Слична е состојбата и во училиштата од II степен и во нив постојат доста кадрови проблеми што загрижуваат. Ова особено е карактеристично за новоотворените гимназии бидејќи во нив "добар дел од настав[illegible]ја изведуваат наставници со Педагошка академија /ВПШ/ и апсолвенти на различити факултети". Политиката на степендирање не го радикално решава ова прашање. "Во оваа година скоро немаше нови стипендии за наставни кадри во општо образовните училишта. Исклучок чинат некои стипендии доде-

леци на студенти по физика и математика". Општа е констатацијa дека многу е слаба ориентацијата на средношколците кон наставничкиот позив што треба да се објаснува и со "нерешените материјални и наставни проблеми во училиштето, како и со ниските стипендии што се доделуваат за стипендирање во овие факултети".

Карактеристично е дека училишните одбори како тела на општествено самоуправување на училиштата овозможија најнепосредно граѓанинот да делува во процесот на училишната работа и живот. "При изборот за членови на Училишен одбор често се анализирала просветната образовната проблематика во комуната односно во одделните училишта. Во дискусиите се констатирало дека училишните одбори со својата проблематика ретко излегуваат од рамките на институцијата. Нивната работа често се исцрпува на состанокот на одборот или низ дискусијата на членот. Поради тоа се поставува како барање да се овозможи поголема поврзаност на членовите на Училишниот одбор со органите и организациите на населбите што ги делегирале".[25]

Во последните години се чинат големи напори во организацијата на СКЈ што поцелосно да ги следи анализира и конструктивно упатува образовните движења во комуната односно во работните колективи. Меѓутоа, се уште добар дел од организациите стојат на становиштето дека "проблематиката на воспитувањето на младината е работа и задаток на СММ, а други сметаат дека создадените материјални услови за брз и сестран развиток на младината, присуството на општествени позитивни односи и сл. се доволни објективни фактори за правилно воспитување на младината. Дел од просветните работници сметаат дека самата реформа, новите наставни планови и програми ќе обезбедат правилно идејно-политичко развивање на младината. Тоа доведува до одредена стихија во процесот на воспитувањето и образованието. До колку некои комитети или организации расправале за проблемите на младината повеќе акцентот го ставале на организацијата на СММ, на нејзините раководства и активи или пак на некои актуелни проблеми од организационен карактер /формирање на младински работни бригади, прослава на Ден на младоста, избор на раководители во СММ и сл./. Низ анализите се констатира "дека многу малку има случаи да комунистите од одделни области, или по одредени прашања организирале советувања или разговори" за да се согледаат одделни појави

и проблеми, односно да се за нив најдат соодветни решенија.

Процесите на вклучување на младината во општествено-политичкиот живот се недоволни "се уште се решава во име на младината без да таа биде доволно информирана и консултирана". Честа практика е некои фактори да се према младината однесуваат "старателски или со недоверба". Има случаи кога младинската организација се јавува како иницијатор за покренување или решавање на некои проблеми, али "некои општествено-политички фактори или не се одзиваат или со недоволна грижа и одговорност се однесуваат према иницијативите". Во доста случаи на младината и се доделуваат чисто технички задатоци што многу споро ги вклучуваат во општествено-политичките процеси /да ги членовите на некоја организација обавестат за некој состанок, да збираат членарина, да водат евиденција, за присуство на членството и сл./. Таквиот третман на младината допринел многу битни проблеми да не постанат главна грижа и основна преокупација на организацијата. Така на пример сеуште останале не решени ред проблеми за сместај, исхрана, обезбедување простории за активност, изградба на спортски терени, прашања за запослување, степендирање и тн..

"Верувале или не - другари и другарки се вели во рефератот на Околискиот комитет на СМН во најголем број на случаи, младинските комитети се претворувале во заводи за школство, просветни установи, заводи за запослување и сл.. Добар број младинци - ки често чекале на вратите на комитетот барајќи да им се овозможи да се запишат во некое училиште, да најдат работа и тн.. Меѓутоа, и покрај добрата желба и настојување на тој план сосема малку сме успеале, макар да им помогнеме на најзагрозените /што не било тешко да се препознае/. Секако за тоа во голема мера ние ја сносиме вината, но не е и помала вината на другите одговорни фактори во овие установи што недоволно контактирале со СМН за да ги запознат со проблемите и потешкотиите во кои што се наоѓаат... Поради тоа дошле случаи да останат вон од работен однос или вон од училиштето наши добри активисти".[26] Слични потешкотии се наведуваат во решавањето на проблемите за сместување и исхрана на учениците за обезбедување на културно-забавен и друг живот и сл.. "Сметаме дека е крајно време се тврди во материјалот да му се на овие проблеми најде некои решенија нарочно во градските комуни а посебно во местата каде што има голем број на индустриски објекти, голем број на запослени млади работ-

ници и таму каде што има поголем број на ученици од II степен, односно младинци од повеќе комуни".[27]

Делувањето на средината и особено на неразвиената во формирањето на профилот на новите генерации предмет е на анализа на еден пленум на Околискиот комитет на СКЈ. Во материјалот се констатира дека "често пати може да се согледа недоволна грижа на еден или друг фактор за процесите на формирање на новите генерации. Примери на деформации можат да се сретнат во односите меѓу наставници и ученици, меѓу родители и деца, меѓу старатели и други училишни фактори. Често наставните кадри немаат доставачно педагошка и друга општествена култура за да можат да ги организираат процесите и да го сватат ученикот во напорите што ги чини за да ги реализира задачите на училиштето и одделните наставни предмети и содржини". Така на пример, одделни родители реагираат на критериумите за прием на учениците во училиштата од II степен и евентуалното одбивање на нивното дете го толкуваат на социјална национална или друга сентиментална основа. Во производната работа на учениците што ја изведуваат вон претпријатијата исто така можат да се согледаат некои лоши примери на делување. Ова е особено карактеристично во условите на неразвиените работни организации, каде што се неразвиени односно неквалификувани работниците што често ги одвраќаат мотивите на учениците за производен труд. Одделни негативни делувања вршат и наставните кадри кога покажуваат и неправилен однос кон производните процеси што се одвиваат во стопанските организации односно недоволно гоа оценуваат вложениот труд на учениците за реализација на програмата на производство.

Комунистите за општествено-политичкиот профил на младината.

Организацијата на Сојузот на комунистите на Југославија според својата програма и Статут е задолжена да се грижи за воспитувањето на новите генерации "историски земено непостои ни една општествена формација, ни една филозофија, ни кое било сериозно политичко движење кое во својата програма не му посветува едно од централните места на образованието на новите генерации и на проблемот на училиштето во-општо".[28] Појдувајќи од тие премиси се поставува прашање: каков членовите на СКЈ гледа на

денешната младина, како се борат да ја активно вклучат во современите движења и настани и при тоа да ги во потполно почитаат принципите на самостоен, слободен и демократски развиток на секоја индивидуа.

Ако за основа ги прифатиме резултатите од анкетното испитување на 250 комунисти што се непосредно задолжени да ја активно следат и усмеруваат работата на младинците во Скопјата можат да се извлечат некои битни констатации низ кои ќе се согледаат сваќања на комунистите за современите процеси во кои што се развива и формира новата генерација. /Анкетирани се општински членови на комитет на СКЈ, СМЈ, членови на совети, одбори,основни организации, односно активи во училиштата, комисии и сл./.

Скоро сите комунисти тврдат дека денешната младина изградила свој профил на општествена личност што се осломува на нашата стварност и на нејзините позитивни движења. Тоа допринесува да се она критички однесува како кон своето така и кон туѓото искуство за општествен развиток. Така на пример, карактеристични се разбирањата на младинците за начините на преовладување на неразвиеност и хуманистичкото решавање на сите спорни прашања што денес ги мачат земјите во развој и светот во целина. Новите генерации низ информисаноста и особено низ активностите што предприемат изразуваат процес на самоактивност што се осломува на своите предиспозиции дарби и способности а се мотивисува на најпрогресивните стремежи за брз и несметан развиток на секој поединец. Најдобар пример за тоа претставува односот на младината кон новото современото или модерно односно кон малограѓанското, традиционалното и помодарското. Тоа покажува дека современата младина што се развива во слободни услови изградила и поголем распон за критериумите за напредок и прогрес. За разлика од нив старите генерации биле класични и често низ екстреми ја согледувале или се вклучувале во реалната динамика на општествениот живот.

Современата младина се разликува од поранешните може би најмногу по видот и степенот на информисаноста за настаните во светот и животот. Таа е многу заинтересирана да се активно вклучи во процесите за да непосредно доживува. Поради тоа на секој чекор прави "проблем" и со тоа ги вознемирува /ги нервира/родителите,старателите, воспитачите и останалите граѓани.

Брзината како се младината понесува по новото, нејзината склоност кон целовит а не фрагментарен живот, големата заинтересираност за се што станува со неа и околу неа се карактеристики на една младост што се развива во едно ново општество со зголемени материјални и социјални слободи. Распонот на интересите и активностите, темпото на прикључувањата и склоноста да се доскочи во разновидни процеси и појави е она што ги загрижува родителите и сите други општествени фактори. /Извесен страв на постарите генерации од распонот и темпото на современиот младешки живот. Една оправдана грижа за младината да не се загуби во широкиот општествен живот, и предвреме да го изживее своето детство и младост/.

Карактеристична црта на современата младост со оглед да и во една нескриена жед за богат и содржаен живот. Тоа е причина зошто младинците секаде почнуваат, постојано итат и секогаш се окупирано со многу проблеми. Во оваа динамика доаѓа до израз меѓусебната доверчивост на младинците за многу општествени и суптилни проблеми. Поради тоа непосредните комуникации брзу ги воспоставуваат со другар, колега сопатник или сограѓанин. Низ овие комуникации се разменуваат разновидни информации и специфични содржини, се изградува едно темпо на нова присност во односите меѓу луѓето. Али секоја нова средба нечини епоха и не фундира традиција на долго дружење и другољубивост. Многу од овие средби остануваат "игри на младоста" и не претендираат да се дефинираат како основни црти. Поаѓајќи од надворешната манифестација а не од нејзината содржина често постарите генерации предлагаат совети и мерки што се сведуваат во барање да се смали распонот на младешкиот живот и да се успори темпото на развиток и формирање. Низ нив се предлага една селекција на интересите склоностите,намерите и активностите на младинците за да се постигнат поголеми резултати во образовниот и другиот младешки живот. Тоа покажува дека при оценувањето на современата младина за основа се прифаќа критериумот на својата младост и епоха "ние бевме подруги" а не сегашното животно искуство и современиот, модерниот критериум за живот и дејност.

Денешната младина има изградено мислење за тоа дека современите процеси на општествениот и другиот стопански живот се изведуваат низ одделни системи на институции за образование, култура, разонода, производство и тн.. Поради тоа кај

младината се развил интерес за реална идентификација со овие институции. Така например во услови на неразвиени средини каде што нема или се многу малку развиени институциите младоста се оплеменува низ елементарните друштвени односи што се одвиваат во семејството и низ непосредните контакти, а не низ плановите и програмите на развиени институции. Напротив, со се поголемиот општествен развиток, институциите ја примаат на себе грижата да се плански и системно движат за новите генерации. Со оглед на тоа припадноста на младинците во разновидни организации на општествено-политички, образовен, стручен и друг живот претставуваат една современа појмовност за закономерен развиток на секој поединец. Меѓутоа секоја институција претендира да има за задаток да изградува комплексна личност што доведува до едни нови институционализирани противречности што ги одразуваат реалните услови од поделбата на трудот и задолженијата во една заедница.

Кога ја анализираме современата младина мораме да имаме во предвид дека таа не се формира само низ некој физички рамки на училиштата, семејната, националната и друга средина. Поради тоа многу забрани од овој карактер претрпуваат фиаско сурцувајќи се на ниво на наивен или патријархален систем. Така зголемениот младешки живот дошол благодарение на развиеноста на современите средства за информација и комуникација /радио, телевизија, печат и тн./ што го проширија хоризонтот на доживувањето и сознавањето, го зголемија дијапазонот на активностите и допринесоа да се изгради критичен и творечки однос кон секоја нова општествена појава или настан.

Според мислењето на комунистите современата младина обезбедила свое место и улога во системот на општествениот живот. Во него таа внесува критичност што не знае за воздржливост, верба во своите сили и во својот труд. Таа е страсно жедна за информации и активности што носат немир но-во и побрзо темпо и поширок распон за разрешување на спротивностите. Поради тоа може да се тврди дека современата младина изградува егзактни критериуми за живот и активност што не се изведуваат од старите етички и филозофски категории. По се изгледа дека во тие карактеристики се наоѓа новата појдовна основа во изградувањето на еден профил во новиот општествен живот.

Карактеристично е дека сваќањата на комунистите варираат со оглед на годините на нивната возраст и членство во организацијата на Сојузот. Имено доколку годините на возраст и членство во организацијата се зголемуваат дотолку ставовите и мислењата за младината повеќе се типизираат. Тоа покажува дека животното и политичкото искуство не секогаш е битен елемент за толкување на младоста и младината. Ова дотолку повеќе во случаи кога се идеализирало своето детство и младост, своето време и епоха. Причината за формирање на вакви ставови треба да се бара и во фактот што историското искуство скоро секогаш е недоволно да го толкува современиот живот и новата односно модерната појава во претпоставка да е прогресивен историскиот од на човештвото.

Денешната младина тврдат комунистите дека е напредна,храбра, свесна за својата улога, одговорна за своите обврски, активна, трудолубива и сл. /карактеристични одговори за членовите до 10 години во Сојузот/. Младината е политички и правилно ориентирана, таа е носител на прогресивни сваќања, се јавува како продолжител на традициите на НОБ, напоена е со идеите на социјализмот, патриотизмот и сл., /карактеристични одговори за членовите до 15 години во Сојузот/. Младината е организирана , напредна и активна во изградбата на земјата, со успех ги реализира поставените задачи, таа е напредна и прогресивна, претставува битен фактор во социјалистичката изградба, заинтересирана е за сите подрачја на општествениот живот и сл. /карактеристични одговори за членовите преку 15 години во Сојузот/. Овие три групи на одговори имаат заедничко што сите соодветни бои ја сликаат денешната младина припишувајќи и многу позитивни карактеристики. Ако попрецизно се анализираат одговорите и при тоа се води сметка за групите што ги изрекуваат тогаш се разоткрива една разлика што е повеќе важна од методолошка природа. Првата група сеуште се наоѓа во истекот на својата младост, оттука и нејзината терминологија е повеќе активистичка и одразува ангажираност во непосредната динамика. Втората група кога размислува за младината претежно суди со историските категории и се јавува со лексиката и терминологијата на класично-политичкиот речник низ кого се изразува традиционалното и структуралното во еден логичен систем. Најкарактеристична е третата група која своите сваќања за младината ги

издигнува на ниво на систем на кого личните мотиви се идентификувани со општествените.

Ако се одделно анализира противречностите во кои што се наоѓа современата младина може исто така да се констатира дека секое мислење или став во фондензована форма ја носи генезата на нејзиниот аутор. Ваквите мислења почесто ги среќаваме кај членовите на Сојузот што имаат подолг стаж во организацијата на СКЈ, односно кај оние кои имаат поголема возраст и се сведоци на многу историски настани и движења. Како најкарактеристично од тој вид се ставовите и мислењата: современата младина е многу слободна, а некаде се осеќа неодговорна; таа е одлучна но во исто време и нервозна, смело ги поставува своите барања, неподејќи доволно сметка за можностите на општеството; искрена е но и самоуверена; заинтересирана е за светот и животот но не и доволно смела да се целосно во него вклучи ; таа е современа и модерна но и доста аполитична; таа е полетна и самоиницијативна но не и доволно контролирана; има полет и оптимизам но нема систем во работата; склона е кон културно-забавен живот но не е доволно политички ангажирана; и сл.

Односите меѓу генерациите на работното место во училишниот и другиот секојдневен живот покажуваат одделни судири. Низ кои се покажува недоволно познавање, недоволна заинтересираност, недоволна меѓусебна соработка и обострана помош во решавањето на заедничките или посебните проблеми. Да би се тие судири преовладале комунистите препорачуваат перманентно да се зголемуваат реалните права на младината. Редок е случај да се бара правата на младината да останат исти, а уште поретко да се тие намалуваат. Во одговорите најзастапено е уверувањето дека современата младина со задоволство ќе ја прифати зголемената општествена доверба, а искуството ќе ја потврди и оправда.

# КАРАКТЕРИСТИКИ ОД СТУДЕНТСКИОТ ЖИВОТ НА СКОПСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ

/Услови на проективната ситуација/

На средношколците и особрено на матурантите необично многу делуваат студентите од различитите универзитети, факултати и групи. Студентите што биле ученици на гимназијата често навраќаат во училиштето, се дружат со поиладите генерации и низ многу други форми непосредно или посредно ги информираат учениците и граѓаните за својот систем на живот и за животот на своите другари и пријатели на универзитетот. Во малите градчиња од прилика се знае кој на кој факултет студира, како живее тамо од прилика како му одат студиите, а позаинтересираните можат да наведат и многу детали од секидневниот живот на студентите. Студијата во преставата на средношколецот е нешто што стои изнад него, а пак појмот студент нешто што лебди како идеал на кого му се и самите приближуваат. Ова особено е карактеристично во малите градчиња на Републиката каде што во голема мера се идеализирани или пак карикирани преставите за студентот и студиите. Најдобар доказ за тоа се"студентските стериотипи" што се со голем интерес слушаат или пренесуваат низ секојдневните разговори. Многу анегдоти од истите, од дневниот живот на студентите, ред згоди и незгоди од личниот живот се највообичаени теми за разговор меѓу средношколците.

Ако се појде од мотивите на гимназистите за понатамошно школување низ факултетите, високите школи и академии, тогај разбирлив е големиот интерес на учениците за се што се збиднува во универзитетските градови, на поедини факултети и посебно со оние личности што ги повеќе познаваат, со кого се индентификуваат. Средношколците се информирани, тие дрско навлегуваат вотајните на одделни личности и ги разголитуват длабоките пориви на интимниот живот на некои студенти. Во други случаји се укажува на позитивните вредности што се појавиле за време на студиите или пак одделни неуспеси постануват предмет на малограѓанско оговарање во кое се сладострасно уплетуваат.

Со оглед на фактот да се овие движења присатни, односно делуваат во развитокот и формирањето на средношколецот, се поставува прашање: како сега живеат студентите /во периодот преди да појдат на студии учениците од про

ставува прашање: како сега живеат студентите /во периодот преди да појдат на студии учениците од проучуваната генерација/. Со оглед на тоа дека две третини од студентите на Скопскиот универзитет се младинци што завршиле некои од средните училишта во СР Македонија, то најинтересна е за да се проучува ситуацијата во која што живеат студентите на Скопскиот универзитет. За нив се претпоставува дека најмногу делуваат на гимназистите во Македонија и дека за нив учениците најмногу се интересираат. Одговорот на ова прашање може да се извлече од социолошко-политичкото испитување ~~што е објавено во новото списание "Погледи" бр.~~1 - ~~Скопје~~ ~~1964~~ ~~година~~ на тема "Студенти на Скопскиот универзитет-1962/63 година". /Треба да се напомене дека популацијата што е земена за предмет на испитување опфака 1000 студенти од различити години на студии и од сите факултети/. -29-

"Подрачјето на СРМ после Втората световна војна -пишуваат испитувачите- доживува брзи и општествено-економски и социални трансформации. Тоа се претвара од едно типично заостанато подрачје во економски развиено каде интензивносе одвива процесот на создавање на работничката класа, а урбанизацијата на населбите се наога во полн ек. Сите овие процеси се интензивно следени од процесите на сестраниот развиток на националната култура и нејзината се поголема афирмација и интеграција во Југословенската култура. Скопскиот универзитет, без сомнение игра мошне значајна улога во овие трансформации, а студентот на овој универзитет, идниот инжинер, професор, економист и сл. , е еден од главните протагонисти на таа улога". Невпуштајки се во сите податоци што ги во изобилие има ова испитување, во сите тенденции што ги покажуват профилите на студентите од овој универзитет, ке укажеме само на некои моменти што ги сметаме за битни и што преставуваат проективни за учениците од гимназиите.

Успех на студентите

Ако се успехот на студентите на факултетите, високите школи спореди со успехот што го имале како ученици во средните училишта, може да се види дека настанале некои битни разлики. Во средните училишта грото на ученици од вишите класови скоро секогаш го завршуваат класот, додека за време на студиите голем број од студентите го одложиле и не го положиле успехот.

Карактеристично е што процентот на неположените испити од година до година се наголемува, а нешто слично се збиднува и со порастот на откажаните испити.

| | 1960/61 | 1961/62 | 1962/63 |
|---|---|---|---|
| - Ги положиле испитите | 52,1 | 46,1 | 29,1 |
| - Не ги положиле испитите | 18,8 | 20,7 | 33,2 |
| - Се откажале од испитите | 29,9 | 22,6 | 30,8 |
| - непознати | 0,2 | 10,6 | 6,9 |

Од овие податоци испитувачите изнесле еден хипотетичен став: "или универзитетската настава не е логичен наставок по тежина на наставата од средните училишта, или пак средните училишта без оглед на формалниот успех, не ги припремат своите ученици за универзитетски студии. Постои еден радикален дисконтинуитет во критериумот на средните училишта и оној на универзитетот". Понатамошната анализа на успехот на учениците односно на студентите ги доведува до заклучок "дека успехот во средните училишта нема големо влијание на изборот на факултетот". Исклучок чинат студентите на техничкиот факултет бидејки кај нив е нагласена врската во традициојата на успехот низ средните училишта и факултетите.

За објаснување на дисконтинуитетот во успехот /на средните училишта и студиите/ влијае и фактот што голем број на студенти го избрале /се запишале/ на факултетот не заради тоа што "го сакаат позивот", тукку од сосема некои "други причини" и што е особено битно овие студенти во текот на студиите не го засакале позивот за кој што се припремаат.

| | |
|---|---|
| - Се записале зошто го сакаат позивот | 54,8 |
| - Се запишале од други причини | 45,2 |
| - Задоволни се со изборот на факултетот | 57,8 |
| - Не се задоволни и би се записале на друг | 42,2 |

Според тоа испитувачите заклучуваат дека најмногу го сакаат позивот студентите на техничкиот, а најмалце студентите на медицинскиот факултет. "Голем број на студентите на сите факултети непочнуваат сериозно да студираат веднаш штом ке дојдат на универзитетот... Практично сите студенти кои непочнуваат да работат систематски одпочетакот на студиите, првата година од студиите е изгубена... Од како ја изгубиле првата година тие тешко веке можат да одат во чекор со барањата што пред нив ги поставува универзитетот".

| | |
|---|---|
| - Работеле од почетокот по 5 и повеќе часа на ден | 58,8 |
| - Работеле само пред испити | 41,2 |
| - Работеле по учебници и други материјали | 52,5 |
| - Работеле по скрипти и белешки | 47,5 |

Интересно е што најголем број од студентите од медицинскиот факултет се јавуваат како најпостојани во работата низ студиите, студентите на природо-математичкиот факултет најмногу се користат со уебници и со друга литература во припремањето на истите, додека студентите на техничкиот факултет често ћампањски ги припремаат испитите и работаат по скрипти и други белешки.

Слободно време на студентите

Задржувајки се одделно на културниот профил на студентот низ формите на секојдневниот живот во слободното време, испитувачите констатираат дека "неможе да се рече дека слободното време на студентите е скучно и монотоно". Ова е многу битно бидејки "со студиите започнуваат... самостојните животни чекори" а слободното време по општото убедување е "карактеристика ... за студентите како специфична општествена група" Податоците покажуваат дека дтудентите разноврсно го користат своето слободно време, тие:

| | Често | Доволно | Никога |
|---|---|---|---|
| - одат на кино-престави | 51,2 | 75,5 | 2,9 |
| - одат на театар | 3,1 | 55,9 | 41,0 |
| - одат на концерти | 14,1 | 55,7 | 30,2 |
| - читат културно-забавна лит. | 23,7 | 55,2 | 21,6 |
| - одат на игранки | 21,1 | 46,0 | 32,9 |
| - одат на спортски приредби | 32,3 | 49,7 | 18,0 |
| - одат на излети | 17,8 | 58,9 | 23,3 |
| - одат во кафана | 9,1 | 30,3 | 60,0 |
| - се дружат со пријатели | 54,1 | 38,7 | 7,2 |

/Заради поголема споредливост податоците од испитувањето се прегрупирани во релативно подруг систем/.

Резултатите покажуваат дека студентите доволно го користат своето слободно време , за посета на кинопрестави, излети, театарски престави, концерти и за читање на разновсна забавна и друга литература. Меѓутоа еден дел од студентите покажуваат значајни афекти и чврсти навики за постојана посета на пријателите, спортските приредби, читање на забавна литература

киното или игранките. За разлика од нив еден друг дел од студентите никако не го проведуват слободното време /се клонат од/ кафеани, театарски престави,игранки, концерти, а делум и од читање на забавна литература и присуствно на спортски приредби. Многу често студентите на Скопскиот универзитет слободното време го проведуваат со своите другари и пријатели, на конопреставите, а најмалце во кафеаната. Загонетна е причината зошто студентите се вовлакуваат во малите другарски групи /зар преку нив најдобри се адаптираат на универзитетот и на велеградскиот центар?/Се поставува прашање зошто најголема разонода за студентите е киното /некои емпириски испитувања покажуваат дека и ако киното е најмасовно посетувана институција за разонода, кон неја се прибегнува без да се вложуваат посебни интелектуални напори што се оценува, како типична форма за да се"столчи времето"- нема каде ајде да одиме на кино./ Посебен проблем е што студентите осеќаат голема аверзија према кафаната и ако се знае дека еден значаен социјален културно-забавен и друг живот во Скопје се изведува во нив. Ваквиот систем на слободно време и активности на студентите на овој универзитет во значајна мера е елементарен. Тој многу по својата форма не се разликува од слободното време и активности на учениците од средните училишта на дури и во неразвиените подрачја. По се изгледа дека економската моќ на студентот, степенот на неинтегрисаноста во општествената динамика на велеградот, се јавува како главен фактор што го детерменира содржајот и формата на слободното време на студентот. "Содржината на слободното време - тврдат испитувачите е зависна од природата на студиите". До овој заклучок довеѓаат со помош наобележјата за неучествување на студентите во одделни форми на слободно време односно слободни активности. Така на пример студентите на техничкиот факултет, а делум и медицинарите и студентите на земеделско шумарскиот факултет често не учествуваат во некои форми на слободни активности:

| | |
|---|---|
| - Не се вкључени во културно-уметничкиот живот на универзитетот | 81,9 |
| - Не посетуваат театарски престави | 72,0 |
| - Не се вкључени во спортски активности на универзитетот | 74,6 |
| - Не посетуваат кафеани | 57,1 |

"Веровaтно знатно поголемата нивна оптеретеност ... со потешка и пообемна програма на студиите влијае на карактерот на нивната забава и на содржината на слободното време". Во другата група на студенти најизразити преставници се студентите на филозофскиот факултет, а делумно и економистите и правниците.

| | |
|---|---|
| - Тие не се членови на културно-уметнички организации на универзитетот | 80,5 |
| - Тие не се вклучени во спортски организации | 77,6 |
| - Тие не посетуваат кафеани | 60,0 |
| - Тие не посетуваат игранки | 50,0 |

По мислењето на испитувачите и овие студенти "знатно се разликуваат од останалите /од предходните/ по тоа, што најголем дел од своето слободно време го проведуваат во содржајни видови на културно-забавен живот". Имено овие студенти почесто одат на кино, повеќе читаат културно-забавна литература и посетуваат театарски преставн и концерти.

Општествено-политички мислења на студентите

Појдувајки од обележјата на општествено-економскиот и политичкиот систем на социјализмот, испитувачите изградиле претпоставка дека системот на социјализмот обезбедува брз економски развиток на општеството, брз развиток на личниот стандард, а општествено-политичкиот систем овозможува широко вклучување на граѓаните во управувањето во општеството. Овие претпоставки во голема мера се потврдиле со мали исклучоци за претпоставката за брзината на остварување на личниот стандард,/одговорите се поуферени/. Интересно е дека во одговорите најекстремни се студентите на земеделско-шумарскиот факултет и често се носители на позитивните мислења за системот . Апоред нив општествено-политичкиот систем обезбедува:

| | |
|---|---|
| - Многу брз економски развиток | 54,6 |
| - Многу брз развиток на личниот стандард | 53,8 |
| - Многу широко вклучување на граѓаните во управувањето со општествното | 59,6 |

Низ другите одговори може да се види дека студентите ги истакнуваат и другите позитивни карактеристики од општествено политичкиот систем како што се работничкото самоуправување и др.

а како најнегативна појава е истакнуваат слабото вклучување на младинците во политичкиот живот на заедницата. "Регистарот на изнесените позитивни карактеристики е сосема тесен и не се споменати голем број на суштински позитивни нешта... додека знатно поширок е регистарот на негативните појави што према мислењето на студентите постојат во нашиот општествено-економски и политички живот".

Мислењата на студентите за општествено-политичките проблеми што се денес доминантни во современиот свет и во меѓународното работничко движење, се исто така интересни. Така например, тие мислат дека:

ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ ПРОБЛЕМИ НА СВЕТОТ

- Разоружувањето
- Кубанскиот проблем
- Проблем на Лаос
- Обезбедување на мирот во светот
- Берлинското прашање
- Деколонизацијата
- Проблемот на Конго и др.

ЕКОНОМСКИ ПРОБЛЕМИ НА СВЕТОТ

- Нерамномерно развивање на поедини подрач;
- Развиток на животниот стандард
- Заеднички економски пазар
- Глас во светот
- Незапосленост

"За политичките проблеми што доминираат во современиот свет студентите се повеќе информирани", но знатно помала е информираноста на студентите за економските проблеми и за проблемите на меѓународното работничко движење, во современиот свет.

# З А К Л У Ч О К:

193

Надвечерието на реформата на школството на Југославија се карактеризира со оштра јавна критика /јак удар на јавноста/ на старата класична школа а во прв ред на гимназијата како на типичен прететавник на стариот систем. Во неа се разоткриваат сите противречности што ги гушат образовните движења и го сведуваат до апсурд резонот на институцијата покажувајки деформитети во динамиката на современиот развиток. Дискусијата и покрај сите недостатоци ја прихвати гимназијата како вид на институција што дава општо образование и побара патишта за нејзиното прилагодување во новите услови. "Треба да се има во предвид дека концепцијата ќе биде дефинитивно прикватена и ќе добие своја релативна постојаност и потврда кога од таквите школи ќе излезат првите генерации на нашите ученици и станат или во живот и на понатамошни студии на високите школи". 20—

Испитувањето имаше за цел да покаже како процесот на реформата се одразил на генерацијата што се развивала и формирала во новите образовни и социјални услови, претпоставувајќи дека учениците како субјекти во чие име се изведува реформата се еден од главните ако и не и најважни фактори преку кого се верифицира напредноста и прогресивноста на новата концепција. "човекот е најголема вредност".

Перманентното - лонгитутиналното испитување на генерацијата со разновресни методи и техники покажува дека профилот на новите генерации што се школувале по новите систем покажуваат и многу квалитети во распонот на младечкиот живот и во дијапазонот на образовната динамика. Одделни проширувања се осеќаат и во другите форми на живот и дејност во кои што учествуваат младинците. Така на пример се осеќа проширување во системот на семејниот живот, во слободното време и низ слободните активности, во организационо политичкиот и општествениот живот како и во другите форми на пријателски и интимни односи. Тоа е индикатор дека новите образовни процеси развиваат и формираат една поцелосна личност што може многу лесно да се изолира во сите процеси и пори на современиот живот. Сепак, четиригодишното гимназиско школување за одделни ученици претставува релативно долг период за да ги творечки совлада тековините на науката, техниката и културата. Но, за една друга група на ученици тој претставува релативно

краткотраен период во кого што неможат целосно да ја развиваат својата личност. Овие процеси се особено карактеристични за учениците од гимназијата бидејќи кон овој вид на школување се ориентираат изразито "надарени" ученици или изразито "слаби", професионално неориентирани и образовно недоволни мотивирани.

Материјалнитеуслови, степенот на развиеност на општествената и училишната средина скоро секогаш се јавува како суштествен фактор во процесите низ кои што се развива и формира училиштето. За совладување на едан одделна содржина што е предвидена и новиот наставен план и програм во неразвиените подрачја потребни се релативно големи интелектуални напори како и совладување на многу други технички тешкотии. За разлика од нив во развиените средини дел од тие напори се отклонети со квалитетот на нагледните средства, со добрата опрема на кабинетите, со организацијата на работата или со консултивната упатеност од искусниот и образованиот наставник. На еден специфичен начин процесите во развиените средини се надополнуваат со можностите што ги дава организираниот живот на пошироката средина во кое што семејството и институциите во градот во значајна мера ги доразвиваат образовните цели и задачи што ги поставило училиштето. Според тоа, треба да се смета дека непостојат едни и исти генерации со оглед да непостојат еднакви образовни услови за развиток и формирање.

Новите обележја на генерацијата можат да се согледаат во мотивите за школување, низ степенот и видот на информисаноста низ формите на активности како и низ склоностите да се младоста своја творечки упати кон производниот и другиот општествен живот. Тоа покажува дека физичката припадност на една средина не е секогаш и битен фактор, не само со оглед на еластичноста на младиот човек што може да се "оттуѓува" туку и со оглед на развиените форми на комуникација / радио, телевизија и слично/ што во голема мера го проширувaат делувањето на ученикот и го ослободуваат развитокот и формирањето од грубите стеги на неразвиеноста и примитивноста. Така на пример тоа што не се доволно разви низ образовните процеси на училиштето бара патишта за развитоко во пошироката средина на градот, односно тоа што го покренало училиштето најдува своја полна афирмација во комуналниот

и другиот општествен живот. Основна карактеристика на новите генерации се огледа во една пластичност во однесувањето кон образовните и другите процеси што се одвиваат во општествената средина. Тоа им помага на младите да можат рационално да ги користат сите можности и да се активно вклучуваат во оние подрачј што најмногу гарантираат напредок и прогрес за општеството и за индивидуата посебно.

Иако реформата на школството претставува перманентен процес, резултатите од првата генерација вливаат надеж и оправдување во исправноста на концепцијата и во творечкиот од на непосредната практика. Податоците покажуваат дека перманентно во текот на последните години нараснува бројот на гимназиите и на бројот на учениците во нив. Овие процеси особено се карактеристични за неразвиените подрачја каде што нема доволно развина мрежа на стручни училишта. Процесите што денес се одигруваат во гимназијата формират една личност што сосема поинаку се однесува кон современиот свет и живот. Тие, имаат желби за нов и повисок личен стандард, творечки амбиции за лично усовршување и за образовните процеси и производниот живот итн.. Овие својства не влечат во лесен и угоден односно забавен и господствен живот туку во процеси кои бараат ангажирање за зголемен личен и општествен напредок и прогрес. Таквите токови се обусловени од прогресивноста на концепцијата за реформата, од новите наставни планови и програми како и од позитивната и креативна упатеност на субјективните сили во условите на едно слободно општество. Поради тоа, може да се смета дека реформата на школството ја развласти институција - гимназијата од монополот на општото образование. Гимназијата во новите услови е една но не и единa институција за стекнување на општа култура и образование. Реформата ја ослободи личноста на ученикот во механизмот на училишниот живот и слободно ја упати кон процесите на поширoката заедница, во која се формира профилот на личноста и граѓаните. Децентрализација во процесите на образование и на секое развивање и формирање особено е карактеристично во развиените средини и за развиените колективи и субјекти, додека во другите услови таа се ограничува и поради ред објективни тешкотии упатува кон полоточивите на старата практика. Така на пример, во неразвиените услови сеуште доминираат класичните категории за организација и вреднување на образовната динамика. Тенденции

на старото се осеќа во организацијата на општата и обврзна настава, во изборната настава, во слободните и додатните активности, како и во ред образовни и воспитни обележја на производната работа што е организира гимназијата.

Скоро сите фактори на училиштето го покренуваат прашањето на програмата барајќи ги можностите да се таа нив конкретизацијата сообрази со предзнаењата на учениците, со можностите на училиштето и со најнепосредните потреби на комуната и на заедницата во целост. Поради тоа, наставничкиот совет и одделно класните совети имаат многу проблеми во програмирањето за да ги обопштат последните научни , технички и културни достига а и да ја направат содржината на образовната динамика привлечна и интересна за учениците. Одделни проблеми се отвараат при мотивацијата на учениците за некои содржини и за самостојни трудови /семинарски, домашни работи, завршна тема и слично/. Анализирајќи ги овие процеси факторите констатираат дека условите во гимназијата се многу мали и несообразени со барањата за нејзината реформа /недостига простор, инвентар, опрема и многу други средства за современа и модерна настава/. Ова е особено карактеристично за училиштата во неразвиените услови каде што и по широката средина на градот не е во состојба да помогне во организирањето на наставните и другите образовни и воспитни процеси. Најдобар пример за тоа е производната работа на учениците со претпријатијата . /Вака како што е сега организирана производната работа корисна е, али, релативно е мало детството и младоста на учениците за да може да мине низ сите стадиуми во расподелбата на трудот/. Нешто слично се одвива и во слободните ученички активности што се организирани без да се има некои поголеми објективни можности. /Се оди на оние активности за кои што се потребни минимални услови, а не ко оние што се карактеристични на светот и живот, бидејќи за нив се нема доволно средства и слично/. Поради недостиг на објективни услови, поради ниска развиеност на субјектот во слободните активности се жртвува слободата и младоста упату а само низ основните процеси на обврзната односно изборната насока. /Се стеснува распонот на развитокот и формирањето да би се постигнале подобри резултати. Некои наставници овие процеси ги сметаат за рационализација неводејќи сметка за новите барања на реформата/. Поради тоа, степенот на самостојност на личноста низ своите мислења и ставо-

во во доста случаи е мала и недоволно развиена. Во други случаи максимално се користат објективните можности и на севозможен начин ангажираат субјективните сили што доведуваат до една стихија во која се нема доволен осет за последиците што ќе настанат по образовната динамика и на секој субјект посебно.

Во процесот на реформата на школството а и низ непосредната практика на реализацијата се упатени доста критики на адреса на профилот на наставниот кадар, на неговата психолошка и педагошка, метотска и стручна култура и образованост. Најоштрите критики го деградираат наставникот на ниво на чиновничка и бироктарска личност која се склонува од богатите односи во работниот колектив да би обезбедила комодитет и лична безгрижност. Современите и модерните приоди во програмата и во изведувањето на наставата сеуште се случаи а не масовни појави без оглед на тоа што се фактот оправдува со недостиг на објективни услови, недостиг на нови искуства или отсуство на стимулативни моменти во наградувањето на просветните работници. Поради тоа често преовладува едно рутинерско и праволиниско движење од час до час од предмет до предмет што ја враќа старата атмосфера од класичната школа. /Главно и доста често едино средство на наставата е зборот на наставни от дури и во некои природно - математички предмети/. Во таквите околности наставникот го симнува нивото на наставата, ги поедноставува процесите на ниво на елементарност.

Образовните движења во гимназијата покажуваат дека, се наоѓа во пораст интересот за природно - математичките предмети. Тоа може да се согледа по бројот на кандидатите за природно математичкиот смер, по склоноста на хуманитарците за време на гимназиското школување или после него да се преориентираат кон егзактните струки и друго. Меѓутоа, паралелно со развитокот на овој интерес не се збогатувале кабинетите, лабораториите и другите објекти што се неопходни за овој вид на образование. Не се максимално користеле новите форми и методи при организацијата на процесите во кои ученикот ќе се јавува како активна и творечка личност.

Односите меѓу наставникот и ученикот, во рамките на училиштето и во аспонот на пошироката средина покажуваат сеуште многу значајни противречности што ненашле свое решение. Така на пример системот на оценувањето на учениците недоволно е демократизиран, самоуправните тела некогаш играат сосема формална

улога и се претворуваат во суровати на класниот совет. Тоа покажува дека во процесот на развитокот на демократските односи во школата во значајна мера наставниот кадар затаил и не… ка да се ослободи од монополот на образованието и воспитувањето. Поради тоа недоволно творечки се однесува кон новите процеси што ги довела реформата и прогресивната педагошка мисла и практика.

Пратејќи го развитокот и формирањето на учениците низ гимназиското школување се доаѓа до констатација дека младинците денес побрзо созреваат. Уште во првата година на школувањето низ гимназијата учениците добиваат како формирани личности. Меѓ… тоа, ако се внимателно анализира ставовите и мислењата по битни… проблеми на образованоста и активноста се доаѓа до констатација дека детството и младоста со новите образовни процеси и со сит… други на општествениот живот многу се проширило и зголемило. Поради тоа, се смета дека иако младинците од новите генерации побрзо созреваат тие потешко ја формираат својата физиономија на релативно цврсто структурирање личности. /Тешко ги диференцираат битните од секундарните животни интереси, склоности и мотиви за лисен и општествен напредок/. Причините за тоа се наоѓаа… во реалните услови на средината која нестимулира формирање на еден статичен процес. Напротив, новите услови поставуваат се нови и нови барања кон процесите на општествената динамика и личниот напредок. Тоа покажува дека во едно динамично општество и профилот на личноста мора да биде еластичен за да може да оди во чекор со сите компоненти на напредокот и прогресот. Ваква… та тенденција карактеристична е не само за учениците од развиените средини, туку на еден специфичен начин и за оние од неразвиените услови бидејќи и тие се ставени во ситуации каде што неможат со сигурност да ги предвидат сите перспективи и со оглед на тоа да изградуваат една идеална структура на својата личност.

Новите генерации со реформата на школството и со демократизацијата на општествениоте живот уфрлени се во спротивностите на реалните движења и настани. На нив силно делуваат тенденциите што влечат кон напредок и прогрес но и оние што ја увалуваат личноста и општествената динамика во темното на традицијата, конзервативноста или локализмот. Наоѓајќи се под непосредно делување на својата средина тие ја развиваат својата

личност низ судирите со стариот систем на школување односно низ стариот систем на живот. Во тие процеси младинците се особено големи носители на напредок и прогрес, али, подоцна со огледна многу непредвидени тешкотии дел од нив потклекнуваат го успорувааат својот развиток и го упатуваат кон испробани шеми за развиток и формирање низ гимназијата /во навесни случаи преовладуваат некои неконструктивни односи за решавањето на некои училишни или животни проблеми/.

# ТЕХНИКА НА ИСПИТУВАЊЕТО

/на ставовите и мислењата на учениците, наставниците и другите општествено-политички фактори/

I.

## СЛОБОДНА АНКЕТА СО ЕЛЕМЕНТИ НА АВТОБИОГРАФСКА МЕТОДА И МОТИВАЦИОНА ПРОЕКЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ

а/ Пол
б/ Години на возраст
в/ Место на раѓање
г/ Место на живеење
д/ Паралелка
ѓ/ Успех во минатата учебна година
е/ Претпоставки за успехот на полугодие
ж/ Претпоставки за успехот на крајот од учебната година
з/ Занимање на мајката
и/ Занимање на таткото
ј/ Лична шифра

1. Животот и дејноста на учениците во училиштето /порано, сега и во иднина/
2. Животот и дејноста на учениците во социјалната средина - град-село /порано,сега и во иднина/
3. Животот и дејноста на учениците во семејството /порано, сега и во иднина/
4. Животот и дејноста на ученикот во интернатот /порано, сега и во иднина/
5. Животот и дејноста на учениците во слободното време /порано, сега и во иднина/
6. Животот и дејноста на учениците меѓу себе - интимни другарски и пријателски врски /порано, сега и во идни на/.
7. ................ /Останали проблеми на ученикот/

НАПОМЕНА: Оваа техника е применета кај учениците од II клас на гимназиите.

## II.

## П Р А Ш А Л Н И К

1. Паралелка на ученикот и шпатотогодишна шифра: ...
2. Пол: машки, женски
3. Занимање на таткото, образование и возраст
4. Занимање на мајката, образование и возраст
5. Број на членови на семејството: татко, мајка, браќа, сестри, други, вкупно
6. Личен развиток на ученикот: возраст, националност, роден во село, роден во град, живее постојано на село, живее постојано во град, сака да живее во село, сака да живее во град, сака да живее во голем град.
7. Постигнат успех: во VIII одделение, во V клас, во VI клас, во ова полугодие очекува, на крајот на годината планира.
8. Во кои организации и друштва во школата и надвор од неа сте член: . . . . .
9. Дали сте биран во училишниот одбор или класната заедница на учениците: да порано, да сега, не
10. Во кој град би сакале постојано да живеете и зошто:..
11. При претпоставка да потем школувањето ќе треба да појдете на село со работа и тамо би се чувствувале: особено среќни, доста среќни, малцe среќни, несреќни, не би пошле под никаков услов
12. Кои се причините за тоа: .....
13. Во градот во кого сега живеете: Ве привлекува, Ве одбива, предлагате
14. Во кои градови сте боравеле повеќе време и сметате да ги познавате: во НРМ, во СФРЈ, во светот

15. Ако не сте родени во овој град колку време боравите во него: .....

16. Вашата генерација вообичаено оди на екскурзија. По ваше мислење кои места обавезно би требало да ги посетите: ......

17. За време на студирањето или потоа кои земји би сте сакале да ги посетите: ......

18. Вашиот интерес за тие земји е: да ги запознаете, да се прошетате, да видите нешто ново, да купите нешто, да се школувате, да се настаните и живеете.

19. Ако имате свое мислење за модерната уметност изнесете го: . ......

20. Кој е ваш најомилен: политичар, научник, уметник, професор, спортист

21. Што мислите за перспективите на човештвото: Мирот ќе го наруши западниот блок, мирот ќе го наруши источниот блок, мирот ќе биде сочуван

22. Ако рековте дека мирот ќе биде сочуван, кои земји се надевате дека особено ќе допринесат за тоа: .....

23. Во кои општествени подрачја и односи има повеќе, а во кои помалку социјалистички елементи кај нас: трговија, земјоделие, индустрија, уметност, просвета и школство, наука, надворешна политика, граѓански права, работни односи, идејни ставови на граѓаните, семеен живот, љубов, меѓусебни односи на граѓаните, печат, радио, телевизија, здравство, сообраќај, туризам, спорт.

24. Дали сте задоволни со животот што сега го живеете: сосема, воглавном, малку, не, не знам

25. Која е ваша омилена разонода: .....

26. Кој е ваш незаборавен: филм, роман, народна песна, шлагер, уметничка песна, игра.

27. Кои филмови сте ги гледале повеќе пати: ....

28. Што имате за вас интересно да би го втор пат гледале: ......

29. Каде го проведуваш слободното време: во лична преокупација, во некои организации, дома, во школата, во градот, надвор од градот, немам слободно време.

30. По ваше мислење кој треба да го организира слободното време /степенувај/: секој сам, месното друштво, семејството, школата, организацијата, институциите за разонода во градот.

31. Со кого најчесто го проведуваш слободното време: сам, со другари од класот, со другари од школата, со својата девојка - машко, со другари надвор од школата

32. Во слободно време се /степенувај/: одмараш, учиш, заработуваш, се разонодуваш, нешто твориш, помагаш некого, се бавиш со спорт.

33. Колку пати сте биле од кога сте постанале гимназист на: концерт, опера, драма, балет, циркус

34. Кои од овие совети сметате да е точен и прифатлив за вас: учи, учи и само учи, а кога ќе научиш ќе се разонодуваш и уживаш, работата е наследство од ропството и сиромаштијата, а животот се состои во разонода и уживање. Разонодата, учењето и работата се составни и неделиви страни на животот и посебно на младоста.

35. Некои учени луѓе тврдат да роботот - автоматот ќе го замени физичкиот и интелектуалниот труд на човекот. Се поставува прашање каде се перспективите на општеството и човекот кога ќе биде потиснат од производњата: ......

36. Дали тие перспективи во далечни: многу се далечни, малце се далечни, блиски се, сегашни се, не знам.

37. Кога би биле одговорен за разонодата и уживањето на граѓаните на градот што би сториле: .....

38. Кога би имал пола милион од наградата, лутрија или од поклон на што би го употребило:.......

39. Каде сте свршиле осмолетка: село, во овој град, во друг град.

40. Дали осмолетката ви дала предспрема за гимназијата: голема, осредна, доволна, слаба, лоша

41. Зошто се запишавте во гимназија, а не во некоја друга средна школа: ......

42. Во кој смер на гимназијата сте: хуманитарен, природно-математички

43. По ваше мислење во што е основната разлика помеѓу реформираната и нереформираната гимназија:......

44. По ваше мислење за подобра реализација на реформата кои се основни пречки во вашата школа:.....

45. По ваше мислење кој клас во гимназијата е најтежок:....

46. Кој предмет особено ве привлекува: ......

47. Дали во школата се чувствувате често: весели, тажни, замислени, рамнодушни, уплашени.

48. Дали наставниците те сметат за ученик: напреден, просечен, заостанат

49. Што мислите за оценувањето во вашата школа: строго е, нормално е, благо е

50. Дали наставниците почесто ги прашуваат: подобрите ученици, просечните ученици, слабите ученици

51. Сте приметиле некоја голема неправда во оценувањето: да често, да ретко, да многу ретко, не никога

52. Што ти се допаѓа во работата на класната заедница:.....

53. Што би требало да се критикува како лошо во работата нивна:.......

54. Во кои работи би требало да се прошират ѓачките права:.

55. Кога ги споредите можностите на гимназијата со гимназиите од другите места, што и недостига на вашата:....

56. Дали Вашата гимназија добро се припрема за студии и пракса: за студии да, за пракса не, за пракса, да, за студии не, за пракса да, за студии не, за пракса не, за студии не.

57. На кој факултет намерувате да студирате:.....

58. Дали би биле во сегашното искуство, дали повторно би е избрале гимназијата да се школувате: да, не

59. Дали знаете како се оценети вашите учители за својат наставно-воспитна работа: да за сите, да за некои, н ни за еден, незнам дека се оценувани

60. Колкаво е важно за напредокот личен /одговора со многу, малце, не/: со кого остенуваш, со кого седиш, во клупа, со кого се другиш, од каде си, чии си.

61. Наведете некои проблеми што ги сметате за важни и за кои размислувате или дискутирате со свои другари:....

62. Колку другари особено блиски би можеле да набројте на кои би им се доверило за се: ....

63. Што ве поврзува со нив:.......

64. Дали би сте сакале другарите да ви бидат што повеќе: девојчиња, машки, не ни едни ни други, се едно ми е.

65. Дали да бидат: врсници со вас, поголеми од вас, помлади од вас, се едно ми е

66. Дали тие да бидат: секогаш со вас, кога ви е тешко, кога сте весели, се едно ми е.

67. Дали тие да бидат: од класот ваш, од други класови, од други школи, се едно ми е

68. Дали другарот треба да ви го познава, а и вие неговиот личен живот: мора, би требало, не би требало, не смее

69. Се вели со кого си и таков си. Сметате да оваа поговорка е точна и за вашето друштво: многу е точно, до та е точно, малце е точно, не точно е

7o. Дали родителите ви го одобруваат дружењето со вашите другари: да, не, незнам

71. Дали наставниците ви го одобруваат дружењето со вашите другари: да, не, не знам

72. Според вашето искуство кога може да се види колку е другарот другар /одговорите конкретно/:.....

73. Многу ваши другарчиња кои учеа со вас во основното останаа на село или да ви помагаат на родителите. Тие некогаш се дружеа со вас, а сега: тие се отргнуваат, вие се отргнувате, и тие и вие се отргнувате, не, не се отргнуваме

74. Дали имате своја девојка или момче со кого често се срекавате јавно или насамо: да, не, не ми е време за тоа

75. Дали сте имале: често разговори за спротивниот пол, сте биле симпатизирани, сте биле бакнувани, сте имале полов однос, сте биле вонвенчани, сте биле разочарани, сметате да е прерано за тоа

76. По искуството или мислењето ваше љубовта пречи или користи на учењето: пречи, користи, ни пречи ни користи, и пречи и користи, не знам

77. Дали во гимназијата: стекнавте нови другари, ги задржавате старите, ги задржавате старите и стекнавте нови

78. Ако стекнавте нови, дали ви требаше многу време за да се спријателите: да многу, да просечно, да малку, да сосема малку

79. Обично учениците чуваат "спомenари" и во нив или низ тетратките низ писма си посветуваат нешто еден на друг. Речете една таква мисла, која ви останала во сеќавање: .....

8o. Со кого се советувате кога треба да решете некој свој интимен проблем: со никого, со другар, со родител, со специјалист, со учител, со литература

81. Колку деца сте дома: пол, возраст, учи .....

82. Станот во кој што станува вашето семејство е: ваш и нов, ваш и стар, туѓ, општествен

83. Дали станот во кого што станувате според вашите потреби е: голем, доволен, мал, многу мал

84. Најдобрите неколку поважни нешта што ги имате дома: .......

85. Набројте неколку нешта што намерувате да ги набавите за наредните три години: ......

86. Сметате да тешко ќе го остварите тоа: многу тешко, до некаде, не

87. Дали имате согласие дома: да големо, да задоволително, да мало, не никакво

88. Зошто ве недоразбирањата:.......

89. Меѓу кого се недоразбирањата: мајката и таткото, мајката и децата, мајката и другите членови, таткот и другите дченови, таткото и децата, децата и другите членови, децата меѓу себе, меѓу сите се недоразбирањата, немаме недоразбирања.

90. Освен вас кој други од семејството или блиската роднина е заинтересиран е за успехот ваш во гимназијат .......

91. Од каде дознавте за тоа:........

92. Кога сте дома, се осеќате: разгалени, оптеретени, потиштени - осамени

93. После свршувањето на гимназијата или факултетот намравате ли да го промените местото на постојанниот боравок: да, не, незнам

94. Тамо ќе живеете /ако рековте дома ќе го промените боравокот: со родителите, со брачниот другар,/ка, сам/а, незнам

95. Дали е многу важно од каде е брачниот другар, односно другарка: многу, малце, не, не знам

96. Кои од овие мислења според вас е точно: жената мора да се запосли, жената треба ако може да се запосли, жената нетреба никако да се запослува

97. Ако сте дојдени од друго место дали сега живеете во: интернат, на приватен стан, во свој стан, се враќам в село.

98. Ако живеете во интернат или приватен стан, што би рекле за условите за животот и учење: добри се, просечни се, лоши се

99. Ако живеете настрана од родителите, колку средства трошите, а колку ви треба месечно: месечно трошам, месечно ми треба

100. На ова место напишете за она што досега низ прашањава не сте биле прашувани, а сметате да е важно за учењето и животот ваш.

Ви благодариме за соработката

НАПОМЕНА: Прашалникот го пополнуваат учениците од III клас.

III.

# П Р А Ш А Л Н И К

## <u>ГРАДСКИ ЖИВОТ</u>

1. Ако не сте родени во овој град колку време бора-вите во него: ...

2. Во градот во кого сега живеете: Ве привлекува, ве одбива, предлагате

3. Во кои градови сте бораволе повеќе време и сметате да ги познавате: во НРМ, ост. во ФНРЈ, во светот

4. При претпоставка да потоа школувањето ќе треба да појдете на село да работите и живеете, би било: особено среќни, доста среќни, малце среќни, несреќни, не би пошле под никаков услов

5. Кои се причините за тоа? .....

6. За време на студирање и ли потоа него кои земји би сте сакале да ги посетите:......

7. Кои се причините за тоа: ......

8. Што мислите за перспективите на човештвото: мирот ќе го наруши западниот блок, мирот ќе го наруши источниот блок, мирот ќе биде сочуван.

9. Ако рековете дека мирот ќе биде сочуван кои земји се надевате дека особено ќе допринесат за тоа.

10. Во кои општествени подрачја и односи има повеќе, а во кои повеќе социјалистички елементи во Југосла-вија: има повеќе, има помалку.

11. Дали сте задоволен со животот што сега го живеете: сосема, воглавном, малце, не, незнам

12. Зошто така мислите?: .....

СЛОБОДНО ВРЕМЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

1. Имате ли слободно време: да, многу, да малцо, да многу малце, немаме
2. Каде претежно го проведувам слободното време:....
3. По ваше мислење кој треба да го организира слободното време /степенувај/: секој сам, моето друштво, семејството, школата, организациите, институциите з рабонода во градот.
4. Со кого најчесто го проведувате слободното време: сам, со другари од класот, со другари од школата, со својата девојка, со другари надвор од школата.
5. Во слободно време /степенувај/: се одмараш, учиш, заработуваш, се разонодуваш, помагаш некого, се бавиш со спорт, измислуваш ново.
6. Која е Ваша омилена разонода:......
7. Зошто сте ја избрале баш неа: ......
8. Кои филмови сте ги гледале повеќе пати - имо на филмовите:.........
9. Што имаше за Вас интересно за да по втор пат го гледате:.....
10. Некои учени луѓе тврдат да роботот-аутоматот ќе го замени физичкиот и интелектуалниот труд на човекот. Се поставува прашање каде се перспективите на општеството и човекот кога ќе биде потиснат од производните процеси?......
11. Дали тие перспективи се далечни: да, многу се далечни, да малку се далечни, да блиски се, да стварност се, незнам.
12. Не интересира кога би Вие биле одговорни за разонода и уживањето на граѓаните од Вашиот град, што би сториле? .......
13. Не интересите уште што би сториле кога би имале пол милион од награда, лутрија, или поклон.

14.

<u>УЧЕНИЧКИ ЖИВОТ</u>

1. Каде сте свршиле основотка: на село, во овој град, во друг град
2. Според Вас, дали основотката Ви дала пред спрема за гимназијата: да голема, да доволна, да мала, да сосема мала, не
3. Не интересира зошто се запишавте во гимназијата, а не во некоја друга школа:......
4. Дали во школата се чувствувате често: весели, тажни замислени, рамнодушни, уплашени, уморни.
5. Во кој смер на гимназијата сте: хуманитарен, природно-математички.
6. Зошто го избравте баш овој смер:......
7. Колку е важно за напредокот личен /одговори со многу малце, не/: со кого станува, со кого седиш, во клупа, со кого се дружиш, од каде си, чии си.
8. Според Вашето искуство кој клас во гимназијата е најтежок: ....
9. Што мислите за оценувањето во вашата школа: строго е, природно е, благо е.
10. Сте примиле ли некоја голема неправда во оценувањето: да често, да ретко, да многу ретко, не никојпат
11. Според Вас кој е виновен за тоа:....
12. По Ваше мислење во што се огледа основната разлика помеѓу реформираната и нереформираната гимназија:..
13. Според Ваше мислење за подобра реализација на реформата во Вашата школа кои се основните причини:....
14. Дали наставниците те сметаат за ученик: надарен, просечен, заостанат.
15. Дали наставниците почесто ги прашуваат: подобрите ученици, просечните ученици, слабите ученици.

16. Дали Вашата гимназија добро ве припрема за студии пракса: за студии да, за пракса не, за пракса да, за студии не. За пракса да, за студии да, За пракса не, за студии не.

17. Во тек на школувањето во гимназијата кој предмет особено ве привлекува, односно која слободна активност: предмет, активност.

18. На кој факултет намеравате да студирате: на факулт намеравам да се запослам.

19. Кога би биле со сегашното искуство, дали повторно би ја избрале гимназијата за да се школувате: да, би ја избрал, да може би, не никако.

2о. Зошто така мислите?.....

ДРУГАРСТВО И ПРИЈАТЕЛСТВО

1. Колку другари, особено блиски би можеле да наброите на кои би им се довериле за се: .....

2. Што Ве поврзува со нив:.....

3. Дали би сте сакале другарите да Ви бидат што повеќе од истиот пол, од спротивниот пол, не ни едни ни други, се едно мие

4. Дали да бидат: врсници со вас, поголеми од вас, помлади од вас, се едно ми е.

5. Дали тие да бидат: секогаш со вас, кога ми е тешко кога сте весели, се едно ми е

6. Дали тие да бидат: од класот ваш, во други класови, од други школи, да не се ученици, се едно ми е

7. Дали во гимназијата претежно: стекнавте нови другар ги задржавате старите, ги задржавате старите и стекнавте нови.

8. Ако стекнавте нови, дали ви требаше многу време за да се спријателите.

9. Дали имате своја девојка или младич, со кого почесто се среќавате: да, имам, не немам, не ми е време за тоа.

10. Дали другарот треба да Ви го познава, а вие неговио личен живот: да мора, да би требало, не не би требало, не несмее.

11. Според Вашето искуство кога може да се види дали е другарот другар:.....

12. Дали наставниците ви го одобруваат дружењето со Вашите другари: да, го одобруваат, не не го одобруваат, незнам.

13. Дали родителите ви го одобруваат дружењето со Вашите другари; да, го одобруваат, не не го одобруваат, незнам.

14. Многу ваши другарчиња кои учеа со Вас во осмолетка сега не се со Вас, Тие некогаш се дружеа со Вас, а сега: тие се отргнуваат, вие се отргнувате, тие и вие се отргнувате, не, не се отргнуваме

15. Кои се причините за тоа?.....

16. Со кого се советувате кога треба да решите некој свој интимен проблем: со никого, со другар, со родител, со специјалист, со учител, со литература

17. Се вели обично со кого си и таков си, сметате ли да е ова точно и за Вашето друштво: многу е точно, доста еточно, малце е точно, не е точно

18. Обично учениците чуваат "Спомонари" и во нив или низ тетратките во писмата или на некое друго место си посветуваат некој текст. Не интересира некоја таква мисла која би останал во сеќавање. .....

ДОМАШЕН ЖИВОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

1. Набројте неколку поважни работи што ги имате дома:.
2. Набројте неколку поважни работи што намеравате да ги набавите во наредните три години:.....
3. Сметате ли дека тоа ќе го остварите: да многу е тешко, да донекаде, не.
4. Колку членови сте дома:......
5. Станот во кој што станувате: ваш, туѓ-приватен, општестве, нов е, стар е, комфорен е, просечен е, мал е.
6. Дали имате согласие дома меѓу членовите: да, голема, да задоволително, да малу, не никако.
7. Кои се недоразбирања:.........
8. Меѓу кого се недоразбирањата: мајката,и таткото, мајката и децата, мајката и другите членови, таткото и другите членови, таткото и децата, децата и другите членови, децата меѓу себе, меѓу сите се недоразбирањата, немаме недоразбирања.
9. Кога сте дома често се осеќате: разгалени, оптеретени, осамени.
10. После завршувањето на гимназија односно факултетот намеравате ли да го промените местото на постојанен боравок на семејството Ваше: да, не, незнам.
11. Ако рековте дека ќе го промените боравокот сметате ли дека таму ќе живеете: сенотам со родителите, сам со брачниот другар, ќе живеете сами, незнам

ОРГАНИЗАЦИОНЕН ЖИВОТ

1. Во кои организации во училиштето сте член:.......
2. Дали во текот на школувањето сте биле бирани во училишниот одбор: да, не

3. Дали сте биле биран во класната заедница: да, повеќе пати, да неколку пати, еднаш, не

4. Како член на класната заедница од работата најзина: ти се допаѓа, те одбива, предлагаш.

5. Дали правата на учениците треба да се прошират, треба да останат исти, треба да се намалат.

6. Кога е споредите Вашата гимназија во организационен смисол со другите гимназии што и не достига на Вашата.

7. Со кои гимназии ја споредувате:.......

8. Надвор од гимназијата во кои организации и друштва сте член:......

9. Дали организациониот живот /во гимназијата и надвор од неа/ ви одзема: многу време, малку време, многу малку време, не ви одзема.

10. Според Ваше мислење дали учеството на учениците во организациониот живот треба: да се зголеми, да остане ист, да се намали.

11. Според Ваше мислење дали учеството на учениците во организациониот живот надвор од гимназијата: треба да се зголеми, да остане ист, да се намали.

12. Што мислите? дали учениците од IV-та година треба да се ослободуваат од организациони задолженија: да треба, да донекаде, не никако.

13. На ова место изнесете ако имате нешто ново од животот ваш за кое не сме дошле да ве прашаме низ досегашните прашања.

ЛИЧНИ ОБЕЛЕЖЈА

1. Родени сте: село, град, Скопје
2. Живеете постојано: на село, во град, во Скопје
3. Сакате да живеете: на село, во град, во Скопје
4. Занимање на таткото........
5. Занимање на мајката:.....
6. Пол: машки, женски
7. Возраст: ......
8. Успех во VIII-мо одделение, во I-ви клас, во II клас, во III клас, на полугодие во IV... на крај година.
9. Сега живеете: кај родители, кај роднини, во интернат, кај пријатели, под наем, се враќам во село.

ВИ БЛАГОДАРИМЕ НА СОРАБОТКАТА

НАПОМЕНА: Анкетата се однесува за учениците од IV клас.

# IV.

## П Р А Ш А Л Н И К

1. Вие бевте на производна работа во претпријатието:..

2. Во претпријатието ве дочекаа: директорот, шефот на погонот, секретарот, работник од претпријатието, чуварот.

3. Каков е Вашиот впечаток од првиот контакт со претпријатието /опишете го во кратки црти/.....

4. Работното место ви го одреди: директорот на претпријатието, шефот на погонот, работник од претпријатието, професорот од моето училиште, само го пронајдов работното место.

5. Што работевте претежно на работното место? /опишете ја во кратки црти работата што ја обавувате/:........

6. Што се сработивте во тек на седумте дни во производната работа во претпријатијата? /дајте нумерички податоци/:.......

7. Дали сработаното во претпријатието претставува: израз на Вашите можности, работењето е под можностите мој, сработаното е над моите можности.

8. Во тек на работата дали се вршеа промени /во тек на седумте дни/: да, не

9. Ако рековте дека се вршеле промени речете уште дали тие беа: потребни-полезни, непотребни, незнам.

10. Ако рековте дека се вршеа промени речете ни уште кои беа причините според Ваше мислење?

11. Кое од овие мислења е најблиско до Вашето? производната работа е корисна за претпријатието се зголемува производњата. Производната работа е корисна за моето училиште - се добива со финансиски средства. Производната работа е корисна за поарно совладување на наставата-примена на теоријата во практика. За време на производната работа се прошируваат познанствата и стекнуваат нови другарства и пријателства. Со производната работа се зголемува љубовта према трудот и трудбеникот. Производната работа е корисна за ученикот бидејќи му овозможува промена и освежување. Производната работа ја потврдува мојата професионална ориентација

12. Ако имате некои предлози, мислења во врска со производната работа не молиме на ова место напишете ги:......

13. Дали сезапознавте со работата на самоуправните органи во претпријатието? да, доволно, да сосема малку, не

14. Какво е Вашето мислење за време траењето на производната работа? времето е доволно - 7+7, времето е малу и треба да се зголеми., времето е многу и треба да се намали, производната работа е загубено време за учење.

15. Ако рековте дека се запознавте, кажете уште на кој начин и кој ви помогна во тоа?......

16. Дали сметате дека бевте /избери еден од одговорите/: со задоволства дочекани од ратниците, со задоволство дочекани од управата, со задоволство дочекани од работникот на моето или на блиското работно место. Не, од никого.

17. Седум работни дни сте биле работник во ова претпријатие. Не интересира како се чувствувате, што размислувавте гледајќи ги работниците и машините, мерејќи ја ефективноста на Вашата работа, не интересира уште што одлуки важни за вашиот живот и работа пробудивте и донесовте во тек на овие седум дена?..

- пол, клас, успех во I клас, II клас, III клас, занимање на родителите: на таткото, на мајката место на раѓање: село, град.

ВИ БЛАГОДАРИМЕ ЗА СОРАБОТКАТА

ЗАБЕЛЕШКА: Анкетата ~~е наменета~~ за учениците од IV клас.

V

## АНКЕТЕН ЛИСТ

- Училиште:.....
- Презиме и име:.......
- Занимање на таткото ....
- Занимање на мајката......
-
    1. Сакаш ли да го продолжиш школувањето и во која школа?...
    2. Што најмногу сакаш да бидеш?.. .
    3. Зошто тоа го сакаш?.....
    4. Што никако не би сакал да бидеш?.....
    5. Зош о тоа не го сакаш?.....
    6. Твоите родители сакаат ти да бидеш? .....

ВИ БЛАГОДАРИМЕ ЗА СОРАБОТКАТА

ЗАБЕЛЕШКА: Анкетата е изведена на кандидатите за матурски испит.

# VI.

# П Р А Ш А Л Н И К

## /за младината/

Околискиот комитет на СКМ во соработка со општинските комитети на СКМ го проучува проблемот за младината. Во ова проучување многу е неопходно и Вашето мислење за овој проблем. Затоа Ве молиме потполно слободно и искрено да одговорите на неколку наши прашања. Анкетата е анонимна и никаде не треба да се потпишете.

1. Аква е денешната младина? /во форма на слободен одговор наведете неколку основни карактеристики/...
2. Што пресудно делувало на неа да постане таква? /според важноста наведете причини/.....
3. Сметате ли дека правата на современата младина 9 /заокружи еден број/: треба да се намалат, треба да останат исти, треба да се зголемат.
4. Ако сметате дека правата на младината треба да се зголемат, на кој начин таа ќе се вклучи во тие зголемени права? /во форма на слободен одговор укажете на некои конкретни форми/. ......
5. Дали таа зголемена општествена доверба ја прифаќаее младината? /заокружете еден број/: да, со големо задоволство, да со мало задоволство, да без задоволство, не не ги прифаќа.
6. Се надевате ли дека младината ќе ја оправда зголемената општествена доверба? /заокружи еден број/: во тоа сум сигурен, се надевам, незнам, неверувам.
7. Каков е односот помеѓу младите и постарите на работното место, во организационо-политичкиот и другиот секојдневен живот? /заокружи онолку броеви колку што треба/: постои изразита меѓусебна соработка, постои изразит меѓусебен судир,постои изразито меѓусебно непознавање, постои изразита меѓусебна незаинтересираност. Тоа се два посебни светови кои меѓусебе малце соработуваат.

8. Во кои облици на живот доаѓаат до израз судирите помеѓу младите и постарите, односно младите и оние во зрела доба? /степенувај од 1-7/: семејство, разонода, граѓански живот, школски живот, производен живот, организационо-политички живот, интимен живот.

9. Во кои облици на живот доаѓаат до израз разбирањата и соработките помеѓу младите и постарите, односно младите и оние во зрела доба /степенувај од 1-7/: семејство, разонода, граѓански живот, школски живот, производен живот, организационо-политички живот, интимен живот.

10. Дали сметате дека младите генерации се заинтересирани за општествената поделба на трудот како и за механизмот на самоуправата? /заокружи онолку броеви колку што треба/: да за поделбата на трудот, да за самоуправата, не за поделбата на трудот, не за самоуправата. Незнам.

11. Сте приметиле ли некои особини на младите и младоста кои. Вие лично го оценувате како негативни /во слободен одговор наведете ги кои се/: на младината на светот, на младината од социјалистичките земји, на младината од Југославија, на младината од Македонија, на младината од Охридска околија, на младината од својата општина, на младината која лично ја поз. на своите лични преокупации како млад.

12. Кога зборувавте за младината и нејзините својства во сите одговори од 1-2 на која младина мислете вие /одаберите само еден одговор/: на младината на светот, на младината од социјалистичките земји, на младината од Југославија, на младината од Македонија, на младината од Охридска околија, на младината од својата општина, на младината која лично ја поз. на своите лични преокупации како млад.

ОСТАНАТИ ПОДАТОЦИ

а/ Пол: машки, женски

б/ возраст - години....

в/ Место на раѓање: село, град

г/ Место на постојано живеење: град, село

д/ Образование: ниже, средно, више

ѓ/ Брачна состојба:.....

е/ Број на членови во потесното семејство до 25 години

ж/ Број на членови во потесното семејство над 25 години:.....

з/ Години на членство во СКЈ:....

и/ Број на општествено-политички функции:....

ј/ Постојано работно место......

к/ Вкупно месечни примања:.....

л/ Број на запослени членови на потесното семејство

љ/ Во име на кој орган или организација сте повикани по проблемите на составокот:....

ВИ БЛАГОДАРИМЕ ЗА СОРАБОТКАТА

НАПОМЕНА: Анкетата ја пополнуваат општествено-политичките фактори од комуните кои непосредно или посредно учествуваат во процесите на развиток и формирање на младината.

## VII.
## П Р А В А Л Н И К

1. Кога сте родени :....
2. Каде сте родени /село, град, околија и република/
3. Националност ...
4. Пол.....
5. Кое средно училиште сте завршиле.....
6. Со каков успех сте го завршиле средното училиште..
7. Каде живеете: во студентски дом, во приватен стан, кај свои роднини, кај своите родители во Скопје, кај своите родители вон Скопје.
8. Дали примате стипендија? не примам, примам до 5 илјади динари, примам од 5-8000 дин.примам од 8.-10.000 динари, примам над 10.000 динари.
9. Дали сте примиле кредит за студии? да, не
10. Дали заработувате хонорарно или на друг начин/ не заработувам, заработувам до 3000 дин, заработувам до 5000 дин. заработувам до 8000 дин, заработувам до 10000 дин,заработувам над 10000 динари.
11. Дали до сега сте изгубиле некоја година во студиите? не сум изгубил, сум изгубил една година, сум изгубил две години, сум изгубил три години, сум изгубил повеќе од три години.
12. Со кои тешкотии сте се сретнале за време на студиите? тешко се набавуваат книги, не постојат пишани учебници, професорите признаваат само она што тие предават, тешкотии со издржувањето, тешкотии со сместувањето, тешкотии со совладување на градивото, не сум имал особени тешкотии.
13. Училишна спрема на таткото: без школа, со основно школо, со средна школа, со виша школа, со факултет.

14. Училишно спрема на мајката? без школо, со основно школи, со средно школо, со виша школа, со факултет.

15. Занимање на таткото: земјоделец, работник, занаетчија, административен службеник, просветен работник, друга професија /која/.

16. Занимање на дедото: земјоделец, работник службеник, друго занимање /кое/

17. Занимање на мајката: земјоделка, работничка, службеничка, домаќинка, друго занимање /кое/

18. Зошто сте го избрале соответниот факултет? го сакам позивот што го обезбедува факултетот, позивот е ценет во општеството, со овој позив добро се заработува, со овој позив лесно се заработува, затоа што на овој факултет се запишаа мои те другари, полесни се студиите, не сум можел да се запишам на друг факулте , тоа беше желба на моите родители.

19. Кога поново би се запишувале на студии кој факултет би го избрале? истиот на кој сум сега, друг факултет /кој/.

20. По завршување на факултетот би сакале? да останете во Скопје, да одите на работа во Вашето родно место, да одите во некое друго место.

21. После завршувањето на студиите дали би сакале да се занимавате: со практична работа, со научна работа

22. Како сте ги организирале Вашите студии? работам систематски до 5 саата на ден од почетокот на студиите, работам систематски повеќе од 5 саати од почетокот на студиите, работам само пред испит систематски сум почнал да студирам после првата година од студиите, систематски сум почнал да студирам после втората година од студиите.

23. Како ги спремата испитите? од скрипти, од свои белешки, од учебници, од пошироката литература

24. Колку пати месечно одите во кино? не одам, еднаш, двапати, трипати, четири пати, пет пати, повеќе од пет пати.

25. Колку пати месечно одите во театар? не одам, еднаш, двапати, трипати, четири пати, пет пати, повеќе од пет пати.

26. Дали одите на излети: одам често, понекогаш, не одам.

27. Дали одите во кафана? често, понекогаш, не одам

28. Дали читате книги /белетристика/; читам редовно, понекогаш, не читам.

29. Дали посетувате игранки? често, понекогаш, не посетувам

30. Дали посетувате концерти и други приредби? редовно, понекогаш, не посетувам

31. Дали посетувате спортски приредби? редовно, понекогаш, не посетувам

32. Дали учествувате во работа на спортските друштва на универзитетот? да, не

33. Дали учествувате во работата на културно-уметничките друштва на Универзитетот: да, не

34. Дали слободното време го проведувате со вашите пријатели: редовно, понекогаш, не го проведувам

35. Какви услови пружа градот Скопје за искористување на слободното време? многу добри, добри, доволни, слаби, многу слаби.

36. Дали слободното време го користете за хонорарна работа? да, не

37. Дали редовно ги посетувате предавањата на факултетот: редовно, повремено, не ги посетувам.

38. Ако не ги посетувате предавањата, наведете ги причините? предавањата не се интересни, предавањата не се разбирливи, тие не ми користат во совладувањето на градивото, други причини /кои/

39. Наведете три најголеми имиња во современата светска литература:....

40. Наведете три /по Ваше мислење/ најголеми имиња во современата југословенска литература:....

41. Наведете три политички проблеми кое по Ваше мислење доминираа во современиот свет:....

42. Наведете три економски проблеми кои доминираат в во современиот свет:....

43. Наведете три проблема пред кои се наоѓа современото социјалистичко движење....

44. Општествено-економски систем на социјализмот обезбедува: многу брз економски развиток, брз економски развиток, недоволно брз економски развиток, не знам.

45. Општествено-економски систем на социјализмот обезбедува: многу брз пораст на личниот стандард, брз пораст на личниот стандард, недоволно брз пораст на личниот стандард, не знам.

46. Општествено-политички систем на социјализмот обезбедува: многу широко вклучување на граѓаните во решавањето на општествените работи, широко вклучување на граѓаните во решавањето на општествените работи, недоволно вклучување на граѓаните во решавањето на општествените работи, не знам.

47. Кои се по Ваше мислење основните позитивни карактеристики на Југословенскиот општествено-политички систем?.....

48. Кои покрупни негативни појави се среќаваат во Југословенскиот општествено-економски и политички живот?.....

НАПОМЕНА: Анкетата ја пополнуваат студентите на Скопскиот универзитет.

## VIII.

## СТУДЕНТСКА АНКЕТА

Преку оваа анкета сакаме да го дознаеме мислењето на нашите студенти за студиите, нивната идна професија, нашето општество и други проблеми за кој што се денес зборува. Бидејќи анкетава служи за научни цели, ве молиме да одговарате искрено, внимателно и точно. Анкетата е анонимна; на упитникот не треба да се потпишувате. Избраните одговори треба да ги заокружувате.

1. Пол: машки, женски
2. Година на раѓање....
3. Националност ....
4. Име на факултетот и потесна специјалност /отсек-група/
5. Која година сте се уписале на факултет на кој што сега се наоѓате.....
6. Назначите го последниот семестар кој сте го уписале:..
7. Ако пред почетокот на студиите сте биле вработени, наведете колку време сте провеле на работа? ....
8. Ако сте порано студирале на некоја висока или виша школа или факултет, назначете го точно нивниот назив:
9. Во кое место сте учеле повеќе време средно училиште: село, град, до 10000 становника, град поголем од
10. 10.000 становника, универзитетски центар.
10. Назначите кое средно училиште сте завршиле и со каков успех:......
11. Назначите го по можност точно: занимањето на вашиот татко, занимањето на вашата мајка.
12. Кој е изворот на вашиот доприноc? Назначите го приближно месечниот износ: извори на доприноc од стипендија, од стална работа, од повремена работа, од семејна парична помош, од детски додаток, останало.
13. За што ги трошите овие средства во текот на месецот? за стан и храна, за облекло и чевли, за книги, за дневен печат, за театар, опера и концерти, за кино, за спортски и други забави, приредби, за пушење и пијалок, за козметички потреби /за бербер, препарати и сл./, за останало.

14. Кога за прв пат сериозно сте размислувале за вашето идно звање? пред четрнаесетата година, во средно училиште, по завршувањето на средно училиште.

15. Што ве најмногу натерало да се упишете на овој факултет? /заокружете еден од следниве одговори/: интересирање за струката, сметам дека избраното занимање има голем општествен углед, затоа што ги исполнив условите за упис на овој факултет од сите на другите, случајно се уписав на овој факултет, материјални услови за студирање /стипендије, помали трошкови за време на студирањето/, нешто друго

16. Чие влијание е било нарочно значајно при вашето одлучување за идното звање /Заокружувајќи со 1 и 2 одговора/: на таткото, на мајката, на останати родници, на пријатели, на познати стручњаци од оваа струка, на наставници во средни училишта каде сум учел, на книги и филмови /наведи кои/.
- на литературни, технички и други секции, на нешто друго.

17. Кога бисте се пофторно / со вашето сегашно искуство/ запишувале на факултет, да ли бисте се запишале на истиот или на другиот факултет? на исти, на др[illegible] друг./кој/

18. Дали сте задоволни со вашиот успех на факултетот? многу задоволен, задоволен, делумно задоволен, прилично незадоволен, сосема незадоволен.

19. Напишете ја вашата просечна оцена...

20. Колко сати просечно неделно трошите на: посетување предавања, вежби, семинари итн.? сати, совладување градивото за испити? сати.

21. Дали учете редовно или кампањски? редовно, кампањски

22. Колку тешкотии сте имале со долунаведените работи во текот на студирањето? за создавање на другарски и пријателски врски, на учење за испити и полагање за воспоставување контакт со наставниците, за прила-

годување на новите животни услови, за учество и работа во студентската организација. Многу, прилично, малцу, ни малцу.

23. Што мислите за квалитетот на наставата, вежбите и начинот на оценување на вашиот факултет? одлично, многу добра, добра, слаба – настава, вежби, начин на оценување.

24. Верувате ли дека вашиот факултет ви обезбедува добро стручно образование? потполно, делумично, не, не знам.

25. На кое подрачје од вашето лично образование чувствувате недостатоци? стручно, политичко, општо-друштвено, /законитости на општествениот развиток, општествена структура итн./ – економско, техничко, хуманитарно, /уметност, музика, култура/.

26. Верувате ли дека лесно ке најдете запослување во својата професија по завршувањето на студиите? потполно, воглавном, во мојата професија лесно може да се најде место, али не и она кое ми одговара, во мојата професија е доста тешко да се најде запослување, али сепак се надевам дека ке успејам да се запослам, не се надевам дека ке најдам запослување во својата професија, сеедно ми е дали ке работам во својата или некоја друга струка, не сакам да работам во својата струка, несум размислувал по тоа прашање.

27. Можете ли да ни кажете колкаво значење им придава на долу набројаните особини и околности во врска со вашата активност по завршувањето на студиите? големо значење, доста големо значење, мало значење, безначајно. добра материјална состојба, општествен углед, да се постане познат стручњак, да се бавиш со општествено корисна дејност, можност за брзо напредување во струката, да се води широк и пристојни живот па макар и не биле многу [illegible], добри [illegible], можност да се дојде на раководна должност во општеството, можност за творечка работа, можност за општествено-политичка работа, интересна и разнообразна

работа,/нешто друго/

Назначите два одговора кои што вашите родители ги сметат како најзначајни за вашето идно звање.

33. Назначите три професии кои што по ваше мислење треба да бидат најарно наградени. 1. 2. 3.

ВИ БЛАГОДАРИМЕ ЗА СОРАБОТКАТА

НАПОМЕНА: Анкетата ја извел Институтот за општествени науки- одделение за социологија. Овде се презентирани само прашањата што се однесуваат на овај проблем.

ПОЧИТУВАН КОЛЕГА

Познато Ви е дека подолго време нашиот колега Никола Бошале ја проучува генерацијата на ученици која за прв пат се школува по новиот и реформиран наставен план и програма за гимназиите. За таа цел, извел неколку анкетни испитувања на генерацијата - ученици која сега е матурска од Охридска, Кичевска и Скопска гимназија. Покрај тоа, ја проучувал училишната документација /главни книги, записници на класните совети и сл./. Во склопот на целата оваа студија предвидува и еден писмен - И Н Т Е Р В Ј У со преподавателите на оваа генерација. Затоа ве молиме искрено и совесно да го примите бидејќи од вашите одгово и зависи исходот на оваа студија, како и оправданоста на четиригодишните погоеми усилби за следењето и проучувањето на генерацијата ученици од гимназија.

Напомена: Одговорот за секое прашање треба да го внесетите во определениот празен простор. Во случај да е тој недоволен тогај користетего посебниот лист и во него допишето го одговорот означувајки пренос на шифрата со бројот на прашањето.

ЗАВОД ЗА ШКОЛСТВО

П Р А Ш А Њ А

1. Станува збор за профилот на ученикот. Што мислите, каква е оваа генерација ученици - матуранти, за разлика од претходната, односно претходните. Што е таа што е карактеристично за оваа генерација и ја чини различита од претходните, а што е она, што е заедничко за сите генерации од вашата школа?

2. Според новиот план и програма, постојат два смера во гимназијата - природно-математички и хуманитарен. Интересно е како вие гледате на таа поделба по смерови со оглед на ученикот, наставни и другите можности во школата или со оглед на потребите од кадри во околијата и општината, од овој или оној смер?

3. Општа констатација е дека подобрите ученици од вашата школа се ориентирале на природно-математичкиот смер. Кои се причините за тоа и како го објаснувате овој факт?

4. Кога сега би се вратиле во оној период кога учениците од оваа генерација се определуваа по смерови, што би требало да констатирате во ориентацијата, кои пропусти би требало да ги уочите, какви поуки да извлечите, а кои предности ќе ги потврдите? /Имајте во предвид дека сите ученици намеруваат да го продолжат школувањето - со мали исклучоци. Се ориентираат на технички, медицински и филозофски - најчесто. Ни оние што одат на филозофски не намеруваат да постанат професори - најчесто/.

5. Дали сте задоволни со успехот што го постигнавте во развојот и формирањето на оваа генерација /имајте ги во предвид учениците, колегите, можностите во школата и сл./?

6. Обидете се да го насликате ученикот од природно-математичкиот смер /наведите неколку негови основни карактеристики, но при тоа да ги имате предвид учениците од вашата гимназија со сите нивни атрибути во тек на четиригодишното школување во гимназијата/?

7. Обидете се сега истото тоа да го сторите и за учениците од хуманитарниот смер /кои се нивните карактеристики/?

8. На кои особени тешкотии сте наишле при примена на новиот наставен план и програма и како сте ги решавале, со чија помош и за што особено сте водиле сметка при решавањето/?

9. Станува збор за новиот план и програма на гимназиите. Дали ваков план и програма е во склад со вашите концепции за гимназијата, дали е во склад со можностите на школата, со можностите и перспективите на учениците, односно со потребите на заедницата. /Ако сметате дека е во склад во што ја гледате таа складност ако сметате дека не е, во кои нешто би требало да се коригира/?

10. Дали имате некое мислење или изграден свој педагошки и оперативен став во врска со понатамошната диференцијација на смеровите: хуманитарен и природно-математички. Ако имате, изнесете во кој правец, низ кои форми треба да се поведува понатамошната поделба на смеровите?

11. Дали сте применувале некои посебни испитувања на оваа генерација или, пак, заеднички на целата школа, во која сте ја вклучувале генерацијата. Ако сте применувале /?/ низ кој предмет, низ која тема и што покажале овие испитувања?

12. Со која педагошка и стручно-методска литература сте се служеле, односно чие непосредно педагошко искуство сте користеле, за да изградите сваќање за профилот на учениците што треба да го формира гимназијата, односно вашиот предмет во дадената школа или смерови?

13. На кои советувања сте присуствувале за да ги ускладите вашите сваќања и стручни делувања како наставници во гимназијата, односно смерови?

14. Гимназијата е прилично популарна школа сред граѓаните и учениците, со задоволство се запишуваат учениците во неа I /30% од сите ученици од втор степен се ученици од гимназија/ се поставува прашање, зошто така често учениците ја избираат гимназијата, кои се тие ученици што се запишуваат во неа и што за нив значи гимназијата?

15. Што мислите - учениците од Кичевската гимназија, често ја критикуваат организацијата на производната работа што ја вовела гимназијата. Учесниците од Охридската гимназија укажуваат дека при воведувањето на производната работа не се почитувало желбите на учениците, нити пак ориентација нивна по смерови?

16. Што мислите учениците од Охридската гимназија, го критикуваат строгиот критериум на наставниците, како и преголемата заангажираност за време на часот во работа со слаби ученици. Слични тенденции имаме и кај учениците од Кичевската гимназија?

17. Што мислите - учениците и од двете гимназии ги критикуваат слободните активности и укажуват дека се тие повеќе поврзани со содржината на наставните предмети, а при тоа малку се води сметка за латентниот интерес на учениците, односно за широките захтеви на современиот индустриски живот?

18. Земено во целост предметите: математиката и францускиот јазик се оние, што најмногу учествуваат во процесот на селекцијата на учениците, тие и најмногу даваат слаби оценки. Според вашето мислење ваквото реално учество во селекцијата на овие предмети, дали е пожелно и што тоа значи?

19. Предметот хемија во Охридската гимназија и предметот биологија во Кичевската, најголем број од учениците ги оценува како "доволни"! Според ова, што значи тоа, зошто таква улога на овие предмети /барајки ги причините кај учениците, во наставниците или во условите на школата/?

2o. Од анализата на успехот на учениците низ трите класови на гимназијата, може да се согледат два облика на селекција. Во Охридската гимназија, селекцијата на учениците силно е изразена во преминот од втори кон трети клас, додека во Кичевската во преминот од први кон втори клас. Каде се причините, која селекција ја сметате за природна и какви се последиците?

21. Во последните четири години извршени се доста измени во завршниот акт-матура. Интересно е, како ги оценувате овие измени, по ваше мислење каде водат тие и која форма на матура според вас се покажала како најпозитивна?

22. Доколку целокупниот живот и работа на учениците условно го поделува во шест подрачја, страни, или елементи на живот /види долу 6 подрачја/, кое подрачје е повеќе застапено до ученичкиот живот, а кое помалку /рангирај од 1-6 за сите четири класови на учениците од ова генерација. - 1959/6o, 196o/61, 1961/62, 1962/63.

| ПОДРАЧЈА | I | II | III | IV |
|---|---|---|---|---|
| Училишен живот | | | | |
| Семеен живот | | | | |
| Интимен и пријателски жив. | | | | |
| Граѓански живот | | | | |
| Живот во слободно време | | | | |
| Организационо-пол.живот | | | | |

23. За кои обележја од профилот на ученикот најмногу дискутираат родителите и старателите, за кои професорите и управителите на школата, а за кои организациите во училиштето и вон од нив /рангирај од 1-6 за сите три групи/.

| ПОДРАЧЈЕ | родители и старатели | Професори и управители | Организации во и вон од училиштето |
|---|---|---|---|
| Училишен живот | | | |
| Семеен живот | | | |
| Интимен и пријател.живот | | | |
| Граѓански живот | | | |
| Живот во слободно време | | | |
| Организационо-пол.живот | | | |

24. Изберете два случаја или две акции на кои главни актери биле учениците од оваа генерација /без оглед во кој клас/ и при тоа едниот настан да ги слика учениците како претежно позитивни, а другиот како претежно негативни личности.

25. На крајот, изнесете нешто друго што е карактеристично за оваа генерација, за овој наставен план и програма, за бившите услови на работа и живот, за вашите искуства со воспитувањето на оваа генерација и сл.

1. Име и презиме
2. Кои предмети сте ги предавале и во кој клас
3. Години на служба
4. Образование
5. Брачна состојба

6. Дали наредната година /1963/64 намеравате да останете во оваа гимназија.. ..................

7. Мислите ли да ја мените струката....

8. Колку часови држите хонорарно во оваа школа и колку во други школи и институции – оваја .... останати .....

9. Дали вашиот брачен другар е во работен однос и која е неговата потесна специјалност .........

10. Дали сте член на СКЈ и од кога

11. Како сте оценувани во последните четири години

1959/60
1960/61
1961/62
1962/63

ВИ БЛАГОДАРИМЕ ЗА СОРАБОТКАТА

НАПОМЕНА: Интервјуто го пополнуваат наставните кадри што /без оглед колкав период /предавале некој предмет во школата-односно на испитуваната-генерација.

## ЦИТИРАНА ЛИТЕРАТУРА

/Фусноти/


1. Проблеми у систему образовања и васпитања / разговор друга Крсте Црвенковског са студентима Високе школе политичких наука - Београд 1962 године - интерна публикација стр. 26/

2. Неки проблеми даљег развоја другог ступња образовно васпитног система /Савезно Извршно Веће - Београд - 1963 године - интерна публикација стр. 2/.

3. Програма на Сојузот на комунистите на Југославија - Скопје - "Култура" 196 година, страна 171.

4. Кон реформата на школството - Крсте Црвенковски - Скопје - "Култура" - 1961 година, стр. 1о, 11

5. Конгреси учитеља, наставника и професора Југославије - Београд 1955 године, стр. 255, 2о7.

6. Конгреси учитеља, наставника и професора Југославије - Београд 1955, стр. 253, 254, 285, 2о7.

7. Положај личности у савременом друштву /Д-р Р. Супек - интерна публикација, страна 18,19.

8. Наше теме - Загреб 1964 година. бр. 4, стр. 474

9. Положај личности у савременом друштву Д-р Р. Супек, стр. 14.

1о. Социјална психологија Н.Рот /скрипта, стр. 8о/.

11. Положај личности у савременом друштву Д-р Р.Супек, стр. 23.

13. Социјална психологија Н.Рот, стр. 45

14. Социјална психологија Н.Рот, стр. 145.

15. Положај личности у савременом друштву Д-р Р.Супек, стр.15

16. Социјална психологија Н.Рот, стр. 41

17. Наше теме - Загреб бр. 4 стр. 472

18. Положај личности у савременом друштву, Д-р Р.Супек,стр.33

19. "Проблеми у систему образовања и васпитања /разговор друга Крсте Црвенковског са студентима Високе школе политичких наука Београд 1962 године, стр. 22

20. Уметност и психологија Д-р Р.Супек, Загреб 1958 године,стр.8

21. Политика 19.VII.1964 година "Истинољубивост и дисциплина" Ристо Трифковић.

22. Изгубени илузии - О.Балзак /цитирано по Ерих Фрон - Бегство од слобода, стр. 37

23. Положај личности у савременом друштву Д-р Р.Супек, стр.17

24. Некои проблеми од областа на школството и понатамошните настојувања за практично оживотворување на интенциите на резолувијата на Сојузната Народна Скупштина /анализа за проширен пленум на Околиски комитет Охрид, стр. 8

25. Некои прашања за односот на комунистите кон проблемите од воспитувањето на младината и нејзиното вклучување во општествено-политичкиот живот во комуната /анализа на Околиски комитет Охрид 1963 година/.

26. Некои актуелни проблеми и задачи што стојат за решавање пред Сојузот на младината од Охридска околија /реферат на Околискиот комитет на СММ од 1963 година/.

27. Некои идеолошко-политички проблеми во образовните институции /Комисија за идеолошко-политичка работа на Околискиот комитет на СКМ - објавено во списанието на Заводот за школство на Охридска околија "Актуелности" бр. 8 1964 година.

28. X пленум на ЦК СКМ - "Култура" Скопје 1964 година, стр. 75

29. Студентот на Скопскиот универзитет 1962/63 година /необјавена социјално-политичка студија од емпириското испитување на студентите на Скопскиот универзитет - Д-р Славко Милосављевски и Томислав Чокревски. Види прилог техника за проучување на студентите на Скопскиот универзитет, стр. 29.

3o. Конгреси учитеља, наставника и професора Југославије, стр.285.

С О Д Р Ж И Н А

Н а п о м е н а
I СТУДИСКИ ЗАФАТ . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1

А. Работни хипотези, методологија и техника на испитувањето.

Б. Појдовни основи на испитувањето

II. А С П Е К Т И:

1. Противуречности во семејството како фактор во развитокот на современата личност 19

- Латентни спротивности во системот на семејниот живот.
- Измениво структурата на семејниот живот.
- Семејството како општествена заедница.

2. Социјализација на личноста низ образовните процеси и хуманизација на училишниот живот 38

- Индикатори за процесите за хуманизацијата на гимназијата.
- Процеси на социјализација на детството и младоста.
- Професионална ориентација за време на школувањето.
- Процеси во хуманитарниот смер.
- Процеси во природо математичкиот смер.
- Некои компарации низ целокупниот образовен систем.
- Производната работа на учениците.

3. Некои карактеристики на младината во динамиката на пошироката заедница. . . . . . 71

- Во широката заедница побогато се живее и поинтензивно доживува
- Во широката средина се формира комплексна личност
- Погледот на свет и живот се формира во широката заедница.
- Местото на новите генерации во системот на современиот свет и живот.

4. Спонтано организирани млади младешки групи . . . . . . . . . . . . . . . . 86
/другарство и пријателство/

- Индивидуализација на личноста низ малите групи
- Социјализација на личноста низ малите групи
- Малата група во системот на општествениот живот
- Малата група обезбедува едемен-рен тоталитет на личноста
- Малата група преставува форма за решавање на некои спротивности

5. Организација на секојдневниот живот на младинците . . . . . . . . . . . . . . . 103
/слободно време и слободни активности/

- Слободните активности битно ја изратуваат физиономијата на денешниот ученик.
- Слободните активности го прошируваат распонот на специфичниот живот.
- Слободните активности се услов за позитивни вклучување во општествениот живот

6. Самоуправни движења во училиштето и профили на новите генерации . . . . . . . 118
- Ставови и мислења на младинците за својата гимназија.
- Битни проблеми од самоуправувањето на класните заедници
- Општествено-политички проблеми на младината
/сваќање на раководителите на СММ/

III. К Р И Т Е Р И У М И:

1. Генерацијата мерена низ обележјата на училишната документација . . . . . . . . 138
- Непосредни информации за училишните процеси
- Успехот е битен индикатор за профилот на генерацијата

2. Генерацијата тестирана низ ставовите и мислењата на просветните фактори во комуната . . . . . . . . . . . . . . . 154

- Дискусија со истакнатите и долгогодишните просветни работници
- Дискусија со директорите на училиштата од втора степен
- Интервју со наставните кадри за процесите на формирање на новите генерации.

3. Општествено политичките фактори за реформата на школството и за профилот на новите генерации 175

- Образовните движења низ општествено-политичката документација.
- Комунистите за општествено политичкиот профил на младината

4. Карактеристики од студентскиот живор на Скопскиот универзитет . . . . . . . . . . . . . . . . . 185
/Услови на проективната ситуација/

- Успех на студентите
- Слободно време на студентите
- Општествено-политички мислења на студентите.

IV. З А К Љ У Ч О К: . . . . . . . . . . . . . . . 192